У Н И В Е Р З И Т Е Т "К И Р И Л  И  М Е Т О Д И Ј" - С К О П Ј Е

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

М-р Марија ТАШЕВА

# КОНЦЕПТОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПРОМЕНА И РАЗВОЈ ВО СОВРЕМЕНИОТ ФУНКЦИОНАЛИЗАМ

- Докторска дисертација -

Ментор
Проф.д-р Томислав Чокревски

Скопје, јуни 1990 година

# П Р Е Д Г О В О Р

Современите претставници на социологијата, соочени со достигнувањата на социолошката теорија, скоро се едномислени во оценката дека проблем кој таа не успеала да го реши во задоволувачки обем и кој како таков и претстои како основен проблем во нејзините идни преокупации е оној на општествената промена. А самата општествена промена - менувањето на општествата во текот на времето, е најзначајниот потстрек за нејзиното конституирање. Таа израснува како посебна научна дисциплина во просторот на европските општества во времето кога тие, подлегнати на процесите на модернизацијата, се менуваат во сите свои фрагменти. Нејзиното засновување е забрзано од актуелната потреба да се откријат изворите на општествената промена, да се утврдат законитортите на кои им подлегнува, да се опише нејзиниот тек, да се предвидат нејзините последици.

Во остварувањето на целта на објаснувањето и предвидувањето на промената, социологијата прави зафати кои ја манифестираат нејзината врзаност за своето излезиште - за филозофијата. Таа постои преку различните школи кои напоредно една со друга оформуваат катекоријален апарат кој треба да послужи како основа за истражувачките зафати од доминантно емпириска природа. Старото филозофско прашање - дали од разнородието на теориите може да се извлече нешто што им е заедничко на сите - што во сите е присутно и во сите истоветно, така, станува и социолошко прашање. Тоа добива на актуелноста со разраснувањето на процесот на ик нејзиното делење во низа посебни дисциплини. Зашто, ако

не постои нешто како заедничко јадро од кое поаѓаат и во однос на кое барем малку се согласуваат, тогаш станува невозможно споредувањето ( споредбениот метод од почетокот на делувањето на самостојната социолошка наука се наметна како нејзин основен метод) и дополнувањето, односно поврзувањето на знаењата на различните школи и различните научни дисциплини во единствен научен систем.

Анализата на различните социолошки школи укажува на неколку точки на согласност:

- Општеството претставува комплексна целина на делови заемно поврзани на начин кој овозможува преку остварувањето на целите на секој дел да се оствари целта на опстанокот на целината. Оваа идеја во рамките на некои школи се изкажува во термини позајмени од биологијата - општеството е определено како органска целина чија структура и чие функционирање може да се доведе во аналогија со биолошките органски структури. Во други школи органските премиси јавно не се искажуваат, но се претпоставуваат. Меѓутоа, таа може да се открие дури и кај оние што се нагласено критични во однос на органицизмот, одрекувајќи им на неговите модели било каква плодотворност во научните анализи.

- Целината има свои граници - општеството е сместено во дадена средина со која остварува комплексни релации условени од неговите внатрешни потреби.

- Општествената целина подлегнува на закономерност која е дел на општата природна законитост.

- Општествената целина не е статична, таа во тек

на времето поминува низ последователна промена. Посочената законормерност се однесува како на начините на кои се одржува целовитоста, така и на оние преку кои се остварува нејзиното менување.

Заемно поврзани овие точки на согласност ја определуваат целта на социолошката наука - таа вклучува два базични аспекти - структурниот и динамичкиот. Проблем кој притоа искрснува е како да се поврзат двата аспекта - како истовремено да се определат структурните компоненти на општествениот систем со механизмите на нивното поврзување и начинот на кој тие се менуваат. Овој проблем, меѓу другото, ја вклучува и дилемата дали целите поврзани со опстанувањето на структурата и оние на следењето на промената можат да се остварат со посредство на една теорија или пак за тоа се потребни две - теоријата на општествената структура и теоријата на општествената промена. Оваа дилема добива во нагласката со напредокот на индустријализацијата со која се усложнува општествениот систем и се забрзува темпото на тоа усложнување.

Голем дел од социолошките научници наоѓаат дека е можно структурните и динамички аспекти на општеството да се истражуваат со единствена теорија. Меѓутоа, пред нив се наметнува нов проблем - дали за тоа е погодна органицистичката теорија. Обликувана уште во рамките на најраните размисли за општеството и доизградувана во целиот тек на општествената теорија се до модерноста, таа всушност е плод на согледувањата на општествата во релативно статичен историски контекст. Таа им се причинила непогодна на научниците од XVII и XVIII век кога започнува забрзувањето на

на општествената промена. Опседнати со промената, сфатена како прогрес кој ќе кулминира во славната иднина, тие ја претпоставуваат општествената целина, но нејзе ја определуваат во механицистички термини. Оттаму, делува на прв поглед збунувачки големата пролиферација на органицистички теории во периодот кога прогресот добива нов залет - во втората половина на XIX век. Тогаш социолошката сцена ја преплавуваат различни органицистички теории, обично класифицирани како потправци на глобалниот био-органицистички правец. Некои од нив им даваат предност на структурните анализи пред динамичките, други на последниве, некои промената ја сфаќат како прогрес други како вртење во круг. Меѓутоа, сите ја истакнуваат потребата од проучување на механизмите преку кои се остварува општествената интеграција. Сите тие, повеќе интуитивно отколку рационално, ја насетуваат првата и најголема потреба на модерните општества - како, менувајќи се во сите свои компоненти, да ја очуват својата целина. Истовтемено, ја зацртуваат основната социолошка стратегија. Нејзината основа ја сочинува органицистичката теорија која преку истражувањето на структурата во временска перспектива ги бара одговорите на динамичките прашања.

Органицистичката теорија од овој век обично се именува како теорија на општествениот еквилибриум. Името е во согласност со примарната истражувачка цел - откривањето на силите преку кои се воспоставува и одржува рамнотежата меѓу деловите во општествената целина, односно општествениот систем, кој по своите иманентни својства е предиспониран кон менување.

Голем број од претставниците на теоријата на еквилибриумот од овој век, делумно самоиницијативно, делумно по наоѓањето на надворешни посматрачи се именувани како функционалистичка школа во социологијата. По своите основни определби тие ја претставуваат органицистичката струја во социологијата. Она пак што прави да се разграничат како посебна школа се повеќе нивните основни научни интересирања - структурно-функционалните анализи на општествените системи.

Усмереноста кон проблемите на општествената структура во времето кога таа структура минува низ интензивна преобразба може да значи ексквивирање пред позначајната, но потешко остварлива цел, целта на објаснувањето на промената. А ако промената е зацртана како највисока цивилизациска цел, тогаш нејзиното занемарување само по себе значи и опструкција, негативна дејност во однос на остварувањето на таа цел. Разграничувањето во посебна школа, така, вклучува и идеолошки определби - функционализмот е етикетиран како конзервативна тенденција во социологијата. Тој, спротивно на барањата што човештвото ги поставува пред социолошката наука - да изнаоѓа решенија за неговото што побрзо менување и со тоа движење кон совршенството, им дава предност на задачи преку кои претходните цели можат да бидат закочени. Преку давањето предимство на целта на објаснувањето на механизмите на одржувањето на општествениот поредок, таа не само што не придонесува за остварувањето на Големата цел туку и го закочува нејзиното остварување.

Номинацијата како конзервативни, повеќето од ав-

торите етикетирани како такви, воопшто не ја негираат. Дури и ја поткрепуваат преку припадноста во Паретовите кружоци кои се оформуваат, добивајќи набрзо масовна распространетост, после печатењето во англиски превод на неговата "Расправа за генералната социологија". Преку ова дело идеите на Парето и беа ставени на увид на американската јавност. А тие идеи дури и не се обидуваа да ја прикријат својата конзервативност зад некакви радикални пароли. За нивниот творец прогресот, еднаквоста, слободата и другите цивилизациски идеали се обични човечки илузии.

Она со што претставниците на функционализмот не се согласуваат е дека нивните истражувачки преокупации се надживвеани и во моментот штетни по остварувањето на општествената добробит. За нив секое социолошко истражување нужно ги вклучува и аспектот на структурата и аспектот на промената поради самата природа на општествените феномени. Од друга страна, појасното согледување на промената го претпоставува доброто познавање на структурата зашто таа е она што поминува низ процес на менување.

Функционалистите всушност го обновуваат барањето поставено уште во рамките на раниот позитивизам - за нужната потреба од усогласување меѓу можностите и целите. Тие апелираат на преиспитување на истражувачките можности на социолошката наука и така, поставување на цели кои се во согласност со тие можности. Во дадениот момент, за нив, структурно-функционалните анализи на општествените системи се цел која може да се оствари. Таа пак, ќе го отвори патот за поставување и разрешување на нови цели, меѓу кои

и динамичките анализи.

Основни цели на тезата.

Овде интересот за местото на динамичките анализи во функционалистичката теорија е инициран токму од многубројните критички написи за отсуството кај нејзините претстваници на било каков интерес за проблемите на промената, како и за неподобноста на самата органицистичка теорија за нивно проучување. Она што понатаму придонесе за задржувањето на вниманието на овој проблем беше забележувањето, во почетокот повеќе интуитивно, а подоцна поткрепено со аргументи, дека најголемиот број дела на големиот број автори окупирани со критика на функционализмот, всушност својата содржина ја исцрпуваат со критиката, не обидувајќи се како контра школа или комплементарна школа да понудат генерална теорија за сестрано проучување на општеството.

Основната цел на тезата е преку анализата на делата на претставниците на функционалистичката социологија во кои се вклучени темите на промената, да се определи придонесот на школата на полето на теоријата на општествената промена. Вниманието, притоа ќе биде усмерено на неколку точки:

1. Определување на природата на истражувачкиот модел што го употребуваат претставниците на школата, преку утврдувањето на факторите што се вградуваат во него.

2. Определбата на факторите на промената од аспектот на позицијата што им се дава во однос на општествениот систем.

3. Одредување на текот на промената со задржување на интересот како на глобалната, така и на парцијалната промена.

4. Утврдување на можностите за поставување на основите на теорија на општествената промена како релативно самостоен сегмент на општата теорија за општеството.

5. Преиспитување на можностите за истражување на општествената промена преку повеќе модели кои ќе делуваат како комплементарни еден на друг.

Дополнителна цел на тезата е преку анализата на функционалистичката литература за промената да се одговори на некои пошироко поставени прашања: Какви се можностите на органицистичката теорија за истражување на општествената промена? Кои се нејзините недоволности? На кој начин можат тие да се надминат?

Првата точка од наведената листа на интересирања е наметната од големиот број фактори на кои се укажува во рамките на социолошката теорија по однос на прашањето за основите на општествената промена. Од големиот број фактори најчесто споменувани се: технолошката иновација, економскиот интерес, конфликтната природа на односите меѓу системските делови, потребата за прилагодување на средината, лошата интеграција предизвикана од случајни фактори и сл.. Давањето предност на некој од овие фактори во однос на останатите, или отсуството на нагласката врз било кој од нив дава основа за класификација на теориите на општествената промена во две групи: теории на доминантни фактори и полидетерминистички теории.

Функционалистичката теорија себе се препознава како полидетерминистичка. Сепак, се чинат оправдани констатациите на некои автори дека таа е во прв план теорија на општественото прилагодување (адаптацијата). Таквата ориентација е условена од нејзината базична теориска поставеност. Теоријата на адаптацијата е надополнување на теоријата на еквилибриумот. Таа го објаснува постепеното менување на општествениот систем, кој е организиран по начела блиски на организацијата на биолошкиот свет. Менувањето е иницирано од перманентната потреба за прилагодување на средината во ситуацијата кога системот бележи континуиран раст. Освен прилагодувањето овде, како базични процеси се воведуваат и диференцијацијата и интеграцијата. Трите процеси можат да се сретнат во секој функционалистички модел на промената. Дури, се воведуваат во концептите од доминантно структурен тип, како што е оној на стратификацијата, што е една од илустрациите на постојано повторуваниот од нив став дека структурната и динамичката анализа се нераскинливо поврзани.

Освен како теорија на адаптацијата, функционалистичката теорија на промената овде ќе се разгледува и како технолошка по карактер. Како и најголемиот број други теории, градени на просторот на западните општества, таа е технолошка не толку по нагласката на уделот на технологијата, односно по истакнувањето на технолошката иновација како основа за произведување на останатите промени во општествениот систем, туку по употребата на модели за нејзиното следење во кои основната позиција им припаѓа на де-

терминантите од сферата на технологијата.

Факторите кои се вклучуваат во моделите за проучување на општествената промена, зависно од својата позиција во однос на општествениот систем, обично се делат во две групи, надворешни и внатрешни. Првите постојат надвор од општествениот систем, во неговата средина и делувајќи од надвор предизвикуваат промени или во некои од системските делови или во системот како целина. Вторите се составен дел на самиот систем, тие резултираат од неговата природа која е предиспонирана кон менување.

Во случајот на функционалистичката теорија, спротивно на многубројните ставови дека таа по својата определба на факторите на промената е нагласено егзогена или пак наглесено ендогена по карактер, овде се застапува мислењето дека кај неа двата извори на промената се земаат во своето единство. Обично се истакнува позначајната улога на инхерентните механизми за произведување на промена, но се остава простор и за ситуации кога егзогените извори можат да имаат позначаен удел во нејзиното условување. Определбата на функционалистичката теорија на промената како адаптациска, притоа само на прв поглед се чини несовпадлива со овој став. Во конкретните определби на општествениот систем и неговата средина, како средина, односно како надворешни фактори се определуваат некои од битните компоненти на општеството, како што се културата и особините на неговите членови.

Во однос на определбата на текот на општесвената промена, појдовна претпоставка овде е дека при следе-

дењето на генералната промена на општествените системи, функционалистичката теорија ја продолжува линијата на класичниот еволуционизам, прилагодувајќи го неговиот приод на своите теориски поставки, пред се кон стратегијата на средниот домен. Со неа се отстапува од целите на утврдувањето на универзалните општествени закони, што како своја последица ја има замената на идејата на еднолинејноста со идејата на повеќелинејноста. Последната, истакнувана од самите функционалисти како основна разлика меѓу нивниот и класичниот концепт на еволуцијата, не е воведување на идејата на посебните детерминизми наместо онаа на универзалниот детерминизам, туку ограничување на научните заклучоци на нивото на општоста што го дозволуваат емпириските податоци од конкретните општества. Во неможноста да се реконструира целиот тек на општествената еволуција, поради недостиг на објективни показарели за тоа, утврдените факти се систематизираат во две целини - онаа на откриените општости во еволутивниот тек и онаа на манифестираните посебности кои укажуваат на варијабилноста на конкретните примероци на иследувањето. Сепак, се чини, преку следењето на текот на модернизацијата, како дел од еволуцијата кој е просторно и временски јасно лоциран и како таков достапен за посестрана анализа, се обновуваат амбициите за откривање на универзални општости во еволутивниот тек на историските општества а со тоа и идејата на еднолинејноста. Овде на функционалистичката теорија на модернизацијата ќе и се пристапи како на специфична примена на теоријата на еволуцијата на примерокот на Западните индустриски општества која, со амбициите

да утврди општости во развојот на овие општества кои понатаму преку следењето на нивниот пат од страна на останатите општества од светот стануваат универзални, ја обновува верата во можностите за излегување на социолошката теорија од рангот на средниот домен.

Што се однесува до парцијалната промена, односно промената која во одреден временски период зафаќа некои делови од општествениот систем, се претпоставува дека со моделот на релативни стабилниот еквилибриум каков што практикуваат повеќето претставници на функционализмот, таа не може да биде истражувана во сите нејзини јавувања. Моделот во кој е вградена тезата дека системот е опремен со способност постојано да ја возобновува својата рамнотежа, може да се соочи само со оние промени кои се во доменот на системските можности за апсорпција. Дополнителни тешкотии овде создава прифатената теза за изворот на промената - општествениот раст кој притиска кон изнаоѓање на нови решенија во прилагодувањето на средината, како и онаа за нивното изнаоѓање. Тоа е структурната и функционална диференцијација, односно делбата на системот во поголем број единици од кои секоја задоволува одредена системска потреба и тоа во поголем обем отколку претходните единици. Во овие тези тешко може да се вгради елементот на брзата, изненадна, нерамна промена, иницирана од причини кои се надвор од генералните цели на опстанокот. Другите извори на промената што се воведуваат во рамките на школата - проблемите врзани за процесот на социјализацијата и појавата на носители на општествени улоги со психичка конституција која отстапува од просечниот модел на членовите од

општеството, исто така, го прават проблематичен одговорот на прашањето за низата проблеми со кои се соочуваат модерните општества. Се чини дека преку моделот на стабилниот еквилибриум можат да се објаснат постепените промени во тоталниот систем, како и оние парцијални промени кои можат да предизвикат времена неусогласеност во меѓуизмената на системските делови која во догледно време може да биде разрешена.

Она што се претпоставува како посебно занемарено во функционалистичката теорија се односите меѓу групите кои излегуваат надвор од комплементарноста. Тоа се конфликтните односи иницирани од посебните интереси на секоја од заемно спротивставените групи. Парцијалните интереси тешко можат да се вклопат во моделот во кој е инкорпорирана идејата за творечката улога на општеството во однос на човечката единка, која преку процесот на социјализацијата се моделира за обавување на потребните општествени улоги на начин кој оптимално ги задоволува системските потреби. Затоа и функционалистите го занемаруваат класниот конфликт. Исто е и со етничките, расни, религиозни и сл. конфликти, кои се составен дел на опстанувањето на модерните општествени системи. Сите тие се сместуваат во широката и недоволно прецизно дефинирана група на општествено патолошки појави која се разгледува во рамките на теоријата на модернизацијата.

Во врска со утврдувањето на можностите за поставување на основите на посебна теорија за општествената промена, овде им се дава подршка на претставниците на функционалистичката школа дека со теоријата на релативно

стабилниот еквилибриум можат да се проучуваат и општествената структура и општествената промена во ситуацијата кога социолошката наука не претендира на сестраност и поголема општост. Истовремено се подржува и нивниот став, оформен во контекстот на анализите на процесите на диференцијацијата, чие присуство е согледано во сите општествени сфери, вклучувајќи ја и научната. Тој се однесува на тенденциите на подвојување на општата теорија во две компоненти - една која ќе се ангажира повеќе околу темите на општествената структура и друга околу оние на нејзината промена. Така, може да се говори за пројавени иницијативи за конституирање на посебна теорија на промената. Таа и понатаму би била во тесна врска со теоријата на структурата поради самиот предмет на проучувањето на двете. Тоа се модерните општества, чиј основен проблем е како, менувајќи се, истовремено ќе го очуват своето единство.

Во колку новата теорија на промената инсистира на моделот на релативно стабилниот еквилибриум таа треба да реши повеќе проблеми. Еден од нив е судирот меѓу потребата од одредување на граници на теориските модел и емпириската реалност во која е забележлива појавата на бришење на границите меѓу конкретните општества, или барем нивно заматување. Се чини дека за него едно од решенијата може да биде системот на генералната акција на Парсонс, кој вклучува повеќе нивои, што по потреба можат да се зголемат.

Друг проблем што бара решение е оној на определувањето на теориските модел на системот со елементи кои свозможуваат поадекватно објаснување на оние општествени промени кои не влегуваат во системските потреби за само-

одржување. Во постоечките модели, во неможноста да се најде друго решение за нив, тие се групираат во категоријата општесвено-патолошки појави. Овде како прв чекор во оформувањето на новиот модел се сугерира нова формулација на човечката природа. Во новиот концепт за неа, на компонентите кои човекот го прават податлив за општествено реобликување би ги додал оние на неговите сили од кои извираат акции што се надвор од потребите на колективниот опстанок. Такви концепти веќе постојат во социолошката теорија. Еден од нив е оној на Зимел.

Во меѓувреме се чини најодговарачки ставот што го заземаат некои од претставниците на функционализмот - во истражувањето на општествата да се вклучат повеќе теориски модели. Еден од нив е конфликтниот. Во него на конфликтот му се припишува улога на генерален двигател на општествата кои, во колку би постигнале потполна рамнотежа, не би имале поттик за движење напред. Во прашање е структурен конфликт во кој се окупирани различните групи од општеството со своите партикуларни интереси. Преку конфликтот на спротивставените интереси постојано се воспоставува и рушиx општествената рамнотежа.

Она што конфликтната теорија ја прави комплементарна со органската е претпоставениот еквилибриум. Таа е усмерена кон конфликтните односи меѓу групите, но нејзината појдовна премиса е дека општеството е систем на заемно поврзани делови, а конфликтот во него ја игра улогата на рушител на старите и градител на новите единства. Поаѓајќи од еквилибриумската основа таа понатаму го пресвртува односот човек - општество. За разлика од органската теорија

која со ретки исклучоци е холистичка - во која целината е надредена над човечката единка и креативна во однос на неа, во конфликтната надредената позиција му припаѓа на човекот. Во наа општеството е определено како средина во која човекот се реализира како супстанца, детерминирана од нејзините внарешни мотиви. Од нив најчесто споменувани се економскиот и престижниот. Дури и оние конфликтни теоретичари кои не отстапуваат од идејата за човекот како општествено битие, во општествената практика го согледуваат како самоусмерен единец. Така, за Маркс човекот е општествено битие, но тоа во историските општества, во недостаток на услови за самореализација, се остварува на негативен начин, како оттуѓено битие, што би се рекло како егоист. Реализираната човечка природа тој ја воведува само во претпоставените фази на човечката еволуција - преткласната за која не постојат емпириски показатели и посткласната која тек треба да се оствари.

Се чини дека органската теорија со нагласката на значајот на општествената целина и конфликтната со усмереноста кон индивидуалните интереси и нивната артикулација во партикуларни (класни, групно интересни, слојни и сл.) интереси даваат добра основа за конституирање на теорија за општеството и промената во него, во која ќе се интегрираат и поттиците на целината и поттиците на индивидите за вообличувањето и продолжителното менување како на општествената организација така и на човечката егзистенција.

Можностите за обединување на теоријата на еквилибриумот и конфликтната теорија ги насетуваат и конфликтните теоретичари, искажувајќи ги со познатите фрази за

двете лица на стварноста - лицето на согласноста, единството и добрата интеграција и лицето на несогласноста, притисокот и лошата интеграција. Тие сакаат да изградат теорија која ќе биде антитеза на онаа на општествениот поредок - теорија на конфликтните односи. Неможноста, притоа, да и дадат општа основа која е неопходна за секоја теорија и нејзиното несвесно позајмување од теоријата што е предмет на нивните критики, упатува на заклучокот дека таа основа е токму теоријата на еквилибриумот - веројатно во нешто полабилно издание отколку што е сугерирано од самите функционалисти.

Методолошки забелешки.

При изработката на тезата користена е литература која ги опфаќа делата од областа на функционалистичката теорија и критиката на неа од периодот на четириесеттите години, кога повеќе автори почнуваат да ги воведуваат во своите истражувања темите на општествената промена, па до крајот на седумдесеттите години кога завршува животниот век на Парсонс, водечката личност на школата. Литературата печатена после тој период не е земена предвид делумно поради тешкотиите во приодот кон неа, односно неможноста да се прибави во оптимален временски период, а делумно поради тешкотиите да се вклопат во зацртаниот концепт новите насоки низ кои се движи функционалистичката теорија во текот на последното десетлетие.

Од авторите кои објавуваат дела во избраниот временски период поголемо внимание им се посветува на Парсонс, Мур, Ајзенштат и Смелсер - како автори кои пошироко од останатите се окупирани со проблемите на општествената

промена. Низа други автори се воведуваат во изделени подрачја за кои покажувале специфичен интерес и одормувале сопствени определби. Притоа, како неизбежно се покажа и постојаното навраќање на некои постари мислители, пред се Малиновски и Редклиф-Браун, чии идеи се инкорпорирани во моделите на поновите мислители.

Во тезата Мертон нема да биде воведен во обем, одговарачки на неговата позиција во школата. Првата причина за тоа е што неговите идеи во нашата социолошка јавност ја имаат достигнато популарноста до обем кој ги прави неодговарачки за нивното сместување во една докторска дисертација, а втората е што за неговата теорија за девијацијата веќе имам објавено поширок напис.

Тематските подрачја кои ја сочинуваат содржината на тезата се изнудени од самата материја што е предмет на анализа - од различните преокупации на претставниците на функционалистичката школа кои можат да се сметаат за елементи на теоријата на општествената промена. Едно тематско подрачје, кое се однесува на методолошката основа за проучување на општествената структура, по својата природа и припаѓа на теоријата на општествената структура. Овде е вклучено хирижи со посебна цел - да ги илустрира функционалистичките тези за нераскинливата врска меѓу структурните и динамички аспекти на општеството, кои нужно доведуваат до тоа секоја теорија да биде истовремено и теорија за општествената структура и теорија за општествената динамика.

# У В О Д

Со холистичкото определување на својата основна категорија - општествениот систем, функционалистичката теорија на некој начин се става себе во улогата на продолжувач на онаа линија во општествената мисла што има најдолга протегнатост и најголем број претставници. Холистичкиот приод кон општеството стекнува своја афирмација уште кај првите антички филозофи усмерени кон општеството како кон човек во големо, или како кон органска целина на делови поврзана или по принципите на уредбата на човекот како организам или на неговата душа како уреден нематеријален ентитет, при што она што е битно и како такво пред и над внатрешните компоненти е целината. Во неа се бара одговорот на поставените прашања и решението на постоечките проблеми. Христијанските филозофи во вековите на доминацијата на христијанската религија над духовниот развој на европските народи, оваа идеја не само што ја прифаќаат туку и даваат уште поголем нагласок. Општеството како органска целина, токму преку својата целина, ја остварува својата творечка улога во однос на неговите компоненти - групите и преку нив на поединиците, коишто изложени на дејноста на целината го стекнуваат својот идентитет - идентитетот на општествени битија коишто потпомогнати од силите на целината и канализирани од неа го избираат доброто како свој основен и највисок стремеж.

Во неколкуте бурни векови на европската преобразба

од традиционалниот кон модерниот облик на општествена организација, холоистичката идеја како да е ставена во позадина, потисната од доминирачките елементи на емпириската реалност - промените во сите сфери на животот. Промените во интензитет што ги прави јасно согледливи за претставниците на секоја генерација, со своите ефекти кои презентираат кумулација во сите домени на човечката дејност, го усмеруваат вниманието кон себе, притискајќи кон изградбата на филозофските системи во кои им се дава централна позиција. Сепак, и во тие векови на опседнатост со големите очекувања од прогресот, тука и таму, преку мислителите поклоници на Аристотеловото дело од типот на Жан Боден, или преку оние кои и останале верни на христијанската традиција, идејата на општеството како органска целина го пројавува своето опстанување.

Деветнаесеттиот век во својата разноврсност која дозволува да биде посматрана, и уште повеќе - систематизирана во теории кои својата амбиција за општествено водство можат да ја задоволат само ако ја подигнат вредноста на објективноста на највисока позиција, го постигнува спојот меѓу долговековната свртеност кон општествената целина која има свој поредок и нововековната кон општествената промена која се манифестира на најразлични начини. Спојот е неминовен и од двете позиции, токму затоа што е изнуден од објективните околности. Зашто, мислителите кои се окупирани со општеството кое има своја структура која подлегнува на некаква уредба, не можат да го занемарат натурливиот факт дека таа структура е подложна на промени кои се одразуваат на начелата на уреденоста, како што и мислителите занесени со идејата за

незапирливиот тек на прогресот што не можат да го избегнат соочувањето со фактот дека ако се занемари моментот на специфичниот однос на деловите од општеството што се менува, на нивните меѓузависности и меѓудејствувања, тогаш се попаѓа во опасноста развојот да застрани од патот кон кого го насочува научното водство.

Спојот меѓу идејата за општеството како структурирана целина и општеството како процес, меѓу поредокот и прогресот како што ќе каже Конт, е согледлив кај сите претставници на теоријата на деветнаесеттиот век, иако се остварува на различен начин. Разликите имаат своја позадина во низа конкретни објаснувања на базичните општествени категории, но во прв план во односот општество-човек, кој од почетокот е парадигма, за подоцна да стане дилема. За античките мислители кои живеат во општествена клима во која човекот е сфатен како мерка на се, не постои дилема за неговиот однос кон општеството, кој има свое достоинство само во општеството во кое членува, во рамките што тоа му ги определува. За средновековните филозофи човекот постои поради потребите на општеството. Но уште меѓу нив, со првите никулци на новата економија и новата општествена организациј се јавува сомнежот во постоечкиот третман на протокот на влијанието во посочената дихотомија. Стоковната економија која го отвара патот за растот на индивидуалниот интерес ги отвара и видиците за можностите на човекот како индивид, како и за изборот на средствата за нивната реализација. Така, постепено местото на членовите од дихотомијата се менува, за да достигне ситуација на инверзија во односот -

кога човекот се сфаќа во улога на творец на вториот член, изграден во контекстот на остварувањето на поединечните цели. Сега на човекот, определен како егоистична единка усмерена кон обезбедувањето на својата егзистенција, му се определува примарна позиција во однос на општеството. Тој го создава општеството за полесно и посигурно да го оствари она што со одреден ризик и на одредено ниво би го остварил и како поединец, за подоцна - врзувајќи се за ланецот на потребите што ги измислува и вградува во својот систем на очекувања како свои внатрешни потреби, односно за состојките на културата која израснува низ процесот на заедничкото дејствување, да се најде во позиција на оној што е засекогаш врзан и дури обликуван - како што констатираа претходно оние коишто појдоа од општеството како од примарна категорија.

Повеќето варијетети, кои се диференцираат како посебни стојалишта во текот на постепеното свртување на односот човек - општество, во историскиот тек на општествената теорија не се губат со појавата на оние што доаѓаат после нив. Тие продолжуваат да постојат паралелно еден на друг, со единствени разлики во обемот на застапеноста. Така, и во теоријата на деветнаесеттиот век присутна е Аристотеловата идеја за надреденоста на општеството над човекот, преку Контовиот (но и на други мислители) антииндивидуализам, како и спротивната идеја за себичниот индивид како општествена единица поврзана со другите единици во целина чија смисла е добробитта на индивидите - чиј најдоследен поборник е Спенсер. Истовремено, присутни се средишните во однос на овие стојалишта земени како екстреми, во кои човекот е

сфатен и како општествено и како индивидуално битие, како суштество кое со посредство на општеството го остварува својот однос со природата, но кое во рамките на општеството, поврзувајќи се во групи, се стреми кон измена на сопствената позиција, при што менувајќи ја неа се менува и себе како поединечна даденост и го менува општеството како целина на поединечните и групни дадености.

Антииндивидуалистичката и индивидуалистичка стратегија, кои од деветнаесеттиот се пренесуваат во теоријата на дваесеттиот век не спорат по прашањето дали општеството е организирана целина на делови. За сите тоа е целина со комплексна структура, чиј опстанок нужно бара усогласеност меѓу структурните компоненти, или минимум интеграција. Она што е ствар на разликување, па дури и спротиставување и заемно негирање е попрецизната мерка на тој минимум на интеграција. За оние со антииндивидуалистичко стојалиште најмалиот дозволен квантум на усогласеност е многу поголем отколку кај оние со индивидуалистичко или средишно стојалиште, иако низа други фактори вградени во теориите придонесуваат за дополнителни разлики во рамките на секоја од двете (или трите) стратегии, како и обратно - за сличности во некои периферни, но и по некои битни согледувања.

Така, со понатамошни комбинации на фактори се случува Контовиот антииндивидуализам и Спенсеровиот индивидуализам да бидат споени со органицистичкиот приод кон општеството. Меѓутоа, појдовната премиса се одразува на истражувачката ориентација. Во својот систем Конт се обидува да им посвети еднакво внимание на статиката и динамиката,

дури на динамичкиот закон на трите фази му дава централна позиција, но сепак, неговата основна цел како научник е согледана во придонесот да се откријат механизмите на постигнувањето и одржувањето на стабилниот општествен поредок. Спенсер, пак, кој општеството го определува во термини блиски до биолошките определби на живите организми, воопшто не изградил конзистентна теорија на општествената структура. Навистина, терминот структура е сеприсутен во неговите текстови, но не со цел таа да се опише, туку да се објасни начинот на нејзиното менување и последиците од него. Спенсер е окупиран со процесите преку кои се менува структурата, задржувајќи ја притоа својата целовитост. Законот на еволуцијата ја има истата позиција во неговото дело како законот на трите фази во Контовото, но последицата од тоа е широко разработената теорија на еволуцијата, која со неминовните измени што ги наметнува практиката на дваесеттиот век, присуствува и во современата социолошка теорија.

Функционалистичката теорија со својот холистички приод кон општеството неминовно го трасирала својот пат кон сферата на структурата. Нејзините претставници не го занемаруваат фактот дека таа структура се менува, тоа и не можат да го сторат со оглед на карактеристиките на стварноста која е предмет на нивните анализи, но тие го избираат аспектот на статиката како своја примарна истражувачка цел. Динамичката анализа е определена како еднакво значајна на статичката, но на неа и е доделено место на идна цел, која делумно почнува да се остварува паралелно со првата, но која ќе го добие своето право место во истражувањата откако

ќе се достигне одредено ниво во остварувањето на презентната цел.

Функционалистичките размисли за општеството добиваат посистематизирана форма пред и за време на Втората светска војна, но, како што ќе забележи Флечер, нивните почетоци "се околу 1906 г. (кога Редклиф-Браун оди на Андаманските Острови) и 1914 г. (кога Малиновски оди во Меланезија)"[1]. Од тогаш до денес тие предизвикуваат бура на полемики - центрирани околу нивниот статички и антиеволуционистички карактер. Им се замера дека даваат само статична анализа на општеството, дека поаѓаат само од претпоставката за постоењето на општествена хармонија и со тоа ги исклучуваат промената, конфликтот, општествениот развој и сл. Во контекстот на овие полемики се конституира цела социолошка школа - онаа на современите конфликтни теории.

Развивајќи се како социолошка и антрополошка теорија, функционализмот оформува своја стратегија на проучување на општеството во која тоа е сфатено како систем на општествени институции и систем на културни примероци. Институциите израснуваат како регулирачки примероци на општествената акција, втемелени во потребите на опстанокот. Тие стануваат форми на општествената регулација. Културата, пак, е тоталниот материјален, ментален и спиритуален апарат којшто е инструментално поврзан со институциите. Општеството е систем на делови - на институционално - културни делови коишто функционираат како заемно зависни, од кои секој дава свој придонес за опстанувањето на целиот систем.

Функционалистичката стратегија всушност е стратегијата на сите постари органицистички теории, која во

почетокот на овој век, преку Малиновски и Редклиф-Браун, почнува да се применува во проучувањето на малите примитивни општества, за подоцна, преку останатите функционалисти, да им се врати на комплексните Западни општества во нивното современо издание. Во тој контекст и се чини дека не е случајно прашањето дали станува збор за посебна школа во социологијата и антропологијата која има свој специфичен приод кон општеството или пак само за одреден број на мислители коишто ја продолжуваат нејзината генерална линија - применувајќи ја нејзината апаратура на одреден домен на општествената анализа - структурно-функционалната. Дополнително прашање е дали социологијата и антропологијата се науки со јасно разграничен предмет на проучување или една единствена наука за општеството, во која нагласката на проучувањето може да биде ставена на малите општества со мал број структурни компоненти, или пак на големите општества со комплексна внатрешна структура.

Прашањето за посебноста на функционализмот ги конфронтира двајцата антрополози коишто обично го носат епитетот на основачи на школата - Малиновски и Редклиф-Браун Вториот ја отфрла идејата на првиот дека со структурно - функционалната анализа на примитивните општества започнува дејноста на новата функционалистичка школа. За него станува збор само за анализа на општествата којашто се применувала во целиот тек на општествената мисла - таа е самата социологија.[2] Истата идеја подоцна ќе ја застапува и Кингсли Дејвис.[3] Прифаќајќи ги неговите аргументи Флечер со пророчка убеденост ќе заклучи дека таа не само што не е

посебна теорија со своја специфична суштина, туку тоа никогаш нема и да биде.

По прашањето за односот меѓу социологијата и антропологијата постои едномисленост во сфаќањата на сите погоре наведени мислители-тоа е една единствена наука за општеството. Терминолошката подвоеност упатува само на изборот на истражуваната единица - малите прости или големите комплексни општествени единици.

Овде се подржуваат двете идеи - и дека функционализмот не е посебна школа во социологијата и дека социологијата и антропологијата не можат да се разграничат како посебни науки. Групирањето на одреден број претставници на социологијата коишто овде се разгледуваат во група што се именува како функционалистичка школа има само методолошка основа - да се разграничат како група со блиска генерална ориентација оние што од страна на голем број теоретичари се препознаени како посебна социолошка школа.

# ПРВ ДЕЛ

# КОНЦЕПТОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПРОМЕНА

## ГЛАВА I

## СИСТЕМОТ И НЕГОВАТА ПРОМЕНА

### Дилемата структура или промена во функционалистичката теорија

Идејата за потребата од структурна и динамичка анализа во социолошките истражувања и за нивниот комплементарен карактер јасно ја презентира уште Конт во подвојувањето на својот социолошки систем во две дисциплини - статика и динамика. Тој ја нагласува потребата од "изучувањето на условите на егзистенцијата на општеството и утврдувањето на законите на неговото постојано движење", односно потребата од постојана "координација меѓу статичката и динамичка состојба на секој предмет"[1]. После него оваа идеја станува составен дел на секоја теорија за општеството. Ако меѓу теориите се бараат разлики тие можат да се најдат само во нивото на нагласката на двата посочени аспекти на анализата теориите од конфликтен тип и теориите на еволуцијата се усмерени повеќе кон динамичкиот аспект, претпоставувајќи притоа постоење на одредени структурни карактеристики кои се предмет на самата промена, додека теориите од системски тип во чии рамки влегува и функционалистичката, вниманието им го посветуваат на структурните особености на општеството сфатено како систем, имајќи предвид дека тие подлегнуваат на продолжителна промена.

Особеностите на современите општества во кои промената се јавува како централен општествен факт ја прават невозможна социолошката стратегија во која таа е исклучена. Тоа е аргумент кој го користат голем број претставници на функционалистичката теорија во одбраната од нападите дека со нагласката на системот, еквилибриумот, општите вредности и одржувањето на границите, тие не само што ги занемаруваат во своите анализи проблемите на промената туку користат и методолошки апарат кој е неспособен за соочување со нив. Зашто, ако системот е инхерентно предиспониран кон промена, како што потенцира Мур[2], тогаш и самата системска анализа во исто време е и динамичка. А ако промената, како што сугерира Ајзенштат[3], се конкретизира преку процесите на институционализацијата, тогаш структурната анализа на системот станува неопходна за одговарачката анализа на промената.

Ставот за неразделноста на статиката и динамиката како два аспекта на истиот облик на општествениот живот е јасно изразен уште кај Редклиф-Браун. Општествената стварност предметот на антрополошкото истражување - тој ја согледува сочинета од голем број на акции и интеракции на човечките битија коишто дејствуваат како поединци или групи. За него општествената стварност е процес, а истражувањето на тој процес вклучува два типа на описи - синхроничен и дијахроничен, аналогни на Контовите статичен и динамичен. Преку првиот тој го објаснува обликот на општествениот живот во извесно време, додека преку вториот неговата промена во текот на определен временски период. Двата ги поврзува преку

поимот функција, сфатен како заемна поврзаност на општествената структура и процесите на општествениот живот[4].

Во Уводната беседа на Кралскиот антрополошки институт од 1941 година, посветена на системот на роднинството, тој ја критикува еволуционистичката струја во антропологијата, посебно Риверс, Тајлор, Макленан и Морган, преку компарацијата меѓу своите и нивните антрополошки истражувања. Притоа еволуционистичкиот метод, кого го нарекува метод на претпоставената историја, го оценува како главна препрека во развојот на научната теорија на човечките општества. Овде неговиот исказ е сосема јасен - тој не и замера на претпоставената историја затоа што е историја, туку затоа што е претпоставена. За него историјата може да даде објаснување на светот, сфатен како ланец на заемно поврзани случувања, само ако постојат непосредни сведоштва за случките и околностите кои претходеле и оние кои следат, како и стварен доказ за нивната заемна поврзаност.

За Редклиф-Браун претпоставките со кои се служи претпоставената историја можат да се заснилаат на некаква веројатност само ако се познаваат законите на општествениот развој. А, извесно е, дека во дадениот момент науката не располага со такво знаење. Уште повеќе, тој се сомнева во можноста тоа да се постигне и во блиска иднина, потсетувајќи притоа дека "скептицизмот кон привидно прифатливата но непроверена хипотеза е суштински за секоја наука"[5].

Преку определувањето на методот на структурната анализа Редклиф-Браун ја определува својата стратегија во основањето на општата теорија. Таа се состои во поврзувањето

на голем број факти и проблеми кои се разгледуваат заедно и во заемна врска. Тој согледува ред зад разноликоста на општествените факти - ограничен број на општи начела кои се применувани и комбинирани на различни начини. Притоа, методот на структурната анализа го оценува како подобен за сите општествени појави зашто тој едноставно е "метод на апстрахирачко воопштување со помошта на споредување на примерите, кој им е својствен на индуктивните науки"[6). Во истиот дух ја негира и тезата за сукобот меѓу функционалистичкото и историско стојалиште, истакнувајќи дека функционалистичките хипотези и ставот дека секоја култура, секој општествен систем, претставува краен резултат на единствениот низ на историски случувања не вклучуваат никаква противречност.

Десет години подоцна, Парсонс во своето дело "Општествен систем" ќе се обиде да изгради концептуална шема за анализа на динамичните процеси на општествениот систем. Својата теорија на промената тој ја нарекува теорија на мотивациските процеси во системот. Тоа е теорија за процесите на одржувањето на еквилибриумот, базирана на ставот дека базичната тенденција на интеракцијата е тенденцијата на стабилизирањето на процесите на заемната ориентација внатре во комплементарните улоги. Притоа тој укажува на неколку значајни факти во врска со својата теорија. Првиот од нив е фактот дека системот во кој се случува промена има свои граници, односно дека тој се одржува како систем во средина која има сопствен динамизам - која може да биде или константна или променлива. Вториот е фактот дека станува

звор за структурно-функционална теорија која не располага со комплетно знаење за законите кои управуваат со процесите внатре во системот.[7] Овој проблем на фрагментарното знаење тој се обидува да го премости преку користењето на структурни категории земени во временска перспектива, преку нивните варијации во текот на времето, како и преку нивната споредба со истите категории во другите системи.

Теоријата на промената од Општествен систем ги "формулира концептите на мотивациските процеси како механизми а не како закони"[8]. Затоа и таа не е општа теорија за процесите на промената на општествениот систем.Таква теорија по Парсонс не е можна во дадената состојба на знаењето од едноставна причина: "таквата теорија би вклучувала комплетно знаење за законите и процесите на системот а такво знаење ние не поседуваме. Теоријата на промената во структурата на општествените системи мора, така, да биде теорија на посебните суб-процеси на промената во таквите системи, а не на општите процеси на промената на системите како системи"[9]. Од друга страна, тој го прифаќа ставот за неизделивоста на структурните и динамичките процеси кој се провлекува од Конт до денес - дека нашето знаење за структурните императиви е истовремено знаење за динамичките процеси, односно дека "ако го комбинираме нашето знаење за структурните императиви...парадигматичното знаење за мотивациските процеси и нашето фрагментарно знаење за многу процеси на промената, тогаш фактички имаме одредено знаење за многу процеси на промената, кое ќе биде зголемено со истражувачкиот прогрес"[10].

Што се однесува до посебните проблеми на промената во општествениот систем, хипотезите во врска со нив Парсонс ги извлекува од анализата на емпириските варијабликои не се дел на неговиот теориски систем - од анализата на личноста, културата и физичката средина, укажувајќи дека мостот меѓу двете - меѓузависноста меѓу теоријата за принципите на општествената организација и процесите на психичките, биолошки и физички фактори не е подигната на ниво на општа теорија.[11] Од друга страна, во врска со конституирањето на општата теорија на промената тој укажува и на постоењето на проблеми од идеолошка природа, иако тие во крајна инстанца не можат да го променат значајот на настојувањата за усовршување на анализата на овие процеси [12].

Систем и структура

Нераскинливата врска меѓу структурните и динамички аспекти на општеството во рамките на функционалистичката социологија може да се согледа и во нивната определба на основните категории од структурната анализа - системот, структурата, поредокот и сл.

Редклиф-Браун со определбата на поимот структура ги нагласува континуираните процеси на нејзиното одржување. "Општествената структура може да се дефинира како уредување на луѓето во институционално контролирани и дефинирани односи, какви што се на пр. односите меѓу кралот и поданиците или мажот и жената"[13]. Одржувањето на нејзиниот континуитет се остварува преку самиот процес на општествено

живот, преку активностите на интеракцијата на поединците и групите во кои тие се обединети. Всушност, општествениот живот е функционирањето на општествената структура. Нејзините, пак, елементи се на прво место севкупните односи човек - човек и на второ диференцијацијата на поединците и класите според нивната општествена улога.

Укажувањето на динамичкиот карактер на структурата е точката од која Редклиф-Браун го согледува расчекорот меѓу органската и општествена структура. Зашто, првата дозволува посматрање коешто до извесен степен е независно од функционирањето, со што може да се изгради морфологија независна од физиологијата. Втората, пак, може да се посматра само во своето функционирање - преку посматрањето на општествените активности. Затоа и општествената морфологија не може да се конституира независно од физиологијата. Листата на разликите тој понатаму ја проширува преку согледувањето на фактот дека општеството во текот на својата историја е во состојба да го менува својот структурен тип без да го прекинува континуитетот. Овде искажува резерва во однос на обидите на Диркем пореметувањето на општествениот поредок да го прикаже како ненормална состојба на општеството, негова болест - аналогна на патолошката состојба на организмот. Во врска со ова како задача на општествената наука во перспектива, зашто во дадениот момент тоа е невозможно, го поставува изнаоѓањето на објективен критериум за разгледување на функционалното единство, односно проценувањето на степенот на внатрешната сраснатост на општествениот систем. Состојбата на општеството кое западнало во функционална разединетост

тој притоа не ја оценува како дисномична (терминов го има истото значење како Диркемовиот термин аномија) туку како некој вид на еуномија (општествено здравје) во која тој го менува својот структурен тип.

Треба да се истакне дека при користењето на термините морфологија и физиологија Редклиф Браун се оградува од аналогиите меѓу општеството и организмот карактеристични за средновековната филозофија, како и нивниот пренос во социологијата од XIX век, иако самата аналогија ја смета за значајно помошно средство во научното мислење. Морфолошкото проучување за него се состои во дефинирањето, споредувањето и класификацијата на различните структурални системи. Физиолошкото проучување, пак, е окупирано со проблемот на опстанокот на структурните системи.

Во однос на прашањето за динамичкиот карактер на структурните категории сличен став како оној на Р.-Браун застапува и Парсонс.Во духот на своето вообичаено поаѓалиште кон социолошките теми тој дава дефиниција на општествениот систем која е на високо ниво на апстракција. Општествениот систем за него е еден од подсистемите на општиот систем на акцијата, покрај персоналниот и културниот систем. Тој "постои преку мноштвото индивидуални актери кои делуваат еден на друг во ситуацијата која има во најмал обем физички аспект или аспект на средина, актери кои се мотивирани во термините на "оптимизација на задоволувањето" и чии односи кон нивната ситуација вклучувајќи се и заемно еден со друг е дефинирана и посредувана во термините на системот на културно структурираните и заеднички симболи."[14]

Понатаму, во емпириските анализи тој системот го сведува на структурните категории, како "комплекс на структурни категории", при што динамичките процеси се сведени на механизми кои делуваат на функционирањето на системот. Мотивите на оваа замена веќе се споменати - тоа е недостигот на динамичко знаење за процесите на акцијата, како и можностите морфолошкото знаење да се искористи како орудие во остварување на целите врзани за динамиката, зашто "системот на структурните категории е концептуална шема која дава основа за динамичка анализа"[15].

Голем дел од замерките на Парсонсовата определба на системот, ставени во врска со отсуството во него на елементот на промената од страна на низа социолози (Гулднер, Дарендорф, Рекс, Козер) веројатно се должат на неможноста во неговите текстови појмовно да се разграничат системот и структурата, при што последната се сфаќа како статичка категорија. Всушност, тој и не дава јасно разграничување меѓу системот и структурата. Процесите на интеракцијата меѓу индивидите кои го сочинуваат општествениот систем по него ја сочинуваат и неговата структура. "Бидејќи општествениот систем е систем на процесите на интеракцијата меѓу актерите, тоа структурата на односите меѓу актерите кои се вовлечени во интерактивниот процес е во суштина структура на општествениот систем. Системот е мрежа на такви односи"[16]. Со тоа станува попрецизна определбата на единиците на системот - таа се сведува на некои аспекти од партиципацијата на актерите во примеркуваниот интерактивен процес. Попрецизно - се сведува на два аспекти: еден позициски и

еден процесен. Првиот е статусот, односно местото во системот на односи определен како структура, додека другиот е улогата- она што актерот го прави во односот со другите, согледано од аспектот на неговата функционална значајност за системот.

Сепак, Парсонс во сите свои текстови не ги изедначува поимите на општествениот систем и општествената структура. Понекаде тој зборува за општествената структура, давајќи му на нејзиниот поим потесно значење, поправо сведувајќи го на вториот од посочените аспекти. Тој се однесува на "диференцираните општествени улоги,како тие се дистрибуирани во општествениот систем и како се интегрирани една со друга"[17).

Поимот на општествената структура го определува и Мертон во своето познато дело "Општествена теорија и општествена структура", подразбирајќи под него "примеркувани аранжмани на комплексите улоги, статусниот комплекс и статусните секвенци"[18). Овде под комплексот улоги тој ги подразбира акциите и односите коишто произлегуваат од општествениот статус, под статусен комплекс можното соединување на различните позиции што ги зазема индивидот, и под статусни секвенци - можната сукцесија на позициите заземани од индивидот во текот на времето.

Поексплицитна од Мертоновата е дефиницијата на Марион Леви која структурата "како примерок на акцијата" ја разграничува во аналитички структури и конкретни структури, подразбирајќи под првото аспекти на делувањето на општеството (пр. распределбата на улогите, распределбата на добрата и сервисите, распределба на моќта и одговорноста), додека под

второто единици на членство (или повеќе примероци кои го дефинираат карактерот на таквите единици).[19]

Различните определби на поимот општествена структура во функционалистичката социологија се обидел да ги систематизира Мур, кој претходно забележува дека наспроти општа присутност на овој поим во социолошката литература, социолошките научници ретко се одлучуваат да дадат негова попрецизна дефиниција.Тој укажува на пет употреби на поимот: 1) како примероци на акција, 2) општествен систем, 3) општествена диференцијација, 4) статистички дистрибутивни категории, 5) подредена секвенца. Првата определба, во смисла на примерок на акција, ја смета за најчеста и со својата општост и неспецифичност вклучена во другите значења на поимот. Употребата на терминот систем во значење на општествена структура тој ја врзува за Парсонс, додека третата - во смисла на општествена диференцијација за ситуациите на нееднаква распределба на моќта, службите и добрата во општествата. Четвртата ги претпоставува различните атрибути на населението, класифицирани со оглед на некои употребливи критериуми. Употребата како подредена секвенца се однесува на постојаните, предвидливи секвенци на општествениот живот кои обично имаат цикличен карактер.[20]

Настрана од сите непрецизности во појмовните определби, заклучок кој се наметнува од следењето на функционалистичката литература е дека нејзина централна категорија е општествениот систем, а негова централна детерминантна еквилибриумот. Во најопшти термини изразено тој е начин на организација на човечките индивиди коишто се поврзуваат

во текот на обезбедувањето на опстанокот. Општествениот систем во најшироката определба е самото општество, чии елементи, човечките индивиди или актерите со улогите што ги обавуваат во рамките на интеракцијата оформуваат релативно трајни интерактивни комплекси.

Попрецизната определба на општествениот систем кај Парсонс е дадена погоре, во врска со неговата определба на општествената структура. Системот "како комплекс на структурни категории" е во состојба на еквилибриум, односно постои компатибилност меѓу неговите делови која се задржува и во случаите кога тие се подложени на надворешно влијание. Оваа компатибилност се однесува и на неговите односи со другите системи од општиот систем на акцијата. Прв предуслов за функционирање на општествениот систем по Парсонс е тој да биде така структуриран за да биде совпадлив со условите на функционирањето на неговите компоненти - индивидуалните актери како биолошки организми и како личности, како и со културниот систем. Вториот предуслов е минимумот подршка од секој од другите два система, односно "тој мора да има доволна пропорција на своите компонентни актери адекватно мотивирани да делуваат во согласност со барањата на системот на улогите, позитивно во смисла на исполнувањата на очекувањата и негативно во смисла на апсентизмот на преголемо дисруптивно, т.е. девијантно однесување. Од друга страна, тој мора да ги избегне културните примероци кои не се во состојба да дефинираат минимум поредок или кои им поставуваат невозможни барања на луѓето и така породуваат девијација или конфликт во степен кој е несоодветен со минимумот услови за стабилност или за уреден развој."[21]

## Системот како еквилибриум

Се чини дека кога се разгледуваат различните сфаќања на општествениот систем не се поставува прашањето дали во нив е присутна тезата за еквилибриумот, туку она за неговиот тип. Во случајот на функционалистичката теорија постојат одредени разлики во однос на определувањето на стабилноста на еквилибриумот, но кај повеќето станува збор за стабилен еквилибриум. Во континуумот кој на едниот пол го има стабилниот а на другиот лабилниот еквилибриум веројатно првата позиција му припаѓа на Парсонс. За него системот е во состојба на еквилибриум кога односите меѓу неговата структура и процесите кои се остваруваат во неа и со неговата средина се такви што ги одржуваат овие состојби и односи, односно ја одржуваат неговата структура во непроменлива состојба. Во динамичните системи, за какво што е определено општеството, ова одржување е поврзано со различните продолжителни процеси кои ги неутрализираат внатрешните и надворешни извори на варијабилноста, спречувајќи ги така, во колку се премногу силни, да ја изменат структурата.[22] Овде е направено разграничување меѓу процесите коишто ја произведуваат општествената стабилност и оние кои ја произведуваат структурната промена. "Структурата на системот и неговата средина треба да се разграничат од процесите внатре во системот и од меѓуизмената меѓу системот и неговата средина. Но процесите кои ја одржуваат стабилноста на системот, внатрешно преку структурата и процесите, и во меѓуизмената меѓу системот и средината, т.е. состојбите на неговиот еквилибриум, треба да се разграничат од процесите преку

кои оваа рамнотежа меѓу структурата и "поелементарните" процеси е изменета на таков начин што води кон нова и различна "состојба" на системот, состојба која треба да биде опишана во термините на менувањето на неговата претходна структура[23].

Процесите преку кои се одржува системот Парсонс ги наведува во својата скица на општествениот систем. Општеството постои преку своите подсистеми од кои секој е вклучен во комплекс на заемни меѓуизмени и измени со средината која што му е надворешна на целиот систем. Сите тие измени наметнуваат проблеми кои го поттикнуваат системот да се специјализира во правецот на функционалните неопходности за опстанок од кои како најзначајни се определени прилагодувањето, постигнувањето на целите, интеграцијата и одржувањето на примерокот. Овие неопходности го поттикнуваат системот кон внатрешно специјализирање на неговите структурни компоненти - подсистемите - за задоволување на секоја од нив. Така, за секоја неопходност станува одговорен еден од четирите основни подсистеми: физичко-органската средина, личноста, општеството и културата. Во рамките на генералниот општествен систем потребата за прилагодување се задоволува преку системот на физичко-органската средина која претставува извор на ресурси што општеството ги користи за задоволување на потребите на своите членови. За постигнувањето на целите е одговорен системот на личноста, составен од личности обликувани преку процесите на социјализацијата во индивиди мотивирани за партиципација во општествениот систем - кој поставува сет на норми преку кои се одржува поредокот,

односно кој ја остварува интеграцијата. Одржувањето на примерокот или латенцијата е должност на културниот систем. Во него влегуваат емпириското знаење, експресивниот симболизам, религиозните идеи и практики кои го дефинираат општествениот колективен идентитет и концепциите за пожелното (вредностите).

Во продолжителноста на постоењето на општествениот систем секој од неговите подсистеми подлегнува на дополнително преструктурирање, при што секоја од нивните структурни компоненти се специјализира за една од неопходностите. Секој подсистем со тоа развива свои механизми за сопствено одржување, задоволувајќи ја притоа во исто време и системскаа потреба на генералниот систем.

Во контекстот на внатрешното преструктурирање, општествениот систем кој ги вклучува актерите кои обавуваат специјализирани улоги регулирани од нормативниот поредок, се дели во подсистемите на економијата, која ги усмерува личностите кон распределба на ресурсите за задоволување на некои потреби, политиката - задолжена за задоволувањето на колективните цели, општествената заедница - преку која се одржува солидарноста како највисока општествена цел и фидуциарниот систем - концентриран кон одржувањето на институционалните културни примероци.

Сите процеси во генералниот систем и во неговите подсистеми подлегнуваат на критериумот на значајноста, фокусиран околу оние системски карактеристики кои се продуктивни за стабилноста или за постепената (еволутивна)промена Парсонс така поставува кибернетска хиерархија во која се

наоѓаат општествениот систем и неговите подсистеми. На нејзините два пола се наоѓаат условите и контролата. Условите го претпоставуваат даденото во чии рамки се остварува промената а тоа во преден план е поврзано со физичко- органската средина. Контролата, пак, управува со самата промена. Движењето од условите кон контролата почнува од адаптивната функција остварувана од физичко-органскиот систем, преку постигнувањето на целите и интеграцијата (персоналниот и општествениот систем) до одржувањето на примерокот (културниот систем). На нивото на генералниот систем физичко-органскиот систем има највисока позиција во хиерархијата на условите и најниска во хиерархијата на контролата, додека културниот е највисоко во контролата и најниско во условите. Персоналниот и општествениот систем се со средишна позиција. На нивото на општествениот систем, поредокот од горе надолу во условите оди од економијата, преку политиката и општествената комуна до институционалниот поредок, додека во контролата има обратна насока.

Табела бр. 1

Кибернетска хиерархија [24)]




Во даденава табела бихејвиоралниот организам е изделен од физичко-органската средина која е определена како надворешна на системот.

Од табелата на кибернетската хиерархија произлегув заклучокот дека колку еден примерок е повисоко во хиерархијата на контролата толку е помалку подложен на промени. Промените се случуваат најретко и најтешко се реализираат во културниот примерок. Во него-вредностите со највисока

позиција се менуваат најмалку. Овој Парсонсов став го подржува и Липсет кој дава емпириски примери за тоа дека растот на општествената комплексност не условува битно менување на вредносниот систем. Институционалните аранжмани по него се прилагодуваат на новите услови во рамките на доминантниот вредносен систем. Базичните измени во вредностите ретко се произведени од промените во средствата за производство, дистрибуцијата или размената. Тие се развиваат бавно или воопшто не се развиваат. Всушност, емпириски докази нуди и Парсонс преку своите анализи на американското општество. Тој ги истражува промените во него и притоа констатира дека основните вредности кои довеле до неговата интеграција на највисоко ниво (инструменталниот активизам или Веберовиот аскетски протестантизам) не се промениле во текот на историјата. Она што се менувало не биле базичните вредности туку општествените структури[26)]. Затоа и револуцијата, сфатена како вредносна промена од највисоко ниво, односно промена во контролата, за него е сосема ретка.

Заедно со процесите кои го одржуваат општеството во состојба на еквилибриум, Парсонс ги разгледува и оние процеси кои можат да донесат негово нарушување. Нив ги наоѓа во комплексот предуслови кои се спротивни на комплексот функционални предуслови за системското одржување. Во фокусот на неговото интересирање притоа е потребата за обезбедување на адекватно учество и адекватна пропорција на актерите во општествениот систем, односно нивно мотивирање за адекватно обавување кое е неопходно за одржување и развој на системот. Адекватната мотивација ги вклучува механизмите

на социјализацијата и општествената контрола (тој ги именува како позитивен и негативен аспект на мотивацијата).

Предусловот на адекватната мотивација Парсонс го зема како појдовна точка во изработката на концептот на улогата и институционализацијата. Тој не го прифаќа психолошкото стојалиште за спонтаното прифаќање на улогите врзани за животниот циклус на индивидот. За адекватно одржување на општествениот систем претпоставува постоење на специфични механизми, или како што самиот ги нарекува начини на организација на мотивациските системи на личноста. Сепак, нивното реализирање го врзува за некои биолошки карактеристики на човекот - за пластичноста и сензитивноста, односно карактеристиката на човечката природа да научи било кој од алтернативните примероци на однесувањето, како и од способноста еден човечки индивид да влијае на другите во контекстот на општествениот интеграциски процес. Тие ја претставуваат суштината на мотивациската основа за можноста за влијание во процесот на учењето. Тој ја поддржува тезата на интеракционистите како што се Кули и Мид за првостепеното значење на ставовите на другите во човековото учење, посебно прифаќањето на примероците на вредносната ориентација и понатаму, во постигнувањето на дисциплинирана интеграција на личностите како неопходност во функционирањето на општествениот систем.

Теоријата на еквилибриумот која ја развива Мур е со нешто повисоко ниво на лабилност од онаа на Парсонс иако не доволно за развивање на теорија за промената која вклучува широк дијапазон на промени. Тој го отфрла ставот за совршената интеграција која им се припишува на функционалистите како неприфатлив. Општествените системи по него,

посебно оние од широка скала како што се тоталните општества, вклучуваат во себе и неконзистентни и некоординирани елементи. Односот на елементот кон системот не е неопходно "еуфункционален", тој неопходно не придонесува за континуитетот на системот, дури може да придонесува за пореметувањето и деструкцијата на системот, или пак да нема значајна улога за неговиот опстанок. Одредени елементи, понатаму, можат да бидат еуфункционални за дел од системот но дисфункционални за целиот систем. Од друга страна, во идејата за преживувачката врзаност на елементите на општествениот систем тој согледува мост за поврзување на статичките и динамички аспекти. Идејата за преживувањето по него наметнува дека постои одредена форма на селективност со тоа што дисфункционалните или ирелевантни форми се отстрануваат а корисните преживуваат. А бидејќи селективноста може да се оствари само во одреден период на време, самото нејзино воведување значи дека системот мора да се менува во текот на времето. На таков начин статичката теорија станува динамичка. Идентификувајќи ги функционалните барања за опстанок на системот (пр. легитимниот поредок и социјализацијата за негово прифаќање) кои мораат да бидат обавени за општеството да делува како систем кој опстанува низ времето, теоријата добива основа за статички генерализации на човечките општества, но со тоа таа истовремено го возобновува еволутивното сфаќање зашто е претпоставено дека различните општествени системи не успеваат да исполнат некои неопходни функции[27]. Така, најголемиот број социолошки пропозиции добиваат релациски или корелациски карактер. Со тоа статиката и

динамиката стануваат ствар на научното внимание, усмерено кон поредокот или кон промената а не на теориски концепт на системот како статичен.

Системот на еквилибриумот кај Ајзенштат е определен во термини од кои може да се извлече заклучокот дека во однос на нивото на стабилноста се наоѓа меѓу оној на Парсонс и Мур. Меѓутоа, неговата апликација во доменот на емпиријата го потврдува како полабилен од двата претходни, со поголеми можности за анализа на поголем број промени.

Општествениот систем по Ајзенштат е базиран на рамнотежата, обично привремена и ретко стабилна, меѓу: а) ресурсите кои се на располагање на индивидите и групите, б) нивните приватни цели, в) колективните цели поткрепувани од системската структура на улогите, која настанува преку поделбата на трудот и се развива преку процесите на општествената диференцијација, г) ресурсите потребни за исполнување на колективните цели.[28)] Рамнотежата се остварува на два нивоа - нивото на неизменливите добра и нивото на институционалните норми. Рамнотежата од првото ниво се врзува за делувањето на оние процеси преку кои општеството го развива својот базичен симболизам, односно ја постигнува институционализацијата на поредокот, колективните цели и јавните добра. Основни механизми овде се социјализацијата и комуникацијата. Рамнотежата на второто ниво е меѓу различните институционални "пазари" и нивната продолжителна размена на ресурсите и наградите. Основен механизам овде е конверзијата на ресурсите на општите медии на размената со што секоја институција им нуди нешто на другите. Рамнотежата

притоа не е сфатена како автоматски атрибут на општеството, таа е резултат на општествената интеракција во макросоциолошка и микросоциолошка смисла.

Ајзенштат како и Парсонс си го поставува прашањето за одржувањето на општествениот систем, независно од нивото на неговата стабилност.

На прашањето како е можно колективот да им ги наметне општите цели на индивидите по него не е можно да се даде прецизен одговор. Сепак, самиот покажува спремност да поверува дека станува збор за психолошка предодреденост на човекот за живот во колектив. Тој им припишува на индивидите два основни мотиви: 1) желбата за поширок општествен или културен примерок од оној на семејната група и 2) желбата за постигнување на одредени колективни цели. Отфрлајќи ги стојалиштата за општествениот поредок базиран на надворешната принуда на индивидите како и она за неговата заснованост во колективното решение на самоусмерените себични индивиди кои се стремат кон своите цели, тој ја предлага тезата за социокултурниот примерок кој се одржува преку желбата на луѓето за учество во него. "Дури и делумна егзаминација на историјата ќе покаже дека желбата за учество во таквиот поредок е барем толку јак човечки мотив како било што што може да се смета за индивидуалистички интерес. Секое реформистичко движење, секоја револуција или религиозно оживување ги има симболите на доброто општество - симболи кои се идентифицираат со општествениот поредок и колективните цели"[24].

Размислувајќи за местото на колективните цели во тоталитетот на целите и желбите на индивидите Ајзенштат

доаѓа до истиот став што го има и Диркем пред него - дека нивото на индивидуалното е условено од нивото на колективното. За него желбата за општествен поредок, дури и ако е во обем на пасивна или само на потенцијална согласност е базичен елемент на широката скала на индивидуални желби, стремежи, цели и ставови. Индивидите го мерат значајот на општествениот поредок, давајќи му предност во однос на помалку значајните индивидуални цели. Притоа тој самиот го поставува прашањето кое логички следи од овој став - зошто тогаш некои индивиди не го прифаќаат постојниот општествен поредок давајќи му предност на некој друг? Неговиот одговор е дека дел од колективните и индивидуалните цели се врзани за иднината што условува процена на поредокот во однос на потенцијалниот идеал.

Во усвојувањето на колективните цели Ајзенштат основна улога и припишува на елитата. тој наведува два начина на кои таа ја остварува оваа улога - 1) преку интерпретацијата на системските цели и потреби и 2) преку креирањето на ретки вештини кои системот ги бара за да ги проследи своите цели и да ги задоволи своите потреби. Елитата ги убедува членовите од колективот дека треба да усвојат одредени колективни цели со тоа што ја шири концепцијата на општествено-културниот поредок, односно ја реобликува сликата за колективот на начин преку кој новите цели и потреби се сфаќат како легитимни и значајни. Притоа начинот на кој ќе го оствари тоа зависи од нејзината физиономија, од тоа дали е таа харизматска или претприемачка. Елитата може да ги убеди членовите за прифаќање на пошироката концепција на

социо-културниот поредок преку дејноста на харизматските лидери. Преку специјални награди таа може да ги наведе членовите од колективот да развијат комплекс на секундарни цели и потреби. Членовите можат да се мотивираат преку убедувањето дека стремежот кон одредени колективни цели претставува основа за задоволувањето на индивидуални цели. Елитата понатаму, може да настојува да ги убеди членовите од колективот да не се стремат кон одредени цели, обезбедувајќи ги само за себе и за оние што не ја загрозуваат.[25] Притоа тој не ја исклучува и можноста за примена на присила, која може да е ефективна ако и се даде легитимен тек, но која во случајот на прифаќањето на колективните цели не може да биде долгорочно ефективна. По прашањето на местото на присилата Парсонс е поголем оптимист од него.

## Критики и сумирања

Од повеќето определби на општествениот систем во функционалистичката социологија можат да се извлечат неколку елементи кои се присутни кај сите:

- Глобалниот приод кон општеството е холистички. Тие се посматраат како систем на заемноповрзани делови.

- Општествените делови (актерите кои имаат одреден статус и вршат одредени улоги, комплексите на улоги или поединците и групите кои користат одредени ресурси во остварувањето на колективните и индивидуални цели) остваруваат комплексна мрежа на заемни односи. Врските меѓу нив се мултипни и реципрочни.

- Општествата се наоѓаат во состојба на динамичен еквилибриум. Општеството развива механизми прекукои ги минимизира влијанието на промените кои се одигруваат во надворешната средина и преку кои ја возобновува рамнотежата пореметена од внатрешни извори. Од овие механизми најзначајни се социјализацијата и општествената контрола.

- Системот не е ослободен од тензии и дисфункции, но преку своите механизми тој настојува да ги разреши или да ги институционализира во текот на подолг временски период

- Основниот фактор на општествената интеграција е вредносната согласност. Преку дејноста на културниот систем во општеството се изградуваат принципи кои се прифаќаат од најголемиот број членови на системот.

Вака сфатениот општествен систем е предмет на многубројни критики кои се усмерени пред се кон неговите можности за проучување на општествената промена.

Дарендорф нагласката на својата критика ја става на високото ниво на апстрактност на теорискиот концепт на системот како и на неговата затвореност. Тој се сомнева во можноста да се оствари конвергенција меѓу апстрактната концептуална рамка и конкретната сциолошка анализа на општеството. Притоа тој во центарот на својата критика го става Парсонс, авторот кој самиот во цела редица свои дела прави спој - навистина не секогаш многу успешен - меѓу апстрактнит концепти и конкретните факти. Од друга страна, Дарендорф не го прифаќа елементот на затвореноста кој е еден од елементит на определбата на системот. Тој по него прави функционалистичкиот систем да биде опремен со истите особини кои се

содржани во концептите на утопистичките општества. Всушност, проблемот на затвореноста на теориските концепти е општо присутен во целата современа социолошка теорија за која останува отворено прашањето како при проучувањето на конкретните општества да се пресметат мултипните релации со остатокот од светот, кои во својата се поголема нагласеност ги замаглуваат нивните граници во многу домени, оставајќи сепак елементи за пресметнување на некаква целовитост. Сепак, тој му признава одредена применливост на еквилибриумскиот модел иако не толку голема каква што може да се претпостави на база на фактот на неговата долга традиција во социолошката теорија.

Слично како Дарендорф и Рекс наоѓа дека функционалистичката теорија е недоволна за изградба на погодна теорија на општествената промена затоа што со своето сфаќање на општествената структура како нешто што не е проблематично таа не е во состојба да го постави прашањето на промената во општи термини. Затоа и таа излезот го бара во органски аналогии од кои тој како основни наведува три: 1) теоријата на случајните мутации и природната селекција која е тешко применлива во научните објаснувања зашто го остава нерешено прашањето за стандардите преку кои се остварува природната селекција, 2) алтернативната на оваа теорија која се обидува да ги појасни овие стандарди најчесто преку аналогиите со биологијата - преку прилагодувањето на средината, при што се јавува проблемот на објаснувањето на промената која израснува во самиот систем а не е од средината и 3) теоријата која поаѓа од определбата на општеството како органски

систем, кога промената се објаснува преку природната особина на растот[27]. Овој проблем не го одрекуваат и некои од претставниците на функционализмот иако на аналогиите им припишуваат одредена плодотворност. Така Лич самиот функционализам како општа теорија го определува како напор да се приложи принципот на природната селекција на сите елементи на културата[28]. Од друга страна, некои функционалисти во одговор на приговорот за неможноста да изградат општа теорија за промената ги користат истите аргументи кои се наведуваат во однос на апстрактноста на нивниот концепт на системот - дека промената определена во премногу општи термини, го прави проблематично објаснувањето на нејзините специфични следови во конкретните општествени системи[29].

ГЛАВА II

## КОНЦЕПТОТ НА ПРОМЕНАТА

### Определби на промената

Промената е една од повеќето социолошки категории кои со својата очигледност и сеприсутност не поттикнуваат на попрецизна појмовна определба. Терминот е присутен во целата функционалистичка литература, меѓутоа мал број нејзини претставници нудат некаква дефиниција.

Една од првите определби во рамките на школата е онаа на Малиновски. Тој под општествена промена сфаќа процес преку кој постојниот поредок во општеството, т.е. неговата матерјална и спиритуална култура се трансформираат од еден во друг вид[1]. Дефиницијата се обидува да ја конкретизира преку потесното определување на поимот на културата која ги вклучува како составни услови општествено-економската организација, нормативниот поредок, политичката конституција, механизмите и агенциите на образованието, системот на науката и религијата. Понатамошен чекор во конкретизацијата е посочувањето на елементите од културата кои би требало да имаат предност во емпириските истражувања. Тоа се оние културни особини кои се институционализирани во добро дефинирани единици-во институции. Оваа идеја се покажува инспиративна за некои помлади функционалисти кои го избегнуваат расплинувањето на поимот во случаите на користење на премногу општи термини преку нејзиното врзување за процесите на институционализацијата во различните сфери на системот, кои во својата продолжителност создаваат можности за промена[2].

Во "Поредок и промена" Мур промената ја определува како значајно менување во општествените структури (т.е. во примероците на општествената акција и интеракција), кое ги вклучува последиците и манифестациите на таквите структури отелотворени во нормите (правилата на однесувањето), вредностите и културните продукти и симболи[3]. Промената кај него се однесува како на структурите од мала скала какви што се групите, така и на системите од широка скала, односно целите општества. Кај првите таа ги опфаќа како флуктуациите на нормалните барања и обавувањето на улогите така и отстапувачките иновации. Кај вторите исто станува збор за цела скала во која влегуваат флексибилностите предизвикани од демографското однесување, промените при вклучувањето на младите во системот преку процесот на социјализацијата, техничката и општествена иновација усмерени кон прилагодувањето на средината како и кон општествената контрола.

Поимот на општествената промена кај Мур, кон кај сите останати функционалисти, го вклучува и поимот на општествена та еволуција. Кај него еволуцијата е сфатена како варијабилност на структурните форми или компоненти на селективната адаптација на човечките општества.

Општествената промена во своето најопшто значење кај Сфансон се однесува на промената во општеството која се случува во текот на времето. Нејзините посебни манифестации по него можат да се изразат преку други термини. Така терминот промена ги вклучува термините процес - како општ термин за било која промена, прогрес - кој во себе вклучува вредносна конотација, односно кај кој во последователниот тек на промената она што се случува подоцна е оценето како

подобро од она што било порано, еволуција - кој се однесува на општиот раст на капацитетот да се експлоатира средината, функција и развој кои се однесуваат на промената во структурата, во личноста, групата и сл. која се случува во текот на времето и е иницирана од фактори кои се веќе присутни во таа структура. Промената во своето поспецифично значење по него се однесува на "разликата во структурата, разликата која се случува во текот на времето и која е иницирана од фактори надвор од таа структура"[4]. Притоа тој самиот укажува на доминирачкото несогласување во социолошката теорија со таквата дефиница, толкувајќи го тоа како последица од недоволното внимание кое им се посветува на силите кои лежат надвор од општествената структура, со истовремено посочување на одреден број автори кои ја подржуваат таквата определба.

Парсонс општествената промена ја сфаќа како процес кој е комплементарен на еквилибриумот. Таа се однесува на пореметувањето на еквилибриумските услови под кои системот нормално функционира. Нејзината појава се најавува со прекинот на граничниот зид на системот, како ограничен феномен кој поттикнува низа прилагодувачки механизми кои настојуваат да го вратат системот во состојба на рамнотежа.

## Извори на промената

Функционалистичките концепти за изворите на промената се прдмет на бурни полемики во чии рамки се изделуваат две противречни стојалишта - едно, кое оценува дека нивната концепција за промената е нагласено егзогена и како таква

недоволна зашто ги занемарува внатрешните потенции на општествата да се менуваат, и друго, по кое станува збор за доминантно ендогена концепција која не ги зема предвид влијанијата на факторите кои делуваат на системот од надовр. Притоа, анализата на функционалистичките текстови за промената сугерира дека несогласувањата се повеќе ствар на интерпретацијата на концептите од страна на критичарите на функционализмот отколку на несогласувања во самата школа. Се чини дека базичен став на нејзините претставници е скоро идентичен со ставот на Сорокин изложен во "Општествена и културна динамика".

По Сорокин секој општествено-културен систем со самото постоење и активност предизвикува последици, една од кои е и промената. Извршувањето на активностите раѓа бескрано голем број мали и големи промени како во средината така и во самиот систем.Секоја промена понатаму е извор на нови промени. Со тоа при постоењето на иста средина системот и неговите реакции на средината постојано се менуваат.

Општествениот систем по Сорокин е самодетерминиран, со настанувањето неговата суштина - неговата нормална егзистенција, обликите, фазите и активностите - неговата судбина се одредени со самиот него, со неговата потенцијална природа и севкупноста на неговите својства. Тој не го исклучува делувањето и на надворешните фактори, но нивната моќ ја сведува на забрзувач или забавувач на суштинскиот развој на системот, слабеењето или јакнењето на некои негови карактеристики, олеснувањето на процесите на реализацијата на неговите внатрешни потенцијали или пак, при катастрофални промени, во неговото уништување.Тие "во основа не можат да го изменат

"нормалниот" животен пат на системот, но сепак можат да го уништат, да ги олеснат или отежнат суштинските потенцијали и својства на системот и на тој начин да извршат значајно влијание врз неговиот понатамошен животен пат"[5].

Својата теорија за посебноста на секој културен систем вооднос на другите, Сорокин ја поткрепува со ставот за различниот обем на вплеткувањето на внатрешните и надворешните фактори. Сепак определува неколку општи услови од кои зависи самодетерминацијата во животниот пат на системот. Прво, тој зависи од типот на културниот систем.Второ, зависи од средината.

Самодетерминацијата е во позитивна корелација со степенот на интеграцијата, односно системот во кој постои висок степен на каузална меѓузависност на деловите, во кој е висока солидарноста меѓу членовите и внатрешната конзистентност во голем обем е детерминиран од иманентните извори на промената.При еднакви надворешни услови и независно од нив системот има поголема можност да ги реализира своите внатрешни потенции во колку бројот на неговите членови е поголем, во колку се поголеми нивните биолошки, интелектуални и општествени квалитети, во колку е поголем фондот на нивните знаења, искуство и мудрост, во колку е подобра организацијата на системот, во колку е поголема сумата средства кои влијаат на човековото однесување и придонесуваат за неговото овладување со биолошките и космички појави во природата[6]. Во тој поглед по него најмал е степенот на самодетерминацијата на неорганизираните општествени групи и неинтегрираните културни скупини.

Како Сорокин и Парсонс оценува дека постојат повеќе инхерентни примарни извори на промената во општествениот систем. Тоа се однесува како на генералниот така и на посебните типови општествени системи. Затоа и тој ги отфрла теориите на доминантните фактори, наоѓајќи дека основата на процесот може да се најде во развојот на културната конфигурација (како што се развојот на науката или религиозните идеи), во генетската конституција на населението или пак во физичката средина (пр. потрошувањето на стратегиските извори)[7]. Друга можност е појавата на напнатоста во една од стратегиските области на општествената структура која може да биде разрешена преку структурна реорганизација на системот. Притоа самата напнатост не мора да е примарен двигател туку последица од делувањето на други фактори во системот на интеракцијата. Затоа и како основен методолошки принцип во својата теорија на промената тој го прифаќа принципот на заемната зависност на мноштвото варијабли[8].

Изворите на промената Парсонс ги идентификува како ендогени (процеси во границите на системот) и егзогени (иницирани од системите кои се надвор од општествениот систем). Тие обично во реалноста делуваат заедно и се заемно условени - егзогените промени предизвикуваат ендогени а ендогените ги менуваат условите на надворешните системи. Основата на тоа е во отворениот карактер на системите (општествениот, личноста, културата и организмот) кои се во постојана комуникација. Всушност тој истакнува дека поделбата - ендогена-егзогена е условна зашто секоја промена во еден од системите се определува како ендогена додека во однос на другите системи како егзогена.

Парсонс наведува повеќе видови на егзогени фактори кои делуваат на општествениот систем - генетските промени во населението, промените во техниката и експлоатацијата на средината, делувањето на други општествени системи (воjни или културно влиjание). Ендогените промени, пак, ги врзува за напнатостите во системот предизвикани од пореметувањето на меѓуизмената меѓу границите на субсистемите.

Функционалната анализа на промената по Парсонс претпоставува во прв план идентификување на факторите и одредување на водечкиот меѓу нив. Отфрлаjќи ja тезата за постоењето на доминантни фактори во општествениот систем, тоj прифаќа дека во секоj конкретен случаj може да се определи хиерархиjа на значаjноста на факторите кои земаат учество во процесот на општествената промена. Многу често тоа е вредносниот систем, коj има големо влиjание врз другите системи, но дозволува можност и фактори кои обично се од мал значаj да бидат одговорни за иницирањето на одредена промена.

Вилберт Мур усмереноста од причините кои примарно се надворешни на општествениот систем кон иманентните промени како примарен двигател на општествената динамика ja одредува како "наjзначаен прогрес во теориjата на општествената промена"[9]. Во тоj поглед тоj му оддава посебно признание на Сорокин, иако му префрла за поjмовна конфузиjа, за недостиг на воведување на заемна зависност на вариjаблите во системот како и емпириско потврдување на претпоставените принципи. Меѓутоа, тоа не значи дека тоj го исклучува делувањето на надворешните фактори. Нивното earnemaње предвид

по него може да има само методолошки причини зашто со едноставниот детерминизам можат да се избегнат низа тешкотии во проучувањето (нако не сите). Односот меѓу човекот и средината претпоставува толку голем комплекс на меѓузависности што е тешко да се направи граница меѓу условеноста од надворешните фактори (климатски услови, физиографски особини, биолошки карактеристики) од оние кои претрпеле претходни измени од човечката дејност. Човечката активност ја менува климата, топографијата и човечката биологија. Промените во населението, понатаму, се зависни од општествените структури. Наследноста е условена, меѓу другото, и од технологијата, социјалната организација и културните вредности на општествата.

На сличен начин Мур му пристапува и на проблемот на истражувањето на дејноста на другиот тип надворешни фактори - другите општества или култури. И овде тој укажува на тешкотиите во истражувањето кои пре̄манентно се зголемуваат со оглед на незапирливиот тренд на зголемувањето на меѓусистемските контакти и со тоа намалувањето на автономијата на општествата. Културната меѓузависност сепак ја определува како раст на стапката на промената од надворешни причини.

Во името на погодноста на веќе спомнатиот "едноставен" детерминизам, од големиот број карактеристики на човечките општества кои обезбедуваат можности за промена, нагласка им дава на две.Тоа се истите кои ги разгледува и Парсонс во својот теориски модел на системската промена - неизвесноста на социјализацијата и девијацијата во обавувањето на општествените улоги.

"...Децната се раѓаат во семејство од кое се

очекува да биде единечен претставник на вообичаениот и единствен сет на вредности и нормативни и когнитивни ориентации. Универзалноста на општествената диференцијација структурно ја спречува егзактната униформност во семејната позиција.Дури и кога тие заземаат слични позиции во општествената структура не може да се очекува дека семејствата ќе следат егзактно униформен примерок на детска грижа и нега или дека истото семејство ќе покажува униформно однесување во интимната интеракција со последователните наследници. Така биолошките индивидуални разлики се испреплетуваат со различни фактори на личноста и структурата, создавајќи широка скала на можни варијации"[10].

Кај таквата определба на изворите на промената јасно се согледливи неколку елементи:

1) Поставена е тесна аналогија меѓу семејната функција на пренесувач на комплексот општествени ориентации кои треба да го обезбедат одржувањето на структурата во непроменета состојба и биолошката борба за опстанок. На семејството во својата материјализација преку конкретните семејни единици му се припишува однесување кое е карактеристично за биолошкиот вид, чии конкретни пројави- посебните единици, сопственото прилагодување на средината го остваруваа во нива модалитети кои понатаму можат да произведат измени во насоките на прилагодувањето на целиот вид.

2) Она што ги опремува биолошките единки за сопствени патишта во процесот на прилагодувањето - принципот на наследството, во случајот на семејството е процесот на диференцијацијата која ја оневозможува униформноста во

семејната организација заради нужните разлики во позицијата. Се чини дека можностите што ги дава таа за мутација се далеку помали од оние на биолошките единки и се стеснуваат со движењето наназад во општествената еволуција.

3) Ако процесот на диференцијацијата го условува варијабилитетот на семејната организација и обавувањето на неговата функција на социјализатор, тогаш останува отворено прашањето за условеноста на самата диференцијација. Инсистирањето на внатрешните фактори на општествената промена, во овој случај, го прави нужно воведувањето на изворите на промената сугерирани од класичните еволуционисти - демографскиот раст, зголемените потреби и притисокот за нивното задоволување.

4) Девијацијата која се зема како еден од изворите на промената самата има свои извори. Во конкретниов случај како такви се земени разликите во психичката конституција, односно тие се наоѓаат надвор од општествениот систем - во системот на личноста. Со тоа останува отворено прашањето за внатрешниот или надворешен извор на промената. Овде се даваат аргументи за тезата дека она што Мур и Парсонс го определуваат како иманентна промена всушност свој извор да има делумно во внатрешни а делумно во надворешни фактори.

Ист заклучок наметнуваат и "инхерентните напнатости" кои Мур ги воведува како прецизирање но и како додаток на тезата за општествените извори на промената. Тој сугерира неколку типови на инхерентни напнатости во системот од кои нагласка им дава на три: демографската нерамнотежа, универзалните ситуации на реткости и дијалектичкиот конфликт. Првиот

не е употребен стриктно во духот на класичниот еволуционистички третман на улогата на бројот и густината на населението во предизвикувањето на ситуации кои бараат разрешување преку процесите на диференцијацијата и специјализацијата. Мур повеќе сугерира на перманентна можност за промена условена од неконтиутетот во репродукцијата - од промените во прирастот заради варијациите во наталитетната и морталитетната стапка, општа и диференцијална. Таа е последица делумно од надворешни а делумно од општествени причини. Одржувањето на системот во непроменета состојба по него бара одржување на константен број на население и негова константна дистрибуција во веќе изградените општествени единици. Смалувањето на морталитетот во еден од структурните елементи на општеството, со негово задржување на непроменето ниво во други, се зема како нарушувач на структурната рамнотежа и со тоа за извор на потенцијална промена. Прашањето овде е дали ефектите од таквата промена можат да се сфатат како базична трансформација на системот или како модалност во структурната расподеленост која базично не го менува системското функционирање.

Другиот извор на напнатости - универзалните реткости - во основа се сведени на факторите кои во социологијата обично се определуваат како надворешни. Во ректости Мур ги вклучува не само природните ресурси кои се дел од примерокот на економијата туку и реткостите во афективната енергија кај носителите на општествените улоги, односно изразитите разлики во обавувањето на улогите земени од аспектот на времето и лојалноста. Накратко, станува збор за комбинација на физички, биолошки и психички фактори.

Дијалектичкиот конфликт како извор на напнатост сугерира на некаква блискост со Марксовата концепција на класната борба. Самиот Мур го објаснува своето стојалиште со напомената дека Марксовата концепција за класната борба е емпириски неприфатлива, но затоа може да се зборува за натпревар меѓу општествените групи согласен со нормативната иновација преку кој се настојува да се одржат и поредокот и еднаквоста.

Во барањето на причините за промените во општествата, Мур сепак им посветува одредено внимание и на факторите од сите јасно определени како надворешни. Пред се станува збор за процесот на акултурацијата - за заемното влијание на културите преку трансферот на културни или општествени елементи од едно во друго општество. Тој наведува неколку модели на културен контакт:

- империјализмот кој ги вклучува и колонизацијата и индиректното влијание,

- другите војни, совојувања, воени окупации,

- религиозното мисионерство, кое тој го нарекува религиозен империјализам,

- индивидуалната миграција,

- економската трговија,

- туризмот,

- транспортната работна сила,

- трансферите на знаења,

- дипломатијата, индиректните контакти, формалната комуникација.

Контактот на културите Мур го смета за нормална

појава во целиот тек на историјата. Дури и кај општествата од предмодерната ера трајната изолација ја смета само за исклучива состојба. Инаку, ги отфрла тезите на технолошкиот детерминизам за најголемата погодност за трансфер на техниките и орудијата. Тој и дава предност на дифузијата на нематеријалните елементи од културниот систем, поткрепувајќи ја својата теза со низа примери за ширењето на големите религии, преносот и задржувањето на политички доктрини и идеологии и др.[11)]

Анализирајќи ги студиите за акултурацијата Мур извлекува неколку општи тези за трансферот на културните елементи. Него го врзува за:

- нивната едноставност,
- конзистентноста со постојните вредности,
- престижот на носителите на културата што се прима,
- недостигот на интеграција во системот што прима,
- ширината и континуитетот на контактот.

Од претставниците на функционалистичката теорија всушност поголемо внимание на надворешните фактори, сфатени како други општества, им посветуваат оние што ги истражуваат процесите на модернизацијата. На нив се осврнува дури и Редклиф-Браун во контекстот на своите полемики со претставниците на дифузионизмот, не криејќи го притоа својот скептицизам, но оставајќи сепак извесен простор и за нивното делување. На пример, во "Социолошка теорија на тотемизмот" тој ја искажува претпоставката дека институциите присутни во различните делови од светот - познати под општото име

тотемизам, настанале независно една од друга, но дозволува одредена валидност и на гледиштето дека во оформувањето на нивните конкретни облици одредена улога одиграл и процесот на дифузијата[12]. И Парсонс прифаќа дека постои дел на вистина во дифузионистичките теории на минатата генерација дека структурните компоненти можат, под извесни околности, да бидат пренесени од еден во друг систем[13]. Лич[14], пак, во објаснувањето на потеклото на промената еднаква важност им припишува на инхерентните фактори и процесот на дифузијата. Истиот став тој му го припишува и на Малиновски во врска со неговите анализи на промената на примитивните општества кои се под удар на колонизацијата од страна на цивилизираните општества.

На значајот на надворешните фактори во општествената промена укажува Ајзенштат во своите анализи на модернизацијата. Таа по него само во Западна Европа, САД и доминионите има автохон и самопроизведувачки карактер, остварувајќи се преку внатрешниот развој на општеството. Во сите други општества потстрекот кон модернизација го врзува за надворешните влијанија или примања, при што новите политички, економски и интелектуални системи се развиваат под притисок на промените од Западна Европа.[15]

Надворешните фактори добиваат нагласок во текстовите на Сфансон за промената на општествената структура. Сепак, тој јасно нагласува дека поделбата на факторите на надворешни и внатрешни не вклучуваат толку несогласување околу изворите на промената колку околу дефинирањето на општеството чија структура се менува и неговата надворешна

средина. Тој општеството го дефинира како множинство на индивиди од кои секој го користи културното наследство во остварувањето на сопствените цели, обединувајќи се со другите поради нивната помош во соочувањето со тие цели преку измената со нив на ресурсите.[16] Организацијата на општеството - неговиот општествен систем или суперструктура тој ги третира како негова средина. "Ако го третираме општествениот систем или асоцијациите како средина и така како извор на општествена промена, мора да имаме основа за ставот дека тие се надворешни во однос на структурата во која се случуваат промените кои се предмет на интересирањето. Бидејќи тие се аспекти на општествената организација - на колективот и неговите норми, нема смисла да бидат третирани како средина, како надвор од него. Од друга страна,...организацијата на општествениот систем се појавува затоа што и служи на неговата асоцијација како олеснување и зависи од таа асоцијација како извор. Така тие два аспекти на асоцијацијата можат рационално да бидат разликувани како средина една за друга и како извор на промена една за друга".[17].

Сфансон јасно укажува дека разликите и несогласувањата околу изворите на промената својата основа ја имаат во дилемите околу формулирањето на општествената структура што се менува и уште повеќе во неексплицитноста на веќе формулираните определби. Со тоа тој дава одговор на критиките упатени до школата кои, како што е веќе споменато, обично го апстрахираат едниот извор, искажувајќи го притоа својот негативен став по однос на можностите преку него да се даде задоволувачко објаснување на проблемот. Од оние

кои констатираат дека кај функционалистите се нагласуваат надворешните фактори би го спомenале Мохамед Гизус, додека од другите - кои го пронаоѓаат присуството само на внатрешните Ентони Смит.

Гизус, во анализите на функционалистичките текстови за промената открива исклучив нагласок на надворешните фактори, во произведувањето на системските промени. Тоа го оценува како нејзин базичен пропуст, кој е пропуст и на секоја друга еквилибриумска теорија која ги занемарува оние општествени фактори кои вклучуваат трансформација во фундаменталната структура на општеството. Тоа се факторите кои делувајќи на многу индивиди, во многу контексти од нивниот живот, предизвикуваат радиклана реорганизација во скоро целиот систем на вредности, норми и ресурси.

Се чини дека во случајов станува збор повеќе за замерки упатени на моделот на стабилниот еквилибриум, кај кого општеството е сфатено како систем кој треба да биде способен да опстане на секое надворешно влијание. За Гизус нагласката на улогата на надворешните фактори има улога на аргумент за одбрана на моделот чија неподобност ја покажувват емпириските манифестации на системите. Зашто, системот кој е способен да се соочи со надворешните влијанија, не мора во секој случај да се соочи со секој можен вид на тоа влијание. Одредени промени кои се во размери кои не се пресметани во моделот можат да го променат системот. Такви промени можат да бидат варијациите во надворешната средина, промените во конституцијата на човечките организми или во дистрибуцијата на генетичките компоненти меѓу целото население, автономните културни иновации усвоени под

влијанието на харизматските водачи или пак промените предизвикани од другите општества преку заемниот културен контакт и дифузија. Така, пореметувањето на константноста на внатрешните односи се објаснува со пореметувањата во средината кои одат надвор од одредените граници и со тоа ги надминуваат механизмите на внатрешната контрола, менувајќи ги карактеристиките на системот продолжително и непоправливо.

Ваквото интерпретирање на структурната промена по Гизус претставува абдикација пред аналитичката одговорност, зашто однесувањето на надворешните сили е сфатено како индетерминирачко од точката на сфаќањето на социјалните системи. Знаењата на законите на овие системи, на стабилниот еквилибриум не претставуваат основа за предвидување на случувањата, интензитетот и времето на надворешните пореметувања.[18)]

Слично како Гизус и Ван де Берг оценува дека еден од базичните проблеми со кои се соочува функционалуизмот е тој што и посветува недоволно внимание на внатрешната промена. Окупиран пред се со проблемите на системот при неговото прилагодување на надворешната средина, тој ги занемарува конфликтот и несогласноста. Дури и ако се препознаат, тие по де Берг, се идентификуваат како девијации или варијаци, како непресметана аберација или модификација на доминантниот примерок кој некако се стреми кон нивно разрешување преку институционализацијата.[19)]

За разлика од нив Антони Смит, во преиспитувањето на валидноста на функционалистичката теорија, како нејзин базичен пропуст го оценува занемарувањето на надворешните

промени. Преземајќи ја основната нишка на класичната теорија на еволуцијата, функционалистите по него, го презеле и нивниот ендогенизам кај кого промената е сфатена како дел од композицијата на дадената структура, потенцијал на самата структура.[20] Како илустрација на овој став тој ги користи анализите на Ајзенштат за промените во политичките системи, кој меѓу дургото наведува дека "можноста за иновација и промена не е ништо надворешно или случајно во било кој институционален систем ... туку дадена во правата природа на процесот на институционализацијата и во делата на институционалниот систем"[21], или дека "...можноста за конфликт и потенцијална промена е секогаш присутна, вкоренета во самиот процес на кристализацијата и одржувањето на институционалните системи".[22] Тој го цитира и Парсонс, со неговиот пример на општествата кои успеале или не успеале да навлезат во повисока стапка на еволутивниот развој зависно од тоа дали успеале во себе да ги обезбедат неопходностите за неа, поконкретно - примерот на африканските општества од кои некои самите создале писменост и со тоа ги обезбедиле условите за премин во повисоката архаична стапка од развојот додека други не успеале зашто писменоста ја увезле.[23] Притоа Смит испушта од вид дека Парсонс во продолжението на истото дело го дава примерот на општествата расадници, односно општествата кои самите пропаднале но успеале да дадат некои иновации кои подоцна, увезени во другите општества се јавуваат како неопходности за обезбедување на еволутивниот развој сфатен како цивилизациски процес.

Се чини дека идејата за чистиот ендогенизам

карактеристичен за функционализмот, која ја сугерира Смит, отвара неколку прашања и породува многу сомненија. Така, ако се претпостави шемата на чистата ендогена промена, тогаш таа би ги вклучувала и потенциите за промена и механизмите за нејзиното остварување и вградување во структурната целина. Но, кога станува збор за потенциите, кај сите функционалисти- посебно кај цитираните автори - средината има голема ако не и централна улога во моделот на промената. Во сите алтернативни дефиниции на еволуцијата како централен момент се наведува адаптацијата на системот на изменетите надворешни услови. Тоа впрочем го согледува и Смит, извлекувајќи го притоа заклучокот дека средината како што ја воведуваат во своите модели Парсонс и Ајзенштат нема статус по себе во тие модели зашто тие се усмеруваат само кон системскиот одговор - кон она што се случува во системот како одговор на притисоците од средината. Но, дали усмерувањето кон едни аспекти и занемарувањето на други, може да се сфати како непризнавање на постоењето на вторите? Изгледа не, посебно не во современата социологија која, ослободувајќи се од старите системск амбиции и јавно не се регистрира како теорија со универзални димензии. Во крајна инстанца тој и самиот ја увидува улогата на надворешните фактори во еволуционистичкиот и, во случајов, во функционалистичкиот концепт, истакнувајќи дека "во овој поглед промената е двојна, внатрешно самопородена и кумулативна и надворешно натурена и испрекината...при што двете се хранат една со друга...случаите и пореметувањата го придвижуваат новиот круг на кумулацијата, додека самопородувачката суштина го зајакнува, преку додавањето на сопствени

промени од мал чекор, ефектот на надворешното пореметување.[23]

За Смит ендогеничната слика на промената е кочница на еволуционизмот и основна причина за неговата неподобност за студирање на општествената промена и на историјата. Тој прави разграничување меѓу еволуционизмот како студија на законите на следството или на стапките на човештвото и историските студии кои имаат помалку амбициозна цел да ги откриваат општостите на збирот феномени кои ги забележува историјата. Со ова разграничување и со истовременото одредување на функционалистичката теорија на промената како битно еволуционистичка, тој всушност и ја става истата замерка која Редклиф-Браун многу пред него ја изрекува во однос на историзмот. За едниот проблемот е во преголемата генерализација која не ги почитува рамките на емпириски потврденото, додека за другиот во некритичното излегување од истите рамки со цел да се исконструира подолг ретрограден тренд на историјата од можностите што ги даваат материјалните записи на човештвото. Полемиката го прокламира исоветниот заклучок за двете како и за било која друга теорија - дека барањето на универзални закони или испитувањето на целата линија на човештвото од самите негови почетоци нужно бара генерализации кои се емпириски недокажливи, што не го намалува значајот на теоријата како глобална ориентација кон идни емпириски истражувања и проверки.

Типови на промени

Холистичкиот концепт на општеството како поаѓалиште во определувањето на типот на промените во општеството го стеснува нивниот дијапазон на оние што се условени од системската целина или се во врска со нејзиното функционирање.Со својата нагласка на акциите врзани за целината, остварувани од актерите кои преку социјализирачкиот третман и нормативниот поредок целината ги обликувала во согласност со потребите на колективноста, функционалистичката стратегија на промената ја стеснува можноста за вградување во својот концепт на промените кои својот извор го имаат во оние сили на личноста кои се надвор од силите преку кои се остварува општественото опстанување, од индивидуалноста која не е општествено условена како што претпоставил Диркем, од егоистичките поттици на човекот кој го поттикнуваат кон активности со кои се става себе наспроти другите, или се обединува со други со исти поттици во групи кои развиваат конфликтни релации со другите групи со поинакви поттици. Оттаму и отсуството на оние типови промени кои наоѓаат простор во теоријата на промената на Зимел и другите социолози кои човековата природа како одредница на општеството ја согледуваат како двослојно компонирана - со две спротивставени една на друга сили - силата на општественото кое поттикнува кон здружување со другите и попуштање на обликувачките притисоци на целината во правецот на колективните цели и силата на поединечното, егоистичното или асоцијалното како што ќе рече Зимел, која поттикнува кон акции чија насока е кон изделувањето од колективот, ставањето себе наспроти него, остварувањето себе

како поединечност независна од колективот и различна од другите.

Во рамките на функционалистичката школа поопсежна анализа на типовите на промени дава Вилберт Мур. Тој ги организира своите согледувања околу структурата иако не настојува да им даде повисоко ниво на системност, што е и разбирливо со оглед на скепсата што ја искажува во однос на можноста за изградба на единствена теорија на промената.

Во почетокот Мур прави терминолошко разграничување меѓу различните манифестации на промената:

- Флуктуации - варијабилност во времето која нема јасно повторувачки или кумулативен примерок (пр. варијабилноста во репродукцијата).

- Циклуси - промени со поодредена усмереност. Некои од циклусите кои се користат се добиени со аналогија со биолошките организми. Воведувањето на самоеквилибриумските механизми во функционалистичките системи ја прави голема употребата на овој вид промена во објаснувањето на дејствувањето на системот.

- Кумулација - карактеристична за различните делови од системот и за целиот систем, кај кој во одреден временски период се забележува рамномерен или забрзувачки раст (на пр. растот на бројот на населението во подолг временски период, растот на стапката на техничката иновација, растот на бројот на правилата во долготрајната организација и сл.).

Идентификацијата на промената како циклична или кумулативна по Мур е врзана за времето на евиденцијата.

Евиденцијата на кус временски период може да укаже на флуктуации а на долг за истата појава за кумулација со акцелерирачки тренд.

- Процес - промена со одреден и траен смер. Во еволутивната теорија како процеси се определени структурната диференцијација и интеграција.

- Прогрес - продолжителен и кумулативен раст во смер кој од страна на општествените учесници е оценет како пожелен.

- Дисконтинуирана промена - квалитативна промена со поледици кои битно го менуваат функционирањето на деловите па и на целиот систем. Екстремен пример за дисконтинуирана промена за Мур е револуцијата.

- Поларизација - екстремно нерамномерна распределба на правата или добрата меѓу учесниците на системот (карактеристична во раната фаза на индустријализацијата).

- Универзална промена - сеприсутна во сите општества во текот на историјата. Како најуниверзална промена Мур ја идентификува промената придружена со животниот циклус.[24)]

Во структурната стратегија за која Мур се определува во анализата на општествената промена општествените системи се поделени во системи од мала и системи од голема скала (посебните општествени делови и општествата како целина). Во нив како единици кои се менуваат ги зема актерите, формите (примероците на интеракцијата) и функциите (намераваните или ненамеравани последици од акцијата). На секој од нив им припишува одреден степен на независна изменливост, која е најмала во малите неформални (примарни) групи а се

зголемува со поместувањето кон комплексните општества.

Во определувањето на причините на промената тој ја употребува вообичаената дистинкција меѓу внатрешни и надворешни извори на промената, со напомена дека присуството на двете е претпоставено со самата идентификација на единицата на промената. Во конкретната анализа го сугерира "системот на секвенциите" или секвенцијалната анализа, практикувана и од страна на Смелсер во истражувањето на формите на колективното однесување.[25)] Таа се усмерува кон чекорите или стапката на менувањето на формите на истражуваната појава. Меѓутоа, тој им оддава признание и на другите методолошки зафати во рамките на школата,-како што се "анализата на патот", применувана од Данкан и Блау[26)] кои ги мерат факторите и секвенците на факторите кои се земени предвид во предвидувањето на промената на дадената појава, како и "Ланчаната анализа" преку која Вајт [27)] ја одредува веројатноста за влијанието на промоцијата врз кариерата во бирократската организација.

Во однос на временската димензија Мур прави глобално разграничување меѓу оние што се остваруваат низ кус и оние низ долг временски период - краткорочни и долгорочни промени. Правецот на промената и кај двете го прикажува низ цела серија на модалитети, обично групирани во полови варијабли како што се постепена до брза, мирна до сурова, рамномерна или повремена, подредена или непостојана.

При определувањето на смерот на промената Мур покажува афирмативен однос кон цела серија теории: еволутивните - кои ја пресметуваат кумулативната промена, теориите на стапките или циклусите - кои определуваат сукцесивни ери

во текот на човечката историја меѓу кои прават остри разграничувања, теоријата на економскиот развој - која ги анализира процесите поврзани со индустријализацијата и економската модернизација, теоријата на прогресот - која вклучува вредносни судови при определувањето на правецот на промената. Сите нив не ги оценува како теории кои си конкурираат една на друга туку како теории кои се дополнуваат преку усмереноста кон посебни аспекти на општествените системи. Самиот тој користи аналитички скали во кои заемно се сечат барем две варијабли (пр. стапката на промената и времето). Тој се сомнева во можноста од сестрано студирање на промената, но за моментов ги смета за доволни и парцијалните теории кои ги земат предвид изворите на промената и правецот на нејзиниот курс во текот на времето.[28)]

Промени од мала и голема скала

Во дихотомната класификација на промените базирана на обемот на распространетоста, Мур под првата ги подразбира промените во карактеристиките на општествените структури кои се случуваат во генералниот општествен систем но не предизвикуваат било какви непосредни последици врз општата структура како таква. Вторите ги опфаќаат промените во целото општество, условени од внатрешни и надворешни причини, кои предизвикуваат големи последици за општествениот систем. Во однос на временската димензија и двата типа промени можат да бидат со кусо или долго траење.

Претставување на односот меѓу магнитудата и временската димензија на промената кај Мур[29)]

| Должина на времето | Магнитуда на промената | |
|---|---|---|
| | Мала скала | Голема скала |
| Кусо време | Периодични циклуси "Групна динамика" | Револуции |
| Долго време | (Животни циклуси) | Цивилизација "Животни циклуси" |
| | Кумулативни промени | Општествена еволуција |

Промените од мала скала се подредени во четири општи категории: 1) повторливи циклуси на општествената акција, 2) промени во структурата на групите, 3) динамика на интергрупните односи и 4) последици од неконзистентноста во вредностите и правилата на однесувањето.

1) Повторливите циклични промени Мур ги согледува како својство на сите трајни групи во општеството. Дел од нив ги врзува за човековите односи со средината, пр.славењето на годишната жетва, церемониите со интегративна функција. Тие можат да доведат до измени во вообичаената практика, при што играат улога на механизми за намалување на тензиите. Посматрани низ подолг временски период тие по него покажуваат дека помогнуваат во превенцијата од манифестациите на тензии кои се внатрешна карактеристика на примерокот на однесувањето Во истата група ги сместува и промените врзани за човековиот

животен циклус - растот, созревањето, стареењето, при што емпириски согледливата варијабилност ја врзува со спрегата меѓу индивидуалните биолошки разлики и разликите во поредокот на раѓањето, структурната позиција, посебните варијации во внатрешната интеграција на членовите на семејството, разликите во компарацијата меѓу стварната и идеална композиција на родинискиот систем, меѓу личноста и примерокот на интеракцијата на оние со иста возраст надвор од семејството и сл. 30) Овде влегуваат и низа промени врзани за основните случувања во семејниот живот - бракот, раѓањето и смртта. Накусо, тоа се промени условени од неизвесностите што ги носи социјализацијата кои водат во варијации во барањата на улогите и кои можат да бидат предвидени. Мур укажува на можноста овие кусовремени варијации да предизвикат долготрајни кумулативни последици.

2) Промените во структурата на групите Мур ги поврзува со промените во обавувањето на улогите на индивидуалните личности. Нивниот интензитет го врзува за типот на групното врзување. Притоа во примарните групи претпоставува постоење на континуирани промени, додека во формалните организации со пропишани односи и служби само мали, испрекинати и ретки.

3) Мур им посветува мало внимание на промените условени од односите меѓу преклузивните (исклучувачки) групи кои се во центарот на вниманието кај конфликтните теоретичари. Тој односите меѓу групите ги класифицира во скала која ги вклучува: инсулацијата, комплементарноста, натпреварот и конфликтот. Освен првиот тип, сите останати ги оценува

како произведувачи на промени кои претставуваат "заемни модификации на внатрешната структура"[31]. Притоа, подржувајќи го Зимел во неговите тези за позитивната улога на конфликтот во остварувањето на процесите на општествената интеграција, тој укажува на процесите во групите кои се во конфликтни релации - кои водат кон раст на внатрешната интеграција.

4) Неконзистентните барања на улогите како произведувачи на промени овде се доведени во врска со постоењето на повеќе групи во кои членува индивидот - кои имаат нормативни системи меѓу кои не постои повисока усогласеност.

Долгорочните промени Мур ги истражува кај тоталните општества, барајќи ги нивните извори прво во внатрешни а потоа во надворешни причини[32]. Дел од нив ги објаснува преку кумулацијата на промените од мала скала, посебно оние промени кои се однесуваат на семејната структура. Нагласката, сепак, ја става на структурните промени во општествениот систем, врзани за барањата на опстанокот како систем. Тој укажува на неколку неопходности за одржувањето на системот, чии модификации предизвикуваат негова промена. Тоа е неопходноста за обновување на населението, на одржување на поредокот преку конформизмот со нормите за одржување на вредностите и исполнувањето на улогите на адекватен начин. Сите тие носат одреден ранг на промена - промените во демографската репродукција се перманентни а кај модерните општества тие се со склоност кон опаѓање и на наталитетната и на морталитетната стапка, конформизмот кон нормите секогаш е проследен со одредено ниво на неконформизам за кого како индикатор можат да послужат стапките на криминалитетот, општествените

функции секогаш се остваруваат со одредена стапка на варијабилност која во својата продолжителност може да предизвика измени во системот од помал или поголем обем.

Прашање кое посебно го анализира во контекстот на комплексот врзан за промената на општеството како целина е она за промените во оние негови компоненти кои се релативно автономни. Како такви ги наведува сферата на естетските вредности и надприродните верувања. Без да прави емпириски проверки тој прави две претпоставки во врска со промената во овие сфери - релативно висока и долга изолација на ефектите врз другите системски промени и корелативно лесни автономни промени од внатрешно и надворешно потекло кои имаат слаба врска со рамнотежата на системот.[32] Притоа, тој потцртува дека не станува збор дека овие компоненти од културата немаат врска со нивната општествена основа, туку само дека нивната автономија е поголема од онаа што ја покажуваат поопштите структурни компоненти на општествата. Ова го објаснува со нивната специфична природа која ги прави неподобни како субјекти на рационална калкулација или експериментална модификација. Тој сугерира дека уште два суштински аспекта на културниот систем покажуваат поголема автономија-правото и јазикот, без да навлегува во нивната идентификација

Во својата листа на промените во тоталните општества Мур ги вклучува и промените во општествената контрола. Нив ги смета за универзални во човечките општества. Ги класифицира во четири групи: 1) обична криминална акција која повредува дел од легалните правила без суштински предизвици за другите делови, 2) востание, канализирано и усмерувано од посебно незадоволство, 3) државен удар -

илегална узурпација на моќта која не води кон големи промени во структурата на власта и легалната основа на општествените институции и 4) револуција - структурни промени во легално санкционираната дистрибуција на моќта и социјалните институции, која може да е придружена со насилие.

Промените условени до диференцијацијата, Мур ги сместува на претпоследно место во својата листа - пред промените условени од процесот на акултурацијата. На диференцијацијата на улогите и позициите кај различните членови од општеството, како универзална карактеристика на човечките општества, тој и признава улога на универзален извор на нееднаквоста, која понатаму станува извор на постојани тензии. Меѓутоа, во согласност со својот концепт на стратификацијата по кој "позициите мораат да бидат нееднакво наградувани поради разликите во функционалната значајност и разликите во талентот на населението"[34], за него нејзината "дисфункционална" улога е од ограничен обем, предизвикана не од постојаните обиди на оние со инфериорни позиции за укинување на таквиот систем, туку од неприфаќањето како тотално валидни на вредностите кои ги оправдуваат правилата што управуваат со нееднаквата распределба на позициите и нивното нееднакво наградување од страна на оние кои што се во непривилегирана позиција. Од последните како поверојатни водачи на движењата на протест не ги смета оние кои заземаат најниска позиција во системот туку оние "кои не поминуваат лошо но исто така ниту добро"[35]. Овој став го поткрепува со податоците од истражувањата на динамичките процеси на земјите во развој[36]. За него Марксовата доктрина дека

"целата историја е историја на класните борби"[37] е само делумно точна. Нејзиниот основен недостаток го гледа во ставот дека историјата е означена преку човековата борба против природата и против злото, кој понатаму произведува друга грешка - дека со измената на општествениот систем може да се отстранат тензиите. За него ставот дека системот на недиференцираната еднаквост е постабилен од системот на диференцираната нееднаквост е чиста предрасуда. Тој дозволува дека нееднаквоста е голем извор на тензии и потенцијални промени, но наоѓа дека тоа не е поради нејзиното присуство туку заради "неверувањето во потполната оправданост на дадената нееднаквост и барањето за нејзина замена со друга"[38].

Посебно внимание Мур и посветува на промената во современите општества која со својот тренд на забрзување отстапува од сите промени во постарата историја. Нејзината забрзаност во текот на неколкуте последни децении по Мур е толку голема што првите децении од овој век се чинат како ретко мирни иако имаат поинтензивна промена од било кое време во историјата.

Преку комплекс на генерализации Мур ги сумира карактеристиките на современата промеан:

- Брзата промена во било кое општество или култура се случува или повремено или константно.

- Промената не е ниту временски ниту просторно изолирана. Таа се случува како последователен ланец чии димензии ги надминуваат границите на изолираното општество, дури можат да се пренесат на целиот свет.

- Бидејќи современата промена е насекаде и нејзините последици можат да бидат значајни насекаде.

- Современата промена во многу поголем процент отколку во претходните времиња е планирана или предизвикана како секундарна последица на намерни иновации.

- Непрекинатото случување на промената делува и на индивидуалното искуство и на функционалните аспекти на општествата во модерниот свет со тоа што нема особина на животот која е исклучена од очекуваната промена.[39)]

- Намерноста во предизвикувањето на промената ја прави предвидлива и во нејзината изворност и во нејзините последици, дури и во случаите кога е многу брза и многу комплексна.

Со истакнувањето на местото на своремената промена во општествениот живот, Мур не го доведува во прашање својот концепт на општествениот систем како и можностите за одржување на неговиот поредок. Тој укажува на две димензии на општествениот живот кои градат јадро на трајноста на поредокот. Едната од нив се однесува на оние значајни компоненти на човечката егзистенција - на основните животни случувања како што се раѓањето, бракот и смртта - чиј примерок на акција покажува значајна конзистентност. А трајноста на примерокот по него им дава константност на настаните и стабилност на поредокот. Другата димензија се однесува на елементите на трајност кои не се од тесно временски карактер- како што се пропишаните процедури кои се однесуваат на животните чекори. Многу аспекти на општественото однесување по него имаат траен и повторлив карактер, што создава вид на "статичка" предвидливост на човечкиот живот. Тие животот го прават поднослив, зашто човековата подносливост на хаосот

има психолошки граници исто ка
бескрајното повторување.[40)]

Критики и сумирања

Независно од обидите за терминолошки прецизирања и типолошко подредување, промената во функционалистичката социологија е определена во релативно широки термини што го прави нејасен концептот и проблематично објаснувањето на нејзините специфични следови во конкретните општествени системи. Од друга страна, вклучена во моделот на релативно стабилниот еквилибриум, таа е идентификувана во прв ред во сферата на колективната акција, условена од потребата за одржувањето на системската целина, - во најуниверзалните човечки активности. За повеќето функционалисти, посебно Парсонс и Мур, основниот извор на промената се процесите преку кои човекот се воведува во моралниот поредок на заедницата, но и преку кои стекнува искуства кои се посебни за него. Промената произлегува од неможноста да се оствари совршена социјализација и потполна кореспонденција меѓу поредокот и индивидот. Една од причините за неможност за остварувањето на социјализацијата како униформен процес Мур ја согледува во нејзиниот носител - семејството кое е единица која што само делумно е снабдена со општиот и униформен комплекс на вредносни и нормативни ориентации. Разликите во неговото конкретно место во општествениот систем создаваат можности за широк ранг на варијации. Друга, не помала можност за тоа се различните персонални фактори. Општествениот

систем има потреба од сукцесија, од продолжително обавување на улогите. Кај исти улоги еден по друг се сменуваат човечки индивиди кои не се идентични еден со друг, коишто во исполнувањето воведуваат барем минимални измени. Тие со кумулацијата неминовно остваруваат последици за системот. Секој траен систем за дваjцата има одреден степен на флексибилност преку однесувањето на неговите членови а тоа претпоставува можност за иновација, независно колку е таа бавна. Тој наведува уште два извора на иновации - биолошката репродукција и неизвесниот животен циклус на секој индивид. И двете водат кон промени како во бројот на населението така и во неговата внатрешна композиција.

Проблемите за конкретното истражување на промените кои израснуваат од општиот и нејасен концепт, врзан за базичните проблеми на општествениот живот од кои не може да се обезбеди продолжителна заштита, ги согледуваат и некои функционалисти. Ајзенштат се обидува да го надмине овој проблем преку конкретизацијата на промената преку процесот на институционализацијата, сфатена како "организација на општествено пропишаниот систем на диференцираното однесување, ориентирана кон решението на извесни проблеми кои се инхерентни на големата област на општествениот живот"[41]. Ова го илустрира преку анализата на процесите на институционализацијата на политичкиот систем кај историските централизирани бирократски империи.

Институционализацијата на политичкиот систем за Ајзенштат значи поставување на извесни норми, санкции и организации и нивно вградување во поширокиот комплекс на

општествени ситуации. Но, институционалниот поредок се одржува преку луѓето кои заземаат или аспирираат кон одредени позиции, а новите норми креираат измени во односите меѓу групите во општеството и со тоа во приодот кон позициите и кон новите организации. Носителите на позициите настојуваат да ги постават нормите во согласност со сопствените вредности, цели и интереси, но за нивното легитимизирање често мораат да изберат вредности и симболи кои во извесен обем се присутни кај поголемиот дел од населението. Но, поради парцијалниот интерес тие не можат да бидат прифатени од целото население. Низа групи покажуваат посебност во ставовите за институционализацијата чиј степен на разликување е условен од нивните можности за приод кон општествените ресурси. Сугестиите овде се дека низ долг временски период може да се постигне поголемиот дел од луѓето да се идентификува со таквите вредности и норми на системот, но дека во крајна инстанца притисоците не можат да се избегнат. Затоа и секој институционален систем останува непотполно хомогенизиран, односно прифатен во ист обем од страна на неговите учесници. А секоја разлика е фокус на конфликт и потенцијална институционална промена. Од друга страна, самата институционализација повлекува измени во позицијата на групите како и создавање на нови колективности и организации кои развиваат потреби, интереси и ориентации кои задираат во оние на другите групи и другите институционални сфери.

Процесите на промената можат да дојдат до интензитет и во контекстот на односите меѓу институционалните поредоци во различните општествени сфери. Одредениот степен на

интеграција на општеството, неопходен за неговиот опстанок, по Ајзенштат не ја исклучува ситуацијата да постојат разлики меѓу базичните ориентации и норми на различните институции. Секоја институција бара поддршка од различните групи, кои пак од своја страна, имаат различно ниво на пристап кон општествените ресурси. Со тоа се создава ситуација да се зголеми потенцијалниот конфликт меѓу групите кои поставуваат барања за промени во системот на снабдувањето со општествените ресурси, доведувајќи до промени во нивната релативна моќ и, во одредени ситуации, поткопувајќи ги самите премиси на институционалниот систем. Конфликтите можат да доведат до намалување на ресурсите неопходни за одржување на системот, или да дадат раст за кристализација на нов фокус ресурси и ориентации кои понатаму бараат креирање на нов институционален систем.

Заклучокот на Ајзенштат е дека институционализацијата на системот креира можност за "анти-системи" со најразлична природа и јачина, кои можат да опстанат во латентна состојба низ долг временски период, но и да изградат фокус за промена во одредени околности. Противречностите и конфликтите меѓу различните институционални сфери и различните групи не ја спречуваат можноста системот да ги одржува своит граници преку прилагодувањето или преку парцијалното изделување на различните подсистеми, но ја прават постојано присутна можноста за промена. Нејзиниот смер и големина се зависи од природата на системот кој ја породува самата промена, од неговите вредности, норми и организации, од различните внатрешни сили кои делуваат во него, од надворешните сили на

кои тој е посебно чувствителен и сл."Овие различни сили се разликуваат кај различните општества, но сензитивноста кон овие сили и тенденции кон промени се инхерентни за сите нив"[43]

Ајзенштат на некој начин сугерира една идеја која отсуствува кај останатите претставници на функционализмот, коишто застапуваа концепт на постабилен еквилибриум од неговиот, а тоа е дека секоја група во системот оформува свои парцијални интереси и настојува нив да ги реализира. Таа врши притисок за обликување на системските цели во согласност со нејзините интереси и тоа го постигнува во обем сообразен со обемот на нејзиниот пристап кон центарот кој ги донесува решенијата. Меѓутоа, ова не е елаборирано на начин на кој тоа е направено во Марксовата теорија, каде што им се дава нагласка токму на парцијалните интереси и конфликтите предизвикани од нив.

Конфликтот како тип на општествена промена воопшто е занемарен во функционалистичката теорија. Дури, од некои нејзини претставници (Парсонс) е определена како општествена болест. Тоа се однесува и на класниот конфликт, што со право го поттикнува Дарендорфа за неговите остри критики на овој план. За функционалистите класите (односно слоевите) се комплементарни групи, задолжени за задоволување на различни системски цели. Меѓу нив постојат барем минимум солидарни односи. Нивното пореметување, кое што може да се случи во определени ситуации, означува патолошка општествена состојба која бара активирање на механизмите за повраток кон оптималната. За Парсонс нормативниот поредок е неопходен во секое општество за да се избегнат конфликтите кои можат да го

доведат општеството во состојба на хаос. Во врска со тоа Локвуд ќе забележи дека нормативниот поредок, навистина, функционира затоа што треба да ги ограничува и усмерува интересите. Меѓутоа, самите интереси израснуваат од условите на дистрибуцијата на стварните ресурси. Кога во општеството не би постоел конфликт на интереси во него не би постоела потреба од нормативен систем кој што ќе ги контролира. Понатаму, трајното присуство на конфликтот и интересите во општеството го условуваат одржувањето на нормативниот поредок.[43)]

Еквилибриумскиот модел на општествениот систем, кого го практикуваат претставниците на функционалистичката социологија, дава можност за истражување на одреден број промени, но не и за сите што се случуваат во општеството. Се чини оправдан ставот на Ван ден Берг дека тој е можен инструмент на објаснувањето на два типа на промена - растот на комплексноста преку диференцијацијата и прилагодувањето на екстрасистемските промени (на пр. проблемите на акултурацијата). Меѓутоа, тој е неподобен за истражување на:
а) реакциите на екстрасистемските влијанија за кои е неможно прилагодувањето, б) долготрајната состојба на лош круг или лоша интеграција, во кои системот може да се најде, в) на изненадната и длабока (револуционерна) промена и г) промените условени од внатрешни конфликти и противречности кои што може да ги породи самата општествена структура.[44)]

ГЛАВА III

## НЕОЕВОЛУЦИОНИСТИЧКИ ТРАГАЊА-ОБИД ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА СПЕНСЕР И ДИРКЕМ

Изборот на релативно трајниот еквилибриум во определбата на општествата го индицира прифаќањето на еволуционизмот како погоден модел за објаснувањето на генералната промена во историска перспектива и цивилизациски димензии. Еквилибриумот е определен како "состојба на елементите кои што влегуваат во системот и на заемните односи меѓу нив како такви што било која мала промена во еден од елементите ќе ги следи промените во другите елементи коишто се стремат да ја редуцираат сумата на тие промени"[1]. Ова понатаму дозволува можност за модификација на системот во подвижен еквилибриум. Елементите коишто влегуваат во него и односите меѓу нив се менуваат на таков начин што промените во еден дел предизвикуваат промени во другите делови. Така, механизмите за одржување на неговата состојба условуваат нејзино постепено менување. Ова пак, во понатамошните теориски трагања, усмерува кон паралели со биолошката наука, посебно теоријата за хомеостазата[2], како и со оние општествени концепти кои се под влијание на толкувањата на промените во биолошката наука - посебно концептот на класичниот еволуционизам поставен од Херберт Спенсер.

Совпадливоста на теоријата на еволуцијата со функционалистичкиот концепт на општеството е согледана уште од страна на првите претставници на школата. За неа доволно

аргументи дава Спенсер преку поставувањето на тесна спојка меѓу концептот на општеството како систем и концептот на еволуцијата. Тој јасно посочува дека "еволуционизмот и сфаќањето на општеството како систем, или ако се употребат неговите сопствени термини, како аналогно на организмите, се неделиви"[3]. Ова го привлекува Редклиф-Браун кон еволуционистичката перспектива, иако во времето кога тоа се случува, триесеттите години од овој век, таа ја доживува својата најголема криза под притисок на теориите на културниот релативизам (чии најдоследни поборници се Франц Боас и Рут Бенедикт), кои ја укинуваат хиерархијата меѓу различните културни примероци по кои претставниците на посебните култури живеат различно, при што ниту еден модел на е подобар или полош од другите.

Всушност и Редклиф-Браун нема чисто афирмативен став кон еволуционизмот. Тој дури му упатува остри критики. Но тие не се однесуваат на неговата неподобност како концепт туку на преголемите амбиции во однос на можностите за откривањето на универзалните закони на општествената промена, кои тој ги носи во себе уште од своите извори - филозофијата на просветителството и шкотската економска теорија. Тој го има напуштено нивото на генералната социологија и антропологија и, во согласност со поставените цели, го сведува полето на сопствените истражувања во границите на емпириски достапното. Неговата препорака затоа е да се напушти претпоставената историја како извор на податоци за теоријата од високо ниво- односно теоријата која оперира со тезите за универзалните еволутивни закони и задоволување со теорија на ниво на општост што ја дозволуваат објективните показатели за

состојбите на конкретните општества во текот на познатата историја. Со ова тој ја определува еволутивната стратегија на целата функционалистичка мисла. Таа е во согласност со тоталниот концепт на промената - на сведувањето на теоријата за неа на нивото на теорија од среден домен.

<u>Концептот на класичниот еволуционизам</u>

Во својата класична верзија, изградена во текот на XIX век, теоријата на еволуцијата претставува надоградување на просветителската доктрина на прогресот, пред се нејзиното француско - рационалистичко и шкотското - економско крило. Француските рационалисти теоријата на прогресот ја засновуваат на централниот концепт на рационалноста - неминовниот раст на знаењето и неговата применливост на сите луѓе. Проблемот на кој притоа наидуваат - несовпадливоста на оваа идеја со познатите факти од човечката историја се разрешува преку сфаќањето на рационалноста како потенцијал кој треба да се оствари. Затоа и тие своите размисли ги усмеруваат кон откривањето на причините на нееднонерниот темпо на ова остварување неговото забрзување или забавување. Претставниците на шкотската школа стапките на човечката историја не ги врзуваат за рационалноста туку за економијата, определувајќи го трудот повеќе отколку знаењето како основна причина за прогресот. Меѓутоа, и двете школи си ја поставуваат целта на утврдувањето на законите на општествениот прогрес и класификацијата на неговите стапки.

Истите преокупации го сочинуваат фокусот на

теоријата на XIX век. Таа си поставува за цел да се изгради како теорија на општествениот прогрес, а теоријата на еволуцијата е највидливиот производ на тие аспирации. Нејзината појдовна теза е дека прогресот е производ на делувањето на определени закони, а неговото обезбедување бара тие да бидат запознаени. Што се однесува до опсегот на нивното протегнување, можат да се констатираат одредени варијации, но тие не ја доведуваат во прашање нивната универзалност во општествените рамки. За Конт, директниот продолжувач на француската рационалистичка теорија од XVIII век, во прашање се специфични општествени закони кои имаат универзално важење во сите општества во текот на целата историја, за социјалдарвинистите кои ги комбинираат идеите на шкотската економска школа и биолошките теории на еволуцијата - законите кои делуваат во сферата на биолошката природа ги уредуваат и односите меѓу општествените групи и поединците во нив, за Спенсер, најзначајниот претставник на класичниот еволуционизам, нивното делување достигнува космички размери.

Универзалниот карактер на еволуцијата,чиј специфичен претставник е општествената еволуција, Спенсер го посочува преку својот закон на еволуцијата. "Еволуцијата е интеграција на материјата со истовремено растурање на движењето за време на кое материјата поминува од состојба на неодредена, неповрзана хомогеност во состојба на одредена, поврзана хетерогеност, при што задржаното движење поминува низ паралелна преобразба"[4]. Сите агрегати во природата по него покажуваат тенденција за раст. Кај општествата тој се остварува преку интеграција на помалите општествени единици

во поголеми општествени агрегати како и преку биолошката репродукција. Растот, пак, отвара проблеми во прилагодувањето на средината, односно притиска кон изнаоѓање на нови решенија во разрешувањето на проблемите на опстанокот. Проблемите се разрешуваат преку процесите на растот на структурата. "Општествениот агрегат кој што е хомоген додека е мал, со своето понатамошно зголемување станува и хетероген, а за да достигне поголеми размери мора да стане многу комплексен."[5) Структурната диференцијација е основниот процес на еволуцијата. Тој е проследен со процесот на функционалната диференцијација, односно со процесите на специјализацијата на посебните структурни делови за обавување на одредена улога. Овие два процеси се придружени со трет, кој по својата значајност и сеприсутност е определен како прв и основен. Тоа е процесот на интеграцијата. "Со напредокот на еволуцијата еднодушноста на функциите станува се поголема. Кај ниските агрегати, и поединечни и општествени, дејностите на поединечните делови многу малку зависат едни од други; во развиените агрегати од двете врсти поправо ова комбинирање на дејностите кое го сочинува животот на целината ги овозможува компетентните дејувања од кои се состојат животите на деловите."[6) Со текот на еволуцијата интеграцијата се повеќе ја зголемува својата значајност. "Кога преминеме од аспектот на структурата на аспектот на функцијата гледаме дека, се додека сите делови на општеството имаат исти особини и дејности, да постои некоја меѓусебна зависност и агрегатот едвам да формира витална целина. Како деловите добиваат различни функции, тие стануваат зависни едни од други, така што од

повредата на едниот страдаат и останатите, се додека во високоразвиените општества пореметувањето во било кој дел не предизвика сеопшта пертурбација.Тој контраст меѓу неразвиените и развиените општества е последица на фактот што со зголемената специјализација на функциите доаѓа и зголемена неспособност на секој дел да ги врши функциите на останатите делови"[7]. Овој нагласок на интеграцијата го упатува Спенсера кон биолошките аналогии. Тој, понатаму, неговата теорија ја прави привлечна за сите оние кои во општеството гледаат органска целина на делови, во прв план за Диркем и претставниците на функционализмот.

Независно од тоа што теоријата на еволуцијата е изградена во рамките на поставената цел да се изгради теорија на прогресот, кога е во прашање Спенсер со низата искажувања од кои сите не се совпадливи, има свое место прашањето за тоа дали тој ги изедначува еволуцијата и прогресот. Притоа, се чини, дека следењето на основната насока на неговите идеи оди во прилог на ставот на Бароу[8] дека станува збор за нивна идентификација, независно од тоа што таа не е јасно согледива во сите елементи на неговото дело. Навистина, тој ја дозволува дисолуцијата како и прогресот, понатаму развојот од попрости кон покомплексни форми не го смета за доволен фактор на прогресот туку за предуслов за неговото остварување. Меѓутоа, определувајќи ја слободата како основна вредност на прогресот, укажува на патот на нејзиното остварување. Слободата вклучува две компоненти - слобода од присилата на природата и слобода од присилата на општеството . Првата ќе биде постигната со комплетното прилагодување на

природата а втората со укинувањето на институциите и присилата што ги употребува државата а кои се неопходни во состојбата на несовршена адаптација. За Спенсер општествените институции кои ја обликуваат и водат енергијата на луѓето - освен економските - се базично несовпадливи со човечката природа и како такви подложни на нестанување во процесот на прогресот.Тие се од транзиторен карактер.Во однос на ова функционалистичката теорија подоцна ќе покаже битно несогласување. За нејзините претставници институциите се нужен дел на општествениот систем кој се интернализира во човечката природа - станувајќи нејзин неразделен дел. И процесот на еволутивната промена за нив е нужно поврзан со општествената институционална структура и затоа нужно се објаснува како последица од проблемите кои израснуваат во рамките на одржувањето на таа структура. Дури кај Парсонс процесот на растот на адаптивниот капацитет, односно остварувањето на контролата над средината, е согледан во контекстот на менувањето на нормативниот поредок - во зголемувањето на комплексноста на нормативните прописи[9].

Ова разидување својата основа ја има во глобалната стратегија на двете теории. Спенсер во својата теорија ги интегрира органицизмот и индивидуализмот - за него општеството функционира како органска целина, но целта за нејзиното постоење е добробитта на нејзините единици - луѓето. Функционалистите, пак, во својата органицистичко-антииндивидуалистичка стратегија, поединците ги исфрлаат како единици и заменуваат со општествените улоги, односно со придонесот што го даваат за остварување на колективната добробит. Затоа

и тие од Спенсера го преземаат она што е совпадливо со оваа стратегија. Тие ја преземат глобалната идеја на еволуцијата со трите основни процеси низ кои таа се остварува, но ги отфрлаат индивидуалистичките премиси кои се провлекуваат меѓу органистичките. Истовремено, во согласност со појдовниот став за неможноста на социолошката теорија да изгради општа теорија на промената, чиј еден сегмент би била и теоријата на еволуцијата, тие го ограничуваат својот истражувачки интерес на откривањето на општостите кои се далеку од тоа да бидат сфатени како универзални закони.

## Функционалистичкиот концепт: еволуцијата во термините на адаптацијата, диференцијацијата и реинтеграцијата

Основините идеи на Спенсер, како што е веќе напоменато, го сочинуваат срцето на функционалистичката теорија на еволуцијата. За функционалистите, како и за Спенсер, еволуцијата е резултат на иманентните сили на општеството да се прилагодува на средината. Тоа има природни капацитети за раст, а неговото остварување поттикнува кон нови решенија во адаптацијата. Притоа тие се се поуспешни. Се состојат во процесите на структурната и функционална диференцијација и новите механизми на интеграцијата. Нивното реализирање адаптацијата ја прави се поуспешна. Во согласност со духот на западната цивилизација, зацртан уште во првите страници на Библијата[10) за функционалистите како и за сите останати претставници на оваа теорија, еволуцијата го претставува патот на човековото освојување на природата,

зголемувањето на неговото господство над неа. Во таа смисла и кај нив еволуцијата е сфатена како прогрес, независно од тоа што овој термин отсуствува од нивната терминологија.

Спенсер е воведен на широка врата во функционалистичката теорија на еволуцијата. Меѓутоа, една одлика на неговата глобална социолошка теорија на која веќе е укажано-неговиот индивидуализам, бара определени зафати преку кои таа ќе се интегрира со глобалниот антииндивидуалистички приод. Таквиот зафат е направен преку концептот на улогата и определувањето на нејзината позиција во општествениот систем. Спенсер е усмерен кон проучувањето на структурата и функцијата на општествата. Меѓутоа тој не го доволно разработува концептот на улогата. Тој се стреми да ги изедначи општествените улоги со самите луѓе. Со тоа ја занемарува поливалентноста на личноста, нејзината можност за обавување на повеќе улоги во општествениот систем. По Бароу[11)] ова е можна последица на неговите органицистички аналогии - ќелиите од телото не се селат од еден до друг орган и не обавуваат повеќе улоги. Неговата фраза "функционална поделба на трудот" има повеќе економска конотација - тој мисли на општествените односи во термините на економскиот модел како измена на служби. Општествените улоги за него се специјализација на личностите. За разлика од тоа во функционалистичката теорија во која човекот се подредува на потребите на целината улогата станува единица на социолошкото истражување. Таа се однесува на дејносниот аспект на учеството на поединецот во системот, "на она што актерот го чини во неговите односи со другите согледано во контекстот на неговата функционална

значајност за општествениот систем. Тоа е она што ќе го наречеме негова улога"[12]. Кај функционалистите, посебно кај Парсонс, личностите се заменети со улогите што тие ги обавуваат.

Претставниците на функционалистичката теорија се воздржуваат од попрецизно дефинирање на еволутивниот процес, но нивните поширoки описи на него укажуваат на тесната врзаност за определбите на Спенсер и за неговата нагласка на процесите на адаптацијата, диференцијацијата и интеграцијата. Ова е видливо уште во непотполната дефиниција на Редклиф-Браун, дадена на крајот од "Структура и функција во примитивното општество"- "под терминот еволуција мислам прецизно на процес на појавување на нови облици на структура"[11]. Одликите на биолошката еволуција тој и ги припишува и на општествената. Притоа нагласува две одлики: 1) никнувањето на голем број врсти од малиот број врсти организми и 2) развивањето на сложени облици на органска структура од попростите облици. Тие кај втората се манифестираат преку процесот од кој од малиот број облици на општествена структура никнале многу во текот на историјата, и преку развојот на посложени облици на општествена структура од претходните попрости. Следејќи го процесот на човечката историја во кој структурните системи со тесен општествен простор во кој човекот доаѓа во директни или индиректни односи само со мал број други луѓе прогресивно се менуваат достигнувајќи ги системите на модерните општества какви што се САД и Англија, тој ја дополнува својата дефиниција на еволуцијата. Новата определба е "процес преку кој широко распространетите системи на

општествената структура израснале од потесно распространети системи или ги замениле"[12]. Подоцна и Парсонс ќе укаже на тесната аналогија меѓу социо-културната и органската еволуција зашто и двете" се остваруваат преку диференцијацијата од прости кон прогресивно покомплексни форми"[13]. Еволуцијата на општествата по него не е неминовна, но ако се случи таа се остварува преку процесот на диференцијацијата. Таа пак е еден од четирите основни типови на структурна промена кои делувајќи заедно ја сочинуваат прогресивната еволуција кон повисоки системски нивои. Другите три процеси се адаптивниот раст, инклузијата и вредносната генерализација.

"Диференцијацијата е поделба на единиците од општеството во две или повеќе единици кои се разликуваат по нивните карактеристики и по функционалната значајност за системот...кога два комплекса на улоги и колективности стануваат диференцирани и нивните функции се изделуваат. Мора исто така да постои диференцијацијата на ниво на нормите и извесна спецификација на општествените вредноси примероци, погодни за различни ситуации. Ако диференцијацијата води кон поразвиен систем тогаш секоја нова диференцирана структура мора да има зголемен адаптивен капацитет за обезбедување на нејзината примарна функција, споредена со таа функција во претходната, подифузна структура".[16]

Во однос на диференцијацијата Парсонс излегува од поставките на Спенсер само во тезите кои се однесуваат на спецификацијата на вредносниот примерок. Спенсер е усмерен пред се кон структурите кои се изделуваат и функциите што тие ги обавуваат. Истата ситуација е и во однос на интеграцијата. Кај Парсонс пак, вредносниот примерок преку кој се

остварува интегративниот процес поминува низ обратен процес од оној на диференцијацијата. Специјализацијата по него условува смалување на погодноста за примена на општиот вредносен примерок врз изделените единици. Општеството во кое се остварува процесот на диференцијацијата има потреба од воспоставување на вредносен примерок кој е на повисоко ниво на општост со цел да го легитимизира широкиот варијабилитет на цели и функции во подсистемите.

Општествената диференцијација за Вилберт Мур е универзална карактеристика на сите човечки општества. Во мал обем таа е условена од биолошки фактори - од разликите во возраста, полот и нерамномерната распределба на психолошките карактеристики и таленти меѓу населението, на кои се надоврзуваат уште низа други фактори, почнувајќи со позициите во родninскиот систем. Таа е означена преку различните улоги и позиции во општествениот систем. Тие пак, понатаму, стануваат универзални извори на нееднаквоста.

Преку разграничувањето на улогите диференцијацијата ја определува и Нејл Смелсер. "Формално дефинирана структурната диференцијација претставува процес преку кој една општествена улога или организација се диференцира во две или повеќе улоги или организации, кои функционираат поефикасно во новите историски околности. Новите општествени единици структурно се разликуваат една од друга, но земени заедно тие се функционално еквивалентни на оригиналната единица."[17]

Моделот на структурната диференцијација определен во апстрактни термини Смелсер го предлага како најпогоден модел во истражувањето на општествената промена. Тој укажува

на неговата широка применливост за сите типови на општествена структура, како што се економските процеси, малите групи, психолошките процеси и социјализацијата.[18)]

Кај Семјуел Ајзенштат поимот на диференцијацијата е изедначен со поимите комплексност и специјализација. Таа се однесува на "патиштата преку кои главните општествени функции или големите институционални сфери на општеството стануваат дисоцирани едни од други, прицврстувајќи се за специјализирани колективности и улоги и организирајќи се во релативно специфична и автономна симболична и организациона рамка во границите на истиот институционален систем.[19)] Диференцијацијата обично тој ја врзува 1) за ситуацијата која постои во секоја општествена единица, голема или мала, преку фактот што луѓето со различни карактеристики обавуваат различни задачи и вршат различни улоги и 2) фактот дека овие задачи и улоги се блиско заемно поврзани на неколку начини[20)]

Во еволутивни термини изразено, диференцијацијата по Ајзенштат се однесува на продолжителниот развој од идеалниот тип примитивно општество (орда) во кое големите улоги се распределени на база на прописот, преку специјализацијата во секоја од големите институционални сфери која се остварува преку промени во активностите на луѓето, критериумите за акции и самите организациони единици. Продолжителниот тренд ја поттикнува технолошката иновација, културната и религиозна креативност, експанзијата на политичката моќ, како и развојот на комплексна структура на личноста. Таа понатаму се огледа во ослободувањето на различните институционални сфери од родниниството, територијалната припадност и прописот.[21)]

Растечката автономија на сферите во рамките на продолжителната диференцијација по Ајзенштат предизвикува проблеми од два вида: прво, во кристализацијата на нејзините тенденции и потенцијали во сите сфери и второ, во регулирањето на нормативните и организациски односи со другите сфери. Растечката автономија на секоја сфера го креира проблемот на интеграцијата на специјализираните активности во систематска рамка. Така, продолжителната регулација на специјализираните единици е согледана преку институционализацијата на извесни симболични, нормативни и организациски примероци како што се пишаниот јазик, воопштениот правен систем, различните типови на комплексна социјална организација кои со растот на диференцијацијата бараат зголемување на стапката на генерализацијата. Како пример за тоа е наведена појавата на центарот - политички и религиозен, во кој се судруваат проблемите на различните групи од општеството. Кај некои општества од првите стапки на диференцијацијата како што се оние од Стариот Блиски Исток и Пре-Хан Кина центарот по него не е само структурно диференциран од пошироките пропишани групи, туку и различен од нив. На елитата вклучена во центарот тој и припишува значајна улога во изнаоѓањето на решенија за институционализацијата. Посебно ја истакнува улогата на харизматските елити, кои воведувајќи разлики во новите поредоци играат значајна улога и во постигнувањето на варијабилитет на институционалните поредоци. Од друга страна, тој остава можност воспоставувањето на одредени институционални поредоци да се објаснува и преку дифузијата од другите општества.

Некои од претставниците на функционалистичката социологија општите тези за местото на процесот на диференцијацијата во еволутивниот развој го дополнуваат и со посебни забелешки за конкретните манифестации на тоа остварување. Најексплицитен пример за тоа е Смелсер со својата теорија за модернизацијата. Тој ја прикажува диференцијацијата на општествата во текот на индустриската револуција употребувајќи секвенца која вклучува седум чекори. Таа со определени модификации може да се примени за било кое ниво на еволутивниот тек. Овие чекори се:

1) Незадоволство од постигнување на целите во општествениот систем или неговите субсистеми и чувство за можноста за промена со цел да се постигне поголема погодност.

2) Симптоми на пореметување во форма на несогласни негативни емоционални реакции и "нереални" аспирации на дел од учесниците на општествениот систем.

3) Тајно раководење на овие тензии и мобилизација на мотивациските ресурси за нови настојувања за согледување на последиците од постојниот вредносен систем.

4) Охрабрување на растот на новите идеи без барање на посебна одговорност за нивното вградување и пресметување на последиците.

5) Позитивни настојувања да се постигне спецификација на новите идеи преку институционални примероци кои ќе станат субјект на задолженија.

6) Одговорно вградување на иновациите донесени од лица или колективи кои се или наградувани или казнувани зависно од нивната прифатливост или оптуженост во термините

на постојниот вредносен систем.

7) Имплементација на погодното со постепена рутинизација во вообичаенниот примерок на обавување и санкции[2].

Се чини дека Смелсеровата секвенца на диференција-цијата своето излезиште го има во анализата на Парсонс по кој диференцијацијата започнува со извесен конфликт, повлекува опомена и предизвикува отпор. Системот е под притисок да примени нови механизми или нови аранжмани за употреба на старите механизми за да го унапреди своето функционирање. Притоа еден од начините да се направи тоа е определувањето на нова единица со специјализирана функција. Во тој случај системот е под притисок за изградба на нови механизми за унапредување на делувањето или за нивно прифаќање. Понатаму, тој треба да се припреми за нивно користење за што гради нови видови на организациони единици кои стануваат одговорни за функционирањето на новите механизми[23].

Во својата усмереност кон еволутивните процеси во општествата од познатата историја, во истражувачките зафати усмерени кон нивното пројавување во конкретни општества, функционалистите не можат да се дистанцираат и од проблемите кои израснуваат во контекстот на нивното остварување. Процесот на диференцијацијата, кој побудува најголем интерес кај сите, по општо наоѓање не е секогаш гладок. Тој може да биде проследен со редица проблеми. Со нив посебно е окупиран Ајзенштат. Притоа нив ги согледува на секое ниво на развојот. Ги воопштува во неколку форми. Прва и најекстремна од нив е онаа на недостигот на институционални решенија за проблемите врзани за растечката диференцијација на системот. Тоа води

кои парцијална или тотална дезинтеграција на системот, полупаразитско постоење на градите на друго општество или потполно втопување во другото општество. Како пример за таква ситуација ја наведува Грција од крајот на Перкловиот период која не успеала да создаде политичко водство способено да изгради нов политички режим. Друга е ситуацијата кога процесот на диференцијацијата се случува во дел од општеството без да биде интегрирана во пошироки рамки. Притоа неурамнотежената промена во продолжителниот тек може да предизвика прекин во институционалниот поредок или пак да стабилизира релативно ниско ниво на интеграција. Трета можност е развој на релативно стабилен систем во кој големите институционални сфери се разликуваат во степенот на диференцијацијата. Овде е наведен примерот на феудалните системи со висок степен на диференцијација во некои од културните улоги и со ниска диференцијација во економските и политичките улоги. Ова во текот на времето се надминува преку меѓузависноста и меѓуделувањето на посебните сфери. Повисоката диференцијација во една сфера ја поттикнува институционализацијата на диференцијацијата во другите сфери. Сепак, во границите на заемните предуслови Ајзенштат согледува можности за голем број структурни варијетети. Секое ниво на диференцијацијата по него развива интерактивни механизми, но покрај тоа секоја нова структура откако еднаш ќе се институционализира создава свои сопствени одржувачи на границите, сопствени правци на промената и потенцијали за иден развој, за застој или регресија. Тој сугерира и на ситуацијата кога во растот на диференцијацијата една сфера настојува да оствари доминантна

позиција над другите преку кочењето на нивните тенденции кон автономија. Како најчест пример за тоа ги наведува религиозната и политичката сфера кои настојуваат да остварат доминација над другите сфери преку поставување на ригидни рамки базирани на нивни сопствени критериуми. Со тоа предизвикуваат стопирање на специфичните процеси на промената. Неговиот заклучок е дека специфичните процеси на институционалната промена отвараат некои потенцијалности, но можат да ги блокират другите. Институционализацијата на едно решение може да го замрзне идниот развој со што системот станува неспособен да се прилагоди на поширокта средина.

Со нагласката на улогата на институционализацијата во остварувањето на процесот на диференцијацијата, односно во реализацијата на еволутивниот тренд, Ајзенштат покажува блискост со Мејн, покрај Спенсер еден од најзначајните преставници на класичниот еволуционизам. Во прогресивната промена на општествата која по него се манифестира преку движењето од статусот кон договорот, тој укажува на последователната промена на институциите кои подлегнуваат на функционална специјализација. Неговото влијание е видливо и кај Парсонс, како и кај другите претставници на школата окупирани со проблемите на модернизацијата.

Процесот на адаптацијата како еден од трите основни процеси во еволутивната шема, подетално го разработува Мур во својата теорија која ја нарекува "теорија на трајниот предизвик на средината", иако на него укажуваат и сите останати, посебно Парсонс. Прилагодувањето по Мур е условено од неможноста на човекот да оствари полна контрола над

природните сили што го прави неизвесно физичкото преживување и што понатаму е извор на тензија меѓу идеалното и стварното Можностите за целисходно решавање на проблемите тој ги бара во прифаќањето на случајните технички иновации. Нивниот значај за промените во структурата на општествата го согледува во две нивоа: а) во веројатноста за техничка иновација преку која ќе се измени но не и разреши карактерот на природниот предизвик и б) во второстепените ефекти на промените во општествено-технолошката основа. Тој не се сомнева во можноста да се креираат последици од технолошките промени. Она што притоа го поставува како проблем е одмерувањето на веројатноста на таквите промени - на нивото на веројатноста на разрешувањето на проблемот преку иновацијата како и нивото на веројатноста на нивното прифаќање со последователните последици од тоа. Веројатноста за техничка иновација по него варира во просторот и времето, а основниот извор на варијабилноста е ширината и интензитетот на рационалната ориентација кон средината. Таквата ориентација не отсуствува ниту во едно општество, вклучувајќи ги и традиционалистичкит племенски општества, но постојат разлики во видот и степенот на нејзината применливост. Таа добива нагласка во западниот свет од ренесансата наваму, кога намерната промена го обзема секој аспект од човековиот живот.

Покрај Мур со процесот на адаптацијата повеќе е окупиран и Парсонс. Тој претставува еден од четирите функционални неопходности во неговиот систем на генералната акција.

Теоријата на еволуцијата кај Талкот Парсонс

Од претставниците на функционализмот најконзистентна теорија на еволуцијата гради Талкот Парсонс. Таа е базирана на неговата теорија на акцијата, во која акцијата е сфатена како настојување на човечките битија да ги остварат своите симболично дефинирани намери во симболично дефинираната средина. Барањето вклучува четири посебни, симболично организирани нагласки. 1) барањето за физичко задоволување, 2) интерес за дешифрирање на симболичкото значење, 3) барање за прилагодување на физичко-органската средина и 4) настојување за поврзување со другите луѓе. Сите четири се воопштени во четири подсистеми кои го сочинуваат системот на генералнат акција - персоналниот систем, културниот систем, системот на организмот и општествениот систем.[24)]

Четирите акциони системи Парсонс ги сфаќа како зависни еден од друг. Тие се само четири димензии во кои се движи смисленото човеково однесување. Но тие покажуваат разлики кај различните општества, кои можат да се подредат преку теоријата на општествената еволуција - или акционата еволуција. Таа го покажува патот на диференцијацијата на секој систем. Преку неа тие развиваат автономни димензии и истовремено се движат кон повторно поврзување на повисоко ниво.

Во генералната теорија на акцијата, општеството е сфатено како еден од подсистемите,како специфичен тип на општествен систем кого го карактеризира висок степен на самодоволност во однос на средината, која ги вклучува и другите општествени системи. Тој прифаќа дека општеството е

зависно од својата средина, но нагласува дека таа зависност е помала отколку кај останатите системи. Тоа е во состојба да ја контролира мeѓуизмената со средината со што го унапредува општественото функционирање и со тоа општествениот опстанок.

Парсонс споменува неколку различни средини на општеството:

1) Физичко-органската средина која е извор на ресурсите кои општеството ги користи за задоволување на потребите на своите членови. Неа општеството мора да ја контролира преку контролата на економско-технолошката сфера или пак да се прилагоди на неа.

2) Личноста на членовите на општеството која е дел на општествената средина со тоа што општеството мора да биде способно да ги натера своите членови да се прилагодат на неговото функционирање. Во прв ред тоа се остварува преку процесот на социјализацијата. Преку него личностите учат да се мотивираат на адекватен начин за учество во општествено вреднуваниот примерок на акцијата. Во продолжителниот тек на социјализацијата кај нив се остварува интернализација на нормативниот поредок на општеството.

3) Културниот систем, односно симболичната средина на општеството го вклучува емпириското знаење, експресивниот симболичен систем, религиозните идеи и практики кои го одредуваат колективниот идентитет. Општеството е самодоволно во однос на културната средина во колку општествените институции се легитимизирани преку културниот систем. Тоа се постигнува на тој начин што културните елементи отелотворени во неговите институции се интернализираат во личностите преку

процесот на социјализацијата.

4) Општествената средина на општеството ги вклучува околните општествени системи со кои општеството остварува некаков однос. Самодоволност во однос на општествената средина е постигната кога постојат јасни граници кои означуваат кој е член а кој не е член на даденото општество, како и кога постои поголема солидарност меѓу членовите од општеството отколку меѓу членовите и нечленовите.

Односот меѓу овие системи Парсонс почнува да го разработува уште во "Структура на општествената акција"[25] (каде зборува за три системи на системот на генералната акција - персоналниот, општествениот и културниот), но попрецизно го определува во "Општества: еволутивни и компаративни перспективи"[26]. Во ова дело тој го покажува односот меѓу вредностите и условите преку веќе споменатата хиерархија на вредносното водство која води од културниот систем кон општеството и од него кон личноста и организмот. Внатре во општеството економијата управува со личностите преку диференцираната распределба на добрата за задоволување на желбите, над економијата е политиката зашто колективните цели во општествот се надредени над индивидуалните. Над политиката се наоѓа општествената комуна зашто таа ја одржува солидарноста како највисока општествена цел. Над неа пак се наоѓа подсистемот кој се стреми кон одржување на институционализираните културни примероци. Во нив влегуваат процесите на социјализирачката мотивација за играњето на улогите преку учењето на нормите и вредностите во општеството. На крајот, како највисок во хиерархијата стои културниот систем[27].

Општествено-културната еволуција сфатена како премин од попрости кон покомплексни форми преку процесот на диференцијацијата и останатите придружни процеси, за Парсонс нема една единствена линија, "на секое ниво таа вклучува мноштво на различни форми и типови"[28]. Сепак, тој се обидува да оформи едно општо јадро на еволутивниот процес кое како адаптивен капацитет има универзални димензии. Неговите еволутивни универзалии претставуваат потенцирање на универзалните карактеристики на општествените системи, еднакво значајни за сите општества и култури во нивното движење од субхуманоста кон хуманата организација и понатаму, од помалата кон поголема диференцираност. Терминот се однесува на оние организациски карактеристики на еволуцијата кои се јавуваат во сите општествени системи и делуваат на понатамошниот развој независно од различните услови во кои се остваруваат посебните општествени системи. Адаптивниот капацитет развиен преку нивното постоење притоа не е сфатен како пасивно прилагодување на условите на средината туку како капацитет на системот на опстанокот кој се доведува во спрега со средината. Тој вклучува активни врски, односно способност да се менува средината за да се задоволат потребите на системот, како и способност за соочување со нејзините непроменливи карактеристики. "Еволутивната универзалија е комплекс карактеристики и ги придружува процесите на развојот од кои израснува долготрајниот адаптивен капацитет на системите на живеење во дадена класа, така што само системите што го развиваат комплексот можат да следат едно повисоко ниво на општиот адаптивен капацитет"[29]

Со воведувањето на еволутивните универзалии во својот концепт на еволуцијата, Парсонс го најавува својот

базичен став за повеќелинејната еволуција, презентиран на почетокот од "Општества". Инсистирајќи на општо еволутивно јадро на општествените системи тој истовремено укажува на можностите за отстапувања преку отсуството на некои универзалии во некои конкретни општества. Секоја од нив не мора да се јави, но ако се јави тогаш ја зголемува можноста за преживување во однос на оние општества во кои не се јавува. Од друга страна, тој ја дозволува можноста за отфрлање на некои веќе појавени универзалии. Тоа се случува тогаш кога нивната институционализација е проследена со премногу јако пореметувањ на општествената организација, што доведува до времено губење на адаптивниот капацитет. Во понатамошниот тек на општественото постоење, отфрлањето на универзалијата доведува до општествен регрес.

Првите четири од листата на универзалиите, Парсонс и ги припишува на секоја општествена организација. Тие се засновани на човековата биолошка посебност, на неговиот капацитет да учи и да зависи од знаењата - да ја креира и пренесув културата.

Прва од листата е религијата, дефинирана како базична артикулација меѓу внатрешните капацитети на човекот и надворешната средина. Овде е дадена како основен елемент на културата. Второто место му е дадено на јазикот - како средство за меѓучовечката комуникација. Третото и четвртото место ги заземаат родинството и технологијата. Родинството е определено како продолжеток на бисексуалната репродукција. Преку него се остварува процесот на социјализацијата. Со тоа, тоа станува централен дел на културата, она преку што таа се воспоставува и одржува. Технологијата, како

синтеза на емпириското знаење практичните техники за општење со физичката средина, го претставува минимумот на знаења и практични искуства кои се неопходни за физичкиот опстанок.

"Јасно е дека технологијата е примарен фокус на организацијата на адаптивните односи на човечкиот систем кон неговата физичка средина. Родинството е општествена екстензија на базичната артикулација на индивидуалниот организам на видот преку бисексуалната репродукција...Социјалните односи меѓу личностите за да бидат дистинктивно хумани мораат да бидат посредувани преку лингвистичката комуникација. На крај,главните културни примероци кои ги регулираат социјалните психолошки и органски нивои на тоталните системи на акцијата се отелотворени (колку што е попримитивен системот толку поексклузивно) во религиозната традиција, фокусот на употребата на симболизацијата на контролата на различните услови на коишто е изложен човековиот систем"[30].

Универзалии чија појава и делување се врзани за процесот на изделувањето од примитивната стапка на општествената еволуција се системот на општествената стратификација и системот на експлицитната културна легитимација на различните општествени функции, во прв ред политичката. Парсонс ги дава како нераскинливо врзани, но спремен е да и даде извесна временска првичност на стратификацијата. Со тоа таа станува услов за легитимацијата на политичката функција. Ова Гулднер ќе го оцени како зачудувачка сличност со марксизмот, посебно со Марксовата и Енгелсова концепција на општествениот развој, изложена во Комунистичкиот манифест. Сепак, тој е свесен дека сличноста е само во нагласката на значајот на стратификацијата за излегувањето од примитивната стапка на еволуцијата, иако

самата концепција за неа кај двајцата е суштински различна.[31] Всушност тој наоѓа одредена сличност и меѓу листата на основните универзалии и некои делови од Германска идеологија и Лудвиг Фоербах во кои се нагласуваат некои аспекти на општествената активност - значајот на јазикот, религијата и семејството кои делуваат заедно со технологијата. Меѓутоа, укажувајќи на технологијата како на неопходност чие исполнување го зголемува општиот адаптивен капацитет на групата, Парсонс не ја изделува како специфично значајна како што прават Маркс и Енгелс во посочените дела.[32]

Предводничката улога во изделувањето од предмодерноста и во модерното структуирање на општествата им се припишува на други четири комплекси: бирократската организација, парите и пазарниот систем, општите универзалистички легални системи и демократската асоцијација. Тој укажува на нееднаквоста во институционализацијата на овие четири комплекси кај различните општества, како и на разликите во нивните заемни односи. Сепак во поширокатa рамка на разгледувањето ги смета за темелот на структурните компоненти на модерните општества. Тие нивните адаптивни капацитети ги прават супериорни во однос на оние на сите претходни општества. Со овие неопходности Парсонс ги поставува основите на својата теорија на модернизацијата, замислена како специфична примена на општиот еволутивен концепт на примерокот на Западните општества од последните два века.

Она што е забележливо во врска со теоријата на еволуцијата кај Парсонс како и со неговата генерална социолошка теорија е високото ниво на апстрактност на категориите со кои се служи. Таквото ниво е одговарачко за теориите од

висок обем - кои служат како основа за истражувањето на законите со високо ниво на нужност и општост. Меѓутоа, во случајов теоријата која оперира со апстрактна терминологија не се однесува на откривањето или потврдувањето на делувањето на општествените закони туку на релативно трајните односи меѓу појавите. Апстрактните шеми со кои тој се служи не се во поблиска корелација со неговите конкретни истражувачки зафати кои се ограничуваат на откривањето на состојбите во одредени сфери на општествениот живот кај конкретни општества. Оттаму и јазот меѓу општите поставки и конкретните примери за нив. Тој зборува за теориски модели со широк дијапазон на примена а таа примена ја илустрира со еден тип на општествен систем или појава во него, укажува на глобални тенденции во општествената промена а за нив нуди поединечни примери.

Проблемот, се чини, може да се разреши на два начини. Првиот е да се задржи апстрактниот концепт, но тој да се поткрепи со општи заклучоци од компаративната историја, при што, секако, може да се попадне во ситуацијата на навлегување во сферата на претпоставената историја, односно да се излезе надвор од рамките на емпириски достапното. Второ, можат да се задржат примерите на конкретните ситуации при што моделот би се прилагодил на нивото на воопштувањата кои од нив можат да се извлечат. Последново е карактристично за повеќето претставници на функционалистичката школа. Прифаќајќи ја стратегијата на социолошката теорија од среден обем тие поаѓаат од концептуални шеми кои овозможуваат воопштување на конкретните податоци до кои се доаѓа во истражувањата кои немаат амбиции за утврдување на општи заклучоци со универзална примена. Парсонсовиот, пак, теориски модел, го поттикнува

прашањето за неговата позадина. За него можат да се понудат повеќе претпоставки од кои една е дека неговиот автор кој упорно повторува дека социолошката теорија е на ниво на развиеност која ги исклучува високите научни цели типични за природните науки, верува во можноста тие да се остварат во сосема блиска иднина. Во согласност со тие идни цели ги гради своите теориски модели. Впрочем, укажувајќи на целта на утврдувањето на општи тенденции, тој како и другите претставници на школата, никогаш не го доведуваат во прашање ставот за постоење на универзални општествени закони. Нивното откривање секогаш се посочува како идна цел, која преку изградбата на апстрактните теориски модели станува и сегашна.

## Концептот на повеќелинејната еволуција

Еволуционизмот во своите први верзии ја поставува тезата за единствениот пат на еволуцијата на кого му подлегнуваат сите постојни општества. Неговите претставници од XIX век скоро без исклучок ја афирмираат идејата за еднолинејната еволуција. Нејзиниот тек најчесто се прикажува преку трichлената класификација - дивјаштво, варварство и цивилизација. За првите две недостигот на материјални податоци се надополнува со претпоставки, од кои најзастапена е онаа за родинскиот систем кој се движи од матријархален кон патријархален примерок, додека третиот се ограничува на она што се случува на Блискиот Исток, земјите околу Средоземното Море и Северна Европа.

Спенсер, кој од еволуционистите на XIX век остварув најдиректно влијание врз функционалистите, стапките на

еволуцијата ги определува преку нивото на диференцијацијата. Покрај неа, како мерило за класификација го воведува и типот на општествената контрола, Односите на општествата со средината по него го детерминираат институционализирањето на контролата во два типа - индустриски и војнички, кои понатаму, имаат обликувачко дејствие врз останатите општествени функции. Меѓутоа, овие два типа не се сфатени како два алтернативни пата на еволутивната линија. Овде повеќе станува збор за единствена линија во која со растот на внатрешната комплексност (претставен со класификацијата која вклучува неколку нивои на сегментираност) односите со околните општества постепено се трансформираат од конфликтни кон мирољубиви - со доминација на вториот тип кај современите индустриски општества и со изгледи во иднина тој потполно да го потисне конфликтниот.

Емпириските истражувања од XX век ги доведуваат во прашање реконструкциите на историските стапки, кои се составен дел на теоријата на еднолинејната еволуција. Затоа и поголемиот број еволуционисти ја отфрлаат тезата за еднолинејноста. Оние, пак, кои не се откажуваат од неа, како што се Лесли Вајт и Гордон Чајлд, го градат концептот на универзалната еволуција која за свој предмет ја има културата воопшто а не посебните култури. Тие ги признаваат културните посебности кои се развиле како резултат на посебните историски текови и прилагодувањето на специфичните услови на средината, но ги оценуваат како неспоредливо помалку значајни од она што им е заедничко на сите култури - од општите закони преку кои може да се опише еволуцијата на сите општества.[33)] За Чајлд

усмерувањето на вниманието кон посебните својства на културите е озбилна препрека за воспоставување на општиот тек на културата.[34)]

Повеќелинејната еволуција, која е застапувана од повеќето претставници на социолошката и антрополошка теорија од XX век се служи со методологија базирана на претпоставката за постоењето на значајни правилности во општествената промена. До нив се доаѓа пред се преку емпириски методи. Историските реконструкции не се исклучени, но тие немаат амбиции за средување на историските податоци во универзални стапки.[35)]

Значајна заслуга за воведувањето на идејата на повеќенолинејноста во социолошката теорија има Емил Диркем. Тој ја гради својата теорија на еволуцијата на крајот на XIX век [36)], но по својата ослободеност од големиот ентузијазам во однос на можностите за откривање на универзалните општествени закони, таа им припаѓа на теориите на дваесеттиот век. Во неа е задржан комплексот ставови врзан за основните еволутивни процеси, односно за движењето на општествата од помалку кон повеќе диференцирани облици, со развој на механизми на интеграција во кои присилата на традиционалните норми се повеќе е потиснувана од рационални сили. Меѓутоа, во согласност со своите нагласено позитивистички поставки, од кои првата е "општествените факти се ствари"[37)], се отфрла се она што зад себе нема емпириска поткрепа. Пред се се отфрла идејата на еднолинејноста и нужноста. Ослободувајќи се од целта на утврдувањео на сличностите меѓу општествата и нивното формулирање тој констатира значајни разлики кај конкртните општества, пред се во комплексот општествени улоги и нивната институционализација. Од друга страна, имајќи ги предвид

многубројните антрополошки податоци, заклучува дека еволуцијата не е нужна. Таа може да се случи и најчесто се случува како решение на потребата за обезбедување на опстанокот во ситуацијата на пораст на населението и неговата густина, но можно е и да отсуствува. Во ситуациите на постоењето на премногу јака колективна свест, проблемите коишто се разрешуваат преку неа можат да се решат на друг начин - преку делење на групата на повеќе помали единици, преку емиграција на дел од членовите или на друг начин.

Функционалистичката теорија на еволуцијата е блиска до Диркемовата и во однос на делот од теоријата на Спенсер и другите класични еволуционисти кој е прифатен и во однос на делот што е отфрлен и заменет со нови решенија. Ова го сугерираат како критиките на еволутивниот концепт и еволутивните определби на Редклиф-Браун, така и уште првите реченици од "Еволуција на општествата" на Парсонс.

"Социо-културната еволуција, како и органската еволуција поминува преку диференцијацијата од прости во прогресивно покомплексни форми. Спротивно на раните концепции на ова поле, таа не поминува низ единствено дефинирана линија, туку на секое ниво вклучува вариетет на различни форми и типови"[38].

Парсонс му се приближува на Диркем уште во една точка - во изборот на единиците кои се предмет на анализа во рамките на остварувањето на целта да се постави линијата на еволутивниот развој и да се разграничат етапките во неа. Диркем во "Поделбата на општествениот труд" како единица на анализа ги зема правните норми. Кон нив го упатува неговото настојување да ги квантифицира сите појави, оние што го

дозволуваат тоа непосредно, оние што не се подобни за квантификација посредно - преку мерењето на оние појави со кои имаат позитивна корелација. Преку правните норми ја мери општествената солидарност - фокусот на неговиот истражувачки интерес. Тие, по неговото забележување, со делувањето на процесот на диференцијацијата остварувана преку поделбата на трудот, постепено се модифицираат од репресивни во договорни.

Како што за Диркем типот на правните норми го одразуваат типот на општествената солидарност, зашто се најтесно поврзани со неа, така и за Парсонс тие се базичен елемент на општеството кој треба да се има во предвид кога се следи неговата динамика. "Срцето на општеството како систем е примеркуваниот нормативен поредок преку кој е колективно организиран животот на населението. Како поредок, тој содржи вредности и диференцирани партикуларизирани норми и правила, од кои секоја бара културна дефиницја со цел да биде целисходна и легитимна"[39].

Повеќелинејното стојалиште на Парсонс наидува на општо прифаќање од страна на другите претставници на функционализмот. Неговите општи тези добиваат поконкретна разработка во теориите на модернизацијата на Ајзенштат и Смелсер. Првиот од нив интересот за еволутивната перспектива блиско поврзан со растечкиот интерес за историските и компаративни истражувања, не го оценува само како враќање на претпоставките на постарите школи, туку и како "ревизија и преиспитување на еволутивната теорија во светлото на современиот напредок на социолошката теорија и истражување"[40]. Во новата теорија на еволуцијата тој ги бара можностите за надминување на двата

основни недостатока на класичната - претпоставката за еднолинејноста на развојот и универзалноста на неговите големи стапки и со неа поврзаниот проблем како да се систематизираат карактеристиките на постарите општества и процесите на промената во нив преку кои се остварува преминот од една во друга стапка. Обновената еволутивна перспектива "настојува систематски да ги објасни процесите на промената во општествата, процесите на разидувањето од еден тип општество во друг и посебно ширината до која таквото разидување може да се кристализира во различни типови на стапки кои покажуваат некои базични карактеристики заеднички за сите општества"[41].

Истражувајќи ги општите еволутивни процеси Ајзенштат утврдува дека општествата со приближно еднакво ниво на диференцијацијата можат да покажуваат големи разлики во институционалните и интегративни контури. Тој наведува неколку, заемно поврзани причини за тоа: прво, различните историски патишта кои условуваат развој на различни конкретни структурни форми: второ, постоењето на енклави, посебно во економската и културната област, кои можат да бидат значајни извори на иновации, односно да влијаат на изнаоѓањето на најразлични интегративни решенија и нивната институционализација на различни нивои на диференцијација: трето, различните елити кои можат да се развијат во различните институционални сфери, но и една иста елита која развива различни идеолошки ориентации- од кои некои се повлијателни од другите во воспоставувањето на контурите на новиот институционален систем. Тој го прифаќа согледувањето на Кер[43] дека различните елити во периодот на модернизацијата се стремат кон развој на различни стратегии во однос на базичните проблеми на економската и социјалната

политика (пр. за местото на индустријализацијата, изворите на фондовите, приоритетите на развојот, образовниот систем, политиката на земјоделието и др.).

Смелсер, еднакво како и Ајзенштат, својата позиција по дилемата еднолинејност - повеќелинејност ја изложува во рамките на изградбата на сопствената теорија за модернизацијата. Нејзиниот тек тој го согледува во контекстот на делувањето на технолошкиот развој, земјоделската реорганизација, индустријализацијата и урбанизацијата кои се разликуваат од општество до општество. Со тоа условуваат глобалниот процес на развојот да се манифестира низ повеќе типови на варијации: 1) варијации во предмодерните услови како што се вредносниот систем и неговата совпадливост или противречност со индустриските вредности, интеграцијата, нивото на богатството и неговата распределеност, староста на земјата, густината на населението, политичките услови и сл., 2) варијации во моќта на промената - условени од различните извори на притисоци кои модернизацијата (внатрешните импликации на вредносниот систем, желбата за национална безбедност, желбата за материјално богатство и сл), в) варијации во патот на модернизацијата (пр. развој преку тешката или преку лесната индустрија, разликите во улогата на владата во креирањето на економската политика, стапката на акумулацијата на технолошкото знаење и вештини и сл); г) варијации во содржината и времето на драматичните настани кои ја следат модернизацијата, како што се војните, револуциите, брзите миграции, природните катастрофи.[43)]

Ставот на функционалистичката теорија кон класичниот еволуционизам го сумира Вилберт Мур. Тој укажува на неколку негови ограничувања кои довеле до намалување на интересот за

него во современоста. Првото се однесува на хипергенерализацијата, односно на неговото ограничување на историските цивилизации од Блискиот Исток и Западниот свет со што се покажува како неадекватен за објаснување на предписмените и источните општества. Второто е врзано за еволуционистичкиот примерок кој ги вклучува и историските и современите општества, при што за скалата разлики добиени преку компарацијата се нудат различни објаснувања, како што се прилагодувањето на различната средина, расните разлики и слични објаснувања за кои не е пронајден метод за емпириска проверка. Трето, претпоставката дека општествата се движат од "попрости" кон "покомплексни" форми води кон формирање скали, во кои обично како доминантна се зема продуктивната технологија, поред која се поредуваат сите значајни аспекти на општествената организација. Овде тој го критикува и Диркем кој најпростата форма на религија ја бара во општеството со најпроста технологија - кај австралијанските домороци за кои подоцна Ворнер ќе пронајде екстремно комплексен роднински систем.

Сите овие проблеми по Мур водат кон релативизмот во општествената дескрипција. Како пример за него ги наведува двете основни форми на преживувањето: една, дадена од Стјуард кој различието го прикажува преку концептот на "мултилинеарната еволуција" и другиот, даден од Вајт, Салинас и Сервис за кои теоријата на општествената еволуција е применлива само на многу општо ниво, при што не треба да се инсистира структурната диференцијација и динамичките процеси да се подведат под општата теорија. За нив единици на проучување на општата еволуција не се посебните култури туку културата воопшто.

Земајќи го од теоријата на еволуцијата она што му се чини прикладно, Мур поставува неколку тези:

- Човечкиот род, почнувајќи од малубројните номадски ловци, брзо расте во бројот, истиснувајќи ги другите видови во борбата за животен простор.

- Еден од најбитните фактори за човечкото успешно биолошко преживување е адаптацискиот, односно акумулативниот карактер на објективното знаење и рационалната техника.

- Кумулативната наука не е усмерувана само од човековите материјални потреби туку и од други нешта и интереси, кои повторно, не се исцрпуваат со елементите на општествената организација и општествената контрола. Пронајдокот на писменоста ја забрзува стапката на кумулацијата и подредувањето на знаењата, како што и другите форми на комуникација го шират обемот на општествените релации и го продолжуваат времето на преживувањето на знаењето.

- Бројот на човечкото население, организираната диференцијација која ја прави можна овој број, комуникацијата, техниките на контролата имаат долг продолжителен тренд. Станува збор за раст во кој сите членови на родот се дел од единствениот систем.[44)]

Всушност, еволуционизмот од овој век со своите две варијанти - повеќелинејната и универзалната - во суштинските определби е продолжение на класичниот. Постоечките разлики имаат само методолошка позадина. Кај повеќелинејниот дедуктивниот метод кој има основна улога во другите во голем обем е потиснат од емпирискиот.

Стапки на еволуцијата

Во многубројните забелешки со кои се атакува на функционалистичката теорија, една од оние што најупорно се повторуваат се однесува на определбата на формите низ кои можат да се добијат појасни разграничувања на следот на еволуцијата - на нејзините стапки.

Општиот преглед на еволуционистичката теорија во целината на нејзиниот тек и варијанти дава показатели за ставот дека, ако е во прашање слабост, таа е карактеристика на целата школа. Сите нејзини претставници нудат класификации кои вклучуваат помалку или повеќе членови, кои имаат амбиции да го проследат развојот на суштинските карактеристики на сите општества, но кои не се во состојба под себе да ги подведат сите општества поради преференцијата на особеностите на западните општества и примената на нивните вредносни хиерархии во определувањето на редоследот на нивната значајност.

Спенсер не ја разработува поопширно својата еволутивна класификација. Неговите современици кои еволутивната концепција ја застапуваат во рамките на антрополошката наука - Морган и Тајлор, покажуваат голем интерес за одредување на стапките на универзалната низа во која потоа ќе ги поставатпосебните култури. Меѓутоа, во недостаток на доволно податоци, "се она што се знаело за предцивилизираните човечки групации, во кои влегува најголемиот дел од примитивниот свет било стрпувано во категориите "дивјаштво " и "варварство"[45], додека категоријата "цивилизација" го исклучувала се она што се изделува од Западниот свет.

Новите концепции на еволутивните стапки се разликуваат од старите само по дијапазонот на нивната применливост

и во оставањето можност за ограничена варијабилност во секоја од нив. Во нив се настојува да се прикаже глобалниот тренд на човечките општества за кои постои материјална евиденција, но не преку една линија туку преку паралелни следови. Од друга страна, сличностите можат да се утврдуваат преку повеќе карактеристики на општествата, но и преку следењето на една основна карактеристика. Така Диркем својата еволутивна типологија - со двата основни типови - општеството на механичка и општеството на органска солидрност, ја базира на типот на солидарноста. Тој, навистина, го воведува и елементот на технологијата, дури некои му припишуваат одредувачка улога [46)] во неговата шема, но сепак останува дека тој е согледан во контекстот на неговата улога во остварувањето на солидарноста.

Стапките на еволуцијата кај Парсонс. Еволутивната класификација на Парсонс покажува сличности со онаа на Диркем. Тој ја проширува неговата дихотомна класификација во трихотомна, воведувајќи меѓу двата типа уште еден - средишен, со истовремени терминолошки промени на двата. Понатаму, укажува на повеќе општествени карактеристики кои во различните општества можат да оформат различни синтези, што во теорискиот концепт се подредуваат хиерархиски. Меѓутоа, предметот на анализата, преку која се разграничуваат стапките како и кај Диркем е нормативниот поредок.

Трите стапки на еволуцијата се именувани како: примитивна, преодна и модерна. За појавата на секоја од нив определени се неопходни предуслови.

Неопходен предуслов за појавата на примитивната стапка е стратификацијата. Со нејзината појава општествениот статус излегува надвор од биолошките врски а тоа по Парсонс

ја овозможува централизацијата на одговорноста за различните активности неопходни за опстанокот на заедницата - економските, политичките и религиозните. Стратификацијата го вклучува елементот на хиерархијата, а таа ја зголемува можноста за искористување на ресурсите на средината.

Парсонс истакнува четири основни карактеристики на примитивните општества: религијата, родинскиот систем, технологијата и воспоставениот симболизам на меѓучовечката комуникација, кај кои тек започнува процесот на диференцијацијата. Посматрани од аспектот на кибернетската хиерархија највисоката позиција на контролата му припаѓа на последниот елемент. Тој вклучува систем на правила кои ги регулираат меѓучовечките односи во ситуациите какви што се меѓугенерациските односи, бракот, технологијата неопходна за обезбедување на опстанокот, како и односите со сферата на светото.

"Моето мислење е дека функционирањето на било кое општество, можеби посебно примитивното, бара институционализација на колективните нормативни правила кои ги вклучуваат правилата за уредување на комуникациските аспекти на општествената дејност. Во општеството какво што е кај Мурнгина, општествениот систем на правилата можеби е помалку упадливо значајна структура од колку што се родинството, религијата, или технологијата - а сепак тој е врзувачот што сите ги поврзува.[47]

Примитивните општества, во својата најнеразвиена позната варијанта, се прикажуваат преку племенските општества на австралиските домородци[48], Нивниот нормативен поредок е определен како сеуште нејасно диференциран, меѓутоа со можности преку него да се дефинираат статусот на полот и возраста

и родникската позиција. Понатамошниот еволутивен развој се остварува преку институционализацијата на нормативен поредок преку кој се остварува диференцијацијата на статусот во правецот на давањето предност на некои роднински групи. Структурната промена се остварува преку прекинот на статусната еквиваленца на роднинските групи, кога одредени групи почнуваат да ја унапредуваат својата позиција на контрола на ресурсите преку здобивањето на предности во остварувањето на брачните врски, односно преку воспоставувањето на посебни односи со посебни субгрупи во категориите на пропишаните наследни групи. Специфичните роднински групи со ексклузивна позиција се здобиваат и со ексклузивни права за користење на ресурсите. Понатаму, кристализацијата на сопственичките права ја зголемува улогата на ефективната контрола на територијата и со тоа ги прави јасни општествените граници.

Со зголемувањето на користењето на земјата и трајкото населување, во дефинирањето на заедницата нагласокот се поместува од наследниот аспект на родинството на територијалните фактори. А кога заедницата е определена на база на територијалниот принцип, тогаш таа се стреми кон ендогамија во своите надворешни односи. Внатре, пак, со растот на родовската сегментација, со остварувањето на статусна диференцијација меѓу родовите, се јавува и извесна нивна професионална специјализација како таа добива нагласок во подоцните фази на еволуцијата. Од специфичните функции распределени меѓу родовите најзначајна е трговијата, посебно кон надвор, војната и специфичните религиозни функции.

Растот на примитивниот тип општество за Парсонс, во основа вклучува не само специјализација туку и

диференцијација на родовите на општата оска на престижот, привилегијата и одговорноста. Во однос на тоа тој наведува две основни тенденции - онаа на диференцираното предимство, посебно во земјишната сопственост и онаа на зголемената значајност на општествената колективност со експлицитна симболизација на колективниот идентитет и со изградба на ефективен инструментариум за нејзиното функционирање како систем (изградбата на сопственоста и државата). Тој не поставува хиерархија на двата фактори, дури укажува на неможноста и во крајна инстанца на небитноста на нејзиното поставување, но го потенцира значајот на делувањето на интегративните фактори-посебно религијата во контекстот на нивното остварување. Интеграцијата е неопходна и со оглед на притисоците на посебните групи за своите посебни интереси и со оглед на брзата политичка и културна централизација.

Сопственоста на примитивниот степен на еволуцијата не е определена како диференцирана економска категорија туку со елементи на дифузно влијание на престижот и политичкиот авторитет како и контролата на економските ресурси. Стратификацијата пак, е наведена како институција која е неопходна за растот на централизацијата на општествената одговорност и со тоа на општествената ефективност. Овде високиот статус врзан за повисоката контрола на политичката моќ или економските ресурси ја овозможува институционалната концентрација на таквата контрола. Притоа тој укажува на две основи на престижот на кралскиот род во примитивните општества - прво, неговата централна улога во поопштиот религиозен систем и второ, како и појаваа на цената на земјишната сопственост преку која се квантифицира елементот на престижот.

Примитивните општества во поразвиена фаза се опишани преку поголемата внатрешна раслоеност и средишната политичка организација, базирана на територијална основа. Политичкиот елемент ги вклучува политичката и религиозната компонента кои што сеуште не се јасно изделени една од друга, како кај конкретните општества може да постои нагласка на едната во однос на другата. Во Шилук кралството во Судан, преку кое е илустриран овој тип, постојат диференцирани единици обединети преку централната институција на кралската моќ. Овде почнува да се развива административен систем кој што е изделен од воената и религиозната организација, се јавува даночниот систем, администрацијата на правдата.

Втората стапка е определена како преод од примитивната кон модерната. Нејзина основна карактеристика е писменоста, како конститутивен елемент на културата кој овозможува нови решенија во интегративните процеси чија значајност се зголемува со растот на општествената диференцијација.

Во првата фаза на преодната стапка - архаичната - се развива вештината на пишувањето и космолошката религија, односно космолошкиот религио-културен систем - со конститутивен симболизам кој е повисок отколку кај примитивните општества. Неговото одржување го спроведува свештенството, кое го има монополот на писмото. Овде се остварува диференцијација на функцијата на културната легитимација кога во центарот на општествената организација се изделуваат кралот и свештеничките групи. Паралелна на неа е политичката диференцијација, согледана во нивото на контролата на нејзините носители. Овде свештеничките и административните функции се контролирани повеќе од страна на цели родови отколку од индивиди, при што статусите

станувaат наследни. Религиозните и политички служби сеуште делумно се преклопуваат, но се остварува процес на нивно разграничување. Парсонс укажува на тенденцијата кон кристализација на трикласен примерок во стратификациониот систем: врв, придружен со харизмата на монархот - со практикување на религиозен и политички авторитет; средни групи одговорни за рутинското функционирање на општеството; и народот кој ја обработува земјата и се бави со трговија и занаетчиство.

Архаичните општества по Парсонс покажуваат варијабилност која се зголемува со преминот во повисоката фаза на големите имприи (Кина, Индија, Рим, Исламската Империја). Анализирајќи ги карактеристиките на наведените империи тој заклучува дека сите тие развиваат независна политичка организација од широк ранг и поврзуваат големо население на широка територија, но имаат различен успех во постигнувањето на стабилноста и одржувањето на независноста. Сите постигнуваат значајни културни иновации во доменот на конститутивниот симболизам. Нивната основа е во културните движења со филозофска позадина преку кои се постигнува подигнување на неговата општост. Во нивни рамки се остварува и диференцијацијата меѓу сферите на религиозното и политичкото. Повеќе нема човечки претензии за божествен статус. А остварената дихотомија меѓу божествениот и природниот поредок поттикнува нова концепција за структурата на човечките општества со две основни класи: класа на оние кои што се стварно или потенцијално квалификувани за највисока човечка позиција во однос на културната дефиницја на трансцендenталниот поредок и оние кои што се исклучени од таквата квалификација (обичниот народ во

Кина, судирите во Индија, варварите во Рим, неверниците во Исламот).

Четирите општества од примерокот се поделени во два пара. Едниот го сочинуваат Кина и Индија. Во нив културниот систем е фокус на статусот на групите со висока позиција· образованото благородништво и двапати родените. Општествата од другиот пар - Рим и Исламската Империја развиваат концепција на општествената заедница која е повеќе ориентирана кон светот. Таа ги вклучува сите што можат да влезат во социокултурната заедница која што не ги нагласува пропишувачките бариери.

Парсонс укажува на низа особини на овие општества кои стануваат составен дел на модерноста, како и на нива недостатоци. Тие, пред се, се однесуваат на проблемите на интеграцијата на вредносниот поредок со диференцираните услови на комплексното општество, сместено во компексна средина.

Во делот од "Општества" кој се однесува на преодните општества, Парсонс разработува и некои општества што ги нарекува "Општества расадници". Ги определува како општества коишто дошле до одредени иновации што на нив конкретно не им помогнале да ги разрешат проблемите на сопствениот опстанок, но кои пренесени во други општества се покажале како неопходни за реализацијата на понатамошниот тренд на еволуцијата. Како такви ги наведува Израел и Грција - Израел како иноватор на јудаизмот, Грција на секуларната култура. На двете заедно им припишува голема улога во развојот на културен систем со универзални норми. Жебрејскиот морален систем е религиозен а грчкиот световен, но и во двата тој ја открива компонентата

на универзалноста, која станува неопходен ингредиент на модерноста.

Израел како општествена заедница го регулира сопствениот идентитет преку нормативен поредок содржан во канонските документи. Тие го регулираат примерокот на човечкит односи, вклучувајќи го и политичкиот авторитет, а тој нормативен поредок согласно со верата во универзалноста на Јехова е применлив на целото човештво. Овде е развиена концепцијата на морален поредок кој управува со човечките ствари, но кој е контролиран од трансценденталниот Бог и како таков независен од посебните општества или од политичката организација.

Грците развиваат културен примерок во кој религијата има друга нагласка отколку кај Евреите. Тие не го надминуваат архаичниот политеизам како што прават Евреите коишто на божественоста и даваат трансценденталност, единство и кохерентност Тие ги хуманизираат боговите. Она што притоа е значајно е што и двете - и боговите и луѓето ги сметаат за субјекти на природниот поредок кој е нормативен, односно тие развиваат општа концепција на поредокот. Овој универзалистички сфатен природен поредок не успеваат да го интернализираат во политичката организација на своето време, но тој е вклучен во римскиот правен систем и подоцна во христијанското учење кое ја сочинува основата на културните системи на Западните модерни општества. Христијанството како културен систем ги апсорбира елементите на секуларната култура на Антиката и формира матица од која се диференцира новиот поредок на секуларната култура. Христијанската култура со своите секуларни компоненти се диференцира од општеството во многу поголем обем отколку кај сите претходни оптества, а со тоа служи како поефективна сила за развој

на социо-културниот систем од било кој друг културен комплекс.

Диференцијацијата на културниот од општествениот систем го вклучува проблемот на интеграцијата. Во нејзиното разрешување Парсонс значајна улога и припишува на Римската Империја - како социјална средина за развојот на христијанството и како систем кој ги институционализира иновациите на грчката култура коишто понатаму се вградуваат во основите на модерниот свет.

Христијанското движење, како и грчката култура е определено како расадниче. Тоа не успеало да ја трансформира Римската Империја поради отсуството на потребните услови за неговата институционализација, меѓутоа неговите внатрешни компоненти (на пр. монашкото движење) го зголемуваат еволутивниот потенцијал и на духовен и на световен план. Западната црква, водена од идејата на нејзината светска мисија, потпомогната од монаштвото, гради централизирана организација со компоненти на бирократија, која се свртува кон проблемите на световниот живот. Таа го претставува мостот меѓу старото и модерното западно општество. По Парсонс еволутивниот развој во средновековниот период се остварува во Црквата. Нејзината структура делува на институционалните примероци ширум Европа коишто во текот на ренесансата се диференцираат од религиозната матрица, создавајќи ја основата на процесот на културната диференцијација.

Почетоците на системот на модерните општества се лоцирани во седумнаесеттиот век - во процесите на понатамошната диференцијација меѓу општествените и културните системи, за кои голем придонес има протестантизмот. Тој со фрагментацијата на повеќе гранки го поттикнува развојот на независни

национални монархии коишто го подржуваат религиозниот плурализам. Од нив се изделуваат Англија, Франција и Холандија, од кои секоја дава иновации врзани за националната солидарност. Англија е значајна по остварувањето на процесите на диференцијацијата преку кои општествената заедница се диференцира од религијата, политиката и економијата. Во неа почнува индустриската револуција којашто вклучува интензивен развоен тренд на активистички вредносен систем, со пораст на економската продуктивност поврзана со проширувањето на поделбата на трудот и проследена со потребата од нови механизми за интеграција. Франција е значајна по демократската револуција која се усмерува кон политичкото значење на членството во општествената заедница односно против нееднаквоста во богатството, политичкиот авторитет и привилегиите. Двете револуции ја стимулираат бирократијата - демократската преку стимулирањето на ефективната администрација а индустриската преку новата економија која бара рационални решенија и синтези.

Покрај индустриската и демократската револуција, како карактеристика на модерните општества Парсонс ја наведува и образовната. Таа ги има своите основи во просветителството. Тоа во образовниот процес вклучува интелектуални дисциплини базирани на световната филозофија и организирани во природни науки, хуманизам и општествени науки. Една од основните карактеристики на образовната револуција е ширењето на базичното образование на целото население, како и зголемувањето на бројот на населението вклучено во високото образование.

Нагласувајќи го значајот на трите револуции во модерното општество, Парсонс ја истакнува и нивната улога во породување на тензии и создавањето на радикални групи коишто

им се спротивставуваат на особините на постоечката општествена структура. Самиот правец на промената е определен кон новиот примерок на стратификацијата. Во него легитимната нееднаквост со пропишувачка основа се заменува со вредносниот примерок на егалитарноста кој бара друга основа на легитимизацијата. А таа база мора да биде функционална за општеството сфатено како систем. Притоа, проблемот кој израснува во рамките на усогласувањето на вредносните и функционалните барања се разрешува преку образовниот процес. Во него се воспоставува диференциран приод преку конкуренцијата за влегување во образовните институции и подоцна, преку натпреварот за носење на улогите. Сепак, рамнотежата меѓу вредносните барања за еднаквост и функционалните барања за ефективност, за Парсонс е голем проблем на интеграцијата на модерните општества.

Интеграцијата во плуралистичкиот систем на модерните општества е согледана во механизмите кои што се центрирани околу постигнувањето на воопштениот престиж на специфичните групи и статусите кои што тие ги заземаат. Притоа престижот на таквите групи е базиран на комбинација на повеќе фактори, како што се богатството, политичката моќ, па дури и моралниот авторитет. Престижот станува комуникациски јазол во кој се проценуваат, урамнотежуваат и интегрираат факторите неопходни за општествената интеграција.*49)

Набројувајќи ги карактеристиките на модерните општества, како Парсонс нивен најрепрезентативен примерок ги наведува САД, со економски, политички и културен систем коишто стануваат модел што го следат другите земји во нивниот пат на модернизацијата. Ова за него е видлив показател за

процесот на социо-културната конвергенција што се остварува во светот. Модернизацијата добива светски димензии. Сите општества инклинираат кон одреден степен на индустриска, политичка и образовна револуција, односно сите стануваат повеќе или помалку модерни. Но, стanувајќи слични едно на друго, тие истовремено се диференцираат преку улогата што ја имат во светскиот систем. Во однос на системот како целина тие се усмеруваат повеќе кон една цел отколку кон друга, служејќи, така, во општи рамки за одржувањето на примерокот, за интеграцијата или адаптацијата на средината. Човештвото по Парсонс се приближува кон остварувањето на единствен светски систем, во рамките на кој секое општество обавува диференцирана улога.

Стапките на еволуцијата кај Ајзенштат. Трочлената класификација на општествата на Парсонс ја прифаќа и Ајзенштат. Таа му служи како појдовна рамка за поконкретни анализи внатре во секој тип, посебно двата повисоки. Во нив разграничува и повеќе подтипови. Тој ги прифаќа факторите преку кои се разграничуваат Парсонсоновите стапки, но им дава посебна нагласка на два-технолошкиот развој и типот на политичката организација. Заемно поврзувајќи ги се концентрира на оние структурни примероци коишто се директно поврзани со нив - пред се класната типологија и престижните позиции на класните групи.

Во врска со примитивните општества Ајзенштат наоѓа дека вообичаената употреба на терминот е нејасна и затоа се обидува да го појасни со воведувањето во него на некои карактеристики на општествената организација на општествата на кои што се однесува: ниското ниво на општествената

диференцијација и последичниот ограничен капацитет на акумулација на вишок на вредности од било кој вид. Дополнувајќи ја оваа определба со сумирањата на показателите на нивото на општествената диференцијација дадени од Диркем [50] тој прави листа која вклучува четири основни карактеристики:

1. Примитивните општества имаат висок степен на структурна еквивалентност меѓу нивните различни единици;

2. Примитивните општества ги карактеризира висок степен на механичка солидарност;

3. Во примитивните општества социо-политичката сфера е ретко (ако е воопшто) одделена од социо-културната сфера,

4. Поради строгиот нагласок на примордијалните односи и симболи, примитивните општества се стремат да бидат скоро сосема нецентрализирани, односно тие немаат потполно диференцирана централна политичка организација[51].

Последната одлика не значи потполна бездржавност. Центарот за него е само дел од она што обично се мисли како држава. Од друга страна, истакнува дека нецентрализираноста на примитивните општества е од релативен карактер. Во некои од нив тој открива извесна централизирана политичка организација, која вклучува специјализирани политички и административни улоги, како и симболичко фокусирање на моќта и авторитетот.

Примитивните општества исто како и оние што не се примитивни, имаат начини на кои ја симболизираат врската меѓу општествениот и космичкиот поредок. Оваа функција кај нив е институционализирана на посебен начин. Таа не е отелотворена во структурно изделен центар, туку во церемониите

и другите посебни случки коишто непосредно ги вклучуваат сите структурни единки на општеството. Функцијата е распространета низ целото општество, зашто симболизмот за кого таа делува - општествен и космички е од примордијален, високо воопштен вид. Затоа и тој може да биде втемелен во роднинството како и во другите базични општествени единици. За ситуацијата на примитивните општества за Ајзенштат најодговарачки е парадоксалниот термин децентрализирана централност. Независно дали се говори за нив како за нецентрализирани или компонирани од центри, дистанцијата меѓу периферијата и центарот во нив е минимална. Ова доведува до тоа нивната општествена диференцијација да не и дава раст на општествената стратификација како автономна димензија на општествениот поредок.[52)]

Традиционалните општества, кои што го претставуваат преминот од примитивните кон модерните исто како и кај Парсонс, Ајзенштат ги разграничува во повеќе подтипови: племенски дружини, племенски федерации, патримонијални и феудални системи, градови-држави и империјални системи. Заедничко на сите им е сличното ниво на технологијата и така, сличните стапки на професионалните и институционалните позиции. Тој наведува листа на основни професионални и институционални позиции во овие општества: 1) селанството, во кое влегува најголемиот дел од населението и кое живее во слободни или потчинети селски заедници, 2) различни средни и повисоки градски економски и професионални групи (трговци, занаетчии, адвокати, лекари исл.), обично организирани во корпорациски единици; 3) пониски градски групи, компонирани од работници; 4) културни или религиозни групи, концентрирани

во универзитетски или училишни центри од религиозна или секуларна природа; 5) административни и политички групи од кои најзначајна е бирократијата; 6) аристократија, со висок степен на контрола над земјата и различен степен на контрола над централните политички и културни ресурси; 7) висока политичка елита, која го окружува кралот или императорот и има највисок степен на контрола над центарот или центрите на политичкиот систем. Во некои општества таа се поклопува со претходната група.

Во традиционалните општества е остварена значајна диференцијација меѓу центарот и периферијата, како на структурно така и на симболичко ниво. Ова е придружено со строги ограничувања на приодот на неелитните групи кои политичкиот и религиозниот центар или центри. Центрите стануваат најзначајни механизми на контрола на диференцираната партиципација и конверзија на ресурсите, иако и периферијата има извесна автономија во однос на нив. Два основни начини на општествената контрола коишто тие најчесто ги комбинираат се дефиницијата на целите и креацијата на вештачки реткости.

Заедно со листата на заедничките карактеристики на традиционалните општества, Ајзенштат дава и листа на елементите по кои се разликуваат конкретните општества од оваа стапка: 1) во обемот на симболичката и организациска автономија; 2) компонентите на идентитетот; 3) јачината на внатрешната солидарност; 4) обемот до кој развиваат посебен стил на живот; 5) обемот до кој овие стилови се нормативно пропишани; 6) обемот на слојната свест; 7) приодот кон различните центри; 8) местото на семејството и родниниските групи во процесот на формирањето на стратумите; 9) примерокот

на интерстратумските односи воопшто и општествената мобилност посебно.[53)]

Што се однесува до мобилноста во традиционалните општества, Ајзенштат го открива нејзиното присуство во секој од подтиповите. Еквилибриумот меѓу ресурсите, целите, медиите на размената, дистрибуцијата на позициите и улогите меѓу членовите на групите, како и регулацијата на пристапот кон високо вреднуваните позиции и стил на живот, по него никогаш не можел да биде обезбеден. Тој открива сили внатре во секое општество коишто делуваат континуирано и го пореметуваат. Една од нив е онаа на која се укажува како на основна и во марксистичката литература - растот на нивото или сумата на погодните ресурси во општеството, друга е порастот на аспирациите кај населението. Нивното комбинирано делување Ајзенштат го разграничува во три нивои на дезеквилибриумски ефекти: 1) создавање барања за нови служби и медии на размена - кои го зголемуваат протокот на размената и ја прават понезависна од центарот; 2) создавање можности за пореметување на односот меѓу различните комплекси на позиции, така што елитните позиции повеќе не можат да ги контролираат ресурсите како и барањата и потребите на посебните групи и 3) притисок за промена во целиот систем на размената како и во дистрибуцијата на титулите и привилегиите.

Преминот од традиционалните кон модерните општества по Ајзенштат има најразлични облици, условени од особеностите на традиционалните општества од кои се развиваат. Сепак, во најголемиот број случаи тој го пронаоѓа присуството на два феномени: 1) револуционерната промена, која за разлика од

промените во предмодерните општества, претставува повеќе или помалку свесно ориентирана промена кон измена на базичните особини на општествениот центар и 2) процесот на општествената диференцијација. Самите измени во центарот се движат во правецот на комплетната трансформација на содржината на центарот - социјална и културна, со драстични промени во примероците на партиципацијата и приодот кон ресурсите, како и во односот меѓу периферијата и центарот.

Базичната промена се состои во растечката секуларизација на општествените и политичките вредности. Приодот кон центарот и односите меѓу него и периферијата е обликуван од нагласените барања за еднаквост - изразени како барања за полна партиципација во сите сфери на општествениот живот.

Во структурен поглед, Ајзенштат укажува на некои карактеристики на модерните општества: 1) висок степен на развој на општествената диференцијација и професионалната специјализација; 2) развој на специфичен тип на општествена организација, втемелена во пропишани фиксирани рамки; 3) во сите големи институционални сфери развој на специјализирани улоги, на слободно пловечки ресурси (пари и општа политичка пддршка која не е втемелена во пропишани општествени рамки) и специјализирани и пошироки регулативни и распределбени механизми и организации. Во однос на диференцијацијата, како нивен најзначаен аспект, тој ја посочува сепарацијата на улогите што ги обавува индивидот (меѓу економските, политичките, културни, семејни, роднински и др.).

Модернизацијата во сферата на економијата е согледана во специјализацијата на економските активности и професионалните улоги, во развојот на производство ориентирано кон

пазарот, во зголемувањето на комплексноста на пазарот - во чии рамки израснуваат посебните пазари на трудот, добрата и парите. Во политичката сфера промените се однесуваат на прв план на стапката на политичката партиципација, приодот кон центарот, учеството во елитата и во структурата на моќта. Поконкретно тие се во: 1) развојот на високо диференцирани институционални структури, базирани на централизирана политика со посебни политички цели; 2) проширена стапка на централните, легални, административни активности и нивното проникнување во сите сфери на општеството; 3) продолжително протегнување на моќта, односно можности за моќ на пошироките групи од општеството и на сите возрасни граѓани; 4) слабеење на традиционалните елити и традиционалните форми на легитимизација на власта.[54)] Промените, пак, во културната сфера се остваруваат во ексклузивноста на различните групи, во стапката на општата партиципација во различните општествени сфери, во приодот кон различните цели, како и во можностите за учество во општиот вредносен систем.

Промените во модерните општества по Ајзенштат се во врска со промените во класата и класната свест. Своите констатации за нив ги базира на студиите кои користат примероци на модерни општества распространати низ сите континенти[55)], при што слојната свест е определена во термините на занимањето и богатството, односно во економската сфера. Класта во модерните општества се однесува на различните професионални категории, кои можат да се распределат во пошироки категории: во висока, средна и ниска класа.[56)] Притоа, тој констатира сличности во таквото групирање кај најголемиот број општества. Така, високата класа обично

ги вклучува највисоките групи на висококвалифкувани професионалци, високите државни службеници, врвните бизнисмени и сопственици. Средната класа е поделена во повисока група во која влегуваат професионалците од среден ранг, сопствениците на помали претпријатија, административните службеници и во пониска - која ги вклучува висококвалификуваните работници, пониски административни работници и продавачи, ситни сопственици. Ниската класа повторно има две подгрупи: повисока на квалификувани и полуквалификувани мануелни работници и сервисни работници и ниска - на неквалификувани работницо. Тој укажува на примената и на друг класификационен систем кој е базиран на поделбата на занимањата на мануелни и немануелни, со внатрешни подругип (пр. мануелните во :квалификувани, полуквалификувани и неквалификувани и немануелните во: професионалци и техничари-менаџери, административци и сопственици, продавачи).

Сопствените истражувања на рангирањето на занимањата во пвеќе модерни општества (САД, Британија, Германија, Нов Зеланд, Јапонија и СССР) го доведуваат до заклучокот дека во модерните општества, независно од нивната социокултурна основа, постои релативно непроменлива хиерархија на престижот која е базирана на самиот индустриски систем. Извесни несогласувања на кои наидува (обично врзани за земјоделските занимања и сервисите) ги објаснува преку разликите во должината и зрелоста на индустријализацијата во различните земји. Сличности открива и во земјите кои се во фаза на индустријализација, кога нивниот примерок го споредува со оној на индустријализираните. За него модерната скала на занимањата е еден од предусловите за развојот на индустрискат

економија. Со тоа земјите во развој кои побрзо ја усвојуваат имаат поголеми изгледи за побрз развој.

Модерните општества воопшто ги карактеризира општа тенденција кон промена. Затоа и нивна голема потреба е да изградат механизми за апсорпција на продолжителните барања за промена.

Критики и сумирања

Во функционалистичкиот концепт на еволуцијата таа се претставува преку делувањето на трите основни процеси, посочени од Спенсер - диференцијацијата, интеграцијата и адаптацијата.

Во однос на процесот на диференцијацијата, чии толкувања заземаат најширок простор во сите концепти, видливо е неговото сведување на промени во структурата на улогите и нормите во дадената единица на истражување. Овде вниманието е усмерено кон проучувањето на условите кои што доведуваат до појава на нови улоги и норми што заменуваат една стара улога или норма. Притоа забележлива е идејата на Диркем за професионалната специјализација која се однесува како на економските улоги така и на улогите во останатите сфери на општествениот живот.

Карактеристиките на процесот на диференцијацијата, изнесени во текстовите на функционалистичката литература, Ентони Смит ги има сумирано во следната листа:

1. Таа е основен мотор во историската промена;

2. Се однесува на сите елементи на општествената структура и култура;

3. Ја претставува основната рамка за класификација на типовите и стапките на општествените структури;

4. Таа е неминовна и се остварува низ долг период;

5. Ја зголемува човековата автономија и општествената зрелост преку својот капацитет за максимизирање на неговата контрола над природата и како таква е добротворен процес;

6. Израснува само во контекстот на системот и во структурата на неговите делови и како таква е иманентен процес[57])

Во еволутивниот концепт процесот на диференцијацијата го повлекува процесот на интеграцијата, односно тој поттикнува механизми за ново поврзување на диференцираните делови. Тој е посебно значаен и поради тенденциите за дезинтеграција кои се јавуваат во целиот тек на нејзиното остварување. На нив укажува Парсонс во "Општествен систем", дефинирајќи ги како пореметување на системот на очекувањата кој повлекува реинтегрирачки процеси[58]) и Смелсер во "Општествената промена во индустриската револуцаиј"[59]) во кое ја развива својата секвенца за разраснувањето на инхерентните тензии кои го придружуваат процесот на диференцијацијата во општествата што се индустријализираат. Процесите на интеграцијата посебно ги разработува Ајзенштат преку следењето на процесите на институционализацијата и преку проучувањето на улогата на елитата во изградбата на ресурси на моќта преку кои се координираат специјализираните активности во рамките на диференцираниот општествен систем.

Процесите на диференцијацијата и интеграцијата својот извор го имаат во потребата од прилагодување на

средината. Во еволутивните анализи обично овој процес не се разработува, но тој е однапред претпоставен. Истите процеси истовремено ја произведуваат новата адаптација. Кога тие се остваруваат на оптимален начин новите структури стануваат поприлагодени на промените во средината. Адаптацијата е извор и финална последица на диференцијацијата и интеграцијата.

Со воведување на адаптацијата како процес на растечки капацитети на системот за преживување, се сугерира идејата дека секој општествен систем што се наоѓа на повисока позиција на патот на еволуцијата е поефективен во однос на господството над природата во однос на оние што се наоѓаат под него. Така, преку неа, еволутивниот концепт станува и концепт на прогресот.

Функционалистичкиот концепт на еволуцијата покажува одредена блискост со биолошката наука, чии претставници посочуваат два основни пата во еволутивниот развој на видовите - кои што можат да се применат и на човештвото. Тоа се кладогенезата или гранковата еволуција и анагенезата или полифилетската еволуција.[60)] Смит оценува дека еволутивниот концепт на Парсонс е нагласено кладогенетски[61)]. Функционалистите ги подржуваат биологистичките тези за блискоста меѓу билошката и општествената еволуцкја. Се чини дека при тоа најблиски им се ставовите на Добжански[62)] за биолошката еволуција како неопходен предуслов за општествената. Првата довела до зголемување на човековиот капацитет за креирање на културата. А откога тоа се остварило, откога луѓето почнале да ја креираат својата средина тие можеле да го менуваат своето однесување далеку побрзо отколку што тоа

може преку билошката мутација и адаптација.

Општествената еволуција сфатена како продолжителен процес ја вклучува во себе претпоставката за нејзиниот извор. Надворешната средина е земена како поттикнувач на она што и е својствено на општествената единица - таа ги придвижува механизмите кои се нејзино иманентно својство.

Надворешната средина е вклучена во концептите и на класичниот еволуционизам и на неговите неоеволуционистички продолженија од кои едно е функционалистичкото. Меѓутоа, во нејзиното третирање постојат некои разлики, кои се и основните разлики меѓу нив. Во ендогенетскиот концепт на првите, општествата компонирани од единици опремени со специфичните особини на човештвото како биолошки вид, ги имаат истите внатрешни сили за разрешување на проблемите на опстанокот. Посебните општества поседуваат исти капацитети кои при активирањето под притисокот на зголемените потреби на опстанокот, ни даваат раст на истите еволутивни процеси. Овде, на апстрактно ниво, поставена е единствена линија на еволутивниот тек. Проблемите пак, предизвикани од отстапувањето меѓу апстрактниот концепт и емпириските податоци за конкретните општества, односно расчекорот меѓу идејата за единствениот пат на еволуцијата и големиот број модалитети низ кои таа се манифестира во реалноста, се разрешува преку воведувањето на факторот на надворешната средина. Комплексот капацитети за обезбедување на опстанокот се определува како еден и ист, но тој се активира на различни начини во различни ситуации. Различните средини вршат притисок врз различни компоненти на комплексот, активирајќи некои а оставајќи ги

неутрални или кочејќи ги другите. За разлика од еднолиниските објаснувања, во повеќелиниските причините за разликите не се врзуваат нужно за факторот на надворешната средина. Во нив е напуштена целта да се открие суштината на општеството и затоа е оставена можност за претпоставки во однос на силите на она што не е истражено. Тие можат да одат до таму надворешната средина како средство за објаснување сосема да се исфрли. Тоа и го прави Диркем, кој се што се случува во општеството настојува да го објасни преку него самото.Во тој поглед функционалистичките тези се поблиски до оние на концептот на еднолинејската еволуција. Од нив ги дели само нивото на интересирањата.

Концептот на еднолиниската еволуција ја вклучува целта на откривањето на општите модели на однесувањето, карактеристични за сите општества. Тие се стремат кон формулирање на општи закони на кои подлегнува општествената промена воопшто. Оттаму и запаѓањето во погрешката на која укажува Редклиф-Браун- да се прават воопштувања кои излегуваат надвор од рамките на емпириските проверки.

Неоеволуционизмот во својата функционалистичка верзија, напуштајќи ја идејата за еднолиниската еволуција всушност ја вградува идејата на еволуцијата во концептот на промената кој не е со високо ниво на општост. Овде се оперира со претпоставката за постоење правилности во општествената промена, односно за постоењето на јадро на општи карактеристики на општествата, чие манифестирање може да се претстави како комплекс на општи закони. Меѓутоа, ограничувајќи се на емпириски достапните податоци, теоријата не ги дефинира

универзалните закони на промената. Нејзиниот интерес е ограничен на воопштувањето на карактеристиките на општествата за кои постои историска евиденција. А, апстрахирајќи ги општите обележја од емпириски достапните показатели, таа неминовно се соочува со фактот на емпириското разнородие на општествата. Така, сами од себе се наметнуваат две истражувачки цели: прво, да се утврдат сличностите меѓу општествата и да се одреди нивната насока, која може да вклучува и повеќе линии - паралелни една на друга и второ, да се обрне внимание на оние карактеристики кои се специфични за општествата што се предмет на емпириска анализа. Овие цели се присутни и во современите верзии на еднолиниската еволуција, чии претставници (Салинас и Сервис) воведуваат две нивои во следењето на еволутивната промена - општо и специфично.[63)]

Усмерувањето кон специфичните причина за еволутивната промена кај конкретните општества за Ајзенштат ја преставува основната предност на неоеволуционизмот над еволуционизмот. Новата смерница по него дава можност за објаснување на: а) процесите на промената во општествата; б) процесите на разидувањето од едно до друго општество; и в) ширината до која овие разидувања можат да се кристализираат во посебни типови или стапки.[64)]

Во однос на последната цел изградени се повеќе шеми на стапките на еволуцијата кои имаат многу сличности - од кои основната се однесува на последната стапка. Кај сите тоа се модерните општества, со комплекс на карактеристики условени од базичниот процес на индустријализацијата. Во најголемиот број теории централната категорија се модерните

општества. Новите теории на еволуцијата се теории на модернизацијата. А во нив таа е определена со една линија кон која инклинираат сите постоечки општества. Всушност, со теоријата на модернизацијата, неоеволуционизмот ја обновува идејата на еднолиниската еволуција.

ВТОР ДЕЛ

ПРОМЕНА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ОПШТЕСТВА

ГЛАВА IV

# ФУНКЦИОНАЛИСТИЧКАТА ТЕОРИЈА НА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА

Во современите социолошки теории не постојат никакви дилеми околу сеприсутноста на промената во целата структура на општествата денес, како и околу нејзината комплексност, брзина и разновидност. Дилемите се јавуваат во контекстот на барањето на начините на нејзиното научно претставување - околу утврдувањето на примерокот кој ќе ги опфати заемните односи на многубројните процеси во кои таа е групирана. Еден од тие примероци, кој наидува на општо прифаќање од страна на претставниците на функционалистичката социологија е оној на модернизацијата.

## Модерност и модернизација - определба на поимите

Зборот модерност во англискиот јазик почнува да се употребува уште во XVI век за да го означи она што е карактеристично за сегашната доба. Особеностите на модерноста го вклучуваат контрастот меѓу сегашните вредности и оние што постоеле порано. На пример - при определбата на модерните општества обично се мисли на егалитарното општество, општеството ориентирано кон постигнувањето, државата на благосостојбата, слободното општество, активното општество, општеството на партиципацијата, она што е ориентирано кон иднината.

Сумирајќи ги карактеристиките кои современите социолози и ги припишуваат на модерноста, Лернер утврдува повеќе точки на согласност: 1) кај сите постои согласност околу одреден степен на самоодржуван раст на економијата, 2) одредена мерка на јавна партиципација во политиката или барем демократска репрезентација во дефинирањето и мерењето на политичките алтернативи, 3) дифузија на секуларно - рационални норми во културата, 4) пораст на мобилноста во општеството, сфатена како лична слобода и физичко, општествено и психичко движење, 5) кореспондирачка трансформација на модалната личност која ги оспособува индивидите да делуваат ефективно во општествениот поредок кој делува согласно со горепоменатите карактеристики, односно менување на личноста кое ги вклучува во себе потребата за постигнување и усменоста кон другите (барањето на себе во другите)[1)]

Во сите определби на модерноста е претпоставено дека општеството е во состојба да се трансформира и дека тоа се случува под сите околности. Целисходната општествена промена станува рутинска, а ориентацијата кон неа е својство на сите организации и институции внатре во општеството. Притоа, откривањето на организациските структури кои ја овозможуваат рутинизацијата на промената е глобална општествена и парцијална организациска цел. Заедно со нејзиното остварување тече и паралелниот процес на откривањето на она што е релативно трајно - барем во блиска иднина, за да можат на негова основа да се формулираат процесите за остварување на контрола на промените внатре и надвор од нивните граници[2)]

Поимот на модернизацијата се однесува на некои апстрактни карактеристики на општествената структура и

општествените процеси, таа е комплекс на процеси чии почетоци имаат просторна и временска локација и кои откако еднаш почнале да се остваруваат општествената промена ја направиле универзална и просторно и временски. Поимот ја опфаќа промената која се случува во специфичен и ограничен временски период, во кој добива посебни карактеристики, кои понатаму стануваат особеност на промената во светски димензии

Во рамките на функционалистичката социологија постојат повеќе дефиниции на модернизацијата, меѓу кои постојат одредени точки на разликување но и повеќе базични согласности. Некои претставници настојуваат да дадат дефиниции кои се во согласност со холистичкиот концепт на општеството. Така Блејк во согласност со ставот дека единствено холистичка дефиниција одговара за појавата која ја карактеризираат процеси кои се комплексни и заемно испреплетени во своите многубројни аспекти, како нејзин најопшт аспект ја определува акумулацијата на знаењето и методот на рационалното објаснување преку кој тоа е постигнато. "Модернизацијата се однесува на динамичната форма која стариот процес на иновацијата ја добива како резултат на пролиферацијата на знаењата во последните векови. Нејзиниот корен е во ставот, во верувањето дека општеството може и треба да биде менувано, дека промената е пожелна" и понатаму "модернизацијата е процес преку кој историски настанатите институции се прилагодуваат на брзо менувачките функции коишто се рефлектираат на растот без преседан во човечкото знаење, воспоставувајќи контрола над средината која ја придржува научната револуција."[3)]

Во својата определба на модернизацијата Хелперн ги отфрла квантитативните одредници на процесот,како што се оние на брзото зголемување на моќта на луѓето, на идеите, ефикасноста во работењето, економскиот профит, развојот на модерна политика. Модернизацијата за него не е проста магнификација или унапредување, нејзиното движење не е исправување, проширување, продлабочување на линијата на патот трасиран од најразвиените нации. Она што е основно за неа е "трансформацијата на сите системи преку кои луѓето го организираат своето општество, односно неговите политички, општествени, економски, интелектуални, религиозни и психолошки системи"[4]. Трансформацијата, пак, како основен белег на револуцијата на модернизацијата, не е прекин со минатото во сите инстанци. Низа од елементите и врските што ги сочинуваат предмодерните системи продолжуваат да постојат и во сегашноста, со изгледи да се протегнат и во иднината. Трансформацијата претставува посуптилна и потешка промена од деструкцијата на минатото и не помалку радикална"[5]. Револуцијата на модернизацијата е првата револуција во човештвото која поставува нова цена на стабилноста на општествениот систем - односно која бара траен капацитет за произведување и апсорбирање на постоечката трансформацја. Тоа е капацитет истовремено за поврзување и стабилност како и за промена во ситуацијата кога базичните елементи и врски на традиционалниот систем престануваат да функционираат. Одржувањето на капацитетот на трансформацијата ги вклучува и единствената модална можност и единственото модално барање за остварување на базичната револуција на нашето време.

Споредувајќи ги традиционалните и модерните општества, Хелперн констатира дека првите, за разлика од вторите, продолжително не биле соочени со барањата за трансформација на системот. Кога се соочувале со конкретен предизвик од таков вид, обично после векови, тие одговарале или со дезинтеграција или со создавање на нов систем, близок до претходниот. Модернизацијата, пак, од сите системи на општеството бара капацитет за постојано опстанување преку давањето одговори на предизвиците, на новите прашања,факти, решенија.[6)]

На системската трансформација, преку која се остварува преминот од традиционалноста кон моедноста, укажува и Роберт Белах.[7)] Притоа, од системите што се трансформираат, основна улога му припишува на вредносниот. Тој ги спротивставува општествата од фазата на модернизацијата на оние од традиционалната, а разликата ја засновува на нивните вредносни системи. Традиционалните ги согледува како свртени кон оностраноста и затоа во општествата во кои тие владеат иновацијата е отфрлена како средство за поединечно постигнување. Овде целите се врзани за колективноста која настојува да се одржи во дадената состојба, а бидејќи го постигнува тоа отсуствува чувството за континуиран развој. За разлика од тоа, во модерните општества целите се субјект на рационална процена, а во ситуацијата на пораст на можностите за комуникација, станува можен изборот на цели согласно со рационални критериуми - од алтернативите чиј број во тек на времето се зголемува. Модернизацијата по Белах во прв план се остварува преку промените во прифатените вредности. Промените се остваруваат од "пропишувачкиот" кон "принципиелниот" вредносен систем, од системот со голем број специфични норми во однос

на секоја ситуација кон систем којшто е пофлексибилен, кој ги разграничува религијата и идеологијата, односно во кој се изделуваат вредностите и нормите. Она што притоа Белаха го разликува од другите коишто во движењето од традиционалноста кон модерноста го истакнуваат значењето на промените во вредносниот систем е неговото согледување дека традиционалниот вредносен систем не е нужно помалку адаптиран од модерниот.[8] За другите, пред се Парсонс, движењето од традиционалната стапка која ја карактеризираат партикуларизам, пропис и функционална дифузност, кон модерната која е управувана од вредносниот универзализам, постигнувањето и спецификацијата претставува процес на општествено созревање.

Во однос на вредносната и мотивациска ориентација на човекот во општеството, односно во однос на распонот што го нудат општествата како можност за определување во однос на изборот на вредносните примероци и примероците на делувањето, Парсонс ја дава оваа табела:

Табела бр. 1

Групирање на варијаблите на примерокот[9]



Движењето од традиционалноста кон модерноста по него е проследено со постепено поместување од примероците на партикуларизмот и прописот во вредносната ориентација кон оние на универзализмот и постигнувањето, додека во мотивациската ориентација од дифузноста и афективноста кон специфичноста и неутралноста. Овде е јасно согледиво влијанието на Вебер со неговите четири типа на општествена акција (целно.-рационална, вредносно-рационална, традиционална и афективна)[10] во кои Парсонс ги вградува ситуацискиот елемент, кој ги вклучува од една страна позицијата на актерот во дадениот општествен систем и од друга страна -значајна во контестов - позицијата на општествениот систем во текот на општествената еволуција, односно во движењето од традиционалноста кон модерноста.

Од дефинициите на модернизацијата најчести се оние кои ја определуваат во историски термини. За Ајзенштат таа е "процес на промена кон оние типови на општествени, економски и политички системи кои се развиваат во Западна Европа и Северна Америка од XVII кон XIX век и тогаш се шират во другите европски земји и од XIX и XX век кон Јужно Американскиот, Азискиот и Афричкиот континент"[11)]. За Бендикс "модернизацијата се однесува на тип на општествена промена која се раѓа во индустриската револуција во Англија од 1760-1830 и во политичката револуција во Франција од 1789-1794"[12)]. Економскиот и политичкиот прекин кој се случил во Англија и Франција во осумнаесеттиот век, по него сите други земји ги ставил на позиција на "заостанати". Дури, истото се случило и кај водечките земји во однос на компонентите кои не се развиле во нив самите. Индустриската трансформација била

модел за промена на Франција и политичката револуција на Англија.

Мерион Леви во определбата на модернизацијата го истакнува економскиот момент како првичен. "Јас би го сметала било кое општество за помодернизирано во колку има поголем процент на неживотински отколку животински извори на енергија и во колку е поголема ширината до која се мултиплицираат човечките напори преку употребата на орудија"[13]. Слично на неа за Мур таа претставува "тотална трансформација од традиционалното или предмодерното општество во типот на технологија и придружна општествена организација која ги карактеризира "напредните", економски проспериритетните и релативно политички стабилни нации на Западниот свет". Кога се говори за модернизацијата, всушност по него се говори за индустријализацијата. А "индустријализацијата значи екстензивна употреба на неживотински извора на енергија во економската продукција, и сето тоа придружено со одговарачка организација, транспорт, комуникација и сл."[14]

Во својата определба на модернизацијата и Смелсер го нагласува економскиот момент, нако додава и други елементи. "Терминот "модернизација" - концептуален родника на терминот "економски развој", но посеопфатен во обимот - се однесува на фактот што техничките, економски и еколошки промени се разгранати низ целата општествена и културна фабрика"[15]. Тој укажува на неколку процеси што го придружуваат економскиот раст ( дефиниран како раст на доходот по глава на жител), кои можат да бидат симултани, но во одредени ситуации да делуваат и изолирано еден од друг:

1) Раст на технологијата - премин од прости и традиционални техники кон примена на научното знаење;

2) во земјоделието премин од натурално кон стоково производство на земјдоелски добра;

3) во индустријата премин од употреба на човечка и животинска сила кон идиустријализација;

4) во просторната распространетост движење од фармата и селото кон градот.

Признавајќи им самостојност на овие фактори, Смелсер истовремено констатира дека тие во општествената структура предизвикуваат слични последици. Сите им даваат раст на неколку процеси: а) структурната диференцијација, односно промената во правецот на основање на поспецијализирани и поавтономни општествени единици, карактеристична за сите општествени сфери, пр. економската, семејната стратификациската; б) интеграцијата која го менува својот карактер со промената и општествениот поредок предизвикана со структурната диференцијација; в) општествени пореметувања кои ја рефлектираат неусогласеноста меѓу двата претходни споменати процеси.[16)]

Општи белези на процесот на модернизацијата

Во функционалистичката теорија двата системи - традиционалниот и модерниот се определени како општи системи со повеќе заемноврзани варијабли. Некаде тие се сфатени како два заемно исклучиви комплекси, но почесто само се нагласуваат разликите кои не значат заемна негација. Дури, најчесто преминот од едниот во другиот се прикажува преку израснува-

вањето на атрибутите на модерноста и нивното мешање со оние на традиционалноста, со прогресивно опаѓање на едните и зголемување на другите. Во таа смисла Леви дава континуум во кој ги поредува општествата согласно со нивото на истиснувањето на компонентите на традиционалноста со оние на модерноста [17].

На двете револуции - индустриската револуција во Англија и демократската во Франција се укажува како на она што ја означува границата меѓу традиционалноста и модерноста. Меѓутоа, границата е ствар на теориска категоризација а не на емпириска евиденција. Тие се согледани не како средство за остварување на квалитетивен скок туку како моменти во кои дошло до кулминација на оние карактеристики кои, развивајќи се постепено во рамките на традиционалниот поредок не можеле порано да бидат јасно согледани. Притоа, низа од елементите кои се одредувачки за традиционалноста (роднинските врски, религиозните верувања, територијалниот комунализам) продолжуваат да постојат, не изгубувајќи се ниту во најразвиените индустриски општества.

Модернизацијата се остварува во општества со најразлична традиционална основа. Таа се остварува во феудалните држави на Западна Европа со апсолутистички режими и развиени урбани центри, во општествата на Источна Европа со полуавтократски режими и помала урбанизација, во Северна Америка и Австралија преку процесот на колонизацијата и емиграцијата, во Јужна Америка во олигархиските колонијални општества, во Јапонија со централизирана феудална држава, во Кина со империјална држава базирана на специфично писмено-бирократски

институции.[18] Нејзините "примероци секогаш започнуваат и кога еднаш ќе започнат претходните внатрешни примероци секогаш се менуваат во правецот на некои од примероците на релативно модернизираните општества"[19]. Она што притоа битно ги разликува општествата е времето на започнувањето на процесот.

Модернизацијата во општествата во кои прво започнува е сфатена како иницијален процес. Таа се остварува како последица на феномени кои се внатрешна карактеристика на општествата. Надворешните фактори, како нејзини можни иницијатори овде потполно се исклучени. Во општествата, пак, кои подоцна започнуваат да се модернизираат, процесот е делумно инхерентен а делумно предизвикан преку процесот на дифузијата на определени елементи од општествата што претходно се модернизирале. Остварувањето на процесот бара исполнување на одредени предуслови, кои со оглед на разликите во традиционалната основа, не се насекаде еднакви. Така, за Англија предуслов било губењето на примерокот на државната контрола во сферата на економијата. За неа масовното образование не претставувало неопходен предуслов, но тоа е такво за поголемиот дел од општествата што подоцна се модернизирале. За нив е нужен образовен систем кој ќе ги припреми членови за практична примена на знаењата со рационална основа во дејности коишто вклучуваат односи што се прецизно дефинирани и разграничени. Освен тоа, за подоцна модернизирачките држава со своите централизирани институции најчесто е определена како нужен предуслов. За Леви некои од предусловите за оние што подоцна се модернизираат се исти со оние на самомодернизирачките, но некои не се. Од друга страна, во одреден

историски период постои нивна коинциденција кај општествата со приближно исто ниво на развиеност.[20)]

Кога процесот на модернизацијата ќе започне, тој понатаму се остварува на сличен начин во сите општества. Негова централна карактеритиска и основен проблем е "продолжителната промена, односно нејзината инхерентна тенденција кон системска трансформација".[21)] Корените на промената обично се наоѓаат во самата природа на модерноста- во нејзините структурни карактеристики и основни вредности, какви што се растечкиот нагласок на вредностите на човековиот дигнитет, општествената еднаквост и можноста на широките групи за партиципација во формулација на централните симболи и институции. Притоа, промената може да има реформаторски карактер или да води кон потполна трансформација на системот. Меѓутоа, и во двата случаи нејзините ефекти се такви што општествата ги прават битно различни од нивната традиционална основа. Нивната магнитуда по Бендикс може да се споредува само со онаа на трансформацијата од номадски во населени земјоделски општества од пред 10 000 години.[22)] Таа прави сите традиционални општества да се чинат слични едно на друго, независно од местото и времето на нивната егзистенција За Леви "англиското модерно општество се развило од англиското општество од XIII век, но англиското општество од XIII век има многу повеќе заедничко со Тробријандските островјани отколку со модерна Англија"[23)].

Во основата на процесот на модернизацијата е процесот на индустријализацијата. Овој став е општо прифатен, него не го доведуваат во прашање ниту оние автори кои

вклучуваат други елементи во своите дефиниции. Одредени разлики постојат само во одредувањето на нивото на неговата униформност. За повеќето индустријализацијата како иницијален процес, забрзан со откритијата во технологијата и примената на енергијата, насекаде произведува исти ефекти, иако постојат и поединци кои ја оспоруваат униформноста преку укажувањето на улогата на дифузијата и значајот на државата за нејзината реализација.[24] Индустријализацијата условува развој на карактеристики коишто ја сочинуваат срж̀та на модернизацијата. Тие се однесуваат како на социо-демографските аспекти на општествата така и на структурните аспекти на нивната организација. Таа го условува процесот на социјалната мобилизација, односно "процесот во кој големиот кластер на стари општествени, економски и психолошки задолженија еродираат и се прекинуваат, со што луѓето стануваат способни за нов примерок на социјализација и однесување".[25]

Заедно со процесот на индустријализацијата, голема улога во промените на општествата во правецот на модернизацијата му се припишуваат на политичкиот фактор. По Ајзенштат модернизацијата вклучува два, блиско поврзани аспекти - развојот на општествена структура со голем варијетет на структурни форми со продолжително променлив карактер кои систематската трансформација ја прават продолжителен процес и креирањето способност за градење на институционална структура која е способна да ги апсорбира проблемите од продолжителната промена.[26] Политичкиот фактор по него е посебно значаен во однос на вториот аспект. За неговото остварување придонеле системите во западно-европските земји со конституционално

плуралистички примерок, израснати преку комбинирањето на повеќе фактори. Тие поседуваат способност за апсорпција на промената, а таа способност е повеќе плод на спонтано делување отколку на свесна политичка цел. Таа се остварува преку флексибилноста на политичките институции и чувствителноста на политичките и општествени елити за континуирано променливите барања врзани за формата на политичката организација. Како иницијатори, пак, на барањата се посочуваат различните општествени, професионални и културни групи, интересните групи, општествените движења, дифузното јавно мислење, но исто така и самите политички елити коишто апелираат на поддршка на таквите групи во рамките на политичките партии. "Во овие општества политичките иновации се стремат да бидат иницирани и артилулирани од политичкото водство од различните партии коишто ги апсорбираат импулсите за промена од јавноста, од широките општествени групи и стратуми и така ја мобилизираат широката поддршка за различни цели и политики".[27] Нивната улога во текот на времето станува се поголема, со растот на процесот на диференцијацијата и со последователната потреба за конкретизација на парцијалните политички решенија. Оваа тенденција на зголемување на нивната значајност во донесувањето на решенијата тој ја согледува во сите режими со продолжителна модернизација - како оние од конституционален така и оние од тоталитарен тип.

На значајот на улогата на државата во остварувањето на процесот на модернизацијата, посебно се укажува кога станува збор за општествата коишто подоцна се вклучуваат во неговите текови. По Бендикс во нивните случаи државата

игра посебна улога како во трасирањето на модернизацијата така и во совладувањето на изворите на напнатостите кои обично се јавуваат. Нејзината улога е голема и во структурната сфера - таа е значајна основа на општествената мобилност, економската безбедност и релативната благосостојба.

Во функционалистичката литература можат да се разграничат уште два фактори на кои им се посветува посебно внимание како на услови на растот на модернизацијата - образовниот и еколошкиот. Масовното образование се покажува како нужност со зголемувањето на комплексноста на општествените улоги коишто поради својата специфичност бараат посебна припрема на нејзините носители. Значајот на образованието се зголемува во текот на модернизацијата во земјите во кои таа е иницијален процес, но тоа се покажува како предуслов, како што е веќе споменато, за земјите кои подоцна се вклучуваат во нејзиниот тек. Еколошкиот фактор се однесува на просторната прераспределба на населението со усмереност од селото - окупирано со земјоделски активности - кон градот - како центар на индустриското производство. Урбанизацијата, меѓу другото, придонесува за деструкцијата на стариот поредок, со нееднаквости базирани на роднинските врски и наследените привилегии и изградбата на новиот - базиран на принципите на правната еднаквост.

## Промени во структурата на општествата во текот на модернизацијата

Во студирањето на текот на модернизацијата, како основно аналитичко орудие се користи концептот на структурната

диференцијација. Со негова помош Смелсер ги истражува промените, коишто по него се основни за преминот од традиционалноста кон модерноста - промените во технологијата, производството, просторната распределеност. Промените во технологијата се остваруваат преку преминот од прости техники кон научно знаење, како и во земјоделието од натурално земјоделие кон пазарно производство на земјоделски добра. Во производството промената е во типот на енергетските извори - од употребата на човечка и животинска сила кон машинско производство кое вклучува искористување на различни типови на енергија. Просторната транзиција се однесува на концентрацијата на населението во градовите во кои се лоцирани индустриските капацитети. Овие процеси по Смелсер постојат преку структурната диференцијација која се остварува на таков начин што општествените структури коишто исполнувале повеќе економски функции се заменуваат со нови кои ги одликува повисока специјализација. Тие можат да се остваруваат напоредно еден со друг, но исто така, постои можност некои да бидат независни од другите. Од друга страна, структурната диференцијација во другите општествени сфери, како што се семејството, религијата или стратификацијата за него не треба да се сфатат како проста рефлексија на процесот на индустријализацијата. Некои од нив тој пронаоѓа во прединдустриската ера. Затоа и за него разграничувањето меѓу традицијата и модерноста не може да има систематски карактер.

Процесот на диференцијацијата Смелсер, како и другите претставници на школата, го разгледува во неговата меѓуигра со процесот на интеграцијата. Така, кај традиционалната економија која ја карактеризира мала диференцијација

на семејните и економските активности, која е остварувана во рамките на домаќинството како повеќе или помалку самодоволна единица, постои висок степен на интеграција базирана на безпоговорното прифаќање на авторитетот на општествениот ранг и религиозните норми. Модерната економија, пак, ја карактеризира изделување на семејното домаќинство од работното место. Меѓутоа, ова е проследено со раст на меѓузависноста на семејствата со пазарот и на работниците со фабриката. Традиционалната солидарност слабее, но заедно со тоа и она што е нејзин недостаток - притисокот врз личноста, недостигот на самостојност, изделеноста меѓу посебните домаќинства[28] Во однос на ова со Смелсера сосема се согласува и Бендикс. За него традиционалните општества постигнуваат висока солидарност, базирана на блиските емоционални допири и исклучувањето на личноста. Меѓутоа, поради неразвиената технологија и малата комуникација тие се стремат кон заемна изолација. За разлика од тоа, во модерните општества солидарноста во малите групи е мала, но затоа постои висока меѓузависност на групите, која се остварува на безлично ниво - преку развиените комуникации и технологија. Но и овде, тој не го исклучува емоционалното врзување. Тоа се постигнува на две нивои - на лично ниво во малото нуклеарно семејство и на национално ниво преку националните лојалности.[29)]

Процесот на диференцијацијата Ајзенштат го разгледува на нивото на индивидуалните активности и на нивото на институционалните структури.

На нивото на индивидуалноста тој укажува на фактот на соочувањето со нови улоги коишто не се определени со

пропис туку се слободно пливачки. Нивната диференцијација се остварува преку делењето на различните улоги што ги игра индивидот - меѓу професионалната и политичката улога, меѓу нив и семејните и роднински улоги. Низа од тие улоги претпоставуваат подолг образовен процес кој вклучува и технички тренинг и интелектуален ангажман и вредносно поместување. Улогите се обликувани во духот на рационалноста и функционалната специфичност а индивидот треба да помине низ процес на себеобликување  за да биде во состојба да одговори на нивните барање.

Новите ситуации со кои се соочува индивидот поттикнуваат кон изградба на нов поглед на свет во кој е ставен нагласок на напредокот, спонтаното изразување на способностите и чувствата, индивидуалноста како морална вредност - со придружен нагласок на постигнувањето и ефикасноста.

Животот во модерноста по Ајзенштат условува и развој на нови персонални карактеристики - зголемување на способноста за прилагодување и ширење на општествените хоризонти, флексибилност на егото, проширување на сферата на интересите, растечка цена на самоусовршувањето и мобилноста. зголемување на нагласката на сегашноста како целисходна временска димензија на човечката егзистенција.[30)]

Диференцијацијата на институционално ниво е предмет на разгледување во повеќе сфери - економската, демографско-еколошката, политичката, стратификациската, културната. Во секоја од нив се остварува процес на делење во повеќе единици, организирани за остварување на специфични цели.

Во економската сфера развојот е поврзан со технологијата која систематски ги применува новите знаења. Тој се

остварува преку движењето од мали кон големи единици на производство, со централизирана бирократска организација како и со пазари од широк ранг. Економскиот процес добива нова структура со растечка поделба на трудот во секоја новодиференцирана единица и со растечка структура на општиот пазар. Во професионалната структура се јавуваат нови категории на групи а заедно со тоа нови професионални асоцијации. Тие потикнуваат кон раст на трендот на професионализацијата.

Во демографско-еколошката сфера се остварува континуирано слабеење на малите локалии - рурални и урбани единици во кои населението ги задоволувало најголемиот број свои потреби на релативно тесната територија. Сега доаѓа до дисперзија на различни функции (дом, работа, училиште, слободни активности) на широка територија. Се развиваат метрополни области со нови еколошки подединици.

Во сферата на општествената стратификација доаѓа до прекин на ригидниот хиерархиски поредок базиран на прописот и развој на променлив статусен систем во кој висока позиција имаат критериумите на постигнувањето и универзализмот. Во него постои:

- зголемување на мобилноста на индивидите и семејствата во однос на општествените позиции и креација на нови структурни позиции, условени од новопојавените економски, политички и административни организации;

- развој на нови механизми за регулација и распределба на општествените улоги - со слабеење на пропишувачките механизми и оние на директна распределба и раст на оние со непропишувачка и индиректна распределба;

- дисоцијација меѓу елитата и широките статусни групи;

- диференцијација на елитата (пр. политичка и интелектуална) и развој на поспецијализирани елити (различни професионалии, менаџерски и технички групи);

- со процесот на урбанизацијата кој условува кинење на некои од традиционалните пропишувачки критериуми на статусот (племенски, сталешки, регионални) развој на пофлексибилни општествени стратуми и вариетет форми на општествената организација (рангирани од функционално специфични економски претпријатија до различни слободни асоцијации);

- раст на дисоцијацијата меѓу институционализиранит формални организации и малите примарни групи.

Во текот на модернизацијата по Ајзенштат се остварува дисоцијација меѓу функционално специфичните групи и пошироките солидарности, меѓу критериумите на статусот, меѓу општествените стратуми и елитите и меѓу формалните и неформални аспекти на општествената организација, што се заедно креира статусен систем со висока флуидност и нејасност.[31) ]Местото во овој систем се одредува не преку улогите што се концентрично поврзани туку преку големиот број улоги кои се релативно независни една од друга. Местото е несигурно, а таа несигурност не е условена само од причини врзани за индивидот, туку во поголем обем од самата природа на општествената организација, во која преку континуираните промени во структурната диференцијација постојано искрснуваат нови можности за напредок во статусот, но и за несигурност, страв и политички конфликт.

Модернизацијата во политичката сфера ја карактеризира растечка експанзија на територијалниот ранг и посебно интензивирање на моќта на централните, легални, административни и политички агенции во општеството и второ, продолжително ширење не потенцијалната моќ на пошироките групи во општеството (обично на сите возрасни граѓани).

Покрај специфичните типови на организации преку кои се артикулираат политичките барања, Ајзенштат им обрнува внимание на неколку други специфичности на модерната политичка организација - интересните групи, општествените движења, јавното мислење и политичките партии. Првите три од листата ги определува како компоненти на последната - на партијата како најартикулирана форма на модерната политичка организација, иако на сите им признава одредена автономија и сопствени ориентации кои можат да доведат до одредено непоклопување меѓу нив. На интересните групи тој им припишува тесно ориентирани цели - тие настојуваат да постигнат конкретни интереси во одредена сфера - економска, религиозна, културна и сл., а интересот за пошироките политички ориентации е зависен од неговото вклопување во парцијалните цели. Општествените движења, битна карактеристика на модерните општества, ги разликува според нивото на општоста на целите, подредувајќи ги од релативно рестриктивни движења - ориентирани кон постигнување на специфични цели врзани за поширокиот колектив, преку реформистички движења кои бараат промени во централните политички институции до идеолошки тоталитарни движења коишто бараат развој на ново општество со нова политика. На јавното мислење тој му припишува поголема

флексибилност отколку што тоа ја има во традиционалните општества. Тоа е врзано за општиот, дифузен интерес, вградувајќи го во себе настојувањето на многубројните општествени групи да делуваат не само на пошироките општествени институции, туку и да земаат учество во обликувањето на политичкиот центар и неговите симболи. Остварувањето на оваа цел е еден од условите за остварувањето на "базичниот масовен консензус" чии показатели во модерните општества се нацијата и националната држава. Тие се јавуваат како нова суверена политичка единица и како фокус на широкиот политички и културен идентитет, симболизиран со апстрактни симболи.[32)]

Кај сите споменати форми на политичката организација диференцијацијата се огледа во движењето од мали неструктурирани кон големи структурирани и организирани единици - од мали парламентарни клики кон организирани масовни политички партии, од различни релативно организирани интересни групи кон широки, потполно организирани интересни групи.

Модернизацијата во културната сфера е согледана во растечката диференцијација на главните елементи на големите културни и вредносни системи - религијата, филозофијата и науката, во ширењето на писменоста и световното образование, како и во растечката комплексност на институционалниот интелектуален систем - кој вклучува низа специјализирани улоги базирани на интелектуални дисциплини. Овие развои, понатаму, тесно се поврзуваат со експанзијата на медиите на комуникацијата и на растечкото пробивање на овие медии во големите групи на општеството. Тие се пошироко партиципираат во културните активности и организации, креирани од страна

на централните културни елити. Сите овие развои кумулираат во изградбата на новиот културен поглед (за Ајзенштат најпродорниот аспект на модернизацијата). Негова карактеристика се нагласката на прогресот и напредокот на спонтаната експресија на способностите, чувствата и индивидуалноста како морална вредност.[33)]

Во образовната сфера, растечкиот интерес за образование карактеристичен за модерните општества, се поврзува со "настојувањата на различните групи да постигнат нови цели во различните полиња на општествениот живот, преку барањата за работна сила поставени од развиената економска структура и преку настојувањата преземани од различните елитни групи да влијаат на образовниот процес или како средство за политичко влијание и општествена контрола или за обезбедување на економска работна сила".[34)]

Ајзенштат укажува уште на еден аспект на модернизацијата, кој се пројавува од нејзиниот почеток, но кој станува се позначаен со делувањето на процесите на диференцијацијата во различните општествени сфери. Тоа е интернационалниот аспект. Соочен со емпириските показатели за големите трендови на економскиот развој и големите културни и општествени движења кои во текот на модернизацијата ги сечат попреку националните граници, тој ја пропагира парадоксалната теза дека големите национални движења од XIX и XX век се интернационални по обемот и ориентацијата.[35)]

Проблеми на брзиот раст

Во аналитичките шеми на модернизацијата, покрај процесите на диференцијацијата и интеграцијата се воведува и процесот на општественото пореметување. Него најјасно го разграничува Смелсер[36)], но во своите анализи го воведуваат и другите автори - било во рамките на концептот на модернизацијата, било во поширoки теориски рамки. Се чини дека ова е нужна последица на определувањето на општествениот систем како релативно стабилен еквилибриум и емпириската ситуација на брзата промена како основна карактеристика на општествата од современоста.

Смелсер укажува на можноста промените што го придружуваат процесот на модернизацијата да добијат рушителски димензии во однос на општествениот поредок. За ова наведува повеќе причини:

- Процесот на диференцијацијата преку кој се остварува модернизацијата повлекува нива промени во општествената организација (нови активности, норми, системи на наградување, санкции, политички позиции, престиж базиран на занимањето и сл.) коишто им противречат на старите модуси на општествена организација.

- Брзиот темпо на модернизацијата условува дисконтинуитет во структурните компоненти на општеството поради временските разлики во остварувањето на промените. Нерамноста, понатаму, повлекува аномија (во класичната смисла на терминот), која доведува до дисхармонија меѓу животните очекувања и нормативните рамки коишто ги регулираат.

- Незадоволствата од конфликтот со традиционалната

организација и незадоволствата коишто израснуваат од состојбата на аномијата можат да стапат во заемен конфликт, што се пројавува како конфликт меѓу силите на традицијата, силите на диференцијацијата и новите сили на интеграцијата.

Сите овие пројави на општествен дисконтинуитет се одразуваат на личноста која реагира со анксиозност, непријателство и фантазерство, коишто откога ќе добијат масовни димензии, односно откако станат одговори на колективот- се кристализираат во цел варитет на општествени движења (како што се агитациите за мир, политичкото насилие, национализмите, тероризмот, револуцијата).[37)]

Ајзенштат, исто како и Смелсер, дисорганизацијата ја смета за базичен дел на модернизацијата со која се соочува секое општество. Тој ја прифаќа Смелсеровата листа на нејзините причини, дополнувајќи ја со некои поспецифични согледувања:

- Процесот на демократизацијата - со ширењето на политичката еднаквост - ја менува позицијата на старата политичка елита, укинувајќи ги или модифицирајќи старите лојалности.

- Процесот на културната модернизација ги слабее воспоставените традиционални вредности, што водат до конфликт меѓу културните елити кои се нивни носители и оние што се креатори на нови вредности, симболи и културни новини. Од друга страна, демократизацијата ги отвара можностите за развој на масовната култура и со тоа за конфликтот меѓу нејзините носители - широките маси порано исклучени од високата култура и оние што остануваат носители на втората.

Последица од општественото пореметување за Ајзенштат се продолжителниот развој на општествени проблеми, расцепи и конфликти меѓу различните групи, движењата на протест и движењата на отпор кон промената. Тој посочува два аспекти на овие процеси - оној на дисорганизацијата врзана за примерокот на живот на различните групи и оној на заемното поврзување на групите што подлегнуваат на овие процеси како и конфликтите меѓу нив.

Специфичните форми на општествени проблеми и пореметувања Ајзенштат ги поврзува со временскиот след на модернизацијата, разграничувајќи во него две фази - прва фаза лоцирана во XVIII и XIX век и втора фаза, во последниот век.

Во првата фаза, која се остварува во земјите на Западна Европа, Северна Америка и во мал обем во Јужноамериканските и Азиски земји, постои релативно мала скала на нови организации од која почнуваат да се развиваат релативно специфични целно ориентирани организации, развиени пазари и слободно-движечки ресурси во големите институционални сфери. Доминирачки сили во активниот процес на модернизацијата овде се повисоките и средните класи, за постепено - со темпо условен од темпото на урбанизацијата и индустријализацијата ним да им се приклучат и пошироките општествени групи.Во оваа фаза основните проблеми се поврзани со барањата на начини за партиципација на пошироките групи во централните институции на општеството, коишто се кристализираат во ориентации на протест и политички барања. Тие делуваат врз проширувањето на станката на централните институции- прво на проширувањето на политичката партиципација, потоа во

промената на културно-колективниот идентитет во смисла на зголемување на нагласката на световното, граѓанското и националното и трето, во целиот низ промени условени од урбанизацијата и индустријализацијата. Во оваа фаза по Ајзенштат се јавува расчекор меѓу центарот и периферијата кој со време се минимизира со усогласувањето на темпото на нивниот развој.Едно од средствата за таквата минимизација се слободните асоцијации во кои доаѓа до поврзување меѓу релативно диференцираните елементи на центарот (како што се парламентарните организации и различните органи на политичката и културна активност) и помалку диференцираните елементи на периферијата (различните професионални групи и асоцијации на средните и работничките стратуми).

Во втората фаза на модернизацијата се остварува партиципација на пошироките групи во големите општествени сфери и нивен директен допир со центрите на општеството. Проблемите во оваа фаза Ајзенштат ги разликува кај различните општества, доведувајќи ја разликата во врска со темпото на промената во различните структурни сфери. Во општествата со подолг тек на урбанизација проблемите се фокусирани во индустриската сфера, додека во новите држави во политичката и образовната.[38)]

Во врска со проблемите врзани за промената во текот на модернизацијата, во функционалистичката мисла посебно внимание побудуваат оние врзани за колонијалните општества. Со нив се окупирани уште Малиновски и Редклиф-Браун. Подоцна, тие заземаат значаен простор во анализите на Ајзенштат.

Малиновски, во своите анализи на промената во Африканските општества кои се под удар на колонијалните сили, промената ја посматра како резултанта на три противречни сили: 1) културата на освојувачите со нејзините институции, намери и интереси; 2) резервоарот на домородечкиот обичај, традиција на живеење и верувања; и 3) процесите на контактот во рамките на кои членовите на двете култури кооперираат, се сукобуваат или градат компромиси. Ним им додава уште два вида на сили коишто влијаат врз процесите на промената - историското наследство и новите сили на спонтаната Африканска реинтеграција која ги вклучува африканскиот национализам и општествените движења. Поради сопствениот детерминизам и заемната неподударност, односно поради нестабилноста на меѓуиграта на сите овие сили, промената ги вклучува во себе тензиите, па дури и отворените конфликти. Малиновски, во анализите на колонијалните општества, отстапува од определбата на општествениот систем како добро интегрирана целина, нудејќи го моделот на системот како комплекс на мноштво противречни културни елементи, кого го нарекува "модел на еквилибриум во тензија".[39] Таквата определба за Редклиф-Браун е заснована на нагласеното ублажување на конфликтот меѓу двете култури. Тој ја отфрла тезата за интеракцијата меѓу културите, ограничувајќи ја промената на процесот на измената на начинот на живот на колонијалните општества под влијанието на европските освојувачи. За ситуацијата, кога во рамките на традиционалното општество израснува нова структура, со друг јазик, обичаи, начин на живот и комплекс идеи и вредности, по него многу поодговарачки е

терминот "склопени општества"[40]. До сличен заклучок ќе дојде и Ајзенштат. Во таквата ситуација, по него, промената добива нерамномерен тек. Промените коишто се остваруваат во централните области на општествата се сосема неодговарачки на оние што се остваруваат на локално ниво. Промените во центарот се усмерувани од колонијалните сили коишто настојуваат да изградат централни економски и политички институции, базирани на унитарен систем на администрација, регулација на даноците, модерни судски процедури, пазарна економија. Притоа настојувањето е тие промени да се задржат на центарот, додека периферијата да се задржи во непроменет облик. Но овие настојувања на ограничување на промената на чисто техничките ствари и со тоа ограничување на развојот на ограничено ниво нужно предизвикуваат внатрешни притисоци, една од чии манифестации се протестните движења.[41]

Критики и сумирања

Подложувајќи ги на споредба теориските концепти на модернизацијата, Бендикс во нив открива неколку општо прифатени ознаки:

- Индустриската револуција во Англија и политичката во Франција се користат како општи ознаки на разликата меѓу традицијата и модерноста.

- Двете револуции и најголемиот дел од феномените што следат после нив се согледани како феномени кои им се внатрешни на општествата што се менуваат. Како основен фактор на промената се сфаќа поделбата на трудот. Државата

овде е сфатена како продукт на општествената структура која не поседува релативна автономија.

- На индустријализацијата и се припишуваат исти ефекти било каде да се случи. Нејзините почетоци претпоставуваат исполнување на одредени неопходности без кои таа не може да се случи, но откако тие ќе се исполнат нејзиниот тек станува незапирлив.[42)]

На овие општо прифатени одредници, кои важат за сите теории на модернизацијата, би могле да ни се додадат уште неколку кои се однесуваат на нивните функционалистички верзии:

- Модернизацијата претпоставува комплекс процеси коишто водат кон брзо менување на општествената структура во правецот поголема структурна комплексност.

- Зголемената структурна комплексност значи подобра прилагоденост на надворешната средина. Општествата коишто брзо се менуваат перманентно градат механизми како за регулација така и за повторно произведување на промената.

- Во комплексот процеси доминантна улога играат оние на индустријализацијата, урбанизацијата и политичката и културна партиципација.

- Во општествата што брзо се менуваат се градат комплекси на улоги обликувани по принципите на рационалноста и функционалната специфичност. На ниво на општеството новите комплекси улоги брзо ја менуваат својата хиерархиска позиција. На ниво на индивидот преземањето на улогите е проследено со раст на независноста меѓу нив.

- Зголемувањето на улогите што ги врши индивидот со истовременото кинење на врските меѓу нив, како и

менувањето на нивната позиција во општествениот систем, позицијата на поединецот во општеството ја прават нејасна и лесно променлива - со отворени можности за вертикална подвижност.

- Релативното определување на положајот на поединецот во општеството вклучува повеќе детерминанти од кои најчесто користени се образованието и професијата.

- Во распределбата на улогите меѓу поединците принципот на пропишувањето се повеќе му го отстапува местото на принципот на постигнувањето. Со тоа целиот комплекс улоги се отвара за натпреварот меѓу широките маси на граѓанството.

- Процесите на структурната диференцијација поттикнува изградба на нови механизми на интеграција во кои се поголем нагласок добиваат нормативниот систем и политичките институции. Во двете нагласен значај добива принципот на егалитарноста.

- Зголемените можности за партиципација во политичките и културните институции, како и зголемените можности за подобрување на положајот во општеството, водат кон промени во структурата на личноста во правецот на растечката прилагодливост, мотивираност за самоусовршување и индивидуализација и зголемена важност на целите на сегашноста.

- Процесите во општеството и промените во личноста доведуваат до обликување на нова духовна клима, која може да се прикаже во термините на рационалноста, егалитарноста и напредокот.

- Со растот на модернизацијата се намалува самодоволноста на конкретните општества. Зголемувајќи ја мрежата

на меѓуодноси со останатите општества во сферата на економијата, политиката и културата, општествата се повеќе стануваат делови на единствениот светски систем.

- Општествата од модерноста се опремени со механизми за апсорпција на промената до одредена фреквенција. Кога таа ќе ја надмине горната граница, што е секојдневна појава, се јавуваат елементи на општествено пореметување. Поради забрзувачкиот карактер на промената пореметувањата се составен дел на сите општества.

Функционалистичките концепти на модернизацијата се дел од поопштите теории за еволуцијата. Притоа, детерминантите кои тие ги вклучуваат го прават скоро непотребно прашањето дали тие се и концепти на прогресот. Зашто, ако во теоријата на еволуцијата можат да се пронајдат одредени елементи кои сугерираат дека таа е и теорија на прогресот, во концептите на модернизацијата како нејзин специфичен дел, нејзина конкретизација на еволутивната промена од последните три века, нивното присуство е сосема јасно. Уште во првите прикази на модернизацијата, во анализите на Малиновски за продирот на процесите на модернизацијата во колонијалните општества, европската култура е определена како повисока и активна во однос на африканската која е попримитивна и пасивна, при што повисоката култура, како условувач на промената со време ја истиснува пониската.[43] На овој став некои од претставниците на школата му замераат за екстремност во подвојувањето на културите и нивното рангирање на повисоки и пониски, но истите тие во своите тези за модернизацијата даваат многу јасни аргументи за тоа дека таа е процес преку кој општествата се движат кон повисоки облици, со перманентно растечки

капацитети за поефикасно искористување на средината.[44] Сместувањето на процесот на индустријализацијата во центарот на промените на модернизацијата, функционалистичката теорија ја прават многу блиска до Марксовата теорија на прогресот, независно од тоа што постојат и некои битни разлики меѓу нив.

Прашање на кое му е даден широк простор во рамките на функционалистичката теорија на еволуцијата, но кое има свое оправдување и во склопот на теоријата на модернизацијата е она за нејзината повеќелинејност или еднолинејност. Конкретизацијата на анализите на одреден временски период и на специфични процеси во конкретните општества во рамките на тој период, се чини, води кон заклучокот за присуството на идејата за повеќелиниската модернизација. За таквиот заклучок Ајзенштат нуди низа аргументи. Така, тој наведува дека процесот на модернизацијата кај различните општества покажува разлики во ширината на урбанизацијата во степенот на писменоста, во отвореноста кон масовните медии, во структурните карактеристики- ширината на диференцијацијата на улогите и колективностите, меѓу и во различните институционални сфери, како и во природата на колективностите коишто се развиваат во секоја институционална сфера. Дури тој укажува на разлики во диференцијацијата на улогите и колективностите и во рамките на едно општество (кај некои општествени делови диференцијацијата се остварува повеќе во политичката сфера отколку во економската, додека во други ситуацијата е обратна). Дава примери на општества во кои модернизацијата покажува крајно специфичен тек, како на пр. во Јапонија во која низа од старите традиционални примероци се инкорпорираат

во новите модерни општествени единици. Понатаму, прави разграничување меѓу општествата по различната значајност на механизмите на распределбата и регулацијата на општествените улоги и активности, како и во релативната значајност на големите политички институции - извршни , законодавни, бирократски и сл. и во формите на политичката експресија - интересните групи, општествените движења и јавното мислење. Меѓутоа, зад сите наведени разлики можат да се откријат некои општи заклучоци за компонентите на модернизацијата со општа применливост на сите општества. Тие прво се остваруваат во земјите на Западна Европа за понатаму постепено да се шират во другите делови на светот.

Појасни аргументи за заклучокот дека преку концептот на модернизацијата функционалистичката теорија ја обновува класичната теза за еднолиниската еволуција дава Лернер со определбата на западната модернизација како модел со општа применливост. Тој укажува на некои компоненти на модернизацијата - на процесите на урбанизацијата, растот на писменоста, масовната и политичката партиципација кои условуваат "партиципантски стил на живот", кој прво се оформува во земјите на Северно Атлантската област, за понатаму постепено да се шири во останатите земји. Како што за Маркс Англија е земја која со сопствениот процес на индустријализација ги манифестира универзалните закони на капиталистичкиот развој, така и за него "Западната модернизација покажува извесни компоненти на следственост со глобална релевантност"[45]

После Лернер, во низа студии се настојува да се направи листа на земјите во светот во која тие се рангираат

преку степенот на сличноста со Западните индустриски општества. Овде би ја посочиле студијата на Ростов за индустријализацијата[46] во која тој утврдува одредени разлики меѓу општествата во почетната фаза на индустријализацијата, за на крајот да дојде до заклучокот дека процесот кој почнал да се остварува е еден и ист во сите општества. Полемизирајќи со него Леви ќе констатира дека тој е апсолутно во право дека "на најопшто ниво тој е секогаш истиот". Разликите по неа постојат кога ќе се усмери вниманието на посебните проблеми, односно во рамките на спуштањето на нивото на општоста на истражувачкиот интерес. Меѓутоа, и на поконкретно ниво анализирани, разликите се намалуваат со напредокот на модернизацијата, бидејќи "примерокот на модернизацијата е таков што колку општествата стануваат повеќе модернизирани толку повеќе личат едно на друго"[47].

Проблем кој се провлекува низ целата функционалистичка литература за модернизацијата е оној за влијанието на индустријализацијата врз моралната интеграција. Споредувајќи ги критиките на индустриското општество изложени од автори со различна идеолошка определба, Бендикс во врска со него забележува, дека кај сите - спротивно на идеолошкото различие - постои нешто што е застрашувачки слично. Тоа е констатацијата дека индустријализацијата носи морална криза. Нејзиното излезиште се наоѓа во поделбата на трудот и последиците што таа ги предизвикува во подвојувањето на производителите и средствата за производство, во парцелизацијата на задачите која што ја задушува креативноста, како и во зголемувањето на дистанцата меѓу луѓето со губитокот на емоционалната компонента на поврзувањето. Сите тие прават

кај луѓето да се изгуби основата на чувството и смислата за моралното задолжение и да се нагласи зависноста од економскиот интерес.[48)]

Претставниците на функционалистичката социологија, поаѓајќи од ставот дека модерните општествени системи се обликувани по барањата на интензивната динамика, дека нивните централни институции се моделирани во правецот на произведувањето и апсорбирањето на промената, во исто време истакнуваат дека постојат граници до кои системите можат да се менуваат без да го нарушат својот еквилибриум. Промената, сфатена како процес на диференцијација води кон се поголема замрсеност на меѓурелациите на неговите делови. Таа се зголемува со разликите во дострелот на иницијалните промени во различните делови од системот. Некои промени имаат интензитет коишто овозможува нивното влијание да се прошири низ целиот систем, други се јавуваат во неговата периферија, зафаќајќи некои системски делови и оставајќи недодирнати други. Од друга страна, секоја промена не е еднакво совпадлива со целите на системските делови што условува проблеми во нејзиното институционализирање во посебните сфери. Последица од тоа може да биде отворениот конфликт меѓу групите - иницијатори на различните промени.

Проблеми предизвикани од интензивната промена се регистрираат и на нивото на персоналноста. Тие се врзуваат за границите на способноста на личноста за реобликување. Постојаните промени во системот на улогите, зголемувањето на бројот на улогите шти ги игра индивидот како и нивната специфичност бараат постојано реадаптирање на личностите - нивно пермаментно соочување со новите барања. Оттаму и Леви,

како проблем чие значење станува се понагласено во текот на времето го истакнува оној на социјализацијата. Со револуционизирањето на стапката на промената повеќе не може да се оствари она што било карактеристично за целата општествена историја - поголемиот дел од индивидите да го живеат животот по моделот на животот на своите родители. Сега животот на децата се разликува од оној на родителите и прашање кое неминовно се поставува е како тие да се образоват за непознатата иднина.

Функционалистичката теорија на личноста оперира со тезата за нејзината пластичност. Меѓутоа, не се даваат појасни одредници за границите на таа пластичност. Таа е сфатена како својство на комплексот елементи кои во себе вклучуваат компоненти на релативна трајност и отпорност кон промени, но отпорност која не е во обем да не дозволува постепено менување во согласност со новите ситуации. Во согласност со ова, теорискиот концепт на општеството кое има обликувачка функција во однос на неговите индивидуални членови, не се соочува со проблемот на границите на персоналните можности за менување кога се во прашање предмодерните општества. Во нив промената е инцидентна и доволно бавна (освен во исклучиви ситуации кои излегуваат надвор од теориските аргументи) за да може да се постави прашањето за човековите можности за нејзино апсорбирање. Примерокот на социјализацијата е ист низ многу генерации и, ако настане некоја промена тоа е промена што се случила во процесот на нејзиното спроведување низ редица генерации. Меѓутоа, во модерните општества, посебно последните неколку десетлетија, промената е во таков обем што го прави неадекватно и

забележувањето на Леви за примерокот на социјализацијата што се менува од генерација до генерација. Сега, претставниците на една генерација се субјект на комплексни промени со што процесот на социјализацијата низ кој што поминале не ги обезбедува со доволен фонд на усвоени вредности, знаења и практични искуства за соочување со новите ситуации. Новата состојба бара постојана мобилизација - постојано вложување на напори за себедоведување во согласност со барањата на времето. А тие барања се однесуваат како на специфичните знаења и искуства врзани за новиот комплекс улоги, така и за самиот начин на живот и глобален поглед на светот.

Со овој проблем се соочува секоја модерна теорија. Меѓутоа, тој е посебно актуелен кај холистичките - во кои социјализацијата е сфатена како една од најзначајните компоненти на одржувањето и функционирањето на општеството. Кај нив, неможноста да се најде одговарачко решение често се настојува да се разреши преку воведување на биологистички и психопатолошки фактори во објаснувањата. Тие не отсуствуваат и во однос на некои други прашања врзани за личноста во модерните општества, како што е прашањето за елементите на персоналноста коишто излегуваат надвор од контролата на општеството.

Нивото на личноста кое е надвор од контролата на општеството, воопшто, е проблем со кој многу малку се навлегува во функционалистичката теорија. Во многубројните анализи, навистина, станува збор за индивидуални и парцијални групни интереси коишто им даваат раст на интересните групи чии побарувања во одредени ситуации можат да добијат рушителски тек во однос на системскиот еквилибриум. Меѓутоа, к

овде парцијалниот интерес и интересните групи како негова последица, не се изведени од интересите на единката коишто се надвор од интересите на општествената целина, туку од функционирањето на самата целина - која во контекстот на обезбедувањето на доволниот број носители на посебните улоги дозволува раст на групи со парцијални интереси. Во комплексот диференцијација - интеграција му се посветува посебно внимание на процесот на индивидуализацијата, но таа не се сфаќа како процес врзан за автономната личност туку како процес условен од општествени потреби. Со ова се јавува проблемот како да се објаснат низата показатели од светот на сегашноста за барањата на личноста кои немаат општествена анимација. Уште повеќе отворените обиди за спротивставување на општествените притисоци за обликување . Еден од примерите за нив е и зголеменото место на религиозните верувања во ситуација на нагласени општествени барања за сеопшта рационализација на животот. Овде се чини прифатлива парадоксалната претпоставка за религијата како средство за борба против притисоците на општеството за парцијализирање на личноста во правецот на техничката подобност и последователното себеостварување како битие чија родовска специфика е духовноста. Од друга страна, занемарена е и спротивната на оваа реакција-повторно поттикната од процесите на модернизацијата, посебно процесите на демократизацијата и масовната култура. Тоа е реакцијата во правецот на поставување на барања за промена на животната позиција на населението кое им припаѓа на групите кои се маргинални во процесот на сеопштата промена. Групниот конфликт, воопшто, е еден од најзанемарените проблеми во функционалистичката теорија.

ГЛАВА V

# ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОМЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА

Во функционалистичката теорија општа е оценката дека индустријализацијата е голем извор на општествената промена, нејзин забрзувач како во однос на стапката така и во однос на просторната распространетост. Општо е исто така нејзиното определување во технолошки термини - преку екстензивната употреба на неживотински извори на сила во производството на економски добра и служби - како во мануфактурата така и во земјоделието, транспортот и комуникацијата.

Дефиницијата упатува на позициите на технолошкиот детерминизам. Меѓутоа, скоро сите претставници на функционализмот настојуваат да излезат од него преку наведувањето на скала на институционални и организациски предуслови кои го овозможуваат подобрувањето во користењето на енергијата. Таа е различна кај различните автори, но кај повеќето ги вклучува создавањето на високо специјализирана и координирана работна сила, паричната размена и рационалниот сметковен систем, прецизните мерки, контролата на производството и сл. Всушност, индустриското општество е сфатено со структурни особини коишто се примарно економски по форма и функција. "Економскиот калкулус" расте во значајноста со продолжувањето на трендот на модернизацијата. Парите како средство на размената добиваат се поголем значај, старите традиционални општествени форми се трансформираат а новите се свртуваат кон пазарот. Сите општествени институции - како старите

така и новопојавените стануваат афицирани од финансиските трансакции и паричната процена. Дури и промените во репродуктивните трендови се објаснуваат како последица на посредните настојувања на индустријалиазцијата да обезбеди сопствен прилив на работна сила. Понатаму, таа условува промени во просторната дистрибуција - индустријализацијата и урбанизацијата се определуваат како појави коишто од самиот почеток се наоѓаат во блиска, иако можеби не совршена,релација.[1)]

Технолошката промена и промените во општествената структура

Технолошката промена, брза но во исто време организира и институционализирана, сфатена е како основа на брзите промени во општите карактеристики на индустриските општества. Промените се однесуваат како на посебните општествени подсистеми (во извесен број случаи сфатени како општествени групи), така и во општеството во целина.

Кај општествените подсистеми најголемиот број анализи се однесуваат на семејството. Се укажува на неговата брза промена уште од првите фази на индустријализацијата - кога доаѓа до укинување на занаетчиското производство а со тоа и до промени во улогите на односите во него, како и до промени во неговата улога во одредувањето на општественият статус на поединците. Во однос на последното родинството и семејството престануваат да бидат основа на општествената позиција и личната идентификација што доведува до недостиг на базични вредносни ориентации. Скоро сите ја прифаќаат тезата за моралниот колапс што ја следи индустријализацијата.

во однос на самите односи во семејството, една од многубројните промени е онаа на зголемената подреденост на жената во првата фаза на индустријализацијата, кога доаѓа до парцијален губиток на нејзината економска функција. Подоцна, со масовната продукција на апарати за домаќинството, нејзината улога понатаму се менува во правецот на ослободувањето од домаќинските активности, самокултивацијата и партиципацијата во масовната култура и низа видови активности надвор од куќата. Со растот на стапката на индустријализацијата, позицијата на жената се менува во правецот на заземањето позиција во индустриската организација и со тоа нејзиното изедначување со мажот во семејството. Промени во семејството се остваруваат и под влијание на развојот на средствата за комуникација и тоа во повеќе правци - доаѓа до намалување на комплексот роднински врски, до намалување на бројот на заедничките активности во семејството, но и до зголемување на значајот на емоционалната врзаност во конјугалното семејство.

Во глобалното општество општо е согледана релацијата меѓу индустријализацијата и образованието. Писменоста и посетувањето на образовните институции растат со растот на економскиот развој, иако постојат и одредени отстапувања, на пр. Англија која постигнува висок економски раст и станува прва индустриска сила со релативно мали инвестиции во повисокото образование. Во самата структура на општествата, образованието и заработувачката се согледани во позитивна корелација во секоја професионална група. Во светот во кој образованието станува посебна вредност, дури и кога не постојат формални барања за одредено образование за влегување во професионалната група, оние со повисоко образование

фактички добиваат повисоки награди. Во образованието, воопшто, се гледа како на значајна компонента на планираната промена во модерните општества.

Една од општествените сфери на кои се укажува во врска со промените што ги произведува технолошката промена е професионалната. Нејзиното влијание е согледано како во однос на стариот комплекс вештини така и во изградбата на нов. Кај старите вештини станува збор за прекини во комбинациите на вештините, нивно разводнување и застарување. Заедно со тоа расте потребата за нови вештини и за нови комбинации на новите вештини. Ова пак, води до компликцирање на професионалната хиерархија, нејзино нагорно скалирање со раст на квалификуваните професии во работната организација, зголемување на бројот на административните во однос на мануелните активности и премин од надгледувачки кон технички персонал.

Мур и Смелсер укажуваат на тесната врска меѓу начините на економското производство и општествената структура која се остварува преку партиципацијата на работната сила и типот на економската активност. Усмерувањето од високо децентрализирано натурално производство кон високо заемнозависно производство на широка скала на добра и сервиси е следено со серија усмерувања во работните улоги. Притоа се наведуваат цела серија на обрасци на оваа трансформација, од кои повеќето се заемнозависни иако во анализата се земаат како изделени процеси на промената. Вклучени се под општиот термин мобилност, кој ги опфаќа промените во местото, релативната позиција (статусот), секторот, индустријата или работодателот.[2] Поконкретно, како структурни

промени се посочени иницијалната формација на работен пазар и неговата експанзија наместо традиционалните форми на размена, секторската релокација - посебно растот на неземјоделските вработувања, специјализацијата - која го вклучува процесот на изделувањето на компексните задачи но и мултиплицирањето на видовите барани вештини, нагорниот долгорочен тренд кон вештини со повисока специјализација придружен со истовремен раст на побарувањата на работници со минимум квалификации, како и бирократизацијата - организацијата на специјализираниот труд преку големи административни единици кои ја обавуваат координацијата.

Првите промени кои ја придружуваат модернизацијата по Мур се создавањето на работна сила во техничка смисла на зборот и создавањето на работен пазар. Во однос на структурата на работната сила по возраст и пол промените се однесуваат на исклучувањето од работниот процес на децата и зголеменото учество на жената во него. Во однос на секторската релокација највидливо е поместувањето на работната сила од земјоделските кон неземјоделски активности и понатаму, експлозијата на бројот на занимањата во неземјоделските активности. Специјализацијата, пак, има неколку извори од кои најчесто наведувани се растот на заемно зависните економски единици, зголемувањето на ефикасноста преку поделбата на трудот, технолошките промени кои бараат нови критериуми за обавување, новите производи и служби.Економскиот раст е следен со зголемено поместување од мануелните кон немануелни занимања во неземјоделските дејности со истовремено зголемување на нивото на образованието како во припремата

за одредено занимање така и во стекнувањето на општи знаења.

Муровите анализи на промените во општествената структура придружени со економскиот раст во текот на модернизацијата покажуваат блискост со оние на Маркс. Дури Мур укажува и на постоењето на процесот на поларизацијата во раната фаза на модернизацијата, која Маркс ја става во фокусот на својот концепт на класниот конфликт. Ја согледува во радикалните разлики во заработувачката, моќта и образованието меѓу организаторите на производниот процес и непосредните извршители, меѓу иноваторите и следбениците. Сепак, за него поларизацијата само делумно води кон револуционерни изливи. Многу често таа условува само апатија. Од друга страна, оддавајќи му признание на Маркс за воочувањето на процесот на поларизацијата кој го носи раната индустријализација тој го отфрла како неточно неговото предвидување на нејзиниот понатамошен раст. Наместо неа, во понатамошниот раст, тој укажува на растот на комплексноста на статусниот систем, кој вклучува многубројни статусни скалирања во кои е нагласена експанзијата на средните позиции.[3)]

Методолошка основа за проучување на промените во општествената структура: теоријата на стратификацијата

Теоријата на стратификацијата е општо прифатена основа за истражувањето на промените во положајот на луѓето и групите во општествената структура. Притоа, поимот на стратификацијата е сфатен во неговата блиска поврзаност со поимот на диференцијацијата. Дури, по оценката на повеќе автори не постои јасно разграничување меѓу нив. Меѓу

функционалистите скоро да не постои разидување околу ставот дека во одговор на потребите на системот се јавуваат општествено диференцирани улоги. Преку нив се остваруваат општествено специфични цели. Улогите добиваат општествена процена а таа е во согласност со нивниот придонес за општествено суштинските потреби - колку е поголем придонесот толку е повисока процената.

Овој став најотворено го искажуваат Дејвис и Мур во својата позната статија за диференцијацијата и стратификацијата.[4)] За нив стратификацијата е општествен одговор за нееднаквата значајност за општествената целина на различните општествени улоги. Во општеството во кое започнал процесот на диференцијацијата, во кое се изделиле посебни улоги од кои секоја задоволува некоја општествена потреба нееднаквоста станува нужен принцип. Таа е природна последица на комплексот општествени потреби од кои сите не се еднакво значајни, односно од кои некои се суштински и нужно мораат да се задоволат за системот да го обезбеди својот опстанок, додека другите се со помало ниво на значајност. Секое општество гради механизми за процена на општествените улоги кои се во согласност со степенот на нивната функционална значајност. "Ако правата и барањата на различните позиции во општеството мораат да бидат нееднакви, тогаш општеството мора да биде стратифицирано, бидејќи тоа е она што стратификацијата прецизно значи"[5)]. Свесни за недоволноста на овој став тие го надополнуваат со уште еден - дека во општествата високо се вреднувани улогите коишто бараат специфични таленти што се ретко распространети меѓу населението или вештини коишто

се стекнуваат со долг тренинг. Така, наградувањето за позицијата што се обавува се врзува за два критериуми: функционалната значајност на позицијата и способноста на лицата за нејзиното обавување. Со опаѓањето на бројот на лицата кои можат или сакаат да ја остварат дадената позиција наградата расте како што е висока и во случаите на функционалната значајност.

За Дејвис и Мур задоволувачкото обавување на општествените улоги е од централно значење за одржувањето на системот и продолжителната добробит на општеството. Во тој поглед смислата на наградите е да ги задоволат оние што се наоѓаат на клучни општествени позиции и да обезбедат доволно луѓе со ретки способности за нивното обавување, односно да мотивираат доволен број поединци да поминат низ потребното продолжително и најчесто ригорозно образование и тренинг со цел да станат нови регрути.

Определбата на стратификацијата како постоење на степенеста хиерархија на општествените позиции - определена од Дејвис и Мур е прифатена во рамките на целата школа. За Ајзенштат поимот на стратификацијата може да се изведе од поимот на диференцијацијата - сфатена како комплекс на различни задачи и улоги коишто се блиско заемно поврзани . Стратификацијата се однесува на ситуациите кога улогите се различно проценети и соодветно на тоа носат различни награди. За него фактот дека некои улоги се вреднувани повисоко од другите е универзален факт на општествениот живот. Стратификацијата е "општествен поредок кој е најблиску поврзан со: 1) различната процена на улогите, 2) присуството - посебно

во големите системи - на категории или општествени поделби на улоги и 3) постоење на хиерархија или хиерархии на категориите на улоги"[6]. Категориите на улогите постојат преку сите улоги со иста позиција во хиерархијата. Под овој термин всушност тој ги подразбира општествените слоеви - во кои ги вклучува и таквите категории какви што се Марксовата класа и Веберовите класа и сталеж. За процента на улогите, понатаму, е врзана распределбата на општествените награди и нивното користење. Користењето, повторно, е разграничено во три компоненти 1) директна консумација, 2) симболична консумација и 3) размена. Овие компоненти се поврзуваат заемно преку два типа на механизми: прописот и постигнувањето.[7]

За Смелсер, стратификацијата во својата најпроста верзија значи дека во било кој комплекс на општествена структура различните улоги ги карактеризира различно примање на санкции. Под санкции тој го подразбира целиот комплекс на распределбата - на добрата, моќта, образовните привилегии, религиозните награди и сл. "Во прва инстанца стратификацијата просто се однесува на диференцијалната распределба на наградите".[8] Сфатен поспецифично поимот може да се однесува на: 1) стратификацијата на улогите која ја вклучува сумата на различни видови санкции (богатство, моќ, чест и сл.) кои се примаат преку различните улоги во општествената структура; 2) стратификацијата на организациите, која вклучува сумирање на санкциите примени од колективностите какви што се семејната единица, производната фирма, образовната институција и сл.;3) стратификација на индивидуалната личност, која означува не само сумирање на различните

санкции за улогите, туку и сумирање на различните улоги во кои е вовлечен индивидот; 4) стратификација на масите, која се однесува на групите луѓе изделени на база на некои објективни мерки на улогата којашто ја вршат или на санкциите коишто ги примаат.[9)]

Определбата на Варбер на стратификацијата е блиска до сите погоре споменати: "системот на стратификацијата може да биде виден како систем на добра, награди и казни, распределени меѓу членовите на општеството согласно со начините на коишто тие ги обавуваат своите функционално значајни и вредни улоги."[10)] Слично е и со онаа на Бејлс, иако таа вклучува и елементи за нејзиниот извор - тој стратификацијата ја смета за последица на растечките проблеми на групата во нејзиното прилагодување на барањата на средината. Растечкиот притисок на функционалните проблеми од инструментална, прилагодувачка, интегративна и експресивна природа се разрешува преку дефинирање на поспецифични позиции. Всушност, дефинирањето е во термините на посебните личности на кои што им се доверува одговорноста за решавање на специфичните проблеми. Тоа, понатаму, води кон појава на слојната структура, базирана на чувството на значајноста на различните позиции.[11)]

За Парсонс општествената стратификација како воопштен аспект на структурата на сите општествени системи е тесно поврзана со типот на интеграцијата на системот како систем. На аналитичко ниво, пак, тој ја сведува на секоја ориентација кон постигнувањето на целите. Затоа и во неа го нагласува елементот на процената во однос на целите, при што самата процена вклучува два момента: а) сите единици на

системот се предмет на процена и б) потребно е да постои интеграција на вредносните стандарди на компонентите на единиците за да се конституира заеднички вредносен систем. "Стратификацијата во вкупниот вредносен аспект е рангирање на единиците од општествениот систем во согласност со стандардите на општиот вредносен систем"[13]. Проблемот на интеграцијата на вредносните системи како и определување на единиците што се предмет на вреднување го упростува со тоа што се концентрира исклучиво на следењето на моќта во нејзините две варијанти - неинституционализирана и институционализирана, првата дефинирана како "реален капацитет на системската единица да ги актуелизира своите интереси во контекстот на системската интеракција и во таа смисла да оствари влијание на процесот во системот, додека втората (авторитет) како "легитимизирани права (или задолженија) да се контролираат акциите на другите во системот на општествените односи"[13]. Моќта за него е резултанта од три сета на фактори: 1) процената на единицата во системот согласно со вредносните стандарди, 2) степенот и начинот на кој на актерот му е дозволено отстапување од овие стандарди при обавувањето и 3) контролата на поседувањата коишто се извор на посебното предимство во постигнувањето на саканиот резултат.[14]

Некои од претставниците на школата своите дефиниции на стратификацијата ги врзуваат пред се за општествените потсистеми. Хоманс ја разгледува во рамките на малите групи, врзувајќи ја за појавата на авторитетот, сфатен како сума на влијание што еден го остварува во однос на другите.

За него разликите во авторитетот одат заедно со разликите во статусот. Тие се начини за наградување на вредните и ретки активности.[15] Слично на него Тибо и Кили стратификацијата ја објаснуваат преку моќта - сфатена како резултанта на заемната зависност на индивидите коишто пројавуваат различни способности во меѓусебното делување при остварувањето на општествените задачи. Разлики со Хоманс тие покажуваат само во однос на определбата на статусот. За нив тој се појавува кога лицата со слични познанија или степен на моќ ги споредуваат задачите. Притоа лицата со најдобри задачи имаат највисок статус и обратно.[16] За Блау, пак, како и за Хоманс статусот и моќта претставуват награди за вредните и ретки служби.[17]

Она што, меѓу другото, претставниците на теоријата коишто стратификацијата ја определуваат во рамките на групите, ги разликува од оние кои ја врзуваат за општеството како систем е определбата на единицата која е предмет на анализа. Кај првите тоа е индивидот. Кај вторите тоа се улогите, а само во одредени случаи индивидите што се нивни носители. Оттаму и поголемата нагласка на дефинирањето на појавата отколку на нејзините конкретни манифестации преку разграничувањето на посебните статусни групи и нивниот хиерархиски поредок.

Функционалистичките определби на стратификацијата поттикнуваат неколку проблеми. Еден од нив се однесува на начините на кои се постигнува членовите од општеството да ги прифатат критериумите на стратификацијата и да се придружуваат на нив. Друг е проблемот што го условува принципот

на нееднаквоста на кој е заснована определбата на стратификацијата и стремежите за еднаквост кои го сочинуваат фокусот на современите идеологии, но и пошироко од нив-целиот културен систем Трет е врзан за стратификационите шеми и причините за нивните промени во текот на времето.

Остварување на стратификацијата

Во врска со прашањето како во конкретните општества се остварува стратификацијата, може да се воопшти листа на неколку базични услови: 1) потчинување на членовите на системот на системските цели, 2) пошироки скала на знаења за базата на стратификацијата, 3) согласност околу критериумите за проценување на оваа база.

Претставниците на школата се согласуваат околу ставот дека за да се оствари стратификацијата - со хиерархијата на престижот, моќта и економските награди потребно е да постои согласност на членовите од системот со системските цели. Понатаму, за остварување на стратификацијата членовите од системот мораат да поседуваат одговарачко знаење за позициите, обавувањето, вештините, мотивацијата и конформизмот. Од друга страна, за остварување на стратификацискиот процес мора да постои согласност околу критериумите за проценување на стратификациската база. Општа е и согласноста дека сето тоа е многу полесно да се постигне во малите системи отколку во големите. Во малите комуникацијата се остварува преку лични контакти и членовите се здобиваат со знаење за другите и за системот во целина. Во големите

системи, пак, комуникацијата се остварува на индиректен начин и затоа во нив членовите имаат малку знаења за другите. Затоа и основните дилеми се врзани за големите системи. Се чини дека од различните објаснувања што се нудат доминирачко е она за постоењето во секое општество на нешто што би могло да се нарече генерализиран идентитет, еден општ консензус околу универзалните вредности кој ги вклучува и знаењата за системските цели и потребното согласување со нив. Што се однесува до механизмите коишто водат до појавата на хиерархијата на статусот - обично се сфаќаат како процес на понуда и побарувачка во кој секој според своите особини се здобива со одредена позиција. Во врска со ова треба да се истакнат многубројните приговори за занемарувањето на улогата на наследството и на ситуацијата на креирање на парицјални цели од страна на групите што ја имаат монополизирано општествената моќ и нивно наметнување како глобално општествени.[15)]

## Фактори на стратификацијата

Вебер, во својата незавршена но инспиративна скица за општествената структура, како основни фактори коишто ја одредуваат позицијата на човекот во општеството ги зема богатството, моќта и престижот, односно начинот на кој тие се распределени меѓу поединците.[16)] Претставниците на функционализмот користат друга терминологија - говорат за награди за обавувањето на улогите опремени со различно ниво на значајност но нејзината смисла може да се сведе на она што го искажува Вебер. За нив наградите што ги добиваат

индивидите се во богатство, моќ и престиж.[17]

Кога се поставува прашањето за заемниот однос на трите фактори на стратификацијата, или трите типа на награди преку кои се дефинира позицијата во стратификациската хиерархија, станува уште позабележлива врзаноста за Вебер. Тој укажува на тесната врзаност на трите во текот на историјата, но исто така, открива ситуации во одредени периоди, кога врската меѓу нив се прекинува. Затоа и од методолошко стојалиште ги определува како независни варијабли. Функционалистите, од кои повеќето во своите научни преокупации покажуваат емпириска ориентација, го прифаќаат ова методолошко стојалиште. Од него како основа, настојуваат поконкретно да ги разграничат ситуациите кои манифестираат одредени специфичности во заемната врзаност или неврзаност. Некои од нив дури се обидуваат да откријат временски редослед во нивното појавување.

Сугестии за можната временска предност на некои фактори во почетната фаза на општественото стратифицирање дава Малиновски. Во контекстот на своите теренски истражувања меѓу доморотците од Тихоокеанските острови, чија општествена организација ја оценува како почеток на општественото диференцирање, тој открива нагласена желба за поседување. Меѓутоа, таму богатството е во функција на остварување на општествен положај и потенцирање на личната вредност. За нив поседувањето не значи користење на стварите туку нивно давање - од оној што поседува една ствар "се очекува да ја дели, да биде доверлив и великодушен"[18]. Обврските се зголемуваат со растот на положајот. Од поглавицата се очекува да му подели храна на секој странец, посетител, па дури и

неработник од истото село. Богатството е синоним на угледот. Во исто време, дарежливоста преку проникнатоста на племенскиот живот со непрекинато давање и земање е, "едно од главните орудија на општествената организација, на моќта на поглавицата и родининските врски"[19].

На Тробријандските Острови Малиновски открива кај домородците стремеж за натрупување на храна и за собирање на предмети кои претставуваат луксуз. А тој не е заснован само на "економската предострожност туку и на желбата за покажување на богатството и за постигнување на општествен углед преку неговото поседување"[20]. Тие собираат јама плодови коишто ја претставуваат основата на нивната прехрана не само затоа што тие можат да се сочуват за покасна употреба, туку и затоа што сакаат да го покажуваат своето богатство во залихи. Од друга страна, спремни се да потрошат непропорционални количини на труд за украсување на предмети, кои токму поради пренатрупаноста со украси, немаат употребна вредност но затоа се високо ценети. Во сето тоа е секогаш видлив стремежот за заедничко уживање на добрата - за размена преку заемни поклонувања.

Со истражувањата спроведени во области во кои обезбедувањето на храна и создавањето на вишок на производи не претставува никаков проблем зашто не е врзано за технолошкиот развој туку за богатството на тлото, Малиновски на извесен начин им дава емпириска потврда на претпоставките на Опенхајмер дека општествените класи имаат повеќе политичка отколку економска основа.[21] Со описот на домородечкиот живот тој истовремено нуди доволно аргументи за Вебленовата теза за

стремежот за углед како основен детерминатор на општествената еволуција.[22] Секако, делумно се приближува и до стојалиштето на Диркем за неопходноста од механизми преку кои ќе се одржува единството во примитивните народи. Разликата што притоа постои меѓу нив се однесува на сфаќањето на човечката природа. За Диркем механизмите се неопходни како мерки за потиснување на природниот егоизам и исклучување на можноста секој сам да ужива во своите производи, за Малиновски тие се спонтана последица на психолошката предодреденост на човекот за живот во заедница.

За разлика од Малиновски кој првична позиција му дава на престижот, припишувајќи му притоа на богатството функција на негова материјализација, односно на нагласувач на неговата видливост, за Хоманс во основата на стратификацијата стојат авторитетот и престижот. Тие по него се начини на наградување за вредните и ретки активности.[23]

По однос на прашањето за заемната условеност на богатството, престижот и моќта во текот на историјата, Ајзенштат - на база на широка емпириска материја, утврдува широка скала на варијации. Таа се движи од висока подвоеност меѓу факторите на структурирањето до нивна тесна заемна зависност. Од друга страна, тој укажува на разлики во хиерархијата на факторите. Како пример ја наведува Русија од XVII век наваму, во која основниот принцип на доминацијата на елитата е монополизацијата на моќта. Протокот од неа кон другите ресурси е лесен, но тоа не е случај со обратната ситуација. Моќта може да се употреби за стекнување висока позиција во материјалната размена, но преку богатството

тешко може да се дојде до моќна позиција.[24] За разлика од тоа, во модерните западни општества се остварува нивелирање на трите фактори, со што се обезбедува нивна размена на база на еквивалентност.

Кај повеќето автори кои ја истражуваат заемната врзаност на стратификациските детерминанти преовладува ставот дека таа е условена од позицијата на општествата во еволутивната скала. Кај примитивните општества постои тесна условеност помеѓу нив, додека во текот на развојот - со растот на процесот на диференцијацијата - таа се повеќе се намалува. Во модерните општества е сосема мала, иако не може да се каже дека е нестаната.Во некои општествени сфери таа е сеуште јасно видлива. Од друга страна, во утврдувањето на нивниот хиерархиски поредок, доминираат мислењата дека врвна позиција во модерните општества има моќта. Тоа е една од ретките точки на согласност меѓу претставниците на функционализмот и неговите критичари кои го нудат во замена или како дополнување на еквилибриумскиот модел на општеството конфликтниот модел. Така, за Парсонс[25] и за Липсет[26] стратифицираните општества се општества на нееднакви, а база на нееднаквоста е поседувањето на моќта. Слично на нив, за Дарендорф нееднаквоста во модерните општества е базирана на нееднаквата распределба на авторитетот.Борбата меѓу групите за неговото монополизирање е основната карактеристика на модерните општества и основниот извор на општествената промена. Поделбата на општеството во класи, или како што тој ги именува интересни групи е заснована на неговата различна распределеност.[27]

Функционалната нееднаквост и идеологијата на еднаквоста

Откривајќи елементи на стратификацијa во сите општества за кои постои емпириска евиденција, претставниците на функционалистичката теорија нееднаквоста ја определуваат како универзална карактеристика на општествениот живот. Овој став наидува на бурни критики, во најголем број втемелени на Марксовите претпоставки за општествениот развој кој ќе кулминира во остварувањето на состојбата на општествената еднаквост. Одговарајќи на една од нив - на нападите на Темин[28] за неодржливоста на ставот за неопходната универзалност на општествената стратификација и нејзината неминовна функционалност, Мур ја преиспитува својата позиција изложена во заедничката статија со Дејвис од 1945 год. Во статијата од 1963 год., чиј наслов е инспириран од една од паролите во Орвеловата "Животинска фарма"[29] тој ја отфрла верзијата на општеството како стабилен еквилибриум и заедно со тоа секвенцата за нужната функционалност на нееднаквоста, која впрочем ја проценува како неважна за самата теорија. Она што повторно го потцртува како битно за функционалната теорија на стратификацијата е пропозицијата дека нееднаквата значајност ќе биде нееднакво наградувана[30]. Марксовата теза за идеалното бескласно општество, по него претставува базична заблуда заито егалитарниот општествен систем произведува исти проблеми како неегалитарниот. Нееднаквата дистрибуција на моќта и богатството за него е посебен случај на општиот проблем на поредокот. Таа придонесува за неговото одржување и истовремено е извор на тензии и со тоа на потенцијална промена. Меѓутоа, тензиите не се условени од неприфаќањето

на нееднаквоста туку од недовербата во однос на постоечките критериуми на нејзиното одредување и барањето тие да бидат заменети со нови.

Парсонс се согласува со Мур дека нееднаквоста е универзална карактеристика на општествата. Таа кај постарите општества е базирана на прописот а кај поновите на постигнувањето. Сепак, тој укажува на потребата во модерните општества таа да се разгледува во корелација со еднаквоста, која се институционализира постепено во текот на последните неколку векови преку концепцијата на природното право, преку модерните политички системи, преку концепцијата на граѓанството изградена во контекстот на Француската револуција. Тој посочува неколку фактори кои доведуваат до слабеење на пропишаната нееднаквост. Првите и основни се религијата и етничноста, чиј значај постепено слабее, посебно во американското општество. Други два се локалниот партикуларизам и општествената класа. Првиот слабее со растот на географската мобилност во рамките на процесот на индустријализацијата.

Општествената класа за Парсонс е транзитивна фаза во развојот на системите на стратификација која е карактеристична за модерните општества непосредно после индустриската револуција[34]. Таа се јавува кога покрај двете категории на општествената структура - аристократијата и масата нараснуваат уште буржоазијата и работниците. Нивните структурни карактеристики отстапуваат од оние на постарите поради поместувањето на детерминантата на структурирањето од политичката моќ кон економската. Сепак, и кај новата

класна структура членството е одредено во прв план преку статусот на раѓањето. Предноста на раѓањето почнува да се руши подоцна, кога професионалната структура широко се разгранува со што станува неможно да се одржува јасна граница меѓу оние што го контролираат производството и оние коишто играат подредена улога во него. За губењето на врската меѓу професионалната сфера и статусот по раѓање посебна улога му припишува на образованието. Но, таа сосема не се изгубува, дури ниту со завладувањето на нуклеарното семејство.

Промените што се остваруваат во општествената структура со намалувањето на значајот на прописот, по Парсонс го поттикнуваат значајот на колективностите, но и на улогите со највисока позиција во општествениот систем. Еднаквоста, притоа, се спроведува преку еднаквоста на шансите Но и овде роднинскиот систем продолжува да го фаворизира пропишаниот континуитет од генерација во генерација. Дури и во ситуацијата на голем раст на самостојниот избор на професијата, семејството продолжува да игра улога во статусната диференцијација преку социјализацијата која се јавува како значаен фактор во натпреварот за наградите. Два примарни фокуса на класната припадност на индивидот остануваат професијата и роднинството. Професијата понатаму е артикулирана од повеќе структурни компоненти на општеството - посебно од работниот пазар, структурата на моќта во организациите и образовниот систем. Роднинството, пак, ја претставува најзначајната основа на солидарноста и личната безбедност. Тоа е поврзано со другите бази на солидарноста - религијата и етничноста.

Еднаквоста и нееднаквоста во современите општества Парсонс ги третира како независни варијабли. Анализирајќи го нивното присуство во четири сфери - правната, политичката економската и културната, тој наоѓа дека во трите последни нееднаквоста се легитимизира преку општата формула за еднаквоста на можностите, слободната конкуренција и сл. Првата - правната - во однос на останатите игра улога на одржувач на примерокот. Преку неа се институционализира примерокот кој ја претставува базата на граѓанскиот статус - преку кој секој граѓанин се смета за еднаков - а таа еднаквост се однесува на трите погоре споменати сфери. Со тоа тој делумно ги поддржува тезите на Дејвис и Мур дека модерните општества се општества на еднакви, а нееднаквоста која се утврдува по емпириски пат е произведена од основата на еднаквите можности и наградите коишто се разликуваат со оглед на функционалниот придонес кон развојот на добробитта на општеството, остварен преку носителите на диференцираните статусни улоги.

## Статусната структура на општествата

Една од најчестите критики упатени на функционалистичката теорија на стратификацијата е онаа за нејзиното занемарување на она што е суштинско за самата стратифијација - постоењето на стратумите (или слоевите) како посебни колективности или подгрупи коишто низ неколку генерации продолжуваат да заземат релативно иста позиција и да примаат релетивно иста сума на материјални добра, престиж и моќ. Така, Бакли во своите анализи на различните теории за

структурата го пронаоѓа нивното присуство во сите постари - почнувајќи од Маркс, преку Парето, и Веблен до Ворд и Кули, и понатаму во низа современи како кај Хорт, Сорокин, Герт и Милс, Мак Ајвер и т.н. Кај сите нив тие вклучуваат трајност на стратумите и наследна нееднаквост покрај онаа што е базирана на постигнувањето. За Бакли терминот стратум се однесува на општествените групи и колективности а не на позициите, а стратихикацијата на постоењето на стратуми во општеството.[35] Во тој поглед функционалистичката теорија за него не е теорија за стратификацијата туку нешто што би могло да се препознае како теорија за некои аспекти на општествената диференцијација и хиерархиска организација.[36] Истата замерка и ја упатува Темин на Дејвис-Муровата теорија во веќе спомената статија за нееднаквоста.

Мур, во одговорот до Темин, ги отфрла нападите за надоволноста на теоријата од аспектот на занемарувањето на стратумите како компоненти на структурираното општество. Самата употреба на терминот стратификација по него ги вклучува јасно изделените и конзистентни статуси кои можат да бидат воопштени во категории на индивиди со "сличен статус" и категории рангирани како стратуми.[37] Впрочем, тоа го сугерира уште во статијата од 1945 која е предмет на критиките. "Треба да се има на ум една ствар - имено, дека дискусијата се однесува на системот на позициите, а не на индивидите коишто ги заземаат тие позиции. Една ствар е да се праша зошто различните позиции носат различен степен на престиж, а сосема друга да се праша како извесни индивиди влегуваат во тие позиции. Иако...и двете прашања се поврзани, суштински

е да се изделат во нашето мислење...првото прашање...е логички примарно и, во случајот на било кој посебен индивид или група фактички основно"[35].

Се чини дека проблемот постои кога дискусијата околу стратификациските разлики се води на нивото на улогите. Меѓутоа, тој може да се надмине кога ќе се пронајде начин за нивното поврзување кај индивидот како нивен носител и понатамошното рангирање на индивидите на база на комплексот улоги што ги играат и сумата награди што за нив ја добиваат. Тоа и го прават некои претставници на школата.

Прв од функционалистите стратификациска скала гради Ворнер, базирајќи ја на примерокот на локалната заедница. Како мерка на групирањето користи субјективни показатели- социјалното одобрување и интимната партиципација. За него економските фактори се значајни за стратифицирањето, но тие не се доволни за комплетно објаснување на феноменот општествена класа. Затоа и ги отфрла класификациите базирани на нив како неадекватни.

Знаењето за статусните интеррелации коишто го компонираат комуналниот статусен систем тој го воведува во картони, користејќи притоа два методи - процената партиципација и индекс на статусните карактеристики.

Првиот метод - проценетата партиципација е базиран на предлогот на луѓето, коишто делувајќи заедно во општествениот систем на комуната во која постои скалирање на местата на партиципацијата, ја проценуваат позицијата на оние околу себе како и својата сопствена. Методот вклучува шест техники на рангирање на индивидуалната класна позиција:

1) Рангирање преку вклопувачки согласности (формирање на ранг на општествените класи и определување на конкретните индивиди во нив на база на ставот на информантите

2) Рангирање со симболично сместување (преку користењето на симболи кои што ја определуваат супериорната и инфериорна позиција во класниот систем);

3) Рангирање со статусна репутација (преку репутацијата базирана на ангажманот во активности или поседувањето особености разгледувани како супериорни или инфериорни);

4) Рангирање со споредба (базирано на тврдењата на информантите за сопствената супериорна, еднаква или инфериорна позиција во однос на другите чија класна позиција е претходно одредена);

5) Рангирање со просто означување на класата (базирано на ставот за класната припадност на еден или повеќе квалификувани информанти);

6) Рангирање со институционално членство (според членството во извесни институции коишто се рангирани како супериорни или инфериорни).

Индексот на статусните карактеристики е базиран на некои индикатори на материјалниот статус - занимањето, изворот на заработувачката, типот на куќата и областа на живеењето. Се добива преку претходната изработка скали со седум моделитети за секој индикатор, нивното сумирање и рангирање.[36]

На база на истражувањето Ворнер ја оформува познатата класна скала со шест, хиреархиски подредени членови: Висока висока класа, ниска висока, висока средна, ниска средна, висока ниска и ниска ~~висока~~ класа. Независно од тоа што е

изградена на примерокот на една локална заедница и што е општо критикувана за комплетниот начин на нејзиното добивање таа е широко применувана во современата социологија.

На Ворнеровата класификација може да и се стави истата замерка што тој им ја става на оние класификации коишто се базирани на економски показатели. Она што притоа се чини значајно да се спомене е што таа всушност јасно го изразува она што е карактеристично за целата школа (што некаде е директно а некаде индиректно искажано) - дека престижот има необично голема улога во општественото рангирање. Неговата улога е примарна во скалирањето на постарите општества, но тој ја одржува својата значајност и во модерните.

Широка определба на стратумите дава Ајзенштат. Во неа ги прецизира и делумно проширува елементите вградени во општата формулација на стратификацијата кај Дејвис и Мур. Општествените стратуми ги дефинира како "категории или групи на луѓе кои:

1) се носители на институционализирани позиции или улоги кои добиваат слични општествени награди;

2) имаат сличен степен на контрола над базичните економски, политички и културни ресурси;

3) способни се да го контролираат приодот кои таквите улоги и позиции до таков обем што можат да ги пренесуваат повеќе или помалку ексклузивно на нивните деца или други лица во кои гледаат екстензија на своите идентитети; и

4) изгледа дека се наоѓаат во извесен вид на хиерархиски однос кон другите категории или групи на луѓе од истото општество.[23)]

Во дефиницијата се поаѓа од позицијата условена од комплексот општествени улоги, со нагласок на нивните индивидуални носители. Во неа не се дава хиерархиски поредок на различните видови општествени награди и не се укажува на нивната заемна условеност или независност, што е и разбирливо со оглед на тоа што ја има предвид ситуацијата од времето на нивното настанување. Всушност, по неговата оценка, односот и врските меѓу различните позиции во големите институционални сфери, го претставува најболното прашање во врска со формацијата на стратумите, а ефектуирањето на таквите врски како негов базичен аспект.

Ајзенштат укажува на значајот на проширеното семејство кај примитивните општества во формирањето на стратумите. Тие се базични агенции на социјализацијата а преку неа се врши усмерувањето кон колективните и индивидуални цели, како и кон општествениот и личен идентитет. Истовремено, преку нив се постигнува трансмисијата на приодот кон вредните улоги - или директно, преку прописот или индиректно, преку поседувањето на ресурси преку кои индивидите се оспособуваат да се квалификуваат за таквите улоги и позиции. Самото формирање на стратумите, по него, претпоставува претходно постоење на неколку елементи - институции, ресурси и позиции. Тоа се јавува само во општествата во кои ресурсите од една институција можат да се употребат за нагодување за оние на другите. Не е присутно во општествата во кои конверзијата се остварува автоматски или каде приодот кон сите позиции е дистрибуиран еднакво. Формирањето на стратумите, понатаму, бара контрола над конверзијата на

на ресурсите и правила за процена. Контролата е битна воспоставувањето на критериумите преку кои различните позиции се проценуваат, а правилата за легитимизирање н различните стилови на живот. Процесот на формирањето го вклучува и воспоставувањето на општествениот идентитет, регулирањето на приодот кон позициите, пренесувањето на позициите преку семејните аранжмани, практикувањето на пос бен стил на живот. Притоа тој утврдува разлики во застапен ста на сите нив кај конкретните општества, што го определув како една од основите на нивното разликување.

Стратификација на примитивните општества. Стратифи-кацијата како автономна димензија на општествениот живот по Ајзенштат се јавува во архаичните општества од типот на племенски федерации, градови-држави, патримонијални режими и империјални системи. Нејзини основни карактеристики се: 1) релативно високо ниво на општествена диференцијација; 2) можност за акумулација на вишоци и 3) развој на општествени центри. Укажувајќи на постоењето на одредени нееднаквости и кај попримитивните општества, тој потенцира дека за стратифицирани можат да се сметаат оние општества во кои приодот кон повисоките позиции е специфично дистрибуиран, така што таму кадешто е присутен некои лица се привилегирани а други дисквалификувани. Одлучувачкиот момент за општествената стратификација е нееднаквоста во дистрибуцијата на приодот кон привилегираните позиции.

Стратификацијата во традиционалните општества, Во врска со формирањето на стратумите во традиционалните општества, Ајзенштат укажува на неколку елементи:

1) Тенденција кон строга нормативна дефиниција на стиловите на живот кај различните статусни групи во општествата во кои центарот е културно ориентиран. 2) Сегрегирање на различни статусни групи кое зависи во голем обем од структурата на центарот и неговата доминантна ориентација (помонолитниот центар условува поголема сегрегација и обратно, помалку монолитниот со повеќе потцентри условува голем број на статусни групи со стил на живот којшто делумно се преклопува. 3) Развојот на единствена структурна хиерархија е условен од ориентацијата и структурата на центарот. 4) Одредено непоклопување на трите фактори на структурирањето - богатството, моќта и престижот. Кај конкретните општества од оваа фаза непоклопувањето е најголемо во Индија во која ритуалистичкиот поредок ја спречува конверзијата на периферните ресурси во централните, а најмала во Централна Европа во годините на апсолутизмот, во која постојат повеќе центри заедно со голем број релативно автономни роднински и територијални единици. 5) Улогата на семејството и роднинските единици во општествената структура е условено во голем обем од главните ориентации на центарот и начините на приодот кон него. Центарот кој е моќно ориентиран се стреми кон минимизација на обемот во кој семејната и роднинска единица служат како базичен фокус на статусната свест. Центарот ориентиран кон учество во единствена културна традиција исто ја сведува на минимум улогата на семејството како пропишувачки регулатор на приодот кон централните позиции. Колку е поголем бројот на роднинските ориентации кои коегзистираат во единствениот центар и поголем бројот на единиците кои имаат релативно автономни приод кон него толку се појаки силите кои им се спротивста-

вуваат на пропишувачките тенденции на примордијалните роднински групи. 6) Во секое општество примероците и стапката на општествената мобилност се под силно влијание на главната ориентација на центарот и начините на приод кон него. Монолитниот центар ја охрабрува спонзорираната мобилност. Центарот со повеќе ориентации ја охрабрува натпреварувачката мобилност. Во ситуации на критериуми за приод кон центарот кои се фиксирани преку културниот поредок, единици на општествената мобилност се широките професионални и пошироките општествени групи, кога пак овие критериуми не се фиксирани, единици на општествената мобилност се индивидуалните семејства.

Стратификацијата на модерните општества. Слабеењето на пропишаните одредби на статусот по Ајзенштат не ги укинув стратумите во модерните општества. Професионалните и статусн категории и понатаму се разликуваат во примерокот на партиципацијата во општествените, политички и културни организаци во примерокот на потрошувачката, во посебниот стил на живот, во базичните ставови кон работата и кариерата и т.н. Настојувањата за укинување на ограничувањата на учеството во различните општествени сфери не доведуваат до слабеење на статусната идентификација туку до развој на нови механизми за нивното постигнување, различни од оние во традиционалните општества.

Ајзенштат ја прифаќа листата на статусните карактеристики на модерните стратификациски системи на Британскиот социолог Маршал: 1) укинување на наследните, легално подржувани разлики во статусот; 2) развој во кој општествените

статусни разлики повеќе се подржувани од општествени отколку од легални санкции; 3) во тек на времето свртување кон нагласката на постигнувачките аспекти на богатството и професијата; 4) ограничување на нееднаквоста во богатството преку државна акција и даноци; 5) згуснување на разликите во заработувачката со отклонувања на двата краја на скалата; 6) во различните полиња растечка реализација на принципите на еднаквост на можностите. Тој укажува на уште една карактеристика на општествата со модерни стратификациски системи - развојот во нив на многу флексибилен, дури нестабилен статусен систем.

Сите овие тенденции означуваат една единствена ствар - прекинот на традиционалниот однос меѓу сопственоста, моќта и статусот. Со модернизацијата се губи еквиваленцијата на позициите во различните општествени сфери. Пројавуваните тенденции за окоштување на различните димензии на статусот се надминувани преку континуираниот процес на општествената промена, посебно преку општествената мобилност која вклучува не само движење на индивидите и семејствата меѓу релативно фиксните позиции, туку и креација на нови структурни позиции. Ова, понатаму дава раст на нови критериуми за процена на улогите и позициите.

Раздорот меѓу трите компоненти на структурата се врзува за слабеењето на нормативните прописи за нивното поврзување, како и за укинувањето на најголемиот број на ограничувања за приодот кон политичката партиципација, за припаѓањето кон одредени стратуми, како и за провизиите на различните ограничувачки закони. Дисоцирајќи се една

од друга, тие понатаму покажуваат тенденција кон раст на автономијата со развој на нови механизми преку кои се поврзуваат на нетрадиционален начин.

Во врска со автономијата на економската сфера Ајзенштат ја прифаќа забелешката на Вебер за постоењето на ситуации во кои контролата над економските ресурси станува значаен критериум за процена на статусната позиција со што расте значајот на класта како детерминанта на приодот кон позициите и наградите. Во исто време, сличен развој како економската покажуваат и политичката и културната сфера. Во нив растечката автономија значи контрола над нивните ресурси, на дистрибуцијата на наградите како и на изградбата на посебни критериуми за процена на улогите.

Како други карактеристики на модерните стратификациски системи се наведени промените: 1) во структурата на вработувањето, 2) во степенот на авторитетот и автономијата во него, 3) во степенот на автономијата во употребата на човечки ресурси, 4) во степенот на временскиот распон на економската безбедност или небезбедност кои ги повлекува вработеноста, 5) во нивото на професионалните атрибути кои ја придружуваат автономијата.

Економската организација, исто така, трпи низа промени: 1) промени од единици на производство од мал ранг коишто делуваат на релативно ограничен пазар кон централизирани, бирократизирани и поголеми единици на производство коишто делуваат на широки пазари, 2) нови техники на производство коишто ја менуваат структурата на економскиот процес, ја зголемуваат поделбата на трудот на секоја единица и

поттикнуваат нов тип на односи меѓу единиците. Ова е придружено со промени во каналите и критериумите на приодот кон професионалните позиции, при што основниот тренд е во преминот од широки и дифузни статусни атрибути кон формални образовни квалификации.

На сите овие промени посебно внимание им посветува и Маркс во своите анализи на капиталистичкото општество, заедно со анализите во однос на промените во сопственоста. На сопственоста укажува и Ајзенштат, но не навлегува пошироко во нејзината улога во модерните општества. Она на што обрнува внимание е промената во контролата - поместувањето од ситуација во која сопственикот и организацијата се интегрирани, кон корпоративни организации во кои постои изделување меѓу сопственоста и ефективната контрола на единиците на производството. Исто е и со распределбата. Прифаќајќи ја Марксовата теза за поларизацијата на богатствата кај постарите општества тој отстапува од него со своите укажувања за модерните општества. Во нив открива тенденција на ублажување на разликите со трендот на пошироката дистрибуција на наградите, како нееднаквоста продолжува да се одржува преку цела серија на механизми, од кои првиот е инфлацијата.

Ајзенштат, како и повеќето претставници на школата и покрај сите анализи на стратификациските системи на модерните општества, не се обидува да изгради стратификациска шема која би нашла применливост во повеќе емпириски ситуации Таквата задача по него е врзана за низа тешкотии поради многуте механизми на диференцијацијата меѓу кои не постои нужно позитивна корелација. Тој сепак укажува на можноста да се направи нешто на тој план преку примената на повеќе

критериуми на процена: 1) преку перцепцијата на општествените позиции во термините на дихотомијата модерни - традиционални сектори, 2) преку пропишаните практики на затворен стил на живот, 3) преку разликите во контролата на ресурсите, 4) преку функционалниот придонес во општествениот поредок.

Мобилноста на модерните општества

Општествената мобилност - процесот преку кој индивидите или групите се движат од еден стратум во друг, по општа оценка е придружник на индустријализацијата. Таа е една од основните карактеристики на модерните индустриски општества.

Поширока дефиниција на мобилноста даваат Липсет и Вендикс: "терминот социјална мобилност се однесува на процесот преку кој индивидите се движат во општеството од една позиција во други позиции на кои во општата оценка им се дадени различни хиерархиски вредности. Кога се проучува социјалната мобилност се анализира движењето на индивидите од позиции кои носат одреден ранг кон позиции кои се повисоки или пониски во општествениот систем"[38]. Нејзиното постоење тие го поврзуваат со две основни причини: 1) промените во барањата за обавување и 2) промените во распоредот на талентите. Првиот од нив е со нагласена значајност во општествата со интензивни промени.

Поаѓајќи од ситуацијата на модерните општества во кои се остварува интензивна промена преку процесите на

диференцијацијата Смелсер наведува повеќе форми низ кои мобилноста се пројавува:

1) Движење на индивидите нагоре преку хиерархијата на позициите (тип на мобилност нагласен во американската идеологија);

2) движење на колективностите нагоре преку хиерархијата на позициите, пр. движењето на семејните единици кај кои со напредокот во професионалната хиерархија на главата на семејството расте статусот и на останатите членови;

3) Движење на целите класи, кое може да се случи постепено и мирно со професионализацијата на одредено занимање или изненадно и сурово преку пристапот на класата кон контролирачката моќ преку револуција;

4) мобилност со задржување на истата позиција преку прераспределбата на наградите;

5) мобилност преку реорганизација на улогите во општествената структура, пр.кога се менува односот меѓу примарната, секундарната и терцијалната дејност во економијата;

6) мобилност преку примена на нови системи на стратификација која се случува нагло - во време на револуциите, или бавно-низ долг временски период, преку постепена реорганизација на критериумите за процена на општествените улоги и редистрибуцијата на улогите, наградите и службите.[39]

Во рамките на сопствените истражувања Смелсер открива дека општествата коишто трпат брзи промени обично имаат не еден туку повеќе стратификациски системи со коегзистирачки хиерархии. Тоа доведува до тоа општествената

мобилност да не биде просто движење нагоре или надолу во хиерархијата туку истовремено движење од една во друга хиерархија. Од друга страна, нејзиното следење го отежнува разновидието на формите низ кои таа се остварува. Тој наведува три основни форми, поврзани со три особини на општествената структурираност: комплексот пропис - постигнување, нивото на диференцијацијата на општествената структура и местото на контролата на санкциите.

Првата особина може да се земе како основа за поделба на општествата согласно со степенот до кој личностите се определени за улогите на база на статусот пропишан од раѓањето. База на прописот можат да бидат родинството, возраста, полот, расата, етносот или територијалната локација. Се додека тие делуваат како критериуми за распределба на улогите општеството го карактеризира прописот. Кога, пак, обавувањето на улогите е врзано за личното однесување општеството го карактеризира постигнувањето. Од овој комплекс се извлечени следните импликации: а) во колку е институционализиран прописот тогаш мобилноста се стреми да биде колективна и б) во ситуациите во кои доминира постигнувањето мобилноста е индивидуална. Вториот случај е редок, дури и исклучив, во чист вид. Дури и во случаите на институционализација на постигнувањето, прописот продолжува да делува. Тој се вметнува преку некои особини на личностите (акцентот, навиките, манирите) кои ја рефлектираат семејната и образовната основа и кои делуваат како битни статусни симболи.

Втората особина - општествената диференцијација - игра значајна улога како за степенот на колективната и

индивидуалната мобилност така и за сегрегираната мобилност и последиците што произлегуваат од нea, Во простите општества со мала диференцијација, кадешто позицијата во родинската група не е изделена од богатството, политичкиот и религиозен авторитет, индивидот зазема еднаква позиција во сите улоги што ги обавува. Растот, пак, на комплексноста условува процес на изделување на улогите, со што се случува еден индивид да прими истовремено повеќе награди - моќ, углед, богатство - кои се сегрегирани во високо диференцираната општествена структура.

Смелсер определува две импликации од нивото на диференцијацијата на општествената структура врз општествената мобилност:

а) Колку системот е помалку диференциран толку на индивидот му е потешко движењето во однос на простата улога. Индивидот се движи во однос на сите улоги - економска, политичка, етничка и сл. Индивидуалната мобилност е тешка а наградите се условени од припадноста на една од повеќефункционалните групи и натпреварот меѓу нив. За разлика од тоа, високодиференцираниот систем дава можност за движење кон нови професионални улоги и со тоа за сегментарна мобилност. Овде е можно да се постигне економски успех без да се оствари повисока политичка позиција, без промена во етничката идентификација и сл.

б) Високодиференцираниот систем дава простор за статусен дезеквилибриум.

Во однос на третата особина - местото на контролата на санкциите, Смелсер укажува на две димензии: елитистичко

егалитарна и територијална. Првата се однесува на местото на контролата на наградите и добрата во стратификацискиот систем - со разлики во бројноста на оние во кои е концентрирана моќта за примена на санкциите. Кај вторатa- димензијата централен - локален се однесува на истата концентрација како во претходниот случај, само во географскиот простор.

Заклучната констатација на Смелсер е дека брзиот општествено-економски развој условува тензии меѓу прописот и постигнувањето, меѓу недиференцираните и диференцираните структури, меѓу хиерархиските и егалитарни принципи и централната и локланата моќ [40]. Развојот му дава раст на постигнувањето како критериум кој постепено ја менува организацијата на улогите, базирана на пропишаното членство, со што се јавуваат притисоци меѓу стандардите на прописот и постигнувањето како во однос на рангирањето на улогите така и во однос на регрутирањето на луѓето во нив. Диференцијацијата исто така, ја нагласува индивидуалната мобилност преку професијата и другите структурни хиерархии. Таа ги дели улогите на возрасните од нивното потекло. Сепак, како што е веќе споменато, за него како и за другите социолози коишто го истражуваат овој проблем, наследството продолжува да игра одредена улога. Притоа, низа општествени појави се разграничени како последици од неговиот судир со егалитарните идеологии. Една од нив е повисокото ниво на религиозност на ниските слоеви на населението од земјите со егалитарна идеологија (како што се САД и СССР) отколку во земјите со наследна традиција, во кои низа општествени механизми условуваат луѓето да ја прифатат својата инфериорна позиција.[41]

Општествената мобилност во модерните индустриски општества е влијаена од повеќе фактори, инхерентни на нивната структура. Нивен сумарен приказ даваат Липсет и Бендикс:

1) Промените во бројот на погодните празнини. Во текот на индустријализацијата расте потребата за професионални службеници, менаџери и административци а опаѓа потребата за неквалификувана работна сила. Ова доведува до нагорна подвижност која е забележана во сите земји со индустриски пораст, независно од тоа што нејзиниот темпо насекаде не е еднаков.

2) Различните стапки на фертилитет. Во индустриските земји за кои постојат податоци, фертилитетот покажува варијации кои се инверзни со доходот. Демографската репродукција стагнира кај групите со високо статусни позиции во ситуација кога расте потребата за занимања од високо ниво. Така, дури и ако сите деца на родителите со висок статус ја задржат високата позиција на нивните родители, останува уште простор за движење и на дел од останатите нагоре.

3) Промените во рангот усогласен со професијата. Во ситуацијата на брзи општествени промени се менува хиерархискиот однос на позициите. Некои позиции се здобиваат со поголем престиж, додека други го губат. Така, лицето може да биде мобилно и без промена на работата.

4) Промените во бројот на наследните сталешки позиции. Во модерните општества доаѓа до опаѓање на бројот на наследните позиции. Во такви ситуации она што родителите можат да им го дадат на децата е можноста да се здобијат со добро образование и мотивацијата за постигнување на висока позиција.

5) Промените во легалните ограничувања кон потенцијалните можности. Во индустриските општества доаѓа до отстранување на низа стари легални рестрикции за постигнување на нов и повисок професионален статус. Развиените земји имаат легални гаранции за слободата на професионалниот избор. Последица на ова е зголемена вертикална мобилност дури и во ситуации на економска криза. Така, во ситуација кога работниците го губат вработувањето за да преживеат отвараат сопствени претпријатија, а тоа согласно со конвенционалната класификација е движење нагоре.[42)]

Од студиите за мобилноста во различните земји можат да се извлечат неколку заклучоци:

- Разликите во стапката на општествената мобилност мерена преку линијата мануелни - немануелни занимања е условена од нивото на индустријализацијата.

- Кај модерните општества постојат одредени национални варијации во социјалното потекло на високите професионалци, што е поврзано со разликите во погодностите за постигнување на високо образование.

- Истите национални варијации се и во однос на високите граѓански служби, што е повторно поврзано со различните образовни можности и, веројатно, со статусот на граѓанските служби во различните земји.

- Во високоразвиените земји постојат мали разлики во потеклото на носителите на бизнисот од високо ниво.

- Постои сличност во стапката на масовната мобилност од мануелни кон немануелни занимања, што сугерира дека таа не е поврзана со националните културни примероци

од кои некои ја охрабруваат додека други обесхрабруваат општествената мобилност.

- Религиозните вредности на кои укажува Вебер како на значајни условувачи на мобилноста во раната фаза на индустријализацијата, во денешно време не условуваат значајни разлики во стапката на мобилноста.

- Во модерните општества постои општа распространетост на мотивацијата за подобрување на сопствениот статус. Индивидите и групите настојуваат да го подобрат својот статус кога имаат можност за тоа.[43)]

Истражувањата на мобилноста во САД укажуваат на нејзиниот висок интензитет. Сепак, тој не е многу повисок отколку во европските земји, како што би могло да се заклучи на база на егалитарната идеологија и отсуството на феудално минато. Овде културниот примерок, кој игра покрај другите фактори значајна улога во остварувањето на мобилноста, дава позитивни потстреци за движење нагоре, но самото движење во прв ред е условено од нивото на индустрискиот развој. Овде верата во можностите за подобрување на статусот обично е поголема од самите можности. Ова за Мертон е една од причините за хроничната аномичност на американското општество. Нејзина последица се различните типови на девијантно однесување.

## Општествената класа и класниот конфликт

Во теоријата која општествената структура ја разгледува во термините на стратификацијата, поимот класа го нема она значење што му го придавал Маркс, и на кое

обично се мисли кога се употребува. Поголемиот број од авторите коишто го употребуваат го изедначуваат со поимот стратум. Најтипичен пример за тоа е Ворнер кој, во веќе споменатата стратификациска скала единиците во хиерархијата ги именува како класи. Кај други се применува во Веберовото значење.

- Како економска категорија. Луѓето коишто имаат слични материјални можности и припаѓаат на одредена класа. Но, материјалната можност - обично врзана за професионалната позиција - не е доволна за општествената позиција. За неа е потребно прифаќање од страна на другите како еднакви, односно остварување на интимна асоцијација со другите што се со иста економска позиција.[47] Кај трети, класата претставува политичка категорија - преку неа се определуваат индивидите кои што поседуваат еднаква политичка моќ, односно одредена сума на можности за наметнување на своите идеи над другите.[48] Од друга страна, скоро сите поимот класа го употребуваат во обидите за изградба на едноставни класификации на структурата на модерните општества која обилува со мноштво структурни пододдели. Обично структурната хиерархија се сведува на три класи - висока, средна и ниска. Секоја од нив вклучува повеќе стратуми.

Марксовиот термин на класата покрај односот кон сопственоста и за неа врзаните позиции во организацијата на производството, размената и распределбата, ги вклучува и елементите на класната свест и класниот конфликт. Во функционалистичката теорија се прифаќа неговата идеја за изградбата на класна (во контекстов статусна) свест, на која и се

припишува значајна улога за самодетерминација на индивидите. Во однос, пак, на вториот елемент - класниот конфликт- марксовите тези се оценуваат како неприфатливи.

Во функционалистичкиот модел на општеството неговите елементи - класните или статусни групи се комплементарни, заемно зависни делови со позитивна функција во тоталниот систем. Во ситуациите на постоење на конфликт тој се манифестира како дисфункционална сила. Општествените делови се во заемна комуникација а конфликтот е резултат на нејзиното пореметување. Бидејќи комуникацијата е суштински општествен процес, нејзиниот престанок е отворено дисфункционален феномен[46].

Присуството на конфликтот не се исклучува, дури му се припишува ендемично присуство во модерните индустриски општества. Затоа и тие од Парсонс се етикетирани како ендемично болни.[47] Тој верува во можноста општествата ориентирани кон промената да можат да го одржуваат својот еквилибриум, но истовремено се сомнева во можноста на избегнувањето на неговите повремени пореметувања. "Концепцијата на комплетно ~~ограничен~~ интегриран општествен систем е ограничен случај. Секое од комплексните општества содржи значајни елементи на внатрешен конфликт и тензија".[48]

На конфликтот во процесот на индустријализацијата посебно внимание му обрнува Олсон. Тој, еднакво како Маркс, во економскиот раст гледа дестабилизирачки фактор кој отвара можности за револуционерна промена. Меѓутоа, објаснувањето што го дава во однос на овој став е различно, дури спротивно од она на Маркс. Разликите се

однесуваат како на согледувањето на улогата на изградбата на класната свест во револуционерните настани така и во нивната оценка од аспектот на позитивната улога во општествениот систем.

За Маркс изградбата на класната свест е услов за интензивирањето на класниот конфликт, кој пак е позитивен општествен феномен кој, преку рушењето на стариот поредок го создава и унапредува новиот. За Олсон изградбата на класната свест води кон консолидација на класта, која е битна за одржувањето на општествениот поредок. Луѓето со одредена класна позиција, дури и ако е таа на дното на општествената хиерархија, по него, не се сретнуваат обично во револуционерните извидници. Тие настојуваат да ја задржат својата позиција поради минимумот безбедност што таа им ја гарантира. Спремност за впуштање во борба покажуваат оние кои се декласирани, чии класни врски се слаби.

Економскиот раст по Олсон води до зголемување на бројот на декласираните, односно оние коишто ја губат идентификацијата со групите на коишто порано им припаѓале. Тоа е една од последиците на иновацијата и технолошката промена кои условуваат широки промени во методите на производството - во значајот на одредени индустрии, во профилот на бараните работници, како и во просторната дистрибуција на производството. Со брзиот раст брзо се менува позицијата на голем дел од населението - едни брзо се издигнуваат над позицијата врзана за нивното потекло, додека други, исто така, брзо паѓаат надолу. И во двата случаи движењето носи слабеење на врските со класата. Тие повеќе не и припаѓаат

на класата во која се родени, а социјализацијата низ која поминале ги закочува во вклопувањето во класата на која и припаѓаат по висината на заработувачката. Ефектите од овој процес ги зголемува и процесот на рушењето и на другите групи освен класната што се битни за личната идентификација. Професионалната и географска мобилност, кои се придружници на економскиот раст, посебно се одразуваат на делењето на семејната група и пошироката фамилијарна заедница.

Несовршената прилагоденост кон општествениот поредок ги прави потенцијални носители на револуционерни настани и оние коишто економскиот раст ги издигнал на ниво на нови богаташи и оние коишто се вклучиле во редот на бедните. Првите можат да ја употребат својата економска моќ за нови промени во економскиот и политичкиот поредок преку кои уште повеќе ќе ја подигнат својата позиција. Другите се револуционерно расположени бидејќи се многу повеќе свесни за својата беда отколку оние што на неа веќе се навикнале.

Друг момент на кој укажува Олсон е пореметувањето меѓу рамнотежата на трите детерминанти на општествениот статус. Растот на економската моќ не мора да е проследен со одговарачки раст на политичката моќ и на престижот. Групите кои економски напредуваат не мораат да имат отворен приод кон ресурсите преку кои можат да го усмерат општествениот поредок кон нови промени во правецот на сопствениот интерес.

Економскиот раст, дури и ако ја менува позицијата на најголемиот дел од населението во нагорен смер, создава притисоци за нови реформи преку растот на очекувањата. Оние коишто имаат отворени надежи за зголемување на заработувачката поттикнуваат кон нови реформи и така ја забрзуваат

промената која веќе започнала. Ова е посебно карактеристично за земјите во развој, во кои економскиот раст е следен со раст во образованието.А, растечкото знаење за можностите за подобар живот се отелотворува во притисок врз владата за промени не само во технологијата и економската организација, туку и во идеологијата и во системот на владеењето.

Емпириските податоци за политичката дестабилизација како последица од брзиот економски раст и брзото економско назадување, како и за пореметувањето на односот меѓу економската моќ и основата на политичката моќ, го наведуваат Олсона кон поставување на претпоставката дека бавниот економски раст е гаранција за политичката стабилност. Од друга страна, тој наведува уште низа други фактори кои можат да условат политичка нестабилност, како што се харизматското водство, религиозните контраверзи, идеолошката промена. Тие го отежнуваат докажувањето на хипотезата за врската меѓу економскиот раст и политичката нестабилност.[59]

До слични согледувања како Олсон доаѓа и Мур, иако во однос на некои ситуации зазема различно стојалиште од него. Растот на доходот по жител, земен како мерка на економскиот раст, кој во индустриските општества покажува долготраен пораст, по Мур води кон промени и во дистрибуцијата на примерокот на потрошувачката и општествената благосостојба.Во ситуација на пораст на доходот се чини дека расте општата благосостојба. Меѓутоа, тој укажува на фактот на нерамномерната дистрибуција која води кон зголемување на разликите меѓу крајните точки на континуумот. Различните студии покажуваат дека таа е поголема во неразвиените

отколку во развиените земји наспроти фактот што разликите се помали во земјоделскиот отколку во неземјоделскиот сектор,[50] но е забележителна и во развиените. Сепак, за оние во средината на општествената структура, во ситуација на постоење на масовно производство и ниска цена на производите, се зголемуваат можностите за нагласена потрошувачка. Ова, пак, не значи и непосредно менување на нивниот статус. Растечкиот стандард на голем дел од населението е придружено со изградба на механизми за ново скалирање - се јавуваат нови статусни симболи коишто можат иако не мораат да бидат директно изделени од заработувачката. Во голем број случаи луѓето почнуваат заемно да се разграничуваат не по можностите за купување на добра, туку по нивниот избор и по стилот на живеењето. Од двете контрадикторни тенденции - на растечкото издигнување на општиот стандард на потрошувачката и појавата на нови статусни симболи - поизразита е првата. Резултат на тоа е заматувањето на класните граници. За неа придонесува и новата продуктивна организација со новите професионални улоги коишто бараат повисока специјализација. По Мур новите професионални улоги ги зголемуваат разликите во заработувачката, но тие формираат континуум со единствено арбитрарна изделеност.

Индустрискиот развој по Мур во своите почетоци отвара можности за конфликти во новоизградените полови , но можности за нив постојат и понатаму. Низата промени кои тој ги носи, од кои покрај веќе споменатите значајна е масовната култура со своите стандарди за хомогенизација, доведуваат до изградба на механизми за нови согласности и

нови притисоци. Зголемувањето на општествената структура со појавата на новите специјализирани групи го ублажува класниот конфликт во традиционална смисла, но таа често создава долготрајни внатрешни тензии и девијации. Нивната контрола произведува широки општествени последици, кои ја вклучуваат како намерната промена така и непланираните пресвртници во општествената структура.[54)]

Сумирања и критики

Структурата во модерните општества и промените коишто се остваруваат во неа се прикажуваат преку теоријата на стратификацијата. Во нејзината основа стои идејата за нееднаквоста како неопходна особина на секое општество кое поминува низ процесот на структурната диференцијација. Преку нееднаквоста општествата го обезбедуваат исполнувањето на значајните функции од страна на најквалификуваните и најспособни членови.

За функционалистите општествената стратификација израснува како резултат на потребите на општеството а не на индивидуалните желби и интереси. Нејзината појава е условена од две базични потреби - 1) потребата да се мотивираат способните членови од општеството да ги заземаат оние општествени позиции коишто бараат повисоки способности и 2) да ги мотивира способните членови откако ќе ги заземат таквите позиции да ги обавуваат задолженијата поврзани со ни[illegible] Мотивирањето се остварува преку поголеми награди, при што наградите можат да бидат во материјално богатство,моќ и престиж.

Дејвис и Мур висината на наградата ја поврзуваат со функционалната значајност на улогите и со реткоста на талентите потребни за специфични улоги. Позициите коишто се најзначајни како и оние кои бараат таленти и вештини кои се ретко распределени или бараат долготраен и тежок тренинг добиваат највисоки награди. Оние коишто не се значајни и за кои постои мноштво на потенцијални исполнители добиваат минимални награди. За Парсонс, пак, во секое човечко општество постојат проценети вредности коишто израснуваат од потребите на општеството. А бидејќи базичните потреби на сите општества се исти, тоа и вредностите се насекаде слични. Системот на стратификацијата во општествата е експресија на вредносниот систем кој постои во нив. Наградите поврзани со одредени позиции се функција на степенот до кој тие се вреднувани како значајни и се квалитетно обавени. Притоа нееднаквоста е секогаш присутна. Во постарите општества таа е легализирана преку институционалниот поредок, додека во модерните - во кои се афирмира идејата на еднаквоста се одржува преку низа механизми од кои најзначајна е институцијата на натпреварот.

Нееднаквата позиција на луѓето во општеството, како последица на делувањето на стратификациските механизми им дава раст на статусни групи. Нивно разграничување е поедноставно во постарите општества, во кои улогите што ги обавуваат поединците се заемно поврзани и носат одговарачки квантум на награди. Во модерните општества, со зголемувањето на бројот на функционално специфичните организации, како и со слабеењето на значајноста на агенциите преку кои се спроведува распределбата - семејството и територијалноста,

стратификацискиот систем добива посебни карактеристики. Во нив се прекинува цврстата врска меѓу сопственичките, моќни и престижни односи, што се согледува во зголемувањето на значајноста на критериумот на универзалноста и постигнувањето во сите големи институционални сфери. Повеќе не постои совпадливост на позициите на човекот во различните сфери. Определени тенденции за нивна совпадливост постојат, но тие се потиснувани преку релативната независност на дистрибуцијата на луѓето во овие сфери. Сето ова статусниот систем на модерните општества го прави нејасен и за поединците неизвесен.

Тезата за општествената нееднаквост која се одржува и во ситуациите на нагласените стремежи за остварување на еднаквост, има голем број приврзаници и надвор од функционалистичката теорија. Неа ја прифаќаат и некои од најогорчените критичари на функционализмот. Така, за Дарендорф категоријата бескласно општество социолошки и бесмислена. По него е можно да се претпостави постоење на општество во кое разликите на заработувачката и престижот ќе се нивелираат, но тешко е возможно да се претпостави општество во кое не постои диференцијација на улогите во термините на легитимната моќ. Секое општество и секоја организација внатре во него бара извесна диференцијација на позициите на надреденост и подреденост. Авторитетот за него е функционален императив на секоја општествена организација. Затоа и ако се зборува за бескласно општество тогаш се мисли не на општество во кое нема разлики во авторитетот, туку на општество во кое постојат механизми коишто го овозможуваат слободниот приод кон авторитетните улоги.

Овде се прифаќа функционалистичката теза дека општественото водство, кое повлекува диференцирана распределба на наградите е условено од потребите за опстанокот на општествената целина. Групата која се зголемува и со тоа мора да пронаоѓа нови начини за обезбедување на опстанокот нужно бара воспоставување на центар кој ќе ги координира активностите на диференцираните делови. Потребата од негово непрекинато останување, понатаму, бара механизми за тоа да се обезбеди. Тие во сите човечки групи се воспоставуваат преку диференцираната распределба на наградите - преку повисокото наградување на функцијата која е најзначајна за групата - функцијата на водството.

Во однос на прашањето за типот на првите награди, односно за временскиот редослед во доделувањето на општоприсутните типови награди - угледот, моќта и богатството, се чини одговорот е невозможен и во крајна линија, небитен. Може да се претпостави дека не постои единствен редослед во појавувањето. Потребата од обезбедување на водството ја наметнува потребата од диференцирано наградување, а начинот на неговото спроведување зависел од условите на егзистенција на групата. Малиновски претпоставува дека во групите коишто не се соочувале со проблемот на материјалната егзистенција поради погодните природни услови, првата форма на наградување бил престижот, за понатаму тој да ги повлече и останатите два типа награди. Меѓутоа, не би могле да се исклучат и другите можни варијации, како што е онаа на Ленски - дека во основата на диференцираното наградување е нееднаквата распределба на моќта, или на Маркс - за првоостварениот монопол над средствата за производство.

Она што се поставува како прашање е дали стратификацискиот систем има единствена основа? Дали, паралелно со развојот на механизми за обезбедување на основните потреби на општеството - во прв план опстанокот на целината на општествената единица која поминува низ процес на внатрешно диференцирање, не тече уште еден процес на поставување на изделени побарувања на единките коишто влегуваат во составот на групата? Поставувањето на последното прашање го претпоставува излегувањето надвор од контекстот на определувањето на човечката природа како комплекс на можности обликувани преку групното искуство. Зашто, ако човекот е сфатен како битие кое својата одреденост ја стекнува во општеството, преку неговите механизми за обликување, преку кои се оформува во битие кое опстанува во специфичните услови на конкретната општествена група, тогаш е бесмислено поставувањето на прашања за негови акции коишто се надвор од таа детерминираност. Прифаќањето на тезата за постоење на човечки аспирации коишто се надвор од оние на групата ја претпоставува тезата за првичната неопштественост на човечката природа или пак онаа за нејзината повеќеслојност - во која се изделуваат две компоненти: онаа што упатува кон здружување со другите и онаа која бара остварување на изделената човечка егзистенција. Последнава, на која овде и се дава предност, не е многу распространета во општествената теорија, но има свои приврзаници во целиот нејзин тек.

Ставот дека во новоспоставувањето, одржувањето и менувањето на стратификациските системи се испреплетуваат потребите на општествената целина и барањата на човечките единки поттикнува дополнително прашање - за уделот на секој

од нив во глобалниот тренд на општествената стратификација, како и во стратификациската ситуација на секое општество. Одговорот и на двете нивои не би можел да биде поткрепен со поевидентна емпириска аргументација поради простиот факт за неможноста да се постави граница меѓу импулсите за човечката акција со извор во компонентата на општественото или автономното во човечката личност. Во случајов, се чини прифатлив одговорот за одредена надреденост на компонентата на општественото над онаа на личното. Општественото одржување бара исполнување на задолженија врзани за него, додека целите врзани за изделената егзистенција се движат во рамките на општествено дозволеното. Тие се зголемуваат со стабилизацијата на општествениот поредок, но кога ќе добијат акцелерирачки тек ги поттикнуваат општествените механизми за нивно ограничување.

Кога се во прашање индивидуалните интереси и нивната артикулација во партикуларни групни интереси, би се рекло дека функционалистите го занемаруваат елементот на наследството. Навистина, тие не ја негираат улогата на наследството, посебно кај постарите општества. Дури укажуваат на негово влијание и во модерните општества (Парсонс). Меѓутоа, наследството е сфатено како механизам на задржување на веќе воспоставениот институционален поредок, како кочница во однос на новите системски барања за промена. Она пак што е занемарено се можностите на групите со привилегирани позиции за креирање на систем на односи којшто е во согласност со нивните партикуларни интереси, односно подредување на општите цели на општеството на целите на групите со

доминантна позиција.

Друг проблем во врска со наследството се можностите за остварување на општествените барања за усогласување меѓу способноста и функционалната значајност. Во општествата во кои функциите се распределени на база на принципот на наследството или отсуствуваат критериуми за проверка на способностите или тие се усогласени со социјализирачките принципи на елитните групи. Тоа е проблем на кој укажува Парето и кој го поттикнува за изградба на неговата теорија за циркулација на елитата. По него само во почетоците на општествената организација е можна распределбата на функциите според способностите. Подоцна, со воспоставувањето на принципот на наследството можностите за тоа стануваат се помали. Дури, во некои општества со ригорозни критериуми за одржување на групните граници тие се невозможни. Оттаму и неговото разграничување меѓу елита по способност и елита по етикета кои се преклопуваат некаде повеќе, некаде помалку,[49] никаде потполно. Паретовата претпоставка е дека во општествата во кои ова преклопување е недоволно, се јавува ситуација на општествена дисорганизација. Неа ја условуваат два елементи - прво, неспособноста на елитата (по етикета) да ја остварува својата улога на општествено водство и второ, незадоволството од сопствената позиција, манифестирано од страна на способните индивиди коишто се исклучени од можностите за преземање на поодговорни општествени функции. Оваа состојба може да се разреши на два начини - преку рушење на системот и воспоставување на нов кој ја сочинуваат поединци од пониските општествени групи, или преку реанимација на системот преку менување на

критериумите за приод кои елитните позиции. Функционалистичката теорија го има предвид ова Паретово учење, но некако ги става на периферија прашањата околу кои тој го фокусира својот истражувачки интерес. Кај нив проблемот на неисполнување на функционалните барања е посочен како постоечки во секое општество, но во конкретните анализи не му посветуваат доволно внимание. Го занемарува дури и Ајзенштат, кој покажува нагласен интерес за истражување на улогата на елитата во општествата од целиот тек на општествената историја.

ГЛАВА VI

## ОПШТЕСТВЕНАТА ДЕВИЈАЦИЈА ВО МОДЕРНИТЕ ОПШТЕСТВА

Општествената девијација е проблем кој зазема одредено место во секоја социолошка теорија, но посебно во оние коишто се базирани на идејата на општеството како органска целина. Кај последните, нејзиното воведување го условува емпириската евиденција за отстапувањата од зацртаниот модел на системот со добра интеграција.

Присуството на отстапувања од практиката која ја пропагира важечкиот вредносен примерок во сите општества за кои постојат историски податоци, го поттикнува Диркема девијацијата да ја прогласи за нормална општествена појава. Убеден дека секоја општествена појава игра одредена улога во постоечкиот систем, тој на девијацијата и припишува позитивна општествена улога - таа, од една страна, придонесува за јакнењето на конформизмот во однос на вредносниот примерок преку развивањето на свеста за постоењето на општествени санкции за нивното прекршување и, од друга страна, преку неа во општеството се воведуваат потребните новини.[1/]

Диркемовата идеја за девијацијата како нормална општествена појава во функционалистичката социологија ја воведуваат Малиновски и Редклиф-Браун. Во рамките на своите теренски истражувања меѓу примитивните племиња од повеќе делови од светот, тие откриваат низа појави на отстапување од пропишаната традиција кои, во согласност со убедувањето дека секоја општествена појава има свое оправдување

во конкретниот општествен систем, ги објаснуваат на истиот начин како и Диркем.

Поновата функционалистичка социологија, посебно од пеесеттите години наваму, покажува посебен интерес за општествената девијација. Тоа е и разбирливо, со оглед на карактеристиките на модерните општествени системи во кои промената има централна позиција. Перманентните промени кои ги одликува голем интензитет и нееднонерност, повторно и повторно го доведуваат во прашање минимумот интеграција, кој во еквилибриумскиот модел со кој се оперира е поставен како неопходен услов за одржување на системот. Во општеството што постојано се менува потребно е постојано усогласување меѓу вредносниот примерок и новата општествена ситуација што во практиката не е едноставно остварливо. Дополнителна отежувачка околност е паралелното постоење на повеќе вредносни примероци и повеќе или помалку изразените тензии меѓу нив. Ситуацијата уште повеќе ја усложнуваат егалитарната идеологија и демократските процеси кои ја прават отворена можноста на различните општествени групи за поставување барања за нови измени во вредносните поредоци.

Од претставниците на функционализмот, двајца - Мертон и Парсонс - развиваат поопшти концепти за општествената девијација, Другите, во најголем обем Смелсер и Ајзенштат, наѓајќи од нивните општи поставки, се усмеруваат кон истражувањето на одредени општествени појави кои, во концептите на првите двајца, се определени како девијантни. Она што притоа им е заедничко на сите е што девијацијата ја определуваат како отстапување од вредносниот примерок

којшто е прифатен од мнозинството од членовите од општеството. Отстапувањето не е последица на дефекти во менталната конституција на личноста туку реакција на нормалните личности на состојбите во општеството. Ова укажува на блиската врска со Диркем кој за предмет на своите истражувања ги има нормалните реакции на нормалните луѓе на ненормалните општествени услови. Сличноста со него ја зголемува и изборот на истражувачките единици. Тоа се формите на однесувањето а не конкретните индивиди.

Мертон за девијацијата:

Својата теорија за девијацијата Мертон започнува да ја разработува во триесеттите години. Нејзините основи се дадени во статијата за општествената структура и аномијата, печатена во 1938 год.[2] После тоа, повремено се навраќа на неа, надополнувајќи ја и менувајќи ја под влијание на промените коишто се остваруваат во американското општество, кое го зема како емпириска основа за изградба на своите теориски поставки. Затоа и некои социолози ја определуваат како повеќе динамичка отколку статичка теорија,која се развива како одговор на општествената средина.[3]

Својата теорија на девијацијата Мертон ја базира на Диркемовата концепција на аномијата. Меѓутоа, тој манифестира извесно отстапување од Диркема уште со сопствената определба на аномијата. За Диркем аномијата е состојба на релативно беззаконие, која може да се јави во текот на општествениот развој, зафаќајќи некои делови од општеството. Таа е ненормална состојба и е од времена природа.

Во индустриските општества во извесни ситуации (општествени кризи и премногу брз економски раст) може да добие и пошироки димензии, но преку дејноста на општествените механизми за реинтеграција, таа со време бидува совладана. За Мертон пак, аномијата како состојба на релативно беззаконие, е перманентна особина на сите модерни општества. Нивното нормално функционирање создава притисоци коишто водат кон девијантност. Притисоците ги создава судирот меѓу институциите, обликувани во духот на барањата за еднаквост и реалната општествена ситуација во која нееднаквоста е сеприсутна. Една од тие институции е образовниот систем. Базиран на идејата на еднаквоста тој ги мотивира сите членови од општеството за постигнување на исти цели. Во случајот на американското општество, на младите им се наметнува единствена хиерархија на целите, на чиј врв се наоѓаат целите на материјалниот успех. На децата, уште од најраното детство, им се втиснува убедувањето дека со сопственото залагање, во општеството во кое позицијата е врзана исклучиво за принципот на постигнувањето, можат да ги постигнат и највисоките општествени цели. Меѓутоа, реално присутните нееднаквости ги оповргнуваат сугерираните идеали. Во општеството во кое се пропагира еднаквоста, стварно постои хиерархија на структурните позиции и низа механизми за нејзиното одржување. Некои од нив се провлекуваат од постарата традиционална организација која идеологијата ја смета за надмината, други се оформуваат во рамките на самата модерна органиазција. Можности за измена на позицијата во хиерархијата постојат, но тие реално се помали колку е пониска појдовната позиција на

индивидите. Така, можностите за постигнување на единствените цели кои што ги наметнува образовниот систем не се еднакви за сите членови од системот.

Попрецизно, аномијата Мертон ја определува како состојба во која постои расчекор меѓу културно дефинираните цели на успехот и легитимните можности за нивното постигнување. Таа предизвикува реакции на членовите од општеството коишто се физиономирани од специфичната позиција на членовите во општествената структура. Реакциите се во согласност со обемот на можностите за постигнување на целите, како и со елементите на статусната субкултура.

Во општеството во кое постои дисјунктивен однос меѓу културните цели и институционалните норми за нивното постигнување, Мертон разграничува пет модели на однесување, односно на прилагодување. Нив ги прикажува во шема во која прифаќањето на целите или на нормите е претставено со знакот "+2", а нивното отфрлање со "-". Ги нарекува : конформизам, иновација, ритуализам, повлекување и бунтовништво. Последните четири се модели на девијантно одесување,додека првиот се јавува како девијантен само во одредени ситуации, кога на општествената ситуација која бара измена во однесувањето се реагира во согласност со веќе прифатениот начин на однесување.

Табела бр. 1 4/

| Адаптација | Културни цели | Институционални средства |
|---|---|---|
| Конформизам | + | + |
| Иновација | + | - |
| Ритуализам | - | + |
| Повлекување | - | - |
| Бунтовништво | ∓ | ∓ |

Наведените модели на прилагодување Мертон ги поврзува со деловите од општествената структура. Конформизмот го оценува како модел на однесување кој е прифатен од најголемиот дел на претставниците на општеството, со припадност во целата хиерархија. Иновацијата, кај која се прифаќаат целите кои ги наметнува културниот систем, но се настојува тие да се постигнат со нелегитимни средства (различни видови на криминални активности) ја манифестираат дел од претставниците на работничката класа. Мотивирани за целите на високиот успех, откривајќи дека можностите за неговото постигнување се минимални или непостоечки, тие се определуваат за активности кои институционалниот поредок не ги дозволува, но кои се покажуваат како ефективни. Ритуализмот е прилагодување на претставници од ниската средна класа,чии можности за остварување подобра општествена позиција се поголеми отколку кај претставниците на работничката класа, но кои не се спремни да го прифатат ризикот кој го следи секој акт на општествена подвижност. Повлекувањето, кај кое се отфрлат како културно пропагираните цели така и легитимните средства за нивното постигнување е начин на реагирање на претставници на најниският слој од општествената структура. Бунтовништвото, пак, кај кое се отфрлат и целите и средствата на постоечкиот систем и се избираат нови цели и нови средства за нивното остварување е однесување на класите кои се во подем.

Мертоновите современици, коишто во исто време кога и тој ја истражуваат општествената девијација во американското општество, му упатуваат низа замерки на неговата

шема на девијантното однесување. Најголемиот број од нив се оденсуваат на поставената релација меѓу моделите на прилагодување и класната припадност. Притоа се отфрла ставот дека девијацијата е карактеристична за пониските класи од општествената хиерархија. Дури, се наведуваат низа аргументи за помасовното практикување на општествено штетни активности кај претставниците на повисоките класи отколку кајниските. Статистичката евиденција, која укажува на голема присутност на членовите од работничката класа во криминалните активности, не ја дава правата слика на општествената ситуација. Таа само го евидентира она што по вредносниот систем, наметнат од страна на високите класи се оценува како криминално, занемарувајќи низа акти, коишто за општеството се далеку поштетни, но кои не се определени како криминални затоа што се практикувани од страна на поединци од горниот дел на хиерархијата.5/

## Парсонс за девијацијата.

Својата теорија за девијацијата Парсонс ја поврвува со акцијата, дефинирана како однесување ориентирано кон постигнување на намери и цели или други претпоставени состојби на стварите, кое се случува во определена ситуација, нормативно е регулирано и вклучува трошење на енергија или напор или мотивација.6/ Нејзе, понатаму, ја поврзува со три потсистеми - персоналниот, општествениот и културниот. Персоналниот систем, кој се однесува на индивидуалниот актер е значаен со низа негови елементи: ставовите, насоките,

вештините, концепцијата за себе и сл. Општествениот, кој претставува комплекс на односи коишто израснуваат од избрани аспекти на интеракцијата меѓу личностите, односно кој ги вклучува општествените улоги, е значаен по нормативните елементи што ги претпоставуваат улогите - по очекувањата за тоа како луѓето треба да се однесуваат во заемните односи. Културниот систем, сочинет од идеи, вредности, експресивни симболи и сл. е значаен по комплексот значења коишто го обликуваат однесувањето на другите два системи - преку интернализацијата во личностите и институционализацијата во општествените системи.

Општата дефиниција на девијацијата Парсонс ја изведува од концепцијата на интеракцијата која вклучува два или повеќе актери чие однесување продолжително е регулирано од очекувањата на улогите и од санкциите при што, појдовната точка е примерокот на нормативните очекувања коишто го регулираат однесувањето. Девијантно е она однесување кое што отстапува од одреден комплекс на очекувања.[7/] Девијацијата е "процес преку кој се развива резистентност кон конформизмот со општествените очекувања и механизми преку кои овие тенденции се или се стремат да се спротивстават на општествениот систем".[8/] Како Мертон и тој своето внимание го усмерува на неконформистичката акција на индивидите со таа разлика што во својата дефиниција го вклучува и аспектот на општествената контрола.

Наведената дефиниција го нагласува општествениот карактер на општествената девијација, зашто таа е согледана како однос меѓу индивидуалното однесување и општествените норми. Освен неа, Парсонс дава уште две дефиниции од кои

едната ја засновува на општествениот систем а другата на персоналниот. Од перспективата на општествениот систем "девијацијата е тенденција на еден или повеќе компонентни актери да се однесуваат на таков начин што го пореметуваат еквилибриумот на интерактивниот процес."[9/] Од перспективата на личноста девијацијата е "мотивирана тенденција на актерот да се однесува спротивно на еден или повеќе институционализирани примероци".[10/]

Начинот на кој Парсонс го определува однесувањето како недевијантно или девијантно претпоставува релативно прецизна дефиниција на општествените норми. Меѓутоа, тој нормите ги определува како релативно прецизни, врамувајќи ги во следните граници: 1/ прецизната наспроти нејасните нормативни очекувања, 2/ бараното наспроти изборното однесување, 3/ бараното наспроти забранетото однесување. Се чини дека неговата дефиниција на девијацијата се оденсува на одреден тип на норми - оние коишто се прецизни во однос на бараните обавувања и забрани. Тие, пак, се само дел од нормативниот поредок.

Во теоријата која се движи од нагласено апстрактната терминологија до детални емпириски илустрации,Парсонс вклучува голем број на варијабли. Од нив, се чини, основна е онаа на напнатоста. Напнатоста настанува со пореметувањето на системот на интеракцијата - кој ги вклучува алтерот и егото - што води кон нивна фрустрација. Таа може да биде условена од специфичниот карактер на самиот примерок на очекуваните улоги (на пр. улогите со висок степен на специјализација и безличност и високи очекувања за постигнување водат кон поголеми фрустрации и со тоа напнатости од другите

типови на улоги), од двосмисленоста на улогите во кои не се јасни очекувањата од нив, од конфликтот на улогите кој го прави неможно исполнувањето на две улоги коишто се спротивставени една на друга.

Напнатоста во теоријата на Парсонс не е земена како доволен услов за девијантно однесување. Напнатоста предизвикува низа одговори од кои само еден е девијантното однесување. Во општеството постојат низа механизми за нејзино разрешување, како и за предизвикување на повеќе алтернативни одговори. Меѓутоа, кога нејзиното ниво е такво што како одговор го наметнува девијантното однесување, тогаш таа поттикнува комплицирани психолошки одговори коишто вклучуваат страв, непријателство, каприциозност и кои најчесто се амбивалентни.

Амбиваленцијата е искористена како една димензија за одредување на смерот на девијацијата. Притоа, направена е разлика меѓу нагласката на алиенативниот и конформистичкиот аспект на амбивалентниот одговор. Оформени се два типа на одговори - принудна алиенација и принуден конформизам.

Друга димензија за класифицирање на смерот на девијантниот одговор е разликата меѓу активноста и пасивноста. Комбинацијата на двете димензии дава четиричлена класификација на девијантните одговори, аналогна на Мертоновата шема на четирите типа девијантно однесување (иновацијата, ритуализмот, повлекувањето и бунтовништвото).

Табела бр. 2[11/]

| | Активност | Пасивност |
|---|---|---|
| Конформативна доминација | Принудна ориентација во обавувањето | Принудна согласност во статусните очекувања |
| Алиенативна доминација | Бунтовност | Отповикување (отстапување) |

Принудната ориентација во обавувањето одговара на Мертоновата иновација, принудната согласност во статусните очекувања на ритуализмот, отстапувањето на повлекувањето и бунтовноста на бунтовништвото.

Двете димензии на класификацијата Парсонс ги дополнува со уште една - одговорот на актерот. Тој може да биде усмерен кон другите актери (општествените субјекти) или кон нормите. На тој начин, делејќи ги четирите девијантни одговори во уште две класи, добива осумчлена класификација на девијантните одговори.

Табела бр. 3[12/]

| | Принудна ориентација на обавувањето (Активна) | | Принудна согласна ориентација (Пасивна) | |
|---|---|---|---|---|
| | Фокус на општеств. субјекти | Фокус на нормите | Фокус на општеств. субјекти | Фокус на нормите |
| Принудна доминација | Доминација | Принуден притисок (потлачување) | Потчинетост (покорност) | Перфекционистичко придржување |
| | Бунтовност | | Отстапување | |
| Алиенативна доминација | Агресивност кон општес. субјекти | Непоправливост | Принудна независност | Скренување |

Осумте одговори всушност претставуваат осум карактерни типови: 1/ принуден активен конформист со нагласка на општествените субјекти, кој претставува човек со господствен карактер кој врши притисок врз оние што се наоѓаат околу него; 2/ принуден активен конформист со нагласка на нормите, кој го нагласува значајот на нормите и е одговорен за ригид-

носта на нормативниот поредок; 3/ принуден пасивен конформист со нагласка на општествените субјекти, кој постојано им се потчинува на другите; 4/ принуден пасивен конформист со нагласка на нормите, кој им се потчинува на постоечките правила; 5/ принудно активна алиенирана личност со нагласка на општествените субјекти, која постојано предизвикува војна со останатите; 6/ принудно активна алиенирана личност со нагласка на нормите, која ги крши нормите заради самото нивно кршење (бунтовник без причина); 7/ принудно пасивна алиенирана личност со нагласка на општествените субјекти,која развива независност - која нема доверба во останатите, но настојува да го следи сопствениот пат без влегување во војна со било кого; 8/ принудна пасивна алиенирана личност со нагласка на нормите, која не се топори со правилата но ги прекршува со различни изговори.

За разлика од Мертон кој типовите на девијантната адаптација ги врзува за општествената структура, Парсонс избегнува да попадне во истата погрешка. Всушност, таквата релација ја оневозможува и општоста на пропозициите кои ги користи во изградбата на самата теорија. Во неа општата класа на независни варијабли ( на пр. типовите на напнатост) се врзуваат за општата класа на зависни варијабли (смеровите на девијацијата). Тој не ја одредува улогата на општествениот систем во мотивирањето на поединците за девијантна реакција. За него дури и менталната болест е мотивирачка девијација, условена од конфликтот на очекувањата од улогите, посебно семејните и професионалните, но притоа не ги поврзува конкретните типови на девијантно однесување со конкретната

статусна структура. Наместо тоа, емпириски структурирајќи го девијантното однесување, разграничува три нивои на девијантни тенденции - една индивидуална и две колективни. Кај индивидуалната укажува на конкретните реакции на индивидот преку наведените типови на девијантна ориентација. Другите две се однесуваат на колективизацијата на девијацијата кај организираниот криминал, како и на притисокот на колективизираната девијација кон измена на нормативниот поредок. Во првиот случај се укажува на зголемувањето на мотивацијата за девијантно однесување кога индивидот е во група која го прифатила таквиот модел на девијантно однесување.Во колективите на девијанти постои амбивалентно однесување во кое се присутни принудната и алиенативната компонента - првата во однос на општествените норми, а втората во однос на нормите кои ги развива девијантниот колектив. Вториот случај е илустриран преку револуционерните движења кои вклучуваат не само прекин со постоечките норми туку и притисок за нивно заменување со нови норми и вредности.

Во рамките на својата теорија за девијацијата, Парсонс му посветува посебно внимание на проблемот на општествената контрола. Притоа тој ги разграничува превенцијата на девијацијата и нејзината контрола. Во однос на превенцијата укажува на можностите за делување во сите ситуации коишто ја олеснуваат фрустрацијата - посебно кај конфликтот на улогите (хиерархијата на улогите, временскиот редослед во нивното обавување, рационализацијата и сл.). Во исто време, наведува низа институционализирани можности за избегнување или барем намалување на девијантните тенденции, како што се ритуалните практики, прославите,медиумите

на физичката култура, на младешката култура и др. Во однос на контролата, исто така, посочува повеќе механизми, како што се изолацијата, процесите на општествената контрола во кои што се комбинирани механизмите на изолацијата со механизмите за реприлагодување на девијантите и нивен повраток кон однесувањето дефинирано како прифатливо од културниот примерок.

Парсоновата теорија на девијацијата, со својата општост и неодреденост, наидува на критики и кај неговите најблиски соработници. Така, Смелсер и Ворнер, споредувајќи ја со Диркемовата теорија на самоубиството во која специфичните типови на самоубиство се поврзуваат со специфичните општествени групи, наоѓаат дека поради непостоењето теориски дадена структура во чии рамки можат специфичните типови на напнатост да се поврзуваат со специфичните типови на девијација, неговите пропозиции се лишени од прецизност. Тие укажуваат на потребата од поголема спецификација на условите под кои напнатоста води кон девијација и условите во кои одреден тип на девијација поттикнува кон дејност на одреден тип на контрола, како и на условите во кои контролата е ефективна или не е ефективна.[13/]

Сепак, низа функционалисти ја прифаќаат Парсонсовата најопшта определба на девијацијата како неконформистичка акција. Така, Мур во "Општествена промена" криминалот го определува како недоволно исполнување на општествениот систем. Неговиот поредок најуспешно се одржува преку конформистичкото однесување, односно тогаш кога секој возрасен член е "самодисциплиниран преку тоа што ги има конзистентно

и комплетно интернализирано правилата на однесувањето".[14/] Стапката на криминалот е индикација на степенот на отстапувањето од перфекцијата на одржувањето на поредокот. Криминалните активности ги илустрираат начините на кои општествените тензии се манифестираат и предизвикуваат реперкусии врз системот. Мур дури и терминолошки ги изедначува криминалот и неконформизмот.

Ајзенштат - општествената дисорганизација и девијацијата.

Со проблемите на општествената девијација Ајзенштат се бави во рамките на својата теорија на модернизацијата. Девијацијата ја смета за една од последиците на интензивната општествена промена што ја придружува модернизацијата. Таа предизвикува состојба на аномија, односно општествена дисорганизација. Поконкретно, нејзе ја условуваат неколку фактори:

- Процесот на урбаниазцијата, кај кого миграцијата село-град ги дисорганизира селските заедници и предизвикува низа манифестации на општа дисорганиазција.

- Исти последици предизвикува и процесот на индустријализацијата. Таа условува потреба од нови занимања а ги прави непотребни многу од старите, ја смалува старата безбедност придружена со земјоделските и занаетчиски занимања, ја зголемува неизвесноста на работниот пазар и ја креира невработеноста како проблем на модерните општества преку кој далеку се надминува стапката на лумпенпролетеријатот од постарите општества.

- Намалувањето на функциите на семејството што доведува до зголемување на тензиите и оттуѓеноста меѓу генерациите и понатаму повлекува низа дисорганизирачки ефекти (врзани за животниот циклус, половите улоги, родинските врски и сл.).

- Процесот на секуларизацијата во сферата на културата, кој носи слабеење на воспоставениот систем на вредности и традиции, дава можности за продолжителен натпревар меѓу различните културни елити во однос на креацијата на нови вредносни симболи, и културни активности и нивното ширење меѓу пошироките групи.

- Процесите на интеграцијата, кои покрај позитивните ефекти имаат и дисорганиазциски. Прифаќајќи го мислењето на старите функционалисти, пред се Конт и Диркем, дека групите коишто се специјализираат за посебни улоги и стануваат се повеќе зависни една од друга - ја градат заемната солидарност преку свеста за посебноста на секоја од нив за тоталниот општествен систем, Ајзенштат истовремено укажува на повеќедимензионалните ефекти на свеста за различноста. Таа ги поттикнува механизмите на поврзувањето, но и механизмите на проценувањето на сопствените можности и понатаму, за вршење притисок за нивно остварување.15/

Реакциите на аномичната општествена ситуација Ајзенштат ги опишува во термините на постарата функционалистичка мисла, посебно на Диркем. Една од реакциите е отфрлањето на големите општествени улоги, манифестирано преку самоубиството или преку различните типови на ментални болести Други реакции се криминалот, потоа несогласувањето со моралните норми кое може да се отелотвори во одредени типови на

поткултури или антикултури. Една од реакциите присутна во сите модерни општества се и големите движења на протест коишто ги зафаќаат поголемите општествени сфери. Во своите конкретни анализи тој ним им обрнува основно внимание. Истата ориентација ја има и Смелсер.

Движења на протест

Вклучувањето на движењата на протест и револуцијата во листата на општествено патолошки појави е еден од аргументите во прилог на многубројните критики на функционализмот во врска со неговата конзервативна позадина, кои нагласката на истражувачкиот интерес кон силите на одржувањето на системскиот еквилибриум. Тој го признава динамичниот карактер на модерните општества, но истовремено ги именува како општествена девијација сите општествени појави кои вршат притисок за промена или преку чие посредство таа се остварува.

Движењата на протест Ајзенштат ги поврзува со процесите на структурната диференцијација и специјализација кои истовремено градат врски на заемни зависности меѓу периферните и централни групи во општеството. Групите чиј начин на живот се менува со настанатите промени, во согласност со можностите што ги дава модернизацијата, заемно се поврзуваат, истакнувајќи ги заедно своите побарувања. Во нивното обликување тој констатира две основни насоки: 1/ поставување на конкретни барања за привилегии од било каков вид (економски, политички, административни) или 2/ општи и симболички барања за промена во некои од централните особини

на општествената структура. Во понатамошните анализи на типовите на општествениот протест тој наведува уште неколку фокуса околу кои се концентрираат барањата на протестните групи:

- барања поврзани со принципите на општествениот поредок и правда, посебно за легитимизирање на некои нови вредности коишто се трасирани од новите општествени структури и се прифатливи за повеќето од општествените групи;

- барања за нови општи симболи преку кои различните групи од општеството го постигнуваат личност или колективен идентитет;

- барања за остварување на можности за полна експресија на човечката креативност и личниот идентитет (пр. поставувањето на проблемот на алиенацијата).

Аспект на општествениот протест кого Ајзенштат го потенцира е основата на ориентациите коишто се развиваат во неговите рамки. Меѓу многуте ориентации тој ги наведува "десничарската" - базирана на чувствата за одржување на доминантниот поредок и "левичарските" - која настојува да воведе промени во општествената структура во корист на групите коишто порано биле лишени од одредени позиции или од полна партиципација. Како носители на двете ориентации ги наведува општествените класи, професионалните групи, посебните национални или етнички подгрупи кои што во некои свои барања се јавуваат како опоненти додека во други заемно се поврзуваат. Од друга страна, она што е карактеристика за модерните општества е што носители на протестот можат да

бидат и елитните групи. Тоа е карактеристично посебно за културниот протест, во рамките на кој елитистичкиот протест може да е усмерен против ерозијата на културните традиции и стандарди во ситуациите на континуиран развој на масовната консумација на културата (традиционално-фундаменталистички протест), но и кон барањата за некои нетрадиционални културни ориентации преку кои ќе се анулираат механичките тенденции на масовната култура. Последните се артикулирани од новите елитни групи.

Посебна димензија на протестот на која укажува Ајзенштат е неговиот интернационален карактер. Многу движења по основната ориентација се интернационални (на пр. социјалистичките и комунистичките), за што придонесува самиот карактер на процесот на модернизацијата кој им е заеднички на сите модерни општества. Движењата кои израснуваат во национални рамки постепено можат да достигнат интернационални размери. Притисокот за промена, притоа, може да има двојствена природа - надворешна и внатрешна.[16/]

Протестите и барањата во модерните општества имаат два пата кои што се заемно испреплетени. Едниот е барањето начини за регулирање на различните, често конфликтни интереси на различните групи. Другиот е патот на барањата за кристализација на нови симболи на личниот и колективниот идентитет. Она што притоа се истакнува е растот на поврзаноста меѓу нив. Различните групи се стремат кон тоа нивните конкретни интереси да бидат дефинирани и сфатени не само во контекстот на нивниот конкретен локалитет, туку пошироко - во термините на општествената правда, на партиципацијата во пошироката колективност или во примордијалните

слики на оваа колективност.

Како основа на поврзувањата на конкретните парцијални барања и општите принципи на правдата се земени базичните карактеристики на модерните општества - продолжително растечката диференцијација следена со поврзување на диференцираните групи во заеднички рамки, при што се поврзуваат заемно сите нивои на општествениот живот. Токму затоа, посебните манифестации на протестот стануваат дел од широкиот процес преку кој различните групи од општеството ги артикулираат своите проблеми во пофундаменталните општествени структури. И токму затоа, приговорите на протестот стануваат фокус на политичката борба. Дури, протестот станува "најекстремна манифестација на регуларното работење на политичките институции".17/ Барањата добиваат артикулација преку политичките партии, интересните групи, движењата - односно преку различните типови на организациски карактеристики на модерните општества.

Различните општества коишто го минуваат патот на модернизацијата, по Ајзенштат можат да се сретнат со различни проблеми кои поттикнуваат различни барања на движењата на протестот. Меѓутоа, она што им е заедничко на сите е што освен фиксираниот комплекс на проблеми со коишто се соочуваат кај нив продолжително се јавуваат и нови проблеми. Со својата нагласеност, оваа состојба ги поттикнува адаптационите механизми на институционалниот поредок. Големите институции се прилагодуваат за соочување со нови и променливи проблеми. Тој наведува два типа на регулативни механизми за соочување со нив: 1/ воспоставувањето на рела-

тивно погодни институционални рамки и организации коишто се способни за нивно одржување и поставување на административен сервис за регулација на растечките конфликти меѓу различните групи и 2/ развој на вредности и симболи прифатени од поголемиот дел од населението кои ги потпомогнуваат регулациите и заповедите што се развиваат во институционалните рамки. Под првото ги споменува општите медии на распределбата кои не се втемелени на пропишани единици (управниот систем - посебно граѓанското право и законот на договорот, различните корпорациски агенции - посебно различните бирократски органиазции, различните професионални организации, како и различните пазари и пазарни механизми кои го регулираат протокот на ресурси во различните сфери).

Ајзенштат ги истражува движењата на протест во општествата со различни политички системи и открива некои специфичности кај нив. Во општествата со плуралистички режими открива поголема усмереност кон проблемите на новиот политички центар, економските и општествени проблеми, распонот и обемот на политичката партиципација, барања поврзани со индустрискиот и културниот поредок и т.н.. Барањата овде се условени од моменталната општествена ситауција со тенденција на проширување во повеќе, заемно поврзани сфери. Така барањата за политичка партиципација растат со проблемите врзани за индустријализацијата и класните потреби. Меѓутоа, барањата поврзани со политичко-економскиот и општествениот поредок ретко коинцидираат со оние од сферата на религијата и културата. Од друга страна, тој е убеден дека движењата во овие системи само во сосема ретки случаи и во кус вре-

менски период можат да се стремат кон потполно укинување на општествениот систем. Обично тие покажуваат високо изразена тенденција кон инкорпорирање во политички партии, при што и понатаму ја задржуваат својата основна ориентација.

Посматрајќи ги движењата на протестот од хронолошка перспектива, тој утврдува дека во првата фаза на модернизацијата на општествата во кои постојат такви движења тие имаат релативно неорганизиран и високоактивистички карактер, усмерен кон поттикнувањето на одредени промени или за вклучување во политичкото тело. Со растот на диференцијацијата и политичката партиципација тие добиваат поорганизиран тек и форма или на различни општествени движења или на организирани интересни групи. Некои од нив, посебно во подоцната фаза на модернизацијата се институционализираат во вид на субкултури. Тоа е посебно случај со оние движења чии носители покажуваат растечка апатија кон општествените и културните ориентации и отсуство на интерес за партиципација во нив.

Општествените движења во колонијалните општества, Ајзенштат ги доведува во врска со неурамнотежената промена и барањето на механизми за соочување со неа. Нивните карактеристики, пак, ги поврзува со нивните водачи и односите што тие ги остваруваат со населението. Тој открива во нив две основни ориентации - една, во која им се дава нагласка на модерните симболи на солидарноста (тие настојуваат да постигнат строга солидарна политичка активност во движењето кон целта на политичката независност) и друга, карактеристична

за подоцната фаза на движењата, во која доминираат настојувањата за приближување на водачите кон широките слоеви на населението.

Посебен интерес кај Ајзенштат побудуваат општествените движења во колонијалните општества со националистичка ориентација. Во нивните програми открива економска идеологија во која се поврзуваат старата селска заедница и државното планирање, што го доведува во врска со отсуството во нивните редови на оние групи коишто заедно со колонијалните сили учествуваат во економската и административната сфера и кои, сообразно на својата улога имаат развиено нов тип на општествена ориентација. Во нив модернизирачките ориентации се повеќе во полето на културата, кадешто се настојува да се редефинираат и реформираат базичните внатрешни вредноски ориентации. На полето на економијата делуваат само мал број групи со стремежи за модернизација. Ова донекаде се менува со постигнувањето на независноста, кога економскиот развој станува главна поставка на политичката и идеолошката ориентација.

<u>Револуцијата</u>

Револуцијата е проблем на кој се осврнуваат поголемиот број претставници на функционализмот, посебно во периодот после пеесеттите години. Притоа, ретко се разгледува како специфична општествена појава. Обично се третира како една од манифестациите на масовните движења коишто се позачестени и поразновидни во модерните општества.Смелсер

ја вградува во својата четиричлена класификација на масовните движења, кои се "мобилизација на база на верувањето кое ја редефинира општествената акција".[18/] Членовите се: а/ вредносно ориентирано движење, во кое колективната акција е мобилозирана во името на општото верување во потребата од менување на вредностите; б/ нормативно ориентирано движење, во кое акцијата се спроведува во името на општото верување за реконструкција на нормите; в/ непријателска провала, кај која акцијата е мобилизирана на база на општото верување за одговорноста во однос на непожелната состојба на стварите; и г/ криза и паника, како форми на однесување базирано на општото редефинирање на ситуациските погодности. 19
Револуцијата е тип на вредносно-оринтирано движење, заедно со нативистичките движења, месијанските движења, формирањето на сектите, религиозната револуција, националистичкото движење, харизматското движење. Таа претставува тип на општествено движење и кај Сфансон, кој дава двочлена класификација на движењата: масовни и специфични. Првите ги поврзува со урбаниот начин на живот кој носи слабеење на емотивните со истовремено зголемување на бројот на формалните врски меѓу луѓето. Во ситуацијата на физичка близина а општествена оддалеченост, индивидите, конфронтирани со најразлични проблеми, донесуваат решенија во релативна изолација еден од друг, а тие решенија се значајни за целата заедница зашто го усмеруваат начинот на нејзиното делување. Вторите движења, специфичните, сфатени се како организирани движења коишто имаат аз цел да ја обезбедат победата на некое колективно верување. Преку нив се постигнуваат цели

кои не можат да бидат остварени во кус временски период и затоа, во контекстот на нивното постигнување развиваат организација со стабилна структура и водство.[20] Револуцијата овде е определена како тип на специфично општествено движење.

Се чини дека во целата функционалистичка теорија не постои битно несогласување околу дефинирањето на револуцијата. Веројатно за тоа придонесува големата општост на дефинициите. Таа е сфатена како брза промена во општеството. За Смелсер таа е општествено движење усмерено кон промени во општите цели и вредности во општествениот поредок[21] За Мур е базично менување на институциите или нормативните правила во општеството и неговата дистрибуција на моќта кое е брзо и неконтинуирано и може да биде сурово.[22] За Сорокин е брза промена во големите културни вредности која предизвикува пореметување во базичните елементи на општествените односи.[23] За Парсонс е брзо пореметување во рамнотежата на општествениот еквилибриум.[24]

Извесни разлики можат да се констатираат во однос на методите кои се применуваат во истражувањето на самите револуции. Најзастапени се два методи: 1/ методот на вредносното додавање и 2/ методот на природната историја. Нивната одновна цел, притоа, е еднаква - да се одреди текот на настаните коишто влегуваат во склопот на револуционерното движење.

Методот на вредносното додавање го применува Смелсер. Неговата смисла е во одредувањето на детерминантите на револуционерната акција и нивното понатамошно комбинирање во одреден примерок. Со нивното комбинирање се одре-

дува специфичноста на истражувачката единица и со тоа се намалува или исклучува пошироката листа на алтернативни однесувања, односно се постигнува повисока веројатност во предвидувањето на понатамошните секвенци на случувањето во рамките на истражуваната единица.

Листата на значајни детерминанти вклучува шест членови:

1. Структурна спроведливост. Општествата коишто се покомплексни имаат повеќе организации преку кои може да се оствари поврзувањето на луѓето. Колку е општествената структура појхетерогена толку е поголема веројатноста дека погледите на луѓето ќе се разликуваат и дека луѓето со слични погледи ќе се поврзат и ќе извршат притисок за промена.

2. Структурна напнатост. Се зема дека незадоволството е значајно во остварувањето на општествената промена тогаш кога постоечките организации се сфатени како извор на проблемите. Во тој случај луѓето ќе се обидат да ги решат проблемите преку промена на општествените аранжмани, наместо преку раст на психолошките трауми и обиди за самоизмена, својствени за други случаи.

3. Раст на општото верување. Тоа се однесува на согласноста во верувањето околу изворот на напнатоста,како и согласност во однос на можните одговори на неа како услов за отпочнување на колективната акција.

4. Фактори на таложење. Се смета дека новото колективно верување обично започнува да се гради по повод некој настан, дури и ако тој е тривијален. Тој ги мобилизира луѓето и ги поттикнува да делуваат заедно.

5. Мобилизација на учесниците во акцијата. Тоа е следен чекор, значаен за организирање на луѓето коишто порано не делувале заедно.

6. Делување на општествената контрола. Таа е дадена како последна детерминанта, со нагласување дека ги надвисува сите останати и дека е значајна за целиот тек на движењето.[25/]

Преку студирањето на различните комбинации на овие шест детерминанти се извлекуваат претпоставки за најдобриот одговор на прашањата: што одредува дека некоја единица од колективното однесување од било кој вид ќе се случи? Што одредува дека еден тип однесување ќе се случи повеќе отколку другите типови? Притоа се користи шема за организирање на детерминантите слична на оние што се користат во рамките на концепцијата на вредносното додавање во економијата. Во процесот којшто има повеќе стапки се бираат детерминантите на секоја стапка. Притоа, исполнувањето на секоја стапка е неопходно за одговарачкото и ефективно додавање на вредности за следната стапка. Колку процесот на вредносното додавање се движи напред, толку се стеснува рангот на можностите. Со додавањето на вредности на секоја нова стапка, објавувањето на последиците станува растечки одредено и специфично. Инаку, за еден настан или ситуација да биде земен како детерминанта на колективната акција, потребно е да делува во границите воспоставени од другите детерминанти.

Со поаѓањето од ставот дека постои одредена емпириска униформност во следот на колективното однесување овој приод покажува одредена сличност со моделот на стапките на

општественото движење поставен од Довсон и Гетис. Кај нив следот започнува со прелиминарна стапка на општествен немир, поминува низ популарна стапка на колективно возбудување, стапка на формална организација, за на крајот да достигне вид на терминална точка на институционализација. Целиот след воведува некоја нова институционална форма, секта, закон, нов вид на семејна структура, политички поредок и сл.[26/]

Сличности со претходните следови има и оној на Сфансон. Специфичните општествени движења по него, низ својот развој поминуваат низ четири фази од кои секоја се јавува како средство за остварување на финалните цели на движењето и како решение за проблемите израснати во претходната стапка. Првата стапка е развој на колективно верување и долгорочна колективна цел, градени обично преку дејноста на пропагандите. Втората е соочување на луѓето со новата визија, нејзино прифаќање и следење на водство. Третата е изградба на формални механизми за донесување на решенија за правата и должностите на членовите од движењето, односно изработка на програма на движењето. Во четвртата се разрешува проблемот на административното водство за одржување на растечката организација.[27/] Овде, самото траење на организацијата се условува од трајноста на проблемот кој што се разрешува преку движењето во чиј контекст е таа изградена Така, вредносно ориентираните движења траат подолго од оние што се ориентирани кон нормите, односно револуциите подолго отколку реформите.

2. Методот на природната историја, или методот на животниот циклус во основа е функционалистички метод,

како не е прифатен од страна на сите претставници на школата. Преку него се настојува да се определат стапките преку кои се развива и менува дадена појава, при што намерата е да се откријат типични стапки во развојот коишто се оствaруваат по посебен ред. Понатамошно настојување е да се откријат условите коишто водат од една стапка кон другата.

Применувајќи го овој метод на повеќе револуции, Едвардс доаѓа до заклучокот дека сите револуции поминуваат низ комплекс на стапки по определен ред: замав на немир, губиток на поддршката на режимот од обичните носители на јавното мислење како и губиток на довербата во него, непромислени настани, раст на моќта на радикалното крило во рамките на револуционерното движење, институција на владеење на терор, нормализација и консолидација на новиот револуционерен поредок.[28/]

Методот претпоставува спроведување на каузална анализа, зашто секоја стапка е согледана како продолжување на некои од причинските предуслови за развој на следната стапка. Во тоа Тарнер и Килијан ја согледуваат неговата неможност за попрецизни предвидувања. По нив можно е да се земаат предвид само ограничен број предуслови за следната фаза. Тие претпоставената прогресија не ја одредуваат како неминовна. Со тоа од дадена стапка можно е да следи не само една стапка туку повеќе алтернативни стапки.[29/] Инаку, овој метод се разликува од Смелсеровиот метод на вредносното додавање по тоа што кај вториот поранатa стапка не е третирана како во било кој поглед активен произведувач на стапката што следи, туку како она што го прави нејзиното појавување поверојатно. За Смелсер условите кои што се барани за појава

на една стапка можат да се сретнат порано, пред да добијат одредено место во секвенцијата на стапките.[30/]

Методот на природната историја го користи и Крејн Брајнтон. Во неговиот модел на револуцијата, граден преку примерокот на Француската, Американската, Британската и Руската Револуција, постојат неколку стапки:

1/ Прва стапка во која општеството се наоѓа во состојба на општ просперитет, но со влада која има економски проблеми и која е политички слаба што условува прогресивно незадоволство од режимот манифестирано од страна на некои општествени групи, на пр. интелектуалците.

2/ Стварна револуција, со трансфер на моќта, со крвав тероризам и со кусо траење.

3/ Институционализација на некои од новите цели и враќање во повеќе сфери на предреволуционерните општествени патишта.[31/]

До слични заклучоци, во своите размисли за револуцијата, доаѓа и Парсонс. Револуцијата за него е изненадно поместување на големата рамнотежа на еквилибриумот на општествениот систем условено од алиенативни мотивациски ориентации во однос на главниот институционален поредок.[32/] Тој наведува листа и четири широки комплекси на услови кои мораат да бидат присутни за таквото движење да добие нагорен тек и широки размери во општествениот систем:

1/ Присуство во населението на доволно интензивни, широко распространети и правилно дистрибуирани алиенативни мотивациски елементи. Тие ќе се манифестираат преку напнатоста, чии извори можат да бидат од најразлична природа.

Таквата напнатост ќе услови алиенација од посебните институционални примероци и од симболите придружени со овие примероци.

2/ Алиенативната мотивација е предуслов за развој на револуционерно движење, односно потенцијалност за промени. Таа може да се разреши на различни начини: преку каприциозности, криминал, ментална или психосоматска болест. Со неа се соочуваат механизмите на општествената контрола и ако тие се недоволни тогаш може да се развие вториот предуслов на движењето - организацијата на девијантни субкултурни групи или на движењето. Таквиот развој може да ја интензивира и латентната алиенативна мотивација на другите групи од населението коишто се солидаризираат со претходните групи.

3/ Третиот елемент е развојот на идеологија или комплекс на религиозни верувања што бараат легитимација.

4/ Стабилизирање на аспектите на општествениот живот со кој се сукобува движењето и воспоставување однос со системскиот еквилибриум. Овде е нагласена улогата на организацијата на моќта во дадената ситуација. Преку дејноста на овој фактор се објаснува отсуството на левичарски револуции во високоразвиените земји, како и револуционерните настани во Кина, во која малите владеачки групи биле ставени наспроти огромните маси на политизирано селанство.

Револуционерното движење по Парсонс поминува низ процес на адаптивна трансформација. Првата отстапка кон развојот на "адаптивните структури" е во револуционерниот систем на верување, поконкретно - во елементот на утопиското

кој зазема значајно место во нив. Во текот на револуцијата случувањата во голем обем се обликувани од идеологијата и степенот на утопиското во неа. Поголемиот степен на утописко го прави мотивацискиот примерок на револуционерното движење принуден, со што револуционерните лидери се ориентирани повеќе кон "принципите" и со тоа неспремни за правење на нормални отстапки кон потребите за опстанување на општествениот систем.

Вториот комплекс услови за револуционерната трансформација се однесува на последиците од фактот на амбивалентната структура на мотивациската композиција на револуционерното движење. Самата партиципација во движењето го олеснува конфликтот внатре во него - меѓу неговите компоненти.

Третиот момент, кој се јавува во ситуациите кога движењето ја презема контролата над целото општество и ја ублажува радикалноста на револуцијата е повторното појавување на потребите кои биле составен дел на примерокот на стариот систем и кои чие укинување се настојувало.

Нагласувајќи ги реехвилибрирачките процеси во рамките на револуционерното движење, Парсонс не сака да го негира фактот дека преку нив се постигнуваат фундаментални промени. Тој едноставно настојува да укаже на фактот дека тие се "субјект на динамиката на развојните процеси коишто вклучуваат извесни јасно предвидливи нужности. Тоа многу јасно значи дека нема револуционерно движење кое може да го реконструира општеството согласно со вредностите формулирани во неговата идеологија без рестрикција".[33/] Револуционерното движење, од друга страна, воведува премаментна промена, условена од неразрешените напнатости. Една од нив е тензијата

условена од одржувањето на идеологијата во непроменета состојба - вклучувајќи ги во неа и утописките елементи, со истовремено правење на неопходни отстапки кон неопходностите за одржување на општеството.

Револуциите во добата на модернизацијата.

Методите коишто во рамките на школата се користат во истражувањето на револуциите претпоставуваат одредени паралели меѓу нив - одреден комплекс на услови за нивното појавување и извесна последователност во нивниот тек. Подеталните истражувања на револуциите што се случуваат во последните два века ги потврдуваат овие претпоставки.

Одреден паралелизам меѓу револуциите од XVIII и оние од XX век согледува Палмер. Тој се состои во присуството на колапс на стариот систем, преземањето на моќта од страна на нови, неавторитарни групи, уништување на старите институции, конфискација, емиграција, терор, напад врз црквата; консолидација на новиот режим во моќната земја и негово проширување во околните региони; агитација која се однесува на сите воспоставени вредности, граници, интереси, класи и погледи на живот; расцеп во мислењето и формација на лојалности и аверзии коишто ги надминуваат сите политички граници и ги делат сите држави внатре во нив.[34/]

Тој ја определува револуцијата како војна која се случува тогаш кога ќе пропаднат сите компромиси - тоа е суров судир меѓу две или повеќе групи во структурата на даденото општество. Таа извира од револуционерната ситуација,

во која е изгубена верата во рационалноста на постоечкиот авторитет, каде се чинат невозможни сите лојалности и задолженија, неподесни постоечките извори на престиж, неправедни прифатените форми на богатство и заработувачка,каде владата е почувствувана како изделена од владеаните и како нешто што вистински нив не ги претставува. Во таквата ситуација е изгубено чувството за заедништво а врските меѓу општествените класи се прекинати. Револуцијата се случува во ситуацијата во која кризата на заедништвото во исто време е политичка, економска, општествена, лична, психолошка и морална. Таа е акција за оформување на нова база на заедништвото.

Во суштинскиот конфликт на револуцијата Палмер изделува две партии, кои во недостиг на попогодна терминологија ги нарекува аристократски и демократски дел од заедницата. Првите настојуваат да ги одбранат постојните општествени тела од различните видови на притисок манифестиран од страна на другите, составени од лица коишто биле систематски исклучувани од овие тела и коишто настојуваат да го остварат членството во нив, да ја променат основата на авторитетот и репрезентацијата, да ги реконструираат оформените тела или да ги заменат со нови.35/

Палмер ја прифаќа идејата на Токвил дека светот покажува континуирано движење кон зголемување на еднаквоста на условите. Истовремено предвидува дека иднината ќе го забрза свој тренд. Притоа во револуцијата гледа едно од можните средства за неговото остварување. Но тоа не е единствено и не е нужно. Отфрлајќи ги теориите - конзервативни и

радикални, кои го предвидуваат доаѓањето на револуцијата, кои во неа гледаат бескраен процес кој води од една до друга стапка, наоѓа дека единственото што може да се предвиди е "дека иднината ќе ја здогледа растечката еднаквост на целите, постигната по патишта коишто не можат однапред да се согледаат и да се пропишат".[36/] Тој согледува дека сите револуции во Европа, Латинска Америка, Азија и Африка после 1800-тата учеле од револуцијата на Западната цивилизација на XVIII век - од нејзините успеси, ехои и идеи, од нејзините методи. Меѓутоа, од тоа не го извлекува заклучокот дека на една револуција нужно и е потребно водството на другата, или дека таа треба да биде славена како неопходен општествен чекор. За него не постои револуција која е неопходна. Револуцијата од XVIII-от век не морала да се случи ако владеачката класа покажела спремност за поголеми отстапки или ако спротивните тенденции кон подржувањето на аристократските вредности не биле силни.

На големиот варијетет општествени ситуации кои можат да предизвикаат најразлични реакции, кои со тоа го прават неможно предвидувањето на револуцијата укажува и Мур. Таа, определена како дисконтинуирана промена, претпоставува општества со одреден степен на централизирана политика, урбана агломерација и ефективна внатрешна комуникација. Меѓутоа, секој систем во кој постојат нееднаквости, не произведува исти притисоци и исти манифестации на незадоволство кон постоечкиот поредок. Со зголемувањето на комплексноста на диференцијацијата се шири полето на конфронтацијата. Така, раната стапка на индустријализација создава

поларизација меѓу организацијата и непосредното производство, што наоѓа одраз во Марксовата теза за класниот конфликт, како и неговиот концепт на револуцијата. Мур прифаќа дека поларизацијата во раната фаза на индустријализацијата е клучен индикатор за почетната револуција. Но, нејзини пофундаментални детерминанти се објективната дотраеност на економските погодности и политичките права. Поларизацијата, од друга страна се намалува со напредокот на модернизацијата. Кога таа продира во најголемиот дел од општествениот поредок статусните градации се мултиплицираат а статусот по себе станува мултидимензионален. Со напредокот на модернизацијата се зголемува можноста за незадоволства и конфронтации и бројот на начините преку кои тие се манифестираат.[37/]

На незадоволствата во рамките на процесот на модернизацијата коишто можат да прераснат во револуционерни движења, некои претставници на школата им припишуваат психолошка основа. За Дејвис во основата на револуционерната акција стојат психолошки фактори. Револуциите се случуваат кога долготраен период на објективен економски и општествен развој е следен со кус период на регресија. Таа предизвикува страв и несигурност, што резултира во револуционерно расположение. Периодот на континуираниот раст произведува очекувања за продолжителна можност за задоволување на потребите што продолжително растат. Отстапувањето, пак, од ова води кон страв и фрустрации. Стварната состојба на социо-економскиот развој, за него, е многу помалку значајна од очекувањата дека минатиот прогрес, кој во моментот е запрен, може

и мора да продолжи во иднината. "Незадоволената состојба на умот повеќе отколку опипливото снабдување со адекватна или неадекватна храна, еднаквост или слобода е она што ја произведува револуцијата".[38/] Политичката стабилност и нестабилност се во врска со расположението во општеството. Народот кој располага со бедни добра, статус и моќ ако е задоволен или апатичен може да остане политички мирен и, спротивно на него, оние со релативно добар статус да бидат незадоволни и да предизвикаат конфликт, како што е можно и бедните да се конфронтираат со богатите.

Своите теориски поставки Дејвис ги доведува во релација со Руската револуција. Анализирајќи ја ситуацијата во Русија, две-три децении пред нејзиното избувнување тој забележува остварување на процес на развој на капиталистичкото стопанство,што условува потреба од слободна работна сила. Таа се ослободува од селата и со тоа се намалуваат проблемите врзани за ослободувањето од закрепостената состојба. Тој го истакнува податокот за дуплирањето на бројот на градското население во периодот од 1878 до 1897 г. (иако со 13% во вкупната структура тоа и понатаму е далеку помалубројно отколку во другите европски земји). Во истото време реформите во политичката сфера го зголемуваат учеството на јавноста во власта. Се зголемува слободата на мислата, што и овозможува на интелигенцијата релативно отворена критика на постоечките институции и самиот апсолутизам. Накусо, периодот од крајот на деветнаесеттиот век, по Дејвис, е период на растечки очекувања кои се прекинуваат со доаѓањето на власт на Николај II, кој ги прекинува реформите што

ги започнува неговиот татко Александар. Тој повторно воведува јако централизирана власт, придружена со притисоци, забрани и смртни казни. Лошата жетва во текот на неколку години уште повеќе ја влошува ситуацијата, доведувајќи до недостиг на основни прехрамбени производи. По Дејвис, прашање е дали руската револуција ќе се случела ако владината автократија ги подржела барањата од 1905 год. за уставна демократија. Своите ставови тој ги поткрепува и со анализите на Брајнтон, којшто наведува повеќе елементи на сличност меѓу револуциите во Британија, Франција, Америка и Русија - економски напредувачко општество, класен антагонизам, алиенирана интелигенција, науспешно владеење, управувачка класа која ја изгубила самодовербата, финансиски неуспеси на владата и неприкладна употреба на сила против востаниците. Блиски до ова се и некои анализи на Парсонс.

<u>Типови револуции во текот на модернизацијата</u>.

Обид за изработка на класификација на револуциите коишто се остваруваат во контекстот на процесот на модернизацијата прави Ајзенштат, оформувајќи три типа: 1/ интерна или национална револуција, ориентирана против автократскиот традиционален режим; 2/ комунистичка револуција, која се стреми кон воспоставување на тоталитарен режим; и 3/ националистички револуции, ориентирани против надворешните, колконијални режими.

Првиот тип - националната револуција - е прикажан на примерот на Турција и Мексико. Во двете се констатира ситуација во која симболите на новите режими се изразу-

ваат повеќе во националната сфера, додека социјалната има второстепена улога.

Кај комунистичките револуции, за кои како пример се наведуваат Русија и Кина, основата на новите симболи е во социјалната ориентација на протестот. Во нив се развиваат релативно кохезивни елити ориентирани кон модернизацијата.

Ајезнштат открива големи сличности во општествените ситуации во кои се развиват револуционерните режими кај двата типа - тоа се општества со разорна модернизација, во кои олигархиските и автократски режими ја губат способноста (во повеќето случаи после губиток во војна) да го контролираат процесот на модернизацијата. Одредени разлики тој согледува само во природата на елитните групи коишто стануваат доминантни после прекинот на таквите режими - во случајот на националните револуции тоа се групи со строга внатрешна и релативно послаба интернационална ориентација, компонирани од комбинација на интелектуални, бирократски, професионални и воени групи коишто сосема не се имаат оттуѓено од претходните елити. Во случајот на социјалистичките општества елитите имаат повеќе интернационална ориентација и во поголем обем отколку кај претходните се алиенирани и од претходната структура и од пошироките слоеви на новите општества. Од друга страна, и двете настојуваат да воспостават нов институционален поредок со специфичен центар и со нов фокус на идентификацијата. Настојувањата на елитите во правецот на структурната трансфорамција се движат кон воспоставувањето на интегративни механизми преку кои се поврзуваат локалните и централни нивои (организирани пред се од партиски

и бирократски организации). Во комунистичките општества, како два основни фокуси на структурната трансформација се посочуваат настојувањата за отварање на локалните - посебно руралните единици на населението кон пошироките рамки и канализација на процесите на урбанизацијата и индустријализацијата преку образованието и растечката мобилност кон индустриските сектори.

Во комунистичките општества, Ајзенштат укажува на неколку структурни ефекти во модернизирачкиот процес кои ги остварува доминацијата на политичката контрола и идеолошката ориентација кон промената, како и општествено-економската заостанатост од претходниот период. Прво, нагласката на индустријализацијата им дава раст на диференцијацијата и специјализацијата во скоро сите сфери на општеството. Тоа истовремено и дава раст на широка бирократска организација, подредена на политичката елита. Второ, политичката елита покажува специфичен однос кон општествената промена. Таа свесно и намерно ја наметнува и усмерува политичката, социјална и економска промена, настојувајќи во исто време да ја сведе на минимум самостојната политичка експресија на различните општествени групи и нивната реакција на промената. Општествените промени се формулирани како политички цели, а нивната политичка содржина и експресија е контролирана од политичката елита. Преку контролата таа ги минимизира реакциите на групите на таквите промени.

Во ситуациите кога партијата е носителот на политичката модернизација и иновација, законодавството игра само ритуална улога, додека извршната власт е значајна во некои аспекти, но во целина игра второстепена улога.

Во колку се случат ерупции во овие системи, тие по Ајзенштат имаат помалку организиран тек отколку оние во конституционалните режими, обично со нелегален нуклеус. Тие во текот на времето можат да успеат да развијат полулегализација или барем отсуство на полна репресија на поотворената протестна артикулација.

Процесите на индустријализацијата во својата продолжителност придонесуваат за растот на нови професионални, бирократски, културно-литерарни и други групи кои вршат притисок за проширување на обемот на привилегиите и безбедноста, како и растечки барања за извесна автономија и структурна флексибилност. Ова усмерува кон промени со значајни импликации во централните политички органи. Најзначајна промена е ширењето на поколегијални аранжмани во кои може да биде земен предвид интересот на различните групи. Ова, пак, им дава раст на некои општествени проблеми коишто се исти со оние на другите општества со поразвиена стапка на индустријализацијата - како што се општата општествена апатија, посебно младешката, развојот на некои литерарни субкултури, некои поорганизирани типови на артикулација на протестот (на пр. штрајкови). По Ајзенштат соочувањето на овие режими со овие проблеми и со други нивни типови на протест ќе игра значајна улога во изградбата на нивните идни структурни карактеристики и нивниот продолжеток.[39/]

Сумирања и критики.

Листата појави коишто во функционалистичката теорија е определна како општествено девијантна има помалку вредносна отколку теориска основа. Нејзиното излезиште е во концептот на релативно стабилниот еквилибриум и во настојувањата тој да се земе како теориски модел во истражувањето на модерните општества со интензивни и брзи промени. Погоден за проучувањето на традиционалните општества со бавна промена со мал интензитет, тој се покажува како недоволен со пресметувањето со некои карактеристики на модерните општества. Навистина, во него модерното општество е дефинирано преку неговата динамичка димензија и во тој поглед промената е определена како остварување на самата негова природа. Меѓутоа, вклучувањето на низа дополнителни одредници, пред се она за системската комплексна структура со односи на уредена меѓуизмена, поставуваат барања за одредување на гранични вредности на динамичните процеси. Се она што ги надминува дадените граници, што доведува до пореметување на рамнотежата на системот добива одредница на општествена девијација. Со својата сеприсутност во општествениот живот, промената се определува како нормална општествена појава, меѓутоа ефектите од оние појави кои се со размери што доведуваат до радикално менување на некои од битните општествени делови или на системот во целина се определуваат како дисфункционални, како општествено девијантни или како болест на општеството.

Функционалистичките определби на општествено девијантните појави, се чинат како регресија во однос на

Диркем чија теорија на општествената девијација многу претставници од школата ја земаат како теориска основа на која ги надоградуваат своите идеи. За Диркем, криминалот како отстапување од прифатениот вредносен примерок во општеството е нормална општествена појава зашто е присутен во сите општества. Тој истовремено е општествено позитивна појава, барем во голем број случаи. Неговите позитивни ефекти се од двојствена природа - во јакнењето на вредносниот примерок и во воведувањето на потребните промени во него. За разлика од него, за Парсонс секоја појава усмерена против базичните вредности, со сила која е поголема од системските можности за апсорпција, се прогласува за општествена болест. За него секој општествен конфликт е општествена болест. Спротивно на поголемиот број социолози коишто во конфликтот гледаат општествено творечка сила, сила преку која истовремено се рушат некои општествени елементи и се градат механизми за нова интеграција, за него тоа е дисфункционален и дисруптивен и како таков "своевидна ендемична форма на болест на општественото тело".[40/] Оваа позиција ја надминуваат помладите колеги на Парсонс, посебно Смелсер и Ајзенштат. Општествените движења на протест, околу кои е центриран нивниот истражувачки интерес тие ги именуваат како општествена девијација, но истовремено, во склопот на теоријата на модернизацијата, како средства за остварување на динамичниот карактер на модерните општествени појави. За тоа тие имаат теориска основа - моделот на системскиот еквилибриум со кој тие оперираат е помалку

стабилен од оној на Парсонс, со тенденции на зголемување на лабилноста преку прилагодувањето на неговите институции на притисоците за нови и променливи барања од страна на системските делови. Современите движења на протест тие ги доведуваат во врска со потребите на изделени општествени групи, па и на општеството во целина коишто во дадениот момент е можно да бидат задоволени. Ова е посебно изразено кај Ајзенштат, кој движењата на протест ги толкува како можности што ги даваат модерните општествени системи со отворена комуникација меѓу системската периферија и нејзиниот центар за учество на сите структури од општеството во понатамошното менување на општествениот систем. За него движењата на протест можат да имаат елитистички, полуелитистички и популистички тенденции. Последните се можни во ситуациите кога е постигнат идентитет меѓу центарот и периферијата.[41/]

Ако во склопот на општествено девијантните појави се вбројуваат сите видови на пореметувања на општествениот поредок, тогаш е сосема разбирливо што меѓу нив е вклучена и револуцијата. Нејзината определба како радикална, брза, насилна општествена промена битно се разликува од нејзините дефиниции во теориите со поголеми претензии на општост од оние што ги имаат функционалистите. Така,за разлика од Маркс кој дава општа теорија на револуцијата, објаснувајќи го преку неа преминот од една во друга од големите стапки на човечката еволуција, во функционалистичката теорија од среден обем револуцијата е феномен со

кој се соочуваат конкретиите општества, посебно во периодот на модернизацијата. Таа е условена од драстичното пореметување на еквилибриумот во ситуациите на брз и нерамномерен раст на елементите на општеството. Меѓутоа, тоа пореметување не е сфатено како тотална дотраеност на базичните општествени односи и нивно заменување со битно различни - квалитативно нови односи кои понатаму предизвикуваат квалитативно менување на сите структурни компоненти во општеството. Овде, како нејзини причини се определуваат истите ситуации коишто ги условуваат и останатите општествено патолошки појави. Извесна разлика постои само со интензитетот на општественото пореметување - револуциите се случуваат кога пореметувањата имаат поголем интензитет.

На револуциите во модерните општества им посветува основно внимание и Маркс, но како на извор на податоци за поткрепа на генералната теорија за револуцијата. Револуциите се докрајчувањето на процесот на постоењето на една општествено економска формација и нејзината замена со друга. Француската револуција е пионерската револуција преку која започнува процесот на укинувањето на феудализмот и воспоставувањето на капитализмот - сфатени во термините на најопшти општествени односи. Процесот ќе заврши кога, достигнувајќи светски размери, ќе доведе до универзално докрајчување на стариот систем. За разлика од тоа, во функционалистичката теорија револуцијата не се определува како тотално менување на глобалните општествени односи и остварување на базично нов систем. Таа е сфатена како интензивни настојувања за подрастични општествени промени во општествениот

систем, во ситуациите кога поради нерамномерната промена драстично е пореметен општествениот еквилибриум. Нејзината цел не е тотално укинување на постоечкиот општествен систем, туку обновување на неговата рамнотежа преку воведување на битни промени во некои од неговите сфери.

Во основата на разликите меѓу двете теории е нивото на нивната генералност, но и разликите во определувањето на еволутивниот развој. Функционалистите ја исклучуваат Марксовата теза еволутивниот развој кој се остварува преку големи стапки од кои секоја носи со себе особини кои можат да бидат разграничени од претходните и од следните предимно во квалитативни термини. Тие, во одредени случаи, на терминот револуција му даваат поширока определба - кога го употребуваат за процеси со широка распространетост и со воведување на битни промени во него - како на пр. индустриска револуција, револуција на модернизацијата, културна револуција, урбана револуција и сл.. Меѓутоа, во таквите случаи во терминот недостига временската одредница. Сите овие процеси се остваруваат низ релативно долг временски период во кој старите општествени институции постепено се заменуваат со институции организирани на други принципи. Тие се револуционерни во споредба со процесите коишто се остварувале во традиционалните општества, но еволутивни во однос на процесите коишто во марксистичката теорија обично се нарекуваат револуционерни.

Настанокот на револуцијата Маркс го поврзува со поларизацијата во класната структура и отворениот конфликт меѓу структурните полови. Нејзина детерминанта е влошувањето

на економската положба или политичките права на класите од долниот пол, кое може да биде апсолутно или релативно. Во тој поглед и претставниците на функционализмот се согласуваат дека таа е поверојатна каде што структурните промени во легално санкционираната дистрибуција на моќта и општествените награди се мали или влошувачки. Мур му оддава признание на Маркса дека ја согледал радикалната поларизација меѓу организаторите и непосредните работници во модернизирачкиот сектор во раната фаза на индустријализацијата, но констатира дека тој од тоа извлекол сосема погрешен заклучок за екстраполацијата на инклузивниот класен конфликт. За него раната поларизација карактеризира само мал сегмент од класната структура, додека диференцијацијата во повеќето сфери се уште има традиционална основа. Со време, кога модернизацијата го зафаќа најголемиот дел од општествениот поредок, се доаѓа до мултиплицирање на статусните градации и со тоа до мултидимензионалност на статусот. Револуцијата за Мур не е нормална последица на модернизацијата иако таа, при одредена комбинација на околности не и е непозната. Тој не прифаќа дека преку неа може да се дојде до реставрација на состојба на природата и сл., но се согласува дека преку неа можат да се произведат трајни промени, посебно во рамнотежата на моќта и ресурсите.[42/]

Елемент од функционалистичките концепти на револуцијата кој упатува на размисли околу одредена блискост со некои концепти во рамките на марксистичката струја е оној на вклучувањето на некои субјективни фактори како нивни детерминанти.

Во рамките на марксистичката мисла, на субјективните фактори во произведувањето на револуцијата им се обрнува внимание во периодот пред Октомвриската револуција. Тогаш се актуелизира прашањето дали во една економски неразвиена земја, во која процесот на индустријализацијата има земено мал замав и со тоа работничката класа е малубројна, може да се изведе социјалистичка револуција.Претставниците на марксистичката мисла, кои истовремено се големи агитатори на револуцијата - како што се Ленин и Троцки, укажуваат на можноста револуцијата да се изведе и во економски неразвиена средина под услов да е нагласено делувањето на субјективните фактори, односно да постои големо народно незадоволство артикулирано од страна на добро организираното партиско водство во изградена класна свест.

Во рамките на функционалистичката мисла им се посветува големо внимание на субјективните фактори, но тие се определуваат на поинаков начин отколку во марксистичката. Кај вторите станува збор за незадоволство од висок ранг на крајно непривилигираните групи, кои поврзувајќи се преку идентичноста на животната позиција се идентификуваат себе како припадници на дадена класа. За нив субјективниот фактор е изразената класна свест на работничката класа, која пред себе ја има високо консолидираната партиска организација. Кај функционалистите, пак, субјективните фактори се повторно манифестација на незадоволство на групите, но со друга основа отколку кај претходните. Тоа се јавува кај определени групи коишто во текот на модернизацијата бележат

брз подем и чии аспирации градени во контекстот на состојбата на континуиран раст, остануваат неисполнети во моментите кога ќе се јават некои препреки во развојот, или кога ќе дојде до менување на позициите меѓу стопанските гранки. Незадоволството го зголемува и неконзистентноста на положајот во ситуациите на брзи статусни промени ва населението. Всушност, незадоволството извира од дестабилизацијата што ја предизвикува брзиот економски раст.

На база на фактот на дестабилизирачките последици на економскиот раст со голем интензитет врз општествениот поредок некои претставници на функционалистичката теорија го објаснуваат револуционерниот бран во Русија, како и отсуството на револуции во оние високоразвиени индустриски земји во кои индустрискиот развој бил континуиран, без нагли забрзувања. Така, Олсон прави споредба меѓу Велика Британија и Русија. Првата, експериментирајќи во индустриската иновација, остварува релативно бавна модернизација. Дури и револуционерните пронајдоци од индустриската револуција преизведуваат многу помал прекин во економската практика на британската индустрија од оној што ја проникнува Русија. Кога таа, кон крајот на XIX и почетокот на XX век ги воведува модерните техники, во неа се остварува остра промена од феудализмот, карактеристичен за XIV век кај другите европски земји, и индустријализмот од XX век. Тоа неминовно носи тешки проблеми во прилагодувањето. Неговиот заклучок е дека "контрастот меѓу типовите на економскиот развој на Британија и Русија може да е во врска

со демократската еволуција во Велика Британија и болшевичката револуција во Советскиот Сојуз.[43/] Фактот за транзицијата во неразвиените земји, која денес е поексплозивна и поболна од преминот во модерен економски живот со кој се соочувала Русија, по Олсон упатува на можни последици по политичката стабилност.

Без претензии да развијат генерална теорија на револуцијата од типот на Марксовата теорија, претставниците на функционализмот - со своите анализи на конкретните револуции коишто се случуваат во светот во текот на последните векови, со сумирањето на своите заклучоци во неколку насоки (како што се определување на комплекс услови коишто поверојатно од други можат да водат кон револуционерни акции и сл.) тие даваат низа плодотворни идеи за соочување со моменталната кризна ситуација и за поставување на одредени прогнози за нејзиниот понатамошен тек.

# ТРЕТ ДЕЛ

# ПРОМЕНА ВО СОЦИОЛОШКАТА ТЕОРИЈА

## ГЛАВА VII

## ЗА КОНСТИТУИРАЊЕТО НА ТЕОРИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПРОМЕНА

Во своите анализи на темите на состаноците на Американското социолошко друштво, посебно на уводните излагања, Луис Козер констатира дека во текот на првите три децении на дваесеттиот век кај нив се забележува прогресивно поместување од проблемите на динамиката кон проблемите на сообразноста. Така, на состанокот во 1907 год., уводниот дискутант Томас Харвер, во своето излагање за општествениот конфликт ја застапува теза дека "можеби има многу случаи каде што постои комплетна хармонија на интересите, но таа не им дава раст на проблеми и затоа нема потреба да се осврнуваме на неа."[1] За него основен предмет на научното истражување се општествените антагонизми и дисхармонии. За разлика од него, уводниот дискутант на состанокот од 1930 год.- Хауард Одем ќе констатира дека "општествениот конфликт е социолошки неистражено поле"..."Социологијата на конфликтот тек треба да биде напишана".[2] Две децении подоцна Џеси Бернар ќе го постави прашањето дали таквата социологија е изградена и на него ќе одговори негативно. За неа, после времето на раните социолози какви што се Смол,Рос и Парк, на полето на истражувањето на општествениот конфликт е направено малку. Тоа го поврзува со губењето на врските со европските социолози окупирани со конфликтот. "Американските

социолози во последните години се спремни да ја задржат научната студија на конфликтот таму каде што ја оставил Зимел".[3)]

Се чини дека преокупациите на американските социолози во прв ред се одредувани од преокупациите на европските школи коишто им служат како теориско водство во остварувањето на целите од предимно емпириска природа. Пионерите на американската социологија од крајот на деветнаесеттиот век се под нагласеното влијание на социјалдарвинизмот, европската школа со исклучива усмереност кон општествениот конфликт. Подоцна, од триесеттите години наваму, се забележуваат низа влијанија, коишто неминовно предизвикуваат подвојување во повеќе смерници, секоја од кои е некакво продолжување или модификација на најзначајните европски школи. Она што притоа е потребно да се потенцира е нивното поврзување со одредени политички идеологии. Независно од сите аргументи на Вебер дека социологијата може да се изгради како објективна наука за општеството, ослободена од секаква врска со вредносните системи, емпиријата укажува на врзаноста, секако не секаде и секогаш во ист интензитет, меѓу социолошките учења и политичките идеологии. Во случајов на американската социологија постојат различни комбинации во поврзувањето кои би могле да се сместат во континуум со лево - радикално и десно - конзервативно крило на половите, но за потребите на случајов овде се поделени во две крила - "радикално" и "конзервативно" И двете како основа за обединување ги имаат европските мислители од кои поаѓаат во оформувањето на сопствените теории. Првото, "радикалното" крило, е обединето преку влијанијата

на Маркс и Зимел, научници опседнати со проблемите на општественииот конфликт. Од нив позабележливо е влијанието на Зимел за кого конфликтот не е само средство за менување на општествениот поредок, туку уште повеќе сила преку која истовремено тој се одржува и континуирано менува. Второто, "конзервативно" крило, своето поврзување го остварува преку многубројните кружоци посветени на делото на Парето, коишто се намножуваат посебно после излегувањето од печат во 1935 год. на неговото дело "Расправа за генералната социологија", во славниот превод на Ливингстон (тој на делото му го променува насловот во "Ум и општество")[4]. Овие кружоци не ја губат својата масовност се до педесетите години, независно од тоа што Парето со својот комплициран стил и необичната комбинација на теорискиот ирационализам и методолошкиот позитивизам се покажува не многу приемчив за американската популација која едноставноста ја издигнува на ниво на општоприфатена вредност. Тој ги поврзува претставниците на "конзервативното" крило на американската социологија помалку преку своите содржински пораки отколку преку своите идеолошки премиси.[5]

Во групата теории кои се под влијание на Парето влегува и функционалистичката. На нив тој влијае и со својата теорија, со некои нејзини елементи кои се приемчиви за претставниците на школата иако се определени во механицистички термини. Основниот елемент, притоа, е системот определен како комплекс на сили меѓу кои се остварува рамнотежа, која со своето постојано возобновување ја обезбедува трајноста на системот. Парето е прифатлив за функционалистите и многу

од нив себе се именуваат како негови ученици, независно од тоа што нивните конкретни определби се поблиску врзани до класичната органицистичко-еволуционистичка школа, со Спенсер на нејзино чело. Всушност, тие имаат можност и преку Парето во своите концепти да го воведат Спенсеровиот органицизам и еволуционизам. Во изнаоѓањето на многу решенија врзани за функционирањето на општествениот систем Парето ја користи Спенсеровата помош (пр. идејата за диференцијацијата и интеграцијата), независно од тоа што му е неприемчив неговиот еволуционизам. Тој е доследен поборник на идејата на цикличната општествена промена.

Во годините пред и за време на Првата светска војна, кога ја пишувал својата Расправа за генералната социологија, во која го изложува своето учење за општествениот систем и неговата промена, Парето можел да најде емпириска поткрепа за својот став за општествената циркулација, односно за општественото движење од помалку кон повеќе диференцирани облици кое притоа не е развој. Идејата на развојот тој ја вбројува во групата на многубројните вредносни квалификации од типот "од лошо кон подобро", коишто основата ја имаат во човечките илузии, во неговата вродена потреба за самозалажување. Со идејата на развојот се излегува од нивото на научното и се влегува во водите на утопиското.

Функционалистите, коишто делуваат во децениите на нагласен технолошки раст, воспитувани во духовна клима во која материјалната добробит, постигнувана преку кумулацијата на технолошки знаења и техники, и нивната апликација во производството е издигната на позиција на прва цел и

највисока вредност, не се во состојба да ја прифатат Паретовата идеја на циркулацијата. Во потрагата по теориско јадро преку кое ќе ја систематизираат емпириската материја за општествената промена и понатаму, ќе изградат методолошки апарат за нејзино продолжително следење, тие ги превемаат определбите на класичниот еволуционизам. Првата од нив е општеството како органска целина на делови. Таа од Паретовата се разликува само во однос на определувањето на силите преку кои се остварува поврзувањето. За него тоа се силите на механиката коишто делуваат меѓу егоистичните индивиди - поврзувајќи ги во урамнотежена целина на ист начин како што делуваат на ист начин како што делуваат во целата природа. За класичните еволуционисти и функционалистите тоа се иманентите својства на општествената целина да го возобновува својот еквилибриум во различните услови на средината. Втората, пак, е продолжителното согледување на следот на еквилибриумските состојби, остварувани во ситуацијата на перманентен раст на органската општествена целина.

Во текот на времето, во своите многубројни емпириски ангажмани, во кои целта на класичниот еволуционизам да се откријат универзалните закони на општествениот прогрес се заменува со помалку амбициозната цел да се најдат одговори за конкретните општествени состојби со правење на воопштувања во границите на емпириските можности, функционалистите покажуваат видлив интерес за темите на општествената промена. Меѓутоа, бидејќи тие јавно се декларираат како ученици на Парето, односно како припадници на "конзервативното" крило, а промената е проблем кој влегува во доменот на преокупациите на "радикалното" крило, постои тенденција од страна на

поборниците на второто, овој нивни интерес или потполно да се занемари или да се прогласи за недоволен.

Полемиката меѓу двете крила на американската социологија со време добива облик на напади и одбрана - напади на функционалистичката теорија која се определува како подобна за соочување со појавите од доменот на општествената структура но не и со оние од доменот на општествената промена и одбрана на самите функционалисти. Таа може да се сумира во веќе презентираните ставови - дека секој модел за проучување на структурата истовремено е и модел за проучување на промената затоа што тие се нераздело поврзани, затоа што се, како што одамна констатирал Конт, два аспекта на истата ствар, односно затоа што структурата не е статична туку динамичка категорија.

Нападите и одбраната се провлекуваат низ долг временски период без да доведат до некакви усогласувања во ставовите на спротивставените страни. Се чини дека причината за тоа е во нивната примарно идеолошка позадина. Напорите за дисквалификација на функционалистичката теорија својот мотив го имаат помалку во природата на самата теорија отколку во прогласувањето на нејзините носители за поборници на идеологијата на системот, оценет како неподобен.

Во врска со овој став можат да се понудат два аргументи:

1) Нападите базирани на ставот за теоријата која се соочува само со едното лице на стварноста иако таа има две лица - она на согласноста и она на конфликтот[6], се формулираат кон крајот на пеесеттите и почетокот на

шеесеттите години - во времето кога функционалистичката социологија се понагласено го вклучува проблемот на промената во рамките на своите истражувачки проекти. Притоа, сосема е видливо занемарувањето на се она што таа сторила на тој план од самите почетоци на нејзиното определување како посебна школа во социологијата.

2) Критичарите на функционалистичката социологија, кои што укажуваат на нејзината неспособност да се соочи со второто лице на стварноста, кои себе се посочуваат како носители на задачата за негово запознавање, немаат изградено конзистентна теорија за соочување со таквата задача. Тие го користат категоријалниот апарат на школата која е предмет на нивната критика. Еден од нив, Луис Козер, не ја крие својата врзаност за функционалистичката теорија, поставувајќи си како актуелна цел нејзе да ја надополни со некои елементи позајмени од Георг Зимел. Но, низа показатели за позајмувања од функционалистичкото теориско јадро, со неговите појмови определби дава и Ралф Дарендорф, кој отворено го искажува својот негаторски став во однос на било каква придобивка на школата.

Она што овде се наметнува како дилема не е дали функционалистите се бават со проблемите на општествената промена, туку дали нивниот методолшки апарат за нејзиното проучување е доволен таа да биде истражувана во сите нејзини појави. Размислите инклинираат кон ставот за неговата неподобност во однос на истражувањата на состојбите на модерните општества. Притоа на претпоставката на недоволноста на една теорија која е усмерена кон проучувањето на современите

општества и се дава друга тежина од онаа која се однесува на недоволноста на теоријата за истражување на предмодерните типови на општества. Тоа произлегува од самата природа на истражувачките единици. Кај последните истонасоченоста на општествените детерминанти ги прават општествените појави заемно зависни до обем кој оневозможува теоријата која што е неподобна за истражување на една димензија на општествениот живот да биде подобна за истражување на неговите останати димензии. Кај првите комплексноста има достигнато ниво кога една теорија тешко може да се соочи со сите димензии на диференцираните општествени елементи, меѓу кои постојат мултипни заемни врски и различно насочни влијанија.

Социологијата го губи системскиот карактер во периодот кога општествената диференцијација добива забрзувачки тренд и кога станува тешко, скоро невозможно, една теорија да се изгради себе како орудие за истражување на сите аспекти на општествениот живот. Најдобар пример за тоа се водечките личности на социологијата Диркем и Вебер, од кои првиот се усмерува кон колективните манифестации на општествениот живот-користејќи ги како основа за истражување квантитативните методи практикувани во природните науки, додека другиот кон индивидуалната човечка акција - практикувајќи ги субјективните методи на историската наука. Притоа, постојат случаи кога им се ставаат замерки за едностраност, но со нив не се доведува во прашање нивниот придонес за социолошката наука.

Во овој контекст, ставот за тоа дека функционалистичката школа не се соочувала со проблемите на општествената

промена во обем одговарачки на нивото присуство и нивната значајност за животот на современите општества се оценува како една од одликите на сите современи школи, знак за нивната ослободеност од системските амбиции на постарите општествени мислители. Затоа и се отфрла елементот на негаторството кон постигнувањата на функционалистичката школа кој го пројавуваат поборниците на општествениот конфликт, со оддавање на признание на нивните напори да се истражат оние елементи на општествениот живот - во прв план општествениот конфликт - кои функционалистите ги оставиле надвор од своите истражувачки цели.

Она што се поставува како посебен проблем е што истражувачката единица - околу чија зафатеност се води полемиката, - општествената промена, од страна на оние што се критикувани е прогласена за основна карактерисика на модерните општества и за основна цел на општествената наука откако ќе се решат теориските проблеми околу нејзиното спроведување, односно откако ќе се изгради на доволно високо ниво теоријата на општествената структура како неопходна основа за изградбата на теоријата на општествената промена. Излезот од него може да добие неколку алтернативни насоки.

Едната од нив е функционалистичката теорија да остане она што е - теорија на релативно стабилниот еквилибриум, која во контекстот на својата примарна усмереност со силите преку кои се остварува општествената рамнотежа, односно одржувањето на општеството како систем на заемно поврзани делови, ќе ги истражува оние промени кои се случуваат во рамките на системскиот еквилибрум. Во тој случај

промените со голем интензитет и брзина, односно промените коишто не можат да се вградат во теорискиот модел и како такви се прогласуваат за општествена болест или општествени девијации, ќе бидат само делумно проучувани или сосема игнорирани. Тие би останале како предмет на проучување на други теории, со модели на лабилниот еквилибриум од типот на оној што го употребуваат Маркс или Зимел и нивните наследници во современата теорија. Во тој случај станува актуелно прашањето за откривањето на елементите на нивното поврзување.

Во врска со оваа алтернатива својот став го искажува Мур преку посочувањето на моделите на општествените системи во социолошката теорија и укажувањето на нивниот комплементарен карактер како орудија за истражување на општеството. Два основни модели на општествени системи за него се "функционално-еквилибриумскиот систем" и "системот кој произведува тензии".[7] Првиот си ја поставува задачата да ги формулира врските и корелациите меѓу системските делови. Тој претставува хеуристично орудие за споредувањето на различието на општествени форми и е имплицитно еволутивна теорија. Вториот е окупиран со задачата за идентификација на флексибилностите, неизвесностите, конфликтите и несовпаѓањето меѓу идеалното и стварното. Тој ги идентификува точките на структурната промена, но по него, самиот не е доволен како општествена теорија. Неговиот основен недостаток е во занемарувањето на различните заедништва. Поради усмереноста на внатрешните извори на општествената промена тој го занемарува самото опстанување на системот.

Сличен став како Мур застапува и Смелсер.

Општествената промена по него може да биде истражувана од различни теориски основи. Тој наведува повеќе теории на промената: теорија за краткорочниот колапс, за краткорочна реконструкција, за долгорочно влошување, за долгорочен развој, Марксовата дијалектичка теорија и теоријата на промената на Малиновски. Првите две ги смета применливи за објаснувањето на некои општествено-психолошки состојби и бихејвиорални релации, но неподесни за истражување на општите процеси на општествената промена коишто се протегнуваат низ долг временски период. Како пример за теоријата на долгорочното влошување ја наведува Шпенглеровата циклична теорија за културниот систем. За теоријата на долгорочниот развој, карактеристична за општествената теорија од последните неколку векови типичен пример претставуваат еволутивните теории на Спенсер и Диркем. Последните две ја истражуваат промената во глобалниот општествен систем со тоа што првата се усмерува кон разграничувањето на процесите кои доведуваат до рушење на општествениот систем, додека другата кон оние што водат кон обновување на неговиот еквилибриум.

Функционалистичката теорија на промената Смелсер ја определува како модерна алтернација на Спенсеровата и Диркемовата теорија на долгорочниот развој. Во неа тезата дека изворот на диференцијацијата е во притисокот на растечкото население се заменува со тезата за комплексот општествени и психолошки фактори коишто во својата комбинација ја сочинуваат појдовната точка на процесот на диференцијацијата. Промената понатаму се разграничува во повеќе секвенци.[8] Овде "процесот на диференцијацијата повеќе не е согледан

како иманентна тенденција на општествените организми или како продукт на единствен причински фактор, потеклата се многу покомплексни и променливи, зависно од јачината на типовите на комбинациите на неколку општествени и психолошки фактори".[9)]

Смелсер всушност сугерира модерна теорија на диференцијацијата и интеграцијата, како замена на класичната еволутивна теорија. За разлика од последната која ги истражува процесите на диференцијацијата и интеграцијата кај примитивните општества, коишто поминуваат од помалку кон повеќе диференцирани состојби, првата како предмет на анализа би ги имала малите групи во општеството. Таа би го истражувала донесувањето на решенијата во групите, процесите на социјализацијата, појавите на нови општествени структури во контекстот на економскиот и општествениот развој, односно би се задоволила со истражувачки цели со ограничени дијапазон, препуштајќи им ги повисоките цели на теориите со поопшт и поапстрактен категоријален апарат.

Во своите поконкретни определби на модерната теорија на диференцијацијата и интеграцијата Смелсер дава опис на моделот што таа го применува. Првата негова секвенца е незадоволството од општественото функционирање. Тоа произведува симптоми на пореметување коишто се манифестираат како страв, непријателство и каприциозност. Тие можат да предизвикат раздор меѓу оние што посакуваат промени и оние што ги претставуваат традиционалните стечени интереси. Во тек на времето овие симптоми се канализираат преку различните агенции на контрола. Ова, пак, е проследено со охрабрување на нови идеи и настојувња за прецизирање на нови

институционални форми и напори за нивно воспоставување. Секвенцата завршува со консолидирањето на новите форми како трајна особина на општествената структура.

Теоријата која се служи со посочениот модел за истражување, нема намера како постарата еволутивна теорија да ја прикаже општествената промена во долгорочна перспектива - од првите форми на општествениот живот до модерната општествена организација. Нејзината цел е да го прецизира текот на промената во ограничен пресек на време во било која општествена група во било кое општество.

Споредувајќи го сфаќањето на диференцијацијата и интеграцијата во својата теорија и во теориите на Спенсер и Диркем, Смелсер заклучува дека неговото е помалку детерминирано во некои погледи и повеќе детерминирано во други. Концептот на диференцијацијата е помалку детерминиран во поглед на неговата помала врзаност за било која типологија на општествата или било која еволутивна шема, тој е сфатен како апстрактно поставен процес на промена. Поголемата детерминираност ја согледува во неговото поголемо усмерување на целосниот процес на диференцијацијата а не само на неговите последици, со вклучување на нови, порано занемарувани варијабили коишто се однесуваат на овој процес. Понатаму, процесите на диференцијацијата и интеграцијата се поврзуваат поблиску со алтернативните патишта на промената, со укажувањето на влијанието на едни промени на други со цел да се утврди каузалната улога на агенциите на општествената контрола.

Позицијата на модерниот концепт на диференцијацијата - интеграцијата во однос на старниот, Смелсер најјасно

ја формулира во заклучокот дека станува збор за еден процес којшто е теориски и емпириски поврзан со другите процеси на промената, односно стариот концепт на универзалната промена е применет со одредени модификации во истражувњето на одреден тип на општествена промена.[10)]

Идејата општествената промена да се истражува преку повеќе теории ја застапува и Лич. Тој врши компаративна анализа на теориите на промената и како теории со доминантна позиција во социолошката мисла ги наведува: а) теоријата на Маркс, базирана на дијалектичкиот материјализам, работена како рационална основа за отфрлање на еден конкретен тип на општество - на индустрискиот капитализам; б) функционалистичката теорија на Малиновски, усовршувана во контекстот на долгото проучување на меланезиското општество, конципирана за проучување на малите општества коишто имаат статусни системи но не и класни поделби; в) теоријата на Парсонс, базирана на сплетот на општествената мисла од Макијавели до денес, како и на интердисциплинарни анализи коишто потоа се подложени на апстрактна анализа; и г) теоријата на Тајлор, поврзана со студирањето на менталната боелст преку методот на психоанализата.[11)] Заклучоците на неговата анализа овде ќе се ограничат на првите три теории.

Во својата анализа на наведените теории, Лич го сугерира одговорот на едно прашање коешто неминовно се наметнува во врска со дилемата дали општествената проемна може целосно да биде истражена преку различни теории, од кои секоја се зафаќа со еден или ограничен број на промени. Тоа е прашањето дали е можно поврзување на различните теории?

Она што Лич го забележува во својата анализа е сличноста на наведените теории по низа точки. Тој наведува неколку бази на сличности:

- Постои сличност меѓу трите теории по прашањето на детерминизмот и местото на индивидот во општеството.Сите го прифаќаат принципот на детерминизмот дотаму што ги поврзуваат општествените процеси и индивидуалните одговори. Тој наведува дека Маркс остава место за пасионираниот класен борец, но неговата слобода лежи во препознавањето на нужното. Индивидуалната акција кај него во крајна линија се губи во масовната резолуција на силите и намерите коишто го конституираат општествениот процес.

- Сличност меѓу шемата на Маркс и онаа на Малиновски согледува во надредениот карактер на потребите на групата и придонесот на индивидот во институционалните рамки коишто му даваат предност на униформизмот. Се чини, дека овде тој го занемарува фактот дека кај првиот станува збор за модел кој е компониран од групи што на различен начин ги задоволуваат потребите и во кој е укомпониран инхерентниот притисок на групите за измена на системот на распределбата, додека кај вториот за модел кој се однесува на релативно хомогена група кај која задоволувањето на потребите не породува притисоци за измена на меѓуодносите. Навистина, и кај двајцата потребата се јавува како поттикнувач на акцијата, но кај едниот станува збор за индивидуална мотивација која условува акција во чиј контекст се остварува поврзување во класни групи на луѓе со слична општествена позиција, додека кај другиот потреби на членовите од групата коишто се припремани да ги задоволуваат на

општествено прифатлив начин. Што се однесува до Парсонс, Ли
е свесен дека кај него индивидот не е даден ниту како единица на системот, којшто е компониран од улоги и акции.

- Сличност постои во однос на општоста на трите теории. Сите се со високо ниво на општост.

- Сите три теории изворот на промената го лоцираат во некој дел од тоталниот систем. За Маркс тоа е сферата на економијата, за Малиновски човечките потреби и нивното задоволување, за Парсонс сферата на општествените улоги - при што примарната манифестација на промената е во диференцијацијата на улогите.

- Сите теории ја препознаваат резистентноста кон промената. Кај Маркс таа е базирана на релативно стабилниот карактер на општествените односи преку кои се бранат класните интереси, кај Малиновски и Парсонс во моделот на прилагодувањето.

- Сите ја признаваат можноста за израснување на промената внатре во системот. Кај Маркс едногените процеси се нормален двигател на промената - новото се јавува во рамките на старото, развивајќи се преку мали квантитативни промени се додека не достигне гранична величина кога се случува остра, квалитативна промена. Кај Малиновски, исто така, е присутна идејата за постепеноста на еволутивната промена, како последица на иновацијата ( иако тој ја признава и улогата на дифузијата). Кај Парсонс промената добива форма на харизматска иновација која понатаму повлекува промени во вредносниот систем на заедницата.

- На ниво на системот сите три теории го вклучуваат

концептот на системскиот еквилибриум. Марксовата теорија го дава концептот на капиталистичкиот систем којшто константно се репродуцира себе и во исто време е константно растечки. Самиот раст не е рамномерен во сите делови што води кон прекини на еквилибриумот (коишто се манифестираат во кризите на хиперпродукција), но тој перманентно се обновува до моментот кога системот ќе ја исцрпи својата моќ за понатамошен технолошки развој, што доведува до негова пропаст и оформување на нов систем и нов аранжман на делови кој повторно се во нестабилен еквилибриум и кој со време повторно се прекинува. Ситуацијата кај Малиновски Лич ја оценува како слична, со таа разлика што неговиот еквилибриум е со повисока стабилност и што во него отсуствуваат кризите и неедномерниот развој. Кај него станува збор за процес на релативно мирно напредување. Парсонсовиот модел е конципиран на состојбата на еквилибриумот.

- Сличности постојат и во однос на самото структурирање на системот. Маркс како елементи на системот ги наведува производствените сили и односи (економската база и правно-политичката и идејна надградба). Кај Малиновски системот е компониран од активности, личноста, артефакти, норми, функции, обичаи, материјален инструментариум. Нешто поапстрактен е Парсонсовиот систем - неговите делови се одржувањето на примероците, интеграцијата, адаптацијата и постигнувањето на целите.

- Сите ги вклучуваат во рамките на концептот на еквилибриумот механизмите на општествената контрола. За Маркс тоа е пазарот, за Малиновски базичните и изведени потреби, кај Парсонс функционалните императиви.

Лич укажува на методолошките разлики меѓу трите теории. Марксовата е базирана на дијалектичкиот метод којшто настојува да ги разоткрие внатрешните контрадикции на дадената историска ситуација, методот на Малиновски е функционалистички - кај него човекот, општеството и културата се сфатени како единствен елемент, односно културата е определена како инструментален апарат којшто го оспособува човекот да ги реши конкретните и специфични проблеми во односот со природата, посебно оние врзани за задоволување на потребите. Парсонс пак, користи метод на аналитичка апстракција преку кој го дедуцира системот, во кој општествените процеси се сфатени како специфичен случај на општите закони на акциониот систем. Меѓутоа, низата сличности меѓу нив, по него, укажуваат на објективните можности за нивно надополнување.

Некои социолози, поаѓајќи од сличностите на различните теории, даваат предлози за нивни синтези. Таков предлог дава Ван ден Берг во однос на функционалистичката и марксистичката теорија. Како елемент на поврзување тој го нагласува нивниот холистички пристап - и двете општествата ги посматраат како систем на заемно зависни делови. Функционалистите притоа се определуваат за моделот на мултипната и реципрочна причиност, заемната зависност на деловите која резултира од функционалната специјализација и комплементарност  и води кон еквилибриум. Кај марксизмот се нагласува едносмерната причиност и заемната зависност како конфликтна релација.

Друг елемент кој го овозможува поврзувањето е еволутивното толкување на општествената промена, со тоа што

кај едната теорија станува збор за дијалектички процес на остварување на акцелерирачка спирала на прогресот, додека кај другата за еволутивен раст на структурната комплексност и функционалната спецификација, аналоген на биолошката еволуција. Притоа, и двете теории се соочуват со низа тешкотии, како што се технолошките импликации на прогресот, неодбранливата претпоставка за еднолинејноста на еволуцијата која се движи кон судната точка (позитивната фаза кај Конт, комунизмот кај Маркс). Во целата различност на еволутивните перспективи на двете теории, Ван ден Берг пронаоѓа заедничка точка во ставот дека општествените сили од дадена состојба ги претпоставуваат силите од претходните состојби, односно дека новата состојба во резидуална форма е содржана во претходната состојба.

Последниот аргумент којшто го наведува Ван ден Берг е моделот на еквилибриумот. На него се базирани и двете теории. Тоа, по него, е сосема јасно кога е во прашање функционалистичката теорија, но и дијалектичката секвенца на теза-антитеза - синтеза го вклучува еквилибриумот. Дијалектичкото сфаќање на општеството ги вклучува последователните фази на еквилибриумот и дезеквилибриумот. Тезата е суштински еквилибриумска фаза во циклусот, појавата на антитезата го означува преминот кон дезеквилибриум кој се разрешува во синтезата - новата состојба на еквилибриум кој во следната фаза продолжува да се менува. Ова сфаќање по него е различно од класичното сфаќање на динамичкиот еквилибриум, но не е ниту контрадикторно ниту инкомпатибилно со него. И двете го вклучуваат постулатот на долготрајната тенденција кон интеграцијата.[12)]

На сличностите во еволутивната концепција на Маркс и Парсонс укажува и Гулднер. Процесот на диференцијацијата во Парсонсовата шема на еволуцијата по него е блиски до Марксовата теорија на општествената промена која се остварува преку силите и односите на производството. Како што кај Маркс новите сили на производството прво се остваруваат во рамките на старите односи на производството, за во извесна точка да станат несовпадливи со нив и да се раскинат, така и за Парсонс станува збор за тоа функциите коишто пораное биле обавувани преку старите единици на општествениот систем да им се препуштат на новите единици. И кај двајцата се случува стечените интереси на старите единици да бидат загрозени што условува нивен стремеж за задржување на старите погодности. Парсонсовата анализа на диференцијацијата за Гулднер е своевидна трансформација на Марксовиот механизам на револуцијата - на конфликтот меѓу силите и односите на производството во механизми на еволуцијата.[13)]

Она што по Гулднер ја заматува сличноста меѓу теоријата на Маркс и Парсонс е полемичкиот тон на вториот во однос на теориите на доминантните фактори, како и неговата проамериканска идеолошка позиција.

Анализирајќи ја позцијата на другите функционалисти пред се Смелсер и Мур, Гулднер открива дека нивната конвергенција кон Маркс е дури поизразита отколку онаа на Парсонс. Наоѓа дека дури нва тие и самите ја препознаваат еден кај друг. Тој цитира делови од Смелсеровите "Есеи на социолошкото објаснување"[14)] во кои тој го анализира Муровиот став кон конфликтот - кој е согледан како нормален и неминовен,

но за разлика од Маркс условен од мноштво на извори.[15)]

## Конфликтните теории како надополнување на функционалистичката теорија на промената.

Интересот за општествената промена и, сообразно на тоа обидите да се изгради нова теорија за неа, расте во текот на педесеттите години и почетокот на шеесеттите, Тогаш излегуваат од печат делата на повеќе автори врзани за оваа проблематика - на Козер - за функциите на општествениот конфликт[16)], на Глукман за обичаите и конфликтот во примитивните општества[17)], на Дарендорф за класата и класниот конфликт во индустриските општества[18)], на Рекс за клучните проблеми на социолошката теорија[19)]. Сите тие настојуваат да изградат теорија на промената, која ќе биде спротивставена на функционалистичката или ќе преставува нејзино надополнување. Сите заедно познати се како претставници на современата теорија на општествениот конфликт, иако не би могло да се каже дека таквата теорија ја изградиле. Повеќе се работи за настојувања таа да биде изградена. Притоа, може да се забележи обидот за преземање на низа идеи од постарите претставници на социолошката теорија кои се бават со проблемите на општествениот конфликт. Од нив највидливо е врзувањето за Маркс и Зимел. Оние што црпат идеи од Маркс, како што е Дарендорф, покажуваат отворени амбиции за конфронтирање со претставниците на функционалистичката теорија додека оние коишто се под влијание на Зимел, како што е Луис Козер, за изградба на своевиден функционален модел за

истражување на општествената промена кој би бил поефективен од моделите коишто веќе ги имаат понудено претставниците на функционалистичката школа.

Во својот конфликтен модел на промената Дарендорф вклучува три основни поими: промената, конфликтот и присилата Промената е определена како базична карактеристика на општественот живот. Сите единици на општественот систем се сфатени како продолжително менливи, независно од присуството на сили во системот кои ја кочат промената. Промената е сеприсутна во просторен и временски аспект. Секој дел од општеството константно се менува, што го прави неможно разграничувањето меѓу "промена во" и "промена од", меѓу макроскопска и микроскопска промена.

Во конфликтниот модел конфликтот е воведен како основна креативна сила. Даден е преку голем број варијетети - претставени со континууми кои одат од граѓанска војна до парламентарна дебата, од штрајкови до заеднички консултации и сл. Она што притоа се нагласува е неговата неуништивост - тој може да биде времено потиснат, регулиран, канализиран, но не може да биде за секогаш укинат.

Третиот поим - присилата - во конфликтниот модел ја игра истата улога како согласноста во функционалистичкиот. Општествената организација е сфатена како резултат на присилата што едни ја остваруваат врз другите.

Трите поими се земаат во нивната заемна зависност - присилата произведува конфликт а конфликтот промена. Сите три се сеприсутни во општествената организација.[20)]

За разлика од Дарендорф за кого конфликтот ја задоволува системската потреба за промена, за Козер неговата

присутност е во врска со потребата на системот да ја одржи својата енергија. Преку него тој ги оживува своите креативни моќи. Тој е пропрогресивна општествена сила, а неговата прогресивност се огледа не само во породувањето на нови норми и институции, туку и во директното стимулирање на економијата и технологијата. Во однос на второто Козер го наведува примерот на технолошката иновација во индустриските општества, условена од притисокот на синдикатите за повисоки плати.[21)]

Основните поставки на конфликтните теоретичари ги сумира Рекс, наведувајќи неколку нивни елементи:

- Општествениот систем, за разлика од функционалистичката концепција во која е организиран преку согласноста, овде за основна компонента ги има конфликтните ситуации коишто се движат во широк распон меѓу мирно нагодување и отворена суровост.

- Конфликтните ситуации се согледани како фактори кои произведуваат не единствено туку плурално општество, со две или повеќе класи коишто претставуваат релативно самодоволни системи за своите членови.

- Конфликтната ситуација е означена преку нееднаквата рамнотежа на моќта, која условува една класа да се јавува како упрвувачка, барајќи постојано признавање на легитимноста на нејзината позиција од страна на другата класа - онаа на управуваните, која одбива да го признае тоа и организира активности преку коишто го демонстрира тоа одбивање.

- Ситуацијата на моќта меѓу двете класи може да се промени под влијание на повеќе фактори. Меѓу нив

позначајни се водството, јачината на аспирациите на членството, нивниот капацитет за организирање, нивното поседување на средства за насилие и нивната улога во општествениот систем окупиран од управувачката класа.

- Во случаи на драматична промена во рамнотежата на моќта, управувачката класа може да се најде во ситуација да и ја наметне својата волја на претходната управувачка класа и дури да ја сруши основата за постоењето на таа класа.

- Општествената ситуација и природата на културата на подредената класа се објасниви од аспектот на класните интереси во конфликтната ситуација. Во долгото време на поставувањето на целите тие добиваат утописка форма, но кога подредената класа ќе стекне моќ, нејзината пракса отстапува од нив.[22)]

- Промената во рамнотежата на моќта може да води не кон тотална револуција туку кон компромис и реформа. Во тој случај се јавуваат нови институции коишто не се превентива од иден конфликт, но се признаени како легитимни од двете страни. Таквата ситуација може да даде раст на општествен поредок кој се одржува како единствен низ долг временски период, но кој по природа е нестабилен. Секое ослабнување на противтежата на моќта доведува до враќање на старата борба за прераспределување на моќта.[23)]

Сумирањата на Рекс јасно ја презентираат тенденцијата на групата конфликтни теоретичари да изградат модел подобен за истражување на општествениот конфликт. Со воведувањето во него на термини позајмени од функционалистичката социологија, како што се системот, поредокот, рамнотежата и сл., може да се претпостави дека станува збор за модел на

лабилен еквилибриум, но тој јасно не е дефиниран. Притоа, се чини, нему може да му се стави спротивна забелешка од онаа што Ван ден Берг му ја упатува на еквибриумскиот модел на Парсонс, во врска со можностите што тој ги дава за истражување.[24] Усмерен кон промените условени од внатрешни конфликти и противречностите што ги породува самиот систем, како и кон острата револуционерна промена, тој ги занемарува промените условени од растот на комплексноста на системот, како и оние од прилагодувањето на екстрасистемски влијанија (на пр.проблемите на акултурацијата). Оформуван во контекстот на критиката на функционалистичкиот модел на промената овој модел може да се земе само како дополна на функционалистичкиот. Тој ги истражува оние општествени промени кој се неподобни за следење преку еквилибриумскиот модел на функционалистите, оставајќи ги како неистражени оние што се предмет на анализа на последниот.

Изградба на теорија за промената

Истражувањето на промената со помошта на повеќе теориски модели, од кои некои (конфликтните) се прилагодени за брзата и остра промена, додека други (функционалните) за постепените процеси на диференцијацијата и адаптацијата, би било решение за функционалистичката социологија, во колку таа, од самиот почеток на пројавувањето на интересот за проблемите на промената, не си го поставила како цел што треба да се оствари во перспектива, изградувањето на теорија за нејзино сестрано проучување. Оттаму и настојувањата на

некои нејзини претставници за корекции на постоечките модели или за давање на општи напатствија за изградба на општа теорија за промената.

Во врска со обидите за реформулации на базичните поими со цел да се зголеми дијапазонот на истражувачките можности повторно би го спомenale Мур. Тој понекаде се обидува концептот на општеството како само-еквилибриумски систем да го замени со концептот на општеството што произведува тензии. Нему му припишува неколку карактеристики преку кои го разликува од претходниот:

- Двата модели се разликуваат во степенот до кој некои тензии се земени како внатрешни својства на системот а не едноставно како организациски проблеми коишто можат да бидат разрешени.

- Во моделот на тензијата последиците од промената се земаат и како произведувачи на тензија и како нејзини ограничувачи.

- Употребата на терминот тензија не значи дека промената иницијално ќе ја редуцира тензијата.

- Концепцијата на општеството како систем што произведува тензии не вклучува претпоставки дека системот што е препознаен како таков фактички е траен или дека треба во одреден временски период да премине во друг. Постојат и двете можности, како и трета тој да подлегне на деструкција. Можноста за една од овие нешта може да биде идентификувана само преку комплексот на варијаблите кои ќе го детерминираат курсот.[25)] Всушност, неговиот модел што произведува тензии преставува некаква средина меѓу функционалистичкиот и марксистичкиот.

Сугестии за изградба на општа теорија на промената дава Смелсер. Таквата изградба по него претпоставува неколку основни постапки:

- Во почетокот е потребно да се исполнат две барања - да се дефинираат и да се класифицират познатите варијабли. Самата дефиниција треба да ги означи границите на зависната варијабла за која станува збор и да ја разграничи од другите феномени. Дефиницијата непосредно наметнува едноставна класификација во која влегуваат две класи - класата која ја вклучува варијаблата и класта на настаните или ситуациите коишто се разгледуваат како исклучени од првата класа. Класата на исклучените може да биде изделена во повеќе групи.

- Следниот проблем е описот на промените на варијаблите. Непосредно со него е поврзан проблемот на спецификацијата на контекстот во општествениот простор во кој ќе бидат проучувани варијаблите.

- Понатаму, треба да се определи почетната и крајната точка на процесот на промената. Тоа повлекува неколку методолошки проблеми: 1) потреба да се дадат прави концепти за иницијалните и терминалните состојби коишто ќе бидат доволно општи за да ги вклучат дадените концепти во различни историски периоди, поради потребата од споредување; 2) да се реши проблемот на адекватноста на мерките на варијаблите во почетната, средишна и крајна точка на промената; и 3) потребата од концепти коишто ја опишуваат насоката на промената низ времето. Тие се однесуваат како на промените кои можат да се изразат преку квантитативни така и оние што бараат квалитативни показатели.

- При разгледувањето на следниот чекор - одредувањето на независните варијабли, односно детерминантите или факторите на промената, Смелсер ги сугерира следните широки класи: 1) структурна основа на промената, што ги вклучува и аспектот на можностите и аспектот на пропустите;2) импулсот на промената, односно притисокот на кој е изложена општествената единица што се менува; 3) мобилизација на промената, која што е посебно значајна во случајот на некои промени; 4) делувањето на општествената контрола.

- Последниот чекор на кој укажува Смелсер е поставување на одреден број хипотези и организација на варијаблите во објаснувачки модел. Моделот е концептуален апарат кој тврди дека ако се комбинираат на одреден начин одреден број на детерминанти, тогаш може да се очекува одредена последица, (или тип на промена)[26]. Тој е објаснување кој од простото објаснување се разликува по тоа што е организирано попрецизно, формално и во општи термини.

Со оглед на недоволната разработеност на теоријата на општествената промена, Смелсер укажува на можноста нејзините модели да не бидат доволно разработени. Затоа и упатува и на други модели коишто ги одликува повисоко ниво на формалност и емпириска адекватност. Тоа се моделите што веќе се споменати во претходните поглавја: моделот на природната историја, моделот на вредносното додавање и еквилибриумските модели во различни варијанти - моделот на затворениот систем и отворениот еквилибриумски модел, меѓу кои постојат низа модалитети, еквилибриумски модели кои се разликуваат по својата општост, по времетраењето

(статични и динамички) и по стабилноста (стабилни и нестабилни).[27] Разгледувајќи ги сите овие модели, Смелсер не го искажува своето мислење преку нивно подредување во хиерархија. За него ниту еден модел не е супериорен во однос на другиот, кој ќе се избере зависи од аналитичките намери и од научниот проблем што треба да се реши.

Смелсеровите настојувања во однос на изградбата на теоријата на општествената промена, всушност се движат во правецот на изградбата на теориски модел којшто содржи одреден број општи поставки преку кое водство може да се спроведуваат емпириски истражувања на различни видови промени во различни општествени ситуации. Целта на овие истражувања би била преку утврдувањето на текот на одредена промена да се направат прогнози за нејзините идни тенденции. Всушност, со својот ангажман на полето на теоријата на промената тој не излегува надвор од рамките на социолошката стратегија на средниот домен. Така, останува отворено прашањето за можностите за конституирање на генерална теорија на промената која ќе ги истражува универзалните закони на развојот. Нивното постоење Парсонс, но и другите претставници на школата не го доведуваат во прашање. Тие само, во почетните преокупации со прашањата на промената, изразуваат сомнение во можностите на социолошката наука за соочување со таквата цел.

Прашањето дали е можно конституирање на теорија која ќе биде во состојба да ги вгради во себе во еднаков обем и целите на општествената согласност и целите на општествената промена, во рамките на школата останува отворено. Се чини дека сепак никој од школата не е спремен

во одговорот да вгради премиси со песимистичка конотација. Овде таквата цел се смета за остварлива. Нејзиното остварување би повлекло рефолмулација на базичните поими. Еден од нив е поимот на човечката природа. Во нејзиното дефинирање веќе постоечкото разнородие на формулации дава можност за црпење на идеи и за остварување на синтези. Една од постоечките формулации е онаа на Кант за асоцијалната социјабилност на човекот. Нејзиното издигнување на појдовно социолошко стојалиште му помогнува на Зимел да реши некои проблеми кои се базични за таквата теорија. Во тој поглед им се дава подршка на настојувањата на Козер за формулирање на теорија којашто во функционалистичкиот модел ќе вгради некои Зимелови категории - во прв ред категоријата на конфликтот. Таа кај него е заснована на Кантовиот поим на човечката природа. А тој дозволува се она што се случува во општеството да се анализира од двоен аспект - од аспектот на општествените потреби и општествените акции за остварување на колективните цели со истовремено одржување на општественото единство и од аспектот на индивидот и неговите поттици со излезиште од делот на неговата личност која е надвор од контолата на општеството, коишто резултираат во акции што излегуваат надвор од барањата на целината.

Задачата за конституирање на генерална теорија на промената во рамките на функционалистичката школа останува како нејзина идна цел. Она што притоа се чини значајно да се истакне е дека и без најзиното остварување школата, преку она што е нејвина досегашна основна преокупација - откривањето на механизмите на општествената интеграција,

дала голем придонес на полето на социолошката наука, можеби позначаен од претпоставениот идеи придонес на полето на општествената промена. Зашто, во светот на современоста, во кого промената се наметнува како основна категорија, правејќи го свет на менувањето, иако на прв поглед се чини парадоксално, основната задача на социолошката наука станува стабилноста, односно барањето на механизмите преку кои општествениот систем кој се менува во сите свои компоненти, со ритам кого го одликува нееднонерноста, ќе го одржува својот интегритет. Функционалистичката опседнатост со интеграцијата, во тој поглед, не претставува бегство од стварноста на општествените системи туку соочување на нивниот суштински проблем - како, менувајќи се, без да ја закочат промената, ќе ја одржат својата единственост. Единственоста, која не е цел за себе, туку средство за обезбедување на идната промена.

# О П Ш Т И   З А К Л У Ч О Ц И

Со оглед на тоа што основните поставки на секоја глава се сумирани посебно, овде ќе се наведат некои најопшти заклучоци во врска со функционалистичките замисли за системот и неговата промена, како и за можностите за конституирањето на теоријата на промената како посебен сегмент на општата социолошка теорија.

- Основниот поим во функционалистичката литература е општествениот ситем. Тој е определен во термините на еквилибриумот, односно динамичката рамнотежа. Кај повеќето претставници на школата станува збор за релативно стабилен еквилибриум, со тоа што постојат извесни варијации во нивото на стабилноста. Кај Парсонс тој е сфатен со повисоко ниво на стабилност отколку кај останатите претставници на школата. За него системот е во состојба на еквилибриум кога односите меѓу неговата структура и процесите кои се остваруваат во неа и со неговата средина се такви што ги одржуваат овие состојби и односи, односно ја одржуваат неговата структура во непроменета состојба. Притоа тој овие процеси ги разграничува од поосновните процеси преку кои оваа структура се менува, односно преку кои секоја состојба на системот е поразлична од претходната.

- Поврзаноста на елементите од општествениот систем за обезбедување на опстанокот се зема како мост кој ги поврзува неговите статички и динамички аспекти. Опстанокот претпоставува одредена форма на селективност преку која се отстрануваат неодговарачките и дисфункционални форми а преживуваат корисните. А бидејќи селективноста се

остварува во текот на времето, нејзиното воведување значи дека системот се менува во текот на времето. Со тоа статичката теорија е во исто време и динамичка. Теоријата вклучува генерализации кои се однесуваат на барањата за опстанок на системот (легитимниот поредок и социјализацијата за неговото прифаќање) кои поради потребата од одржување низ времето се и динамички.

- Одржувањето на општествениот поредок се доведува во врска со предодреденоста на човекот за живот во општество. Кај човечката природа се нагласуваат два мотива: желбата на човекот за поширок општествен или културен примерок од оној на семејната група и желбата за постигнување на одредени колективни цели. Социокултурниот примерок се одржува преку желбата на луѓето за учество во него. Се оценува дека одржувањето на општествениот поредок е позначајна желба на луѓето отколку што се нивните индивидуални желби, стремежи и цели.

- Општествата развиваат механизми за минимизирање на промените кои се одигруваат во надворешната средина и за возобновување на рамнотежата пореметена од внатрешни извори. Тоа се механизмите на општествената контрола и социјализацијата. Меѓутоа, тие не го разрешуваат во потполност проблемот на тензиите и дисфункциите. Тие се постојано присутни а системот настојува да ги разреши или преку нивното отстранување или преку нивното институционализирање. Последното се остварува кога тие делуваат низ долг временски период.

- Како основен фактор на вредносната интеграци-

ја се зема вредносната согласност. Таа се остварува преку дејноста на културниот систем.

- Промената се определува како процес преку кој постоечкиот поредок на општеството и неговите составни компоненти поминуваат од еден во друг вид. Од процесите на промената преставниците на функционализмот во фокусот на својот научен интерес ги ставаат нормите, вредностите и другите културни продукти и симболи, односно нивната институционализација во тек на времето. Промената се оценува како процес кој е комплементарен со еквилибриумот, кој се однесува на еквилибриумските услови под кои системот нормално функционира.

- Промената е внатрешно својство на системот - неговата нормална егзистенција претпоставува менување. Меѓутоа, таа може да биде условена и од фактори кои се надвор од него. Определбата на факторите на ендогени и егзогени е повеќе ствар на дефинициите. Нивното сместување во едната или другата група зависи од дефинирањето на системот и неговата средина.

- При определбата на факторите на промената доминира полидетерминистичкиот пристап. Хиерархијата на факторите не се исклучува, но се отфрла идејата за доминацијата на еден фактор во сите можни случаи. Се зема дека секој конкретен случај има своја хиерархија на значајноста. Многу често, притоа, прва позиција во хиерархијата има вредносниот систем.

- Како најчест извор на промената се определуваат процесите преку кои човекот се воведува во моралниот поредок на заедницата и преку кои стекнува искуства кои му

се потребни. Таа е условена од неможноста да се постигне совршена социјализација и совршен општествен поредок. Како најчести птичини за тоа се наведуваат: 1/ семејството, кое не е во состојба да се реализира како наполно униформна единици - со идентичен комплекс на вредносни и нормативни ориентации; 2/ различните персонални фактори кои воведуваат измени во обавувањето на улогите и чија кумулација станува основа на иновацијата; 3/ промените во биолошката репродукција; 4/ неизвесниот животен циклус на секој индивид; 5/ процесот на институционализацијата кој никогаш не е совршен, оставајќи секогаш можност за креирање на "анти-системи". Тие можат да останат латентни низ долг временски период, но и да изградат фокус на промени во одредени ситуации.

- Функционалистичката теорија за генералната промена е еволуционистичка. Таа е адаптациска и технолошка теорија. Адаптациска е по определувањето на изворот на промените и начинот на нивното реализирање - тие се условени од иманентните сили на општеството за раст и внатрешните сили за барање решенија во прилагодувањето на средината. Основните процеси прекуккои тие се наоѓаат се структурната и функционална диференцијација и новата интеграција. Адаптацијата е изворот и финалната последица на диференцијацијата и интеграцијата. Во конкретните анализи на претставниците на школата од овие процеси најголем простор му се посветува на процесот на диференцијацијата. Таа е процес на делење на старите системски единици во поголем број единици кои се специјализираат за обавување на поголем број улоги. Нивното вградување во системот се

остварува преку процесот на институционализацијата.

- Со определувањето на процесот на адаптацијата како процес на растење на капацитетот на системот за опстанок, теоријата на еволуцијата е и теорија на општествениот прогрес. Кај неа секој општествен систем кој се наога повисоко на патот на еволуцијата е поефикасен во остварувањето на господството над природата во однос на оние што се под него.

- Концептот на повеќелинејната еволуција за кого се заложуваат претставниците на школата претставува обид за подведување на концептот на класичниот еволуционизам под стратегијата на средниот домен. Во него не се исклучува идејата на постоење на општи закони на развојот, туку се усмерува истражувачкиот интерес кон цели кои се во согласност со податоците кои ги нуди емпиријата. Во согласност со моменталните можности, откажувајќи се од од високите цели за откривање на универзални закони тие се задоволуваат со целта да се објаснат: а/ процесите на промената во општествата; б/ процесите на разидувањето од едно до друго општество; в/ ширината до која овие разидувања можат да се кристализираат во посебни типови или стапки.

- Теоријата на модернизацијара претставува примена на теоријата на еволуцијата на примерокот на Западните општества од периодот на последните два века. Модернизацијата е согледана доминантно во технолошки термини, како нужна последица на индустријализацијата која во Западните општества е иницијален процес а во останатите делумно иницијален а делумно увезен од надвор.

- Во функционалистичката социологија модерниза-

цијата е сфатена како прогрес. Таа е процес преку кој општествата се движат од пониски кон повисоки облици со перманентно растечки капацитети за искористување на средината. Со определувањето на Западната модернизација како модел со општа применливост кон кого рефлектираат сите општества од светот оваа теорија истовремено е повраток кон позициите на класичниот еволуционизам - на неговата теза за еднолинејноста.

- Процесот на модернизацијата ја намалува самодоволноста на општествата.

- Промената е основна карактеристика на модернизацијата. Од многубројните процеси на промената најзначајни се индустријализацијата, урбанизацијата и политичката и културна партиципација.

- Модернизацијата го менува комплексот на општествените улоги, намалувајќи го делувањето на прописот и традиционалните лојалности и зголемувајќи го местото на начелата на рационалноста и функционалната специфичност. Процесот на диференцијацијата го зголемува бројот на улогите, при што доаѓа до кинење на врските меѓу нив и менување на нивната позиција во општествениот систем.

- Положајот на поединецот во општеството, поради обавувањето на низа улоги кои заемно не се поврзани е тешко одредив. За емпириски цели, од многуте детерминанти кои го одредуваат им се дава предност на некои, пред се образованието и професијата.

- Процесите во модерните општества од кои првиот е индустријализацијата условуваат промени во општествената структура. Иницијалната формација на работен пазар

и неговата екстензија, секторската релокација, посебно растот на неземјоделските вработувања, специјализацијата со која се изделуваат комплексните задачи и се зголемува бројот на бараните вештини, нагорниот тренд кон вештини со повисока специјализација, бирократизацијата и сл. - сите заедно ја зголемуваат стапката на вертикалната подвижност.

- Промените во положајот на луѓето се истражуваат преку стратификацискиот модел.

- Стратификацијата се поврзува тесно, дури и се изедначува со диференцијацијата. Таа е сфатена како општествен одговор на нееднаквата значајност на различните општествени улоги за општествената целина. Таа е природна последица од комплексот општествени потреби кои треба да бидат задоволени за обезбедување на системскиот опстанок а кои за системот не се еднакво значајни.

- Во модерните општества стратификациската структура ја одликуваа: 1/ укинување на наследните, легално поддржувани разлики во статусот; 2/ постепено свртување кон постигнувачките аспекти на богатството и професијата; 3/ развој во кој статусните разлики се повеќе поддржувани од општествени отколку од легални санкции; 4/ ограничување на нееднаквоста во богатството преку државна акција и даноци; 5/ згуснување на разликите во заработувачката со отклонувања на половите; 6/растечка реализација на начелата на еднаквоста на можностите.

- Брзата промена во современите општества го заострува проблемот на интеграцијата. Општествата од модерноста обично несе опремени со доволно механизми за апсорпција на промената. Кога таа ќе достигне одредена фрек-

венција, односно откога ќе се надмине горната граница на можностите за нејзино апсорбирање се јавуваат елементи на општествено пореметување.

- Општествената девијација се зема како една од битните карактеристики на модерните општества. Таа го вклучува односот меѓу индивидуалното однесување и општествените норми. Претставува процес преку кој членовите од општеството масовно отстапуваат од конформизмот на општествените очекувања и начините на нивното постигнување, тој вклучува неконформистичка акција или во насоката на системот на очекувањата или во насоката на нивната практична реализација.

- Најчеста причина за девијацијата во модерните општества е судирот меѓу идеологијата на еднаквоста и реално присутната нееднаквост. Еднаквоста, втисната во системот на социјализацијата условува единствен комплекс на цели за целото население, кој во реалноста е остварлив во обем одговарачки на позицијата во хиерархискиот поредок, уреден по начелото на нееднаквоста.

- Револуцијата, вклопена во листата на општествено патолошки појави е објаснета како брза, радикална општествена промена преку која се менуваат базичните вредности во општествениот систем. Се јавува кога ќе дојде до драстично менување на системскиот еквилибриум.

- Функционалистичкиот концепт на револуцијата се разликува од марксистичкиот, пред се, по нивото на општоста. За разлика од Маркс, кој револуцијата ја воведува во својата дијалектичка теорија на развојот, како средство во преминот од една во друга на големите, квалитативно

различни стапки во историјата, за функционалистите - во согласност со нивната стратегија на средниот домен - таа е замислена како интензивни настојувања да се спроведат поопсежни промени во општествениот поредок во ситуациите кога, поради нерамномерна промена, драстично е нарушен системскиот еквилибриум. Преку неа не се настојува да се измени во потполност општествениот поредок, туку да се обнови неговата рамнотежа преку воведување на некои промени во дел од неговите сфери. Притоа, се прифаќа и дека преку неа може да се постигнат трајни промени во рамнотежата на моќта и ресурсите.

- Во рамките на функционалистичката социологија не е изградена теорија на општествената промена со високо ниво на општост. Теориите кои ги предлагаат некои од нејзините претставници, како што се теоријата на вредносното додавање или теоријата на природната историја, не одат многу подалеку од веќе усвоеното ниво на општост. Сепак, не би требало да се занемарат некои од понудените решенија за проблемите кои го закочуваат нејзиното реализирање.

Еден од проблемите кои треба да ги реши општата теорија на промената е несовпаѓањето меѓу нејзините потреби за определување на граници на теорискиот модел на системот и емпириската ситуација на нивно заматување. Решение за него нуди Парсонс преку својата теорија за генералната акција. Во неа се препорачува модел кој вклучува повеќе нивои. Секој систем има граници во кои задоволува одредени потреби, но секој во основа е несамодоволен и како таков вклучен како потсистем со одредено задолжение во рамките на поширок систем. Теорискиот модел, преку воведувањето на

нови нивои може да се усогласува со промените во конкретните општества. Така, можно е да се дојде до моделот на светскиот систем во кој посебните општества претставуваат релативно самостојни целини, делови на пошироки општествени комплекси обединети преку некои типови на заедништва и делови на светскиот систем со специфична улога во него.

Друг проблем е релативно стабилниот еквилибриум кој не дава простор за истражување на сите типови промени. На потребата од зголемување на нивото на лабилноста на еквилибриумскиот модел укажуваат и самите функционалисти. Овде како најодговарачко теориско јадро за понатамошно развивање на општа теорија за промената се сугерира умерениот еквилибриум кој би бил во состојба да ги опфати како проблемите кои извираат од потребите за опстанок на системот како целина така и оние чиј извор се барањата на поединците и групите поттикнати од нивните индивидуални и парцијално групни интереси.

- Во недостиг на генерална теорија на општествената промена најодговарачко решение е поврзувањето на повеќе постоечки теории. Две теории кои овозможуваат широк дијапазон на следење на општествените појави, а кои можат да се земат како комплементарни поради блиското теориско излезиште се функционалистичката и конфликтната.

ЗАБЕЛЕШКИ

У В О Д

1. Fletcher R., The Making of Sociology, 2, Developments, Nelson, London, 1971, str. 675-680

2. Radkliffe-Brown A.R., Structure and Function in Primitive Society, London, Cohen and West, 1952, gl. 1

3. Davis K. "The Myth of Functional Analysis as a Special Method in Sociology and Anthropology", A.S.R.,24. 1959, str.752-772.

GLAVA I

SISTEMOT I NEGOVATA PROMENA

1. Kont O., Kurs pozitivne filozofije, vo: Fiamengo Ante, Saint Simon i Auguste Compte, Naprijed, Zagreb, 1987, str.298-304

2. Moore W., Social Change, Prentice Hall Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1963

3. Eisenstadt S.,Modernization: Protest and Change, Prentice Hall Inc., Englewood Cliffs, N.Y.,1966

4. Radkliffe-Brown A.,Struktura i funkcija u primitivnom društvu, Prosveta,BEograd, 1982,str.20.

5. Isto, str. 208.

6. Isto, str. 123.

7. Parsons T.,The Social System, The Free Press, New York, 1968 (prvo izdanie vo 1951), str. 483.

8. Isto, str. 485.

9. Isto, str. 486.

10. Isto, str. 486.

11. Isto, str. 488.

12. Isto, str. 495.

13. Radkliffe-Brown A., Struktura i funkcija u primitivnom društvu, cit. delo, str. 19.

14. Parsons T. The Social System, cit. delo, str. 5-6-

15. Isto.

16. Isto, str. 25.

17. Isto, str. 36.

18. Merton R., Social Theory and Social Structure, The Free Press, Glencoe, Illinois, 1957, str. 370.

19. Levy M., Jr., The Structure of Society, Princeton University Press, Princeton, New Jersey, 1952, str. 57, str. 88-98.

20. Moore W., Social Shange, cit. delo, str. 6

21. Parsons T., The Social System, cit, delo, str. 27-28.

22. Parsons T., "A Functional Theory of Change",vo: Amitai and Eva Etzioni (eds.), Social Change, Basic Books, New York, 1964,str.84.

23. Isto, str. 85.

24. Parsons T., Evolution of Societies, Prentice Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, 1972, str. 10

25. Lipset S.M., The New Nations The United States in Historical and Comparative Perspective, Basic Books, New York, 1963,str.103.

26. Parsons T., Structure and Process in Modern Societies, The Free Press, New York, 1960, str. 295.

27. Rex J., Key Problems of Sociological theory Routledge & Kegan Paul, London, and Henley 1980 (prvo izdanie 1961) str. 194.

28. Leich J., The Theory of Social Change, Routledge 5 Kegan Paul, London, 1972 (prvo izdanie 1969), str. 23.

29. Eisenstadt S., "Institucionalization and Change", A.S.R., 1964, 29,3, str. 235.

GLAVA II
KONCEPTOT NA PROMENATA

1. Malinowski B., The Dynamics of Cultural Change, Yale U.D., New Haven, 1945.

2. Eisenstadt S., "Institucionalization and Change", cit.delo, str. 235.

3. Moore W., Order and Change, John Wiley and Sons, New York, 1967, str. 3.

4. Swanson G., Social Change, Scott, Forman and Company, Glenveew, Illinois, 1971, str. 3.

5. Sorokin P., "Social and Cultural Dynamics", vo: Parsons...(eds.), Teorije o društvu, II, Vuk Karadžić, Beograd, 1969,str. 1244.

6. Isto.

7. Parsons T., The Social System, cit. delo, str. 493.

8. Isto. str. 493.

9. Moore W., "A Reconsideration of Theories of Social Change", A.S.R., 1960, 25, str. 811.

10. Isto, str. 814.

11. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 90-93.

12. Radkliffe-Brown A., Struktura i funkcija u primitivnom društvu, cit. delo, str. 184.

13. Parsons..., (eds.), Teorije o društvu, cit. delo, str. 235.

14. Leich J., The Theory of Social Change, cit. delo,

15. Eisenstadt S., Modernization: Protest and Change, cit, delo, str. 67-68.

16. Swanson G., Social Change, cit. delo, str. 48.

17. Isto, str. 49.

18. Guessous M., "A General Critique of Equilibrium Theory", vo Moore and Cock (eds.), Readings on Social Change, Prentice Hall, Englewood Cliffs str. 23-35

19. Van den Berghe P., "Dialectic and Functionalism: Toward a Theoretical Syntesis, A.S.R., 28, 1963,str. 695-705.

20. Smith A., The Concept of Social Change, Routledge Kegan Paul, London and Boston, 1973, str. 50.

21. Eisenstadt S., "Social Change and Development", vo: Eisenstadt (ed.), Readings in Social Evolution and Development, Pergamon Press, Oxford and London, 1970.

22. Isto, str. 12.

23. Parsons T., Societies: Evolutionary and Comparative Perspectives, Prentice Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, 1977.

24. Moore W., Order and Change, cit. delo, gl.I.

25. Smelser N., Theory of Colective Behaviour, Rouledge & Kegan Paul, 1962.

26. Blau P. and Duncan O.D.,The American Ocupational Structure, Wiley, New York, 1967.

27. White H., Chains of Opportunity: System Models of Mobility Organizations, Cambridge & Harvard University Press, 1970.

28. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 24-48.

29. Isto, str. 51.

30. Isto, str. 52.

31. Isto, str. 68

32. Isto, str. 73.

33. Isto, str. 78.

34. Isto, str. 87.

35. Isto, str. 88.

36. Kerr C. and others, Industrialization and Industrial Man, Cambridge and Harward University Press, 1960.

37. Marks i Engels, Manifestot na komunističkata partija.

38. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 189.

39. Isto, str. 1-2.

40. Isto, str. 6.

41. Eisenstadth S., "Institucionalization and Change", cit. delo, str. 235.

42. Isto, str. 247.

43. Lockwood D., "Some Remarcs in The Social System", B.J.S., 1956, VII, 2, str. 134-146.

44. Van den Berghe P., "Dialectic and Functionaloem: Toward a Theoretical Syntesis", A.S.R., 1963, 28, 5, str. 697-8.

GLAVA III

NEOEVOLUCIONISTIČKI TRAGANJA - OBID ZA OBEDINUVANJE NA SPENSER I DIRKEM

1. Homans G., The Human Group, Harcourt Brace & World, New York, 1950, str. 422.

2. Cannon W.B., The Wisdom of the Body, N.N. Norton & Company, Inc., 1937.

3. Burrow, Evolution and Society, Cambridge University Press, London, 1974, str. 191-193.

4. Spenser H., "Prvi principi, vo: R. Supek, Herbert Spenser i biologizam u sociologiji, Naprijed, Zagreb, 1987, str. 125.

5. Spenser H., Principi sociologije, vo: R. Supek, cit. delo, str.155.

6. Isto, str. 170.

7. Isto, str. 183.

8. Burrow J.W., Evolution and Society: A Study of Victorian Social Theory, Cambridge Univ. Press, London, 1974, str. 219.

9. Parsons T., Societies..., cit. delo, str. 20.

10. Biblija ili Sveto Pismo staroga i novoga zavjeta, Izdanie Britanskog inostranog biblijskog društva, Beograd, 1975, str. 2.

26.

Potoa reče Bog da go napravime čovekot po svojot oblik, kako što sme nie, koj će bide gospodar na ribite morski i na pticite nebeski i na stokata i na site životni što se dvižat po zemjata.

27.

I go stvori Bog čovekot po svojot oblik, po oblikot božji go stvori, maškoto i ženskoto gi stvori.

28.

I Bog gi blagoslovi: radjajte se i množete se i napolnete ja zemjata i vladejte so nea, i bidete gospodari na ribite morski i pticite nebeski i site zverovi što se dvižat po zemjata.

11. Burrow, Evolution and Society, cit. delo, str. 221.

12. Parsons T., The Social System, cit. delo, str. 25.

13. Radkliffe-Brown, Struktura i funkcija u primitivnom društvu, cit. delo, str. 283.

14. Isto, str. 184.

15. Parsons T., Evolution of Societies, Prentice Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, 1977, str. 24.

16. Isto, str. 48-49.

17. Smelser N., Sociological Explanation of Change, cit. delo, str. 129-130.

18. Smelser N., Social Change in the Industrial Revolution, The University of Chicago Press, Chicago, 1969, (prvo izd.1959), str. 5.

19. Eisenstadt S., "Social Change and Differentiation" A.S.R. ,1964, str. 376.

20. Eisenstadt S., Social Differentiation and Stratification, Scott Foresman and Company, Glenview, Illinois, London, 1971, str. 8

21. Eisenstadt S., "Social Change and Differentiation", A.S.R., 1964, str. 376.

22. Eisenstadt S., Social Differentiation and Stratification , cit. delo, str. 15-16.

23. Parsons T.

24. Parsons T., Evolution of Societies, cit. delo, str. 4.

25. Parsons T., The Structure of Social Action, Mc Graw Hill, New York, 1937.

26. Parsons T., Societies, cit. delo

27. Isto.

28. Isto, str. 24.

29. Parsons T., "Evolutionary Universales in Society", A.S.R., 1964, 29, 3, str. 341.

30. Isto, str. 342.

31. Gouldner E., Comming Crisis of Westwrn Sociology, Heiman, London, 1971, str. 365-367.

32. Isto.

33. Chailde G., Social Evolution, H. Schuman, London, and New York, 1951, str. 35.

34. Isto.

35. Stjuard DŽ., Teorija kulturne promene, B.I.G.Z., Beograd, 1981, str. 33.

36. Svojata teorija za evolucijata Dirkem ja izložuva vo "Podelbata na opštestveniot trud", čie prvo izdanie izleguva vo 1893 g. Jugoslovenskiot prevod na deloto e pečaten vo 1972 - Dirkem E., O podeli društvenog rada, Prosveta, Beograd, 1072.

37. Dirkem E., Pravila sociološke metode, Savremena škola, Beograd 1963.

38. Parsons, Evolution of Societies, cit. delo, str. 24.

39. Parsons T., Socetiea, cit. delo, str. 10.

40. Eisenstadty S., Social Change, Differentiation and Evolution, A.S.R., 1964,29,3, str. 375.

41. Isto, str. 375.

42. Isto, str. 383.

43. Smelser N., Sociological Explanation of Shange, cit. delo, str.128.

44. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 122-123.

45. Stjuard Dž., Teorija kulturne promene, cit. delo, str.28.

46. Warner L.,and Lunt P.,The Social Life of a Modern Community, New Haven, Yale University Press, 1941.

47. Parsons T., Societies, cit. delo, str. 88.

48. Preku naveduvanjeto na opštestvata na avstralijanskite domorotci kako prvi na listata na primitivnite opštestva, Parsons vsušnost ukažuva na priznavanjeto na osnovnata značajnost na elementot na tehnologijata, zašto toj ne go doveduva vo prašanje stavot na Vorner deka ovie opštestva imaat najelementarna tehnologija no dosta kompliciran rodninski sistem i religiozen simbolizam. Parsons, Societies, str. 80.

49. Parsons, Evolution of societies, cit. delo, str. 213.

50. Dirkem E.,O podeli društvenog rada, cit. delo, Kniga I, gl.I i II.

51. Eisenstadt S., Social Differentiation and Stratification,cit. delo, str. 74.

52. Isto, str. 76.

53. Isto, str. 91.

54. Isto, str. 139.

55. Isto.

56. Isto, str. 150.

57. Smith A., The Concept of Social Change, cit. delo, str. 18.

58. Parsons T., The Social System, cit. delo, str.

59. Smelser N., Social Change in Industrial Revolution,Routled ge & Kegan Paul, London, 1959, str. 402.

60. Kladogenezata se odnesuva na procesite na rasprostranuvanje na vrstata na site dostapni teritorii i site životni sredini, posledicite od koi možat da bidat razdvojuvanje na vrstata na rasi, rasite ponatamu možat da postignat reproduktivna izolacija i da stanat novi vrsti, ovie možat da sledat odvoeni evolutivni tekovi i da se razdvojat, stanuvajći rodovi i t.n. Taka prvobitno edinstvenata evolutivna edinica se razdvojuva na nekolku ili mnogu nezavisni edinici, so što raste organskata raznovidnost. Anagenezata se odnesuva na procesite na postepeno menuvanje na vrstite vo genetski pogled , bilo poradi podobruvanje na prilagodenosta na statičnata sredina, bilo zaradi promenite vo sredinata. Vrstata ostanuva edna edinica, no so vreme se poveće se menuva taka što populaciite od različni vremenski periodi možat da se klasificiraat kako različni vrsti, rodovi i t.n., Dobžanski, T., Evolucija čovečanstva, Nolit, Beograd, 1982, str. 248-249.

61. Smith A., The Concept of Social Change, cit. delo, str. 34.

62. Dobžanski T., Evolucija čovečanstva, cit. delo.

63. Sahlins M. and Service E., (eds.), Evolution and Culture, An Arbor, The University of Michigan Press, 1960.

64. Eisenstadt S., "Social Change, Differentiation and Evolution", cit. delo.

GLAVA IV
PROMENATA VO SOVREMENITE OPŠTESTVA

1. Lerner D. "Modernization, Social Aspects", vo: International Enciclopedia of the Social Sciencies, vol. 10, New York, The Mac Millan Com. and The Free Press, 1968, str. 387.

2. Swanson G., Social Change, cit. delo, str. 142.

3. Black C., The Dynamics of Modernization: A Study of Comparative History, Harper & Row, Publichers, New York, 1966, str. 7.

4. Halpern M., The Rate of Costs of Political Development, vo: Moore and Coock (eds.), Readings in Social Change, Prentice Hall, Englewood Cliffs, 1967, str. 182.

5. Isto, str. 183.

6. Isto, str. 184.

7. Bellah R. (ed.), Religion and Progress in Modern Asia, Free Press, New York, 1965.

8. Isto

9. Parsons, T., The Social System, cit. delo.

10. Isto

11. Eisenstadty S., Modernization: Protest and Change, Prentice Hall, Inc., Englewood Cliffs, N.J., 1966, str. 1.

12. Bendix R., "Tradition and Modernity Reconsidered", Comparative Studies in Society and History , 1966-67,9,str.292.

13. Levy M. Jr, "Social Paterns and Problems of Modernization", vo: Moore and Coock (eds.), Readings ih Social Change, cit, delo, str. 190.

14. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 89-92.

15. Smelser N., "The Modernization of Social Relations", vo: Myron Weiner (ed.), Modernization, Basic Books, New York, 1966, str. 111.

16. Smelser N., Sociological Explanation of Change, cit, delo, str. 127.

17. Levy M., "Social Patterns and Problems of Modernization", cit. delo.

18. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, str. 1.

19. Levy M., Social Patterns and Problems of Modernization, cit. delo, str. 190.

20. Isto, str. 192.

21. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, str. 41.

22. Bendix R., "Tradition and Modernity Reconsidered", cit. delo.

23. Levy M., Cit. delo, str. 191.

24. Bendix R., cit. delo, str. 327.

25. Deutch K., "Social Mobilization and Political Development", American Political Sciene Review, 1961, 55, str. 494-495.

26. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, str. 43.

27. Isto, str. 60.

28. Smelser N.,"Toward a Theory of Modernization", vo: Essays in Sociological Explanation, cit. delo.

29. Bendix R., Tradition and Modernity Reconsidered, cit. delo. str. 320.

30. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, str. 5.

31. Isto, str. 11

32. Isto, str. 15.

33. Isto, str. 5.

34. Isto, str. 16.

35. Isto, str. 17.

36. Smelser N., Sociological Explanation od Change, cit. delo, str. 127.

37. Isto.

38. Eisenstadt, Modernization..., cit. delo, str. 84.

39. Malinowski B., The Dynamics of Cultural Change, cit. delo, str. 23.

40. Radcliffe-Brown, Struktura i funkcija u primitivnom društvu, cit. delo.

41. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, str. 31-35

42. Bendix R., "Tradition and Modernity Reconsidered", cit. delo, str. 326-327.

43. Malinovski B., cit. delo, str. 258.

44. Smelser N., Explanation of Social Change, cit. delo, str. 260.

45. Lerner D., The Passing of Traditional Society, Free Press, Glencoe Illinois, 1958.

46. Rostow W., The Stages of Economic Grouth, Cambridge University Press, 1960.

47. Levy M., cit. delo, str. 207.

48. Bendix R., "Tradition and Modernity Reconsidered", cit. delo.

GLAVA V

INDUSTRIJALIZACIJATA I PROMENITE VO OPŠTESTVENATA STRUKTURA

1. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 46.

2. Moore W., Order and Change, cit. delo, str. 98.

3. Isto, str. 46-47. Ova Murovo stojalište korespondira vo osnova so Marksističkata teorija, zemena vo celiot dijapazon na stavovi vo koi se vklučeni i onie na mislitelite od Vtorata internacionala okvalifikuvani kako revizionisti.

4. Davis K. and. Moore W., "Some principles of stratification", A.S.R., 1945, 10, 242-249.

5. Isto, str. 243.

6. Eisenstadt S., Social Differentiation and Stratification, cit. delo, str. 10-11

7. Ajzenštat ja prifaća opredelbata na Sils i Parsons na postignuvanjeto i propisot, deka individata soočena so opštestveniot objekt može da reagira na dva načina - vo terminite na ona što go pravi (postignuvanje) i vo terminite na ona što e (propis), vo: Parsons T. and Shils E.,Toward a General Theory of Action, Harvard University Press, Cambridge, Mass., 1951.

8. Smelser N., Essays in Sociological Explanation, cit. delo, str. 151

9. Isto .

10. Barber B., Social Stratihication, Harcourt, Brace and Company, New York, 1957, str. 20.

11. Bales R., Interaction Process Analysis, Addison-Wesley Press, Cambridge, Mass., 1950.

12. Homans G., Social Behaviour, Its Elementary Forms, Harcourt Brace Jovanovich, New York, 1961, Gl. 14.

13. Thibaul and Kelley, Social Psichology of Groups, 1959, Gl.7.

14. Blau P., "Parameters of Social Structure", A.S.R., 1974,39, str. 615-35.

15. Prigovori od takov vid davaat poznatite kritičari na funkcionalizmot Darendorf, Reks, Smit i dr.

16. Veber M., Privreda i društvo, Prosveta, Beograd, 1976, Gl.4.

17. Opredelbite na bogatstvoto i moćta prezemeni se direktno od Veber. Za prestižot Parsons ja dava ovaa opredelba: "Pozicija vo hierarhiskiot poredok bazirana na relativnata suma na počituvanje što individot go uživa vo opštestvoto. "Parsons T., Social System, cit. delo, str. 132. Ponekade toj prestižot go sfaća vo poširoko značenje, koga toj ja vklučuva celata suma na ugled, bogatstvo i moć so koi raspolaga poedinecot.

18. Malinovski B., Argonauti Zapadnog Pacifika, B.I.G.Z., Beograd, 1979, str. 86.

19. Isto, str. 149

20. Isto , str. 151

21. Openhajmer F., Država, vo: Supek R., Herbert Spenser i biologizam u sociologiji, Matica Hrvatska, Zagreb, 1964, str. 81-89 i 248-251.

22. Veblen T., Teorija dokoličarske klase, Kultura, Beograd, 1966.

23. Homans G., Social Behaviour, cit. delo, Gl. 14.

24. Eisenstadt S., Social Differentiation and Stratification, cit. delo, str.

25. Parsons T., Social System, cit. delo.

26. Lipset, Politički Čovek, Rad, Beograd, 1969.

27. Dahrendorf R., Class and Class Conflict in an Industrial Society, Routledge & Kegan Paul, London, 1957, str. 9.

28. Tumin M., "Some Principles in Stratification: A Critical Analysis, A.S.R., 1953. 18, str. 387-394. i "On Inequality", A.S.R., 1963, 28, str. 19-26.

29. Moore W., "But some are more equal than others", A.S.R., 1963, 28, str. 13-18.

30. Isto, str. 14.

31. Parsons T., "Equality and Unequality in Modern Society, or Social Stratification Revised", vo: Laumann E., (ed.) Social Stratification: Research and Theory for the 1970's, The Bobbs-Merrill Company, Inc., Indianopolis, New York, 1970, str.17.

32. Buckley W., "Social Stratification and the Functional Theory of Social Diherentiation", A.S.R., 1958, 23, 4, str. 372.

33. Isto, str. 370.

34. Moore W., "But some are more equal", cit. delo, str. 14.

35. Davis K. and Moore W., "Some principles of Stratification", cit. delo, str. 242.

36. Worner L., cit. delo.

37. Eisenstadt S., Social Differentiation and Stratification cit. delo, str. 78.

38. Lipset S. and Bendix R., Social Mobility in Industrial Society, University of California Press, Berkley and Los Angeles, 1960, str. 1.

39. Smelser N., Essays in Sociological Explanation, cit. delo.

40. Isto, str. 156.

41. Lipset S. and Bendix R., Social Mobility in Industrial Society, cit. delo.

42. Isto, str. 57-60.

43. Isto, str. 71-73.

44. Parsons T., Social System, cit. delo.

45. Lipset S. and Bendix R., Social Mobility..., cit. delo, str. 275-277.

46. Lundberg George, The Foundations of Sociology, The Mac Millan Comp., New York, 1939.

47. Parsons T., "Social Class and Class Conflict", American Economoc Review, 1949, XVXIX, str. 16-24. Analogija medju bolesta na teloto i konfliktot vo opštestvoto Parsons postavuva i vo napisot "Propaganda and Social Control", vo: Parsons T., Essays in Sociological Theory, Pure and Applied, The Free Press, Glencoe, Illinois, 1949.

48. Parsons T., Social Class and Class Conflict, cit. delo

49. Olson M., "Rapid Grouth as a Destabilising Force", Journal of Economic History, 1963, 23, str. 529-52.

50. Mur gi naveduva podatocite od zaedničkata studija so Kuznec (Kuznets S., Moore W. and Spengler J., (eds.), Economic Grouth, Brazil, India Japan, Duke University Press, Durham, 1955), spored koi najgolema neednakvost pokažuva moderniziračkiot sektor vo nerazvienite zemji, kako i deka najekstremni razliki vo zarabotuvačkata postojat vo najranite fazi od razvojot na modernizacijata, vo: Moore W., Order and Change, cit. delo, str. 78.

51. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 64.

GLAVA VI

OPŠTESTVENATA DEVIJACIJA VO MODERNITE OPŠTESTVA

1. Idejata za kriminalot kako normalna opštestvena pojava so pozitivna funkcija vo opštestvoto Dirkem ja razrabotuva vo Podelbata na opštestveniot trud i Pravila na sociološkiot metod (citirani dela), no na nea se osvrnuva i vo drugite dela.

2. Merton R., "Social Structure and Anomie", A.S.R. 1938, str. 652-682, vo: "Social Theory and Social Structure, cit. delo, str.121-159.

3. Cole S., "The Grouth of Scientific Knouledge: Theories of Deviance as a Case Study", vo: Coser L. (ed.), The Idea of Social Structure, Harcourt Brace Jovanovich, New York, Chicago... 1975, str. 175.

4. Merton R., Social Structure and Social Theory, cit. delo, str. 140.

5. Chohen A., "Sociology of The Deviant Act: Anomie Theory and Beyond", A.S.R., 10, 1965, str. 5-14.

6. Parsons T. and Shils E. (eds.), Toward a General Theory of Action, Harvard University Press, Cambridge, Mass., 1951, str. 53.

7. Parsons T. Social System, cit. delo, str. 250.

8. Isto, str. 249.

9. Isto, str. 250.

10. Isto,

11, Isto, str. 257.

12. Isto, str. 259.

13. Smelser N. and Warner S., Sociological Theory: Historical and Formal, General Learning Press. Moriistown, 1976, str. 203-4

14. More W., Social Change, cit. delo, str. 76.

15. Eisenstadt S., Modernization: Protest and Change, cit. delo, str. 22.

16. Isto, str. 36.

17. Isto, str. 37.

18. Smelser N., Theory of Colective Behaviour, Routledge & Kegan Paul, London, 1970 (prvo izdanie vo 1962), str. 8.

19. Isto, str. 19. Klasifikacijata na kolektivnoto odnesuvanje e bazirana na elementite na opštestvenata akcija. Smelser razgraničuva četiri nejzini komponenti: 1) vrednosna, ili

opšti izvori na legitimacijata, 2) normi, ili standardi za regulacija na interakcijata, 3) mobilizacija, ili individualna motivacija za kolektivna akcija vo ulogite i kolektivnostite i 4) situaciski pogodnosti. Soobrazno so toa razgraničuva četiri tipovi na kolektivno odnesuvanje.

20. Swanson G., Social Change, cit. delo, str. 101.

21. Smelser N., Theory of Colective Behaviour, cit. delo, str. 15-16.

22. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 34.

23. Sorokin P., Social and Cultural Dynamics, cit. delo, str. 35.

24. Parsons T. Social System, cit. delo, str. 520.

25. Smelser N., Theory of Colective Behaviour, cit. delo, str. 16-17.

26. Dawson and Gettys, Introduction to Sociology, The Ronald Press, New York, 1929.

27. Swanson G., Social Change, cit. delo, str. 101-102.

28. Edwards L., The Natural History of Revolution, The Chicago University Press, Chicago, 1927.

29. Turner L. and Killian L., Colective Behaviour, Prentice Hall Inc., Englewood Cliffs, 1957, str. 319.

30. Smelser N., Theory of Colective Behaviour, cit. delo, str. 19.

31. Brington C., The Anatomy of Revolution, Vintage Books, New York, 1958.

32. Parsons T., Social System, cit. delo, str. 520.

33. Isto, str. 529.

34. Palmer, "The Age of Democratic Revolution", vo: Moore and Coock (eds.), Readings of Social Change, cit. delo, str. 104.

35. Isto, str. 108.

36. Isto, str. 110.

37. Moore W., "Predicting Discontinuities in Social Change", A.S.R., 1964, 29, 3, str. 338.

38. Davies J., "Toward a Theory of Revolution", A.S.R., 1962, 27, I, str. 6.

39. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, Gl.1.

40. Smelser N., Essays in Sociological Explanation, cit. delo, str. 1.

41. Eisenstadt S., Modernization..., cit. delo, str. 36.

42. Moore W., Social Change, cit. delo, str. 85-87.

43. Olson M., "Rapid Grouth as a Destabilizing Force", cit. delo str. 549.

GLAVA VII

ZA KONSTITUIRANJETO NA TEORIJATA NA OPŠTESTVENATA PROMENA

1. Sit. po Coser L., The Functions of Social Conflict, The Free Press, New York, 1956, str. 15.

2. Isto.

3. Isto, str. 16.

4. Pareto V., The Mind and Society, 4 vol, Harcourt Brace Jovanovich, New York. 1935.

5. Na klimata vo amerikanskata sociologija, koja pottiknuva kon povrzuvanje so evropskite misliteli, nominirani kako "radikalni" i "konzervativni" ukažuva Kozer vo svojot tekst za Pareto vo: Coser L., Masters of Sociological Thouth, Harcourt Brace Jovanovich, New York, 1971, str. 422-425.

6. Dahrendorf R., "Out of Utopia: Toward a Reorientation of Sociological Analysis", A.S.R., 1958, 2, str. 115-127.

7. Moore W., Order and Change, cit. delo, str. 26.

8. Smelser N., Essays in Sociological Explanations, cit. delo, str. 252. Smelser gi spomenuva ovie sekvenci: strukturna napnatost kojašto psihološki se čuvstvuva kako čuvstvo na nezadovolstvo od obavuvanjeto na akterite i od raspredelbata na resursite vo sistemot, potoa prisustvo na vrednosen sistem ili drug standard preku koj se izrazuva čuvstvoto na nezadovolstvoto i preku koj može da se legitimizira želbata za promena, treto, čuvstvo na možnostite ili pogodnite sredstva so koi može da se ostvari odredena promena, i četvrto, nemožnosta na sistemot da se oslobodi od napnatosta preku sredstva na prosto prilagoduvanje vo postoečkata struktura.

9. Isto.

10. Isto, str. 253.

11. Leich J, cit. delo, str. 71-72.

12. Van den Berghe P., "Dialectic and Functionalism: Toward a Theoretical Syntesis, A.S.R., 1963, 28, str. 695-705.

13. Gouldner A., The Coming Crisis of Western Sociology, cit. delo str.361.

14. Smelser N., Essays of Sociological Explanation, cit. delo, str. 279.

15. Gouldner A., The Coming Crisis..., cit. delo. str. 365-367.

16. Coser L., The Functions of Social Conflict, cit. delo.

17. Gluckman M., Custom and Conflict in Africa, Blacwell, Oxford, 1955.

18. Dahrendorf R., Class and Class Conflict in Industrial Socity, cit.delo,

19. Rex J., Key Problems in Sociological Theory, cit. delo.

20. Dahrendorf R., Class and Class..., cit. delo,

21. Coser L., The Functions of Social Conflict, cit. delo.

22. Ovaa teza e prisutna i vo funkcionalističkite učenja za revolucijata.

23. Rex K., Key Problems..., cit. delo, str. 129-130.

24. Vidi str.

25. Moore W., Social Change, str. 1-2

26. Smelser Nl, Essays of Sociological Explanation, cit. delo, str. 209

27. Isto, str. 221.

KRATENKI

A.J.S. - American Journal of Sociology
A.S.R. - American Sociological Review
C.S.S.H. - Comparative Studies in Society And History
B.J.S. - British Journal of Sociology
A.E.R. - American Economic Review

# БИБЛИОГРАФИЈА


Apter David

- The Politics of Modernization, The University of Chicago Press, Chicago and London, 1967 (prvo izd. 1965).

Barber Bernard

- "Structural-Functional Analysis: Some Problems and Misunderstandings", A.S.R., 21, 1956, str. 129-135.

- Social Stratification, Harcourt and Brace and Com., New York, 1957.

Bendix Reinhard

- "Tradition and Modernity Reconsidered", C.S.S.H., 9, 1966-67, str. 292-346.

Bendix Reinhard and Lipset Seymour M.

- Class, Status and Power: A Reader in Social Stratification, The Free Press of Glencoe, Illinois, 1963.

Belah Robert N.

- "Religious Evolution", A.S.R., 29, 1964, str. 358-374.

Biblija ili Sveto Pismo Staroga i Novoga Zavjeta, Izdanje Britanskog Inostranog Bibliskog Društva, Beograd, 1975.

Black C.E.,

- The Dynamics of Modernization: A Study on Contemporary History, Harper & Row Publ., New York, 1967.

Blau Peter,

- "Macrosociological Theory of Social Structure", A.J.S., 83, 1975, str. 26-55

Bock Keneth E.

- "Evolution, Function and Change", A.S.R., 28, 1963, str. 229-237.

Bredemeir Harry C.

- "The Methodology of Functionalism", A.S.R., 20, 1955, str. 173-180

Bucley Walter

- "Social Stratification and the Functional Theory of Social Differentiation", A.S.R., 24, 1958, str. 359-375.

- "Structural-Functional Analysis in Modern Sociology", vo: Becker H. and Boskoff A. (eds.), Modern Sociological Theory in Continuity and Change, The Dryden Press, New York, 1957, str. 236-259.

Burger Thomas

- "Talcott Parsons: Problem of Order in Society and the Program of Analitical Sociology", A.J.S., 83, 1977, str. 320-334.

Burrow

- Evolution and Society, Cambridge University Press, London, 1974.

Van den Berghe Piere

- "Dialectic and Functionalism: Toward a Theoretical Syntesis", A.S.R., 28, 1963, str. 695-705.

Cancian Franceska

- "Functional Analysis of Change", A.S.R., 25, 1960, str. 818-827.

Cannon N.B.

- The Wisdom of the Body, Norton & Company, New Yrork, 1937.

Carey James

- Introduction to Crimiology, Prentice Hall Inc., Englewood Clifs, New Jersey, 1978.

Child Gordon V.

- Social Evolution, Schuman, New York, 1951.

Clark Colin

- The Conditions of Economic Progress, Macmillan, London, 1951.

Clark Kerr

- "Industrial Conflict and its Mediation", A.J.S., 60, 1954.

Cohen Persy.

- Modern Social Theory, Heinemann, London, 1975.

Coser Lewis

- The Functions of Social Conflict, The Free Press, Glencoe, Illinois, 1956.

- "Social Conflict and Social Change", B.J.S., VII 3, 1957.

- "Social Conflict and the Theory of Social Change", A.J.S., 2, 1958, str. 197-207.

- Masters of Sociological Thought: Ideas in Historical and Social Context, Hartcourt Brace Jovanovich Inc., New York, 1971.

- (ed.), The Idea of Social Structure, Harcourt Brace Jovanovich, New York, Chicago, 1975.

Dahrendorf Ralf

- "Out of Utopia: Toward a Reorientation of Sociological Analysis", A.J.S., 2, 1958, str. 115-127.

- Class and Class Conflict in an Industrial Society, Routledge & Kegan Paul, London, 1967 (prvo izd. 1959).

Darlington C.D.

- The Facts of Life, Allen & Unwin, London, 1953.

Davies James C.

- "Toward a Theory of Revolution", A.S.R., 27, 1962, str. 5-19.

Davis Kingsley

- Human Society, macmillan, New York, 1949.

- "The Myth of Functional Analysis as a Special Method in Sociology", and Anthropology", A.S.R., 24, 1959, str. 752-772.

Davis Kingsley and Moore Wilbert.

- "Some Principles of Stratification", A.S.R., 16, 1945, str. 224-249.

Dawson and Gettys

Introduction to Sociology, The Ronald Press, New York, 1929.

Dobžanski Teodosius

- Evolucija čovečanstva, Nolit, Beograd, 1982.

Dore Ronald

- "Function and Cause", A.S.R., 26, 1961, str. 843-853.

Drucker Ferdinand P.,

- The New Society: The Anathomy of the Industrial Order, Free Press, New York, 1950.

Durkheim Emile

- O podeli društvenog rada, Prosveta, Beograd, 1970, (prvo izd. 1893).

- Pravila sociološke metode, Savremena škola, Beograd, 1963, (prvo izd. 1895).
- Elementarni oblici religiskog života, Prosveta, Beograd, 1982, (prvo izd. 1912).

Edwards L.
- The Natural History of Revolution, The Chicago University Press, Chicago, 1927.

Eisenstadt Semuel
- Essays on Sociological Aspects of Political and Economic Development, Mouton, The Hague, 1961.

- "Religious Organizations and Political Process in Centralized Empires", The Journal of Asian Studies, 21, 1962, str. 271-294.

- Modernization, Grouth and Diversity, Indiana Univ. Inc., Indianopolis, 1963.

- "Institucionalization and Change", A.S.R., 29, 1964, str. 235-247.

- "Social Change, Differentiation and Evolution", A.S.R., 29, 1964, str. 375-387.

- "Burocracy, Bureaucratization, Markets and Power Structure", vo: Essays in Comparative Institutions, John Wiley & Sons Inc., New York, 1965.

- Modernization: Protest and Change, Prentice Hall Inc., Englewood Cliffs, N.Y., 1966.

- (ed.), Readings in Social Evolution and Development, Pergamen Press, Oxford and London, 1970.

- Social Differentiation and Stratification, Scott, Foresman and Company, Glenview, Illinois, London, 1971.

Etzioni Amitai and Etzioni Eva

- Social Change, Basic Books Inc., New York, London, 1964.

Evans-Pritchard

- Social Anthropology, Free Press, Glencoe,Ill., 1954.

Fallding Harold

- "Functional Analysis in Sociology", A.S.R., 28, 1963, str. 5-13.

Fletcher Ronald

The Making of Sociology, 2, Developments, Nelson, London, 1971.

Gluckman

- Custom and Conflict in Africa, Blacwell, Oxford, 1955.

Gouldner Alvin N.

- The Coming Crisis of Western Sociology, Heinemann, London,1971.

Gouldner A.,and Miler S.M.

- Applied Sociology, (eds.) , Free Press, Glencoe, New York, 1965.

Gross Neal (ed.)

- Symposium in Sociological Theory, Harper & Row, New York, 1959.

Guessous Mohamed

- "A General Critique of Equilibrium Theory", vo: Moore W. and Cock (eds.) , Readings in Social Change, Prentice Hall, Englewood Cliffs, str. 23-35.

Hač Elvin.

- Antropološke teorije, 1 i 2, BIGZ, Beograd, 1979.

Hagen Everett

- On the Theory of Social Change, Homewood, The Dorsey Press, 1962.

Halpern Manfred

- "The Role and Costs on Political Development", vo: Moore and Cock (eds.), Readings on Social Change, str. 182-189.

Harary Franc

- "Merton Revised: A New Classification for Deviant Behaviour", A.S.R., 31, 1966, str. 693-698.

Hawley Amos

- Human Ecology: A Theory of Community Structure, The Ronald Press, New York, 1950.

Homans George

- The Human Group, Harcourt Brace & World, Inc., New York, Chicago, San Francisko and Atlante, 1950.

Hoselitz Bert and Moore Wilbert (eds.)

- Industrialization and Society, UNESKO and Mouton, Paris and The Hague, 1963.

Jonson C

- Revolution and the Social System, Stanford Univ. Press, Stanford, 1964.

- Revolutionary Change, univ. of London Press, London, 1968.

Laumann Edward

- Social, Stratification: Research and the Theory for the 1970 s, The Bobbs - Nerrill Company, Inc., Indianopolis, New York, 1970.

Leich John

- The Theory of Social Change, Routledge & Kegan Paul, London, 1972.

Lenski Gerhard

- Power and Priviledge, Mc Grow-Hill, New York, 1966.

Lerner Daniel

- The Passing of Traditional Society: Modernizing the Middle East, The Free Press, New York, 1966, (prvo izd. 1958).

Levy Marion Jr.

- The Structure of Society, Princeton Univ. Press, Princeton, 1952.

- "Social Patterns and Problems of Modernization", vo: Moore and Cock (eds.), Readings on Social Change, str. 189-209.

- Modernization and the Structure of Societies, Princeton Univ. Press, Princeton, 1966.

Lipset Semiour

- Plitički čovek, Rad, Beograd, 1969.

Lipset Seimour M. and Bendix Reinhard

- Social Mobility in Industrial Society, Univ. of California Press, Berkley and Los angeles, 1960.

Lockwood David

- "Some Remarcs on The Social System", B.J.S.,VII, 2, 1956, str. 134-146.

- "Arbitration and Industrial Conflict", B.J.S., VI, 4, 1955, str. 305-317.

Loomis Charles

- Social Systems: Essays on Their Persistence and Change,Princeton, New Jersey, 1960.

Malinovski Branislav

- "The Pan-African Problems of Culture Contact", A.J.S., XLVIII, 1943, str. 649-666.

- The Dynamics of Social Change, Yale U.P., New Haven, 1945.

- Magija, nauka i religija, Prosveta, Beograd, 1975.

- Argonauti Zapadnog Pacifika, BIGZ, Beograd, 1979.

Marchal T.H.

- Class, Citizenship and Social Development, The Univ. of Chicago Press, Chicago, 1977.

Mayo Elton

- The Social Problems of an Industrial Civilization, London, 1949.

Menzies Ken

- Talcott Parsons and the Social Image of Man, Routledge and Kegan Paul, London, Henley and Boston, 1976.

Merton Robert

- Social Theory and social Structure, The Free Press of Glencoe, London, 1957.

Merton R. and Nisbet A.

- Contemporary Social Problems, Harcourt Brace Jovanovich, New York, 1971.

Miller D.C.

- "Theories of Social Change", vo: Hart, Miller, Ogburn, Nimkof, Tehnology and Social Change, Apleton Century Croffs, New York, 1957.

Moore Wilbert

- "A.Comparative Analysis of the Class Structure", A.S.R., X, 1945, str. 31-37.

- Industrial Relations and the Social Order, Random House, New York, 1947.

- "Social Aspects of Economic Development", vo: Faris E.J. Robert (ed.), Handbook of Modern Sociology, Cand Mc Waley and Com., Chicago, 1964 (prvo izd. 1957).

- Industrialization and Labor, Cornel Univ. Press, New York, 1951.

- Economy and Society, New York, Random House, 1955.

- "A Reconsideration of Theories of Social Change", A.S.R., 25, 1960, str. 810-818.

- The Conduct of Corporation, Random House, New York, 1962.

- Man, Time and society, John Viley and sons, New York, 1963.

- "But Some are More Equal than Others", A.S.R., 26, 1963, str. 13-18.

- "Predicting Discontinuities in Social Change", A.S.R., 29, 1964, str. 331-338.

- Social Change, John Viley and sons, New York, 1967.

- The Impact of Industry, Prentice Hall Inc., Englewood Clifs, 1965.

- Order and Change, John Viley and Sons, New York, 1967.

- "Toward a System of Sequeces", vo: Mc Kiney J. and Tiriakin E. (eds.), Theoretical Sociology, Appleton Century Crofts, New York, 1970.

- Tehnology and Social Change,Quadrangle Books, Chicago, 1972.

Moore W. and Cock

- Readings on Social Change, Prentice Hall, Englewood Cliffs,

Moore W. and Feldman A. (eds.)

- Labor Comitment and Social Change in Developing Areas, Social Science Research Council, New York, 1960.

Moore W., Kuznetc S. and Spengler J. (eds.)

- Economic Grouth: Brazil, India, japan, Duke Univ. Press, Durham, 1955.

Nisbet Robert A.

- Social Change and History, Oxford Univ. Press, New York, 1969.

Olson Mancur

- "Rapid Grouth as a Destabilizing Forse", Journal of Economic History, 23, 1963, str. 529-552.

Palmer R.A.

"The Age of the Democratic Revolution", vo: Moore and Cock (eds.), Readings on Social Change, str. 99-110.

Parsons Talcott

- The Structure of Social Action, Mc Graw-Hill, New York, 1937.

- Essays in Sociological Theory: Pure and Applied, The Free Press, Glencoe Ill., 1949.

- The Social System, The Free Press, Glencoe Ill, 1951.

- Essays in Sociological Theory (Rev.ed.), The Free Press, Glencoe Ill., 1953.

- Structure and Process in Modern Societies, The Free Press, Glencoe Ill., 1960.

- "Some Considerations on the Theory of Social Change", Rural Sociology, 26, 1961.

- "Evolutionary Universales in Society", A.S.R., 29, 1964, str. 339-357.

- Social Structure and Personality, The Free Press, New York, 1964.

- Societies: Evolutionary and Comparative Perspectives, Prentice Hall, Englewood Cliffs, N.Y., 1966.

- Sociological Theory and Modern Society, The Free Press, New York, 1967.

- Politics and Social Structure, The Free Press, New York, 1969.

- "Equality and inequality in Modern Society, or Social Stratification Revised", vo: Lauman E. (ed.), Social Stratification: Research and Theory for the 1970 's, The Bobbs-Nerrill Company, Inc., Indianopolis, New York, 1970.

- Evolutions of Societies, Prentice Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, 1977.

- On Institutions and Social Evolution, The Univ. of Chicago Press, Chicago and London, 1982.

Parsons T. nad Shils E.

- Toward a General Theory of Action, Harvard University Press, Cambridge, 1962 (prvo izd. 1951).

Parsons T., Bales R. and Shils A.

- Worcing Papers in the Theory of Action, The Free Press, Glencoe Ill., 1953.

Parsons T. and Smelser N.

- Economy and Society, The Free Press, Glencoe, Ill., 1966 (prvo izd. 1956).

Parsonst T.,Šils E., Negel K., Pits DŽ. (eds.)

- Teorije o društvu: Osnovi savremene sociološke teorije, Vuk Karadžić, Beograd, 1969.

Pother John

- "The Future of Upward Mobility", A.S.R., 33, 1968, str. 5-20.

Radkliffe-Brown Alfred

- Struktura i funkcija u primitivnom društvu, Prosveta, Beograd, 1882, (prvo izd.1952).

Rex John

- Key Problems of Sociological Theory, Routledge & Kegan Paul, London and Henley, 1980 (prvo izd. 1961).

Schepard Harold

- "Approaches to Conflict in American Industrial Sociology", B.J.S., 4, 1954.

Sjils Edward

- Political Development in New States, Mouton, The Hague, 1963.

Smith Anthony

- The Concept of Social Change, Routtedge & Kegan Paul, London and Boston, 1973.

Smelser Neil

- Social Change in the Industrial Revolution, Routledge & Kegan Paul, London, 1959.

- Theory of Colective Behaviour, The Free Press, New York, 1962.

- Sociology: An Introduction, Wiley, new York, 1967.

- Essays in Sociological Explanation, Prentice Hall, Englewood Cliffs, N.Y., 1968.

Smelser N. and Warner S., Sociological Theory: Historical and Formal, General Learning Press, Morristown, 1976.

Sorokin Pitirim

- Social and Cultural Dynamics, American Books, New York, 1933-1941.

- Society, Culture and Personality, Harper, New York, 1947.

Stebins Redyard

- "Pitfalls and Guideposts in Comparing Organic and Social Evolution", vo: Moore and Cock (eds.), Readings on Social Change, str. 223-234.

Steward Julian

- "Evolution and Process", vo: Kroeber A. (ed.), Anthropology Today: An Enciclopedic Inventory, Univ. of Chicago Press, Chicago, 1953.

- Teorija Kulturne Promene, BIGZ, Beograd, 1981 (prvo izd. 1955).

Supek Rudi

Herbert Spenser i biologizam u sociologiji, Naprijed, Zagreb, 1987.

Swanson Guy

- Scocial Change, Scot, Foresman and Comp., Glenview, Ill., 1971.

Tumin Melvin

- "Some Principles of Stratification: A Critical Analysis", A.S.R., 18, 1953, str. 387-394.

- "Some Disfunctions of Institutional Imbalances", Behavioral Sciencies, 1, 1956, str. 218-223.

- "Some Unapplaided Consequences of Social Mobility in a Mass Society", Social Forces, 36, 1957, str. 32-37-

- "On Inequality", A.S.R., 28, 1963, str. 19-26

Wrong Denis H.

- "The Functional Theory of Stratification", A.S.R., 24, 1959.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР I-XVIII
УВОД 1

ПРВ ДЕЛ
КОНЦЕПТОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПРОМЕНА

Глава I
Системот и неговата промена 1о
- Дилемата структура или промена во функционалистичката социологија 1о
- Систем и структура 15
- Системот како еквилибриум 22
- Критики и сумирања 33

Глава II
Концептот на промената 37
- Определби на промената 37
- Извори на промената 39
- Типови на промени 57
- Промени од мала и голема скала 61
- Критики и сумирања 69

Глава III
Неоеволуционистички трагања - обид за обединување на Спенсер и Диркем 75
- Концептот на класичниот еволуционизам 77
- Функционалистичкиот концепт: еволуцијата во термините на адаптацијата, диференцијацијата и реинтеграцијата 82

- Теоријата на еволуцијата кај Талкот Парсонс 94
- Концептот на повеќелинејната еволуција 1о2
- Стапки на еволуцијата 111
- Критики и сумирања 131

ВТОР ДЕЛ

ПРОМЕНАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ОПШТЕСТВА

Глава IV

Функционалистичката теорија на модернизацијата 138
- Модерност и модернизација - определби на поимите 138
- Општи белези на процесот на модернизацијата 146
- Промени во структурата на општествата во текот на модернизацијата 152
- Проблеми на брзиот раст 161
- Критики и сумирања 166

Глава V

Индустријализацијата и промените во општествената структура 177
- Технолошката промена и промените во општествената структура 178
- Методолошка основа за проучување на промените во општествената структура: теоријата на стратификацијата 182
- Остварување на стратификацијата 189
- Фактори на стратификацијата 19о
- Функционалната нееднаквост и идеологијата на еднаквоста 195

- Статусната структура на општествата 198
- Мобилноста на модерните општества 21o
- Општествената класа и класниот конфликт 217
- Сумирања и критики 224

Глава VI

Општествената девијација во модерните општества 232
- Мертон за девијацијата 234
- Парсонс за девијацијата 238
- Ајзенштат - општествената дисорганизација и девијацијата 246
- Движења на протест 248
-Револуцијата 254
- Револуциите во добата на модернизацијата 264
- Типови револуции во текот на модернизацијата 269
- Сумирања и критики 273

ТРЕТ ДЕЛ

ПРОМЕНАТА ВО СОЦИОЛОШКАТА ТЕОРИЈА

Глава VII

За конституирањето на теоријата на општествената промена 282
- Конфликтните теории како надополнување на функционалистичката теорија на промената 3o2
- Изградба на теорија на промената 3o6

ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ 313

ЗАБЕЛЕШКИ %323
КРАТЕНКИ 346
БИБЛИОГРАФИЈА 347
СОДРЖИНА 362